# *Паскал Митревски и неговото Време*
## *(1912-1978)*

**Ташко Мамуровски**

Паскал Митревски и неговото време
(1912-1978)

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2016 by Tashko Mamurovski & Risto Stefov

e-book edition

******

March 5, 2016

******

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ..........................................................................7
**ПРВ ДЕЛ** .......................................................................10
**Глава прва** ....................................................................10
ПОЛИТИЧКАТА ОПРЕДЕЛЕНОСТ НА ПАСКАЛ МИТРЕВСКИ ..........................................................................10
ГЕРМАНСКИОТ НАПАД НА ГРЦИЈА И НЕЈЗИНАТА КАПИТУЛАЦИЈА ......................................................................13
МАКЕДОНСКИ БОРЦИ ВО ЕЛАС ...........................................16
**Глава втора** ....................................................................22
ПАСКАЛ МИТРЕВСКИ НА ЧЕЛО НА СНОФ ВО КОСТУРСКО..........................................................................22
МАКЕДОНСКИ РЕЗЕРВНИ ЕДИНИЦИ ВО КОСТУРСКО ВО СОСТАВОТ НА ЕЛАС.........................................................34
РАСФОРМИРАЊЕТО НА СНОФ И ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ТОА ..........................................................................................35
**Глава трета** ....................................................................42
МАКЕДОНСКИ ПАРТИЗАНСКИ БАТАЛЈОН “ГОЧЕ” ВО СОСТАВОТ НА ЕЛАС.........................................................42
НЕКОИ ВОЕНИ АКЦИИ НА “БАТАЛЈОНОТ ГОЧЕ” ............47
ВЕЛИЧЕНСТВЕН МИТИНГ .....................................................49
ОТЦЕПУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ БАТАЛЈОН “ГОЧЕ” ОД СОСТАВОТ НА ЕЛАС ........................................51
ПАСКАЛ МИТРЕВСКИ - СЕКРЕТАР НА ПОЛИТИЧКАТА КОМИСИЈА НА МАКЕДОНИЈА ПОД ГРЦИЈА .......................58
**Глава четврта** ................................................................61
ТЕРОРИСТИЧКИОТ РЕЖИМ ПРОТИВ МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ........................................................................61
ПОЈАВАТА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НОФ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ........................................................................66
ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА НОФ .............................................69
ОДЗИВИ И РЕАГИРАЊА ПОРАДИ ФОРМИРАЊЕТО НА НОФ...................................................................................................70
ОДНОСОТ НА КПГ СПРЕМА НОФ ..........................................74
ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НОФ .........................................................78
**Глава петта**....................................................................83
ПРИЧИНИТЕ ЗА ЛОШИТЕ ОДНОСИ НА НОФ СО КПГ И ЕАМ.........................................................................................83

ОБЕДИНУВАЊЕ НА НОФ СО КПГ ........................................87
**Глава шеста**.................................................................................96
ПРЕСТОЈОТ НА АНКЕТНАТА КОМИСИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ВО ГРЦИЈА ....................................96
СЕНОФИТСКИ АКТИВ НА НОФ..............................................99
ПРВИОТ КОНГРЕС НА НОФ.................................................103
РЕШЕНИЈАТА НА ПРВИОТ ПЛЕНУМ НА ЦС НА НОФ.....109
ВТОРИОТ КОНГРЕС НА НОФ ..............................................116
ЗАДАЧИ УСВОЕНИ НА ВТОРИОТ КОНГРЕС НА НОФ .....120
**Глава седма** ...............................................................................131
УНИШТУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ НА КПГ ПРОТИВ НОФ ПО РЕЗОЛУЦИЈАТА НА ИБ........................................................131
ДОКУМЕНТОТ Т.Н. “РЕЗОЛУЦИЈА НА КОЕМ” .................135
АПСЕЊЕТО НА МАКЕДОНСКИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ НА НОФ И НИВНОТО СУДЕЊЕ.................................................141
СУДБИНАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ НА НОФ ПО НИВНОТО СУДЕЊЕ................................................156
РАСФОРМИРАЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НОФ..........161
**НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК**.......................................................169
**ПРЕГЛЕДАНА И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**............170
I. ИЗВОРИ............................................................................170
II. ЛИТЕРАТУРА..................................................................171
III. ПЕРИОДИКА..................................................................180
IV. СЕЌАВАЊА....................................................................181
**ВТОР ДЕЛ** .......................................................................182
**ПРИЛОЗИ ОД ПАСКАЛ МИТРЕВСКИ ЗА НОБ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА И ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА (ИЗБОР)**....................................................................182
2.1 - БЕЛЕШКА ЗА СОДРЖИНАТА НА ПРИЛОЗИТЕ..........182
2.2 - Извештај на Паскал Митревски, секретар на Околискиот комитет на СНОФ за Костурско од 15 април 1944 година, за политичката и организационата положба и активноста на СНОФ во Костурско .....................................................................184
2.3 - Писмо од Политичката комисија на Егејска Македонија под Грција (Паскал Митревски) до ЦК на КП на Македонија од 6 декември 1944 година, со кое го запознава со одлуката, Првата егејска бригада да земе учество во борбата против англиската воена интервенција на страната на ЕЛАС ............190
2.4 - Извештај на Паскал Митревски од септември 1945 година, за ставот на КПГ спрема Македонците и НОФ........................193

2.5 - Извештај од Паскал Митревски од 14 ноември 1945 година, за организационата дејност на НОФ и политичката ситуација во Леринско...............................................................197
2.6 - Годишен извештај од Главното раководство на НОФ (Паскал Митревски) од 12 јануари 1946 година, за организационата структура и дејноста на НОФ во егејскиот дел на Македонија.......................................................................202
2.7 - Извештај од Главното ракаводство на НОФ (Паскал Митревски), од почетокот на февруари 1946 година, за политичката ситуација и активноста на НОФ во Егејска Македонија ......................................................................218
2.8 - Извештај од Главното раководство на НОФ (Паскал Митревски) од 9 февруари 1946 година, за организационата структура на НОФ во Егејска Македоија ..................................229
2.9 - Извештај од Главното раководство на НОФ (Паскал Митревски) од 9 февруари 1946 година, за организационата состојба на НОФ во Леринско и Воденско..............................234
2.10 - Извештај од Главното раководство на НОФ (Паскал Митревски) од 16 февруари 1946 година, за военополитичката ситуација во Егејска Македонија ...............................................242
2.11 - Извештај од Главното раководство на НОФ (Паскал Митревски) од 7 март 1946 голина, за општата политичка ситуација во Грција и Егејска Македонија..............................244
2.12 - Извештај од Главното раководство на НОФ (Паскал Митревски) од (Март) 1946 година, за политичката и воената ситуација и активноста на НОФ во Егејска Македонија..........256
2.13 - Извештај од Главното раководство на НОФ (Паскал Митревски) од мај 1946 година, за политичката и воената ситуација во егејскиот дел на Македонија и односите на НОФ со КПГ ..........................................................................................267
2.14 - Извештај од Паскал Митревски, секретар на Главното раководство на НОФ од 13 септември 1946 година, за преговорите водени меѓу НОФ и КПГ за обединувањето на македонските и грчките партизани, за неспроведувањето на некои партиски решенија, како и за општата политичка ситуација во Грција по референдумот .....................................271
2.15 - Извештај од Паскал Митревски од 19 април 1947 година, за односите меѓу НОФ и КПГ и за начинот на спроведување на спогодбата за обединување.......................................................279

2.16 - Писмо од Паскал Митревски до Јоанис Јоанидис, секретар на ЦК на КПГ од 2 април 1948 година, со кое го информира за ставовите на членовите на Секретаријатот на НОФ за распоредот на мобилизираните кадри на ДАГ ...........291
2.17 Извештај од Паскал Митревски до Политбирото на ЦК на КПГ од 9 мај 1948 година, за активноста на НОФ во месец април 1948 година.............................................................297
2.18 - Писмо од Паскал Митревски до Милтијади Порфирогенис, член на ЦК на КПГ и министер на ПДВ, од 28 мај 1948 година, со кое се бара некои работи за НОФ и за народот и др. .........................................................................307
2.19 - Писмо од Паскал Митревски до Никос Захаријадис, од 3 ноември 1948 година, во кос, врз основа на изјавите на Ѓорги Петричевски, му изнесува за неправилниот став кон македонските борци и за кадровските проблеми во НОФ.......310
2.20 - Писмо од Паскал Митревски до Никос Захаријадис, од 20 ноември 1948 година, со кое го запознава со некои самоволија на борците на ДАГ од 14 бригада, извршени во македонските села во Корештата.............................................................314
2.21 - Писмо од Паскал Митревски, член на Секретаријатот на НОФ и министер ва ПДВ од 14 април 1949 година, до ПБ на ЦК на КПГ, во врска со прашањата што настанаа како резултат на мобилизацијата на малолетни деца во ДАГ .............................317
2.22 - Говор на Паскал Митревски од 16 мај 1949 година, одржан пред борците на ДАГ на планината Грамос, во кој се изнесува военополитичката ситуација и перспективите на ДАГ ........................................................................................320
2.23 - Статија на Паскал Митревски од 20 мај 1949 година, објавена во весникот “Билтен”, за монархофашистичкиот терор врз Македонците .......................................................324
2.24 - Писмо од Михајло Керамитчиев и Илија Димовски-Гоче по ЦК на Комунистичката партија на Грција од 2 јуни 1949 година во кое се критикува политиката и практиката на КПГ по македонското национално прашање ........................................327
**КРАТЕНКИ** ...................................................................358

# ПРЕДГОВОР

Паскал Митревски спаѓа во плејадата на најистакнатите македонски борци, револуционери и раководители на народноослободителното движење на македонскиот народ (во заедничката борба со грчките прогресивни сили) за извојување на национална н социјална слобода. Тој, како високообразован интелектуалец со завршен правен факултет и со своите патриотски чувства, целиот свој младешки елан и своите најубави години му ги посвети на македонското националноослободително движење. Чекор по чекор, постепено, се искачи на високо место во хиерархијата на раководството на македонското народноослободително движење: како секретар на Окружниот одбор СНОФ за Костурско, претседател на Политичката комисија на Македонија под Грција, потоа секретар на Главното раководство на НОФ за Егејска Македонија и претседател на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија. Подоцна, односно во 1949 година беше поставен за министер по снабдување во Привремената демократска влада на Грција, во раководството на КОЕМ (Комунистичка организација за Егејска Македонија) и на други раководни должности, за да заврши подоцна во сталинистичките концентрациони затвори и логори заедно со група македонски раководители на НОФ од Егејска Македоннја, обвинети од раководството на КПГ како “Титови агенти” во редовите на НОД во Грција.

Имајќи го во предвид сето ова, сметаме дека личноста на Паскал Митревски заслужува посебно внимание во македонската историографија и затоа решивме да ги разгледаме неговиот животен пат, неговото револуционерно дело и неговата улога во афирмацијата на македонската национална борба.

Во контекстот на животниот пат на Паскал Митревски исто така сакаме да ги прикажеме и настаните, односно условите во кои тој живеел, работел и се борел, бидејќи низ неговата биографија се фрла светлина и на целокупната борба на македонскиот народ, кој по дележот на Македонија во 1913

година мораше да ја води под мошне сложени и тешки околности за да може да ги оствари своите национални идеали.

Во монографијава се обидовме да ја прикажеме исклучиво револуционерната дејност и придонесот на Паскал Митревски за националноослободителното дело на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, а кој по неговото репатрирање од Советскиот Сојуз во СР Македонија заземаше високи раководни функции.

Се надеваме дека овој труд ќе претставува сериозен прилог кон расветлувањето на личноста на Паскал Митревски и на неговата дејност и придонес за народноослободителното движење на македонскиот народ, дотолку повеќе што досега во македонската историска наука не е објавена монографија посветена на животот и делото на еден политички раководител и револуционер од егејскиот дел на Македонија од периодот на НОБ и Граѓанската војна во Грција.

Во првиот дел од овој труд е прикажана биографијата на Паскал Митревски од времета во кое тој се борел, особено за периодот од 1941 да 1949 година, а во вториот дел даваме избрани прилози пишувани од него во тоа време, кои во голема мера ја надополнуваат неговата биографија.

Ја користам приликава да им изразам голема благодарност на сите оние другари и соборци на Паскал Митревски, кои ми помогнаа во изработката на оваа монографија, особено на починатиот Минчо Фотев, секретар на Главниот одбор на НОМС за Егејска Македонија и член на Главното раководство на НОФ за Егејска Македонија; на семејството на Паскал Митревски; на Евдокија Фотева-Вера, секретар на Главниот одбор на АФЖ за Егејска Македонија и член на Главното раководство на НОФ за Егејска Македонија; на починатиот Павле Раковски, член на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија и одговорен по Агит-проп во НОФ за Егејска Македонија; на Ламбро Чолаков, член на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија и секретар на Окружниот одбор на НОФ за Костурско и Преспанско; на починатиот Лазо Поплазаров, член на Главниот одбор на НОФ за Егејска

Македонија и секретар на Окружниот одбор на НОФ за Леринско и Воденско; на Тодор Симовски, организационен секретар на Окружниот комитет на ЕПОН за Воденскиот, Катеринскиот, Берскиот и Кукушкиот округ во Егејска Македонија и функционер на НОФ за Гуменциска н Еницевардарска околија; на Уранија Јурукова, член на Извршниот комитет на ЦС на НОФ и член на секретаријатот на Главниот одбор на АФЖ; на Ангел Гацев, член на Окружниот комитет на МАО за Воденско и на раководството на Политичката комисија на Македонија под Грција; на Христо Андоновски, учесник во НОБ и член на потесното раководство во отсекот на Агит-проп на НОФ за Егејска Македонија и други.

Исто така срдечно им се заблагодарувам на рецензентите на овој труд, на споменатиот Тодор Симовски, стручен советник во Институтот за национална историја во Скопје, и на Акад. д-р Александар Матковски, научен советник во истиот Институт, за укажаните корисни сугестии н упатства.

Трудов нм го посветувам на сите македонски борци кои го дадоа својот живот за слободата на македонскиот народ и за афирмацијата на македонското национално достоинство.

Авторот

# ПРВ ДЕЛ

ПАСКАЛ МИТРЕВСКИ И НОБ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1941-1949 ГОДИНА

## Глава прва

ПРВИТЕ ЧЕКОРИ НА ПАСКАЛ МИТРЕВСКИ ВО РЕВОЛУЦИОНЕРНОТО ДВИЖЕЊЕ НА ГРЦИЈА И ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

### ПОЛИТИЧКАТА ОПРЕДЕЛЕНОСТ НА ПАСКАЛ МИТРЕВСКИ

Македонците од егејскиот дел на Македонија во својата долгогодишна борба што ја водеа против мачителите на својот народ дадоа голем број жртви на олтарот на слободата на својата татковина. Нивното херојство во борбата за национална слобода дојде до полн израз во периодот на Втората светска војна (1941-1945), а пред се во времето на Граѓанската војна во Грција (1946-1949), односно во времето на борбата што ја водеа против германските, италијанските и бугарските окупатори и против грчките повоени режими. Македонските комунисти и револуционери беа иницијатори, основачи и организатори на повеќе комунистички македонски ослободителни организации: ВМРО (Об.)(создадена пред Втората светска војна), МАО, СНОФ, НОФ, НОМС, АФЖ, КОЕМ и други. Благодарение на овие организации во Егејска Македонија се создаде силно општонародно македонско националноослободително движење. Во борбата што ја водеа во тоа време заедно со грчките прогресивни сили против странските окупатори и грчката реакција македонските родољуби и антифашисти од овој лел на Македонија дадоа над 20.000 жртви, од кои голем број беа истакнати првоборци, организатори и раководители на македонските воено-политички организации, команданти и политкомесари на партизански единици.

Во плејадата на истакнатите македонски борци, комунисти, револуционери и организатори на македонското

народноослободително движење во овој дел на Македонија, кои до крајот на животот чесно и доследно се бореа за слободата на својот народ, видно место зазема и Паскал Митревски. (Делот што се однесува за предвоената активност на Паскал Митревски го користиме (со резерва) од неговата автобиографија, под наслов: “Биографски белешки од борбата”. Се чува во приватната архива на семејството на Паскал Митревски.)

Тој е роден во малото македонско село Чука, Костурско, (Поопширни географски, историски и етнички податоци за селото Чука, види во книгата на Тодор Симовски: Населените места во Егејска Македонија, кн.I. Географски, етнички и стопански карактеристики. ИНИ, Скопје, 1978, стр. 95.) во 1912 година, во средноимотно семејство. Малку подоцна заедно со своите родители се преселува во градот Рупишта, Костурско, каде што неговиот татко Глигор работи чevларски занает. Гимназија завршува во градот Костур, а правен факултет во Солун во 1938 година. (Паскал Митревски, Биографски белешки од борбата).

Благодарение на своите прогресивни идеи рано е прифатен од градската младинска комунистичка организација ОКНЕ во Костур (во 1930 година) и како нејзин член се вклучува во работата за организирање на илегален кружок на таа организација и во костурската гимназија.

За време на своите студии на Правниот факултет во Солун Паскал Митревски се поврзува со младинската комунистичка организација ОКНЕ при Универзитетот и се вклучува во редовите на таа организација. Поради револуционерната активност што ја пројавува во редовите на ОКНЕ во Солун, во одделни временски периоди му се доделувани разни задачи во повеќе антифашистички младински и комунистички организации на КПГ, чиј член беше во североисточниот дел на Солун, (Св. Димитрија, Кафе-Куле, Еди-Куле). (Паскал Митревски, Биографски белешки од борбата.) Зависно од конкретните ситуации и потреби кои се јавувале на теренот, честопати му се доверувани одговорни задачи за организирање, печатење и распространување на партиски илегален пропаганден материјал.

Меѓутоа, за да се добие една поточна претстава за револуционерната активност на Паскал Митревски во периодот од 1932-1936 година, ќе треба да укажеме и на следниот факт. Имено, за цело ова време, покрај својата ангажираност на подрачјето на градот Солун, каде што студирал, тој беше мошне активен и на подрачјето на својата Костурска околија. Тоа го правеше за време на годишните летни одмори кога се враќал дома. Со својата активна работа придонесуваше да се подготват поволни услови за раздвижување на партиската организација на КПГ и во гратчето Рупишта, односно да се создадат нови маалски партиски и младински организации и да се прошири идејнополитичкото влијание на КПГ во градот и надвор од него. (Паскал Митревски, Прилог кон автобиографијата Сеќавања. Се чуваат во приватната архива на семејството на Паскал Митревски.) Поради ваквата активност тој беше прогонуван, затворан и осудуван од страна на грчката полиција.

На ова место потребно е да нагласиме дека во тоа време (4 август 1936 година) во Грција беше воведена фашистичка диктатура од страна на генералот во пензија Јоанис Метаксас. Како последица на тоа скоро сите организации на КПГ во Солун, Воден, Лерин, Костур и во другите градови претрпеа тешки удари. Настапија масовни апсења и репресалии на сите комунистички активисти и револуционери. Со помошта на уфрлени агенти од режимот и други елементи, во широки размери беа извршени провокативни акции и внатре во редовите на КПГ. Во ваквите тешки услови не беше поштеден ни Паскал Митревски. Се разбира, дека и тој беше принуден да премине во илегалство. Подолго време престојуваше во Солун каде што студираше. Се до крајот на студиите неговата партиска работа се одвиваше во рамките на партиската организација при факултетот која беше насочена во правец на дејствување во новите услови.

Кон крајот на своите студии, во 1938 година, Паскал Митревски беше уапсен од органите на грчката безбедност и спроведен во централната зграда на полицијата во Солун каде беше задржан во истражен затвор еден месец. Потоа под стража беше спроведен во дивизискиот гарнизон на грчката војска во градот

Кожани, каде што исто така околу дваесетина дена престојувал во казнениот затвор на таа дивизија. (Паскал Митревски, Прилог кон автобиографијата Сеќавања. Се чуваат во приватната архива на семејството на Паскал Митревски.)

Со оглед на тоа што не го имал отслужено воениот рок, Паскал Митревски беше испратен во 28-от полк на споменатиот дивизиски гарнизон во Кожани и беше регрутиран во казнената единица на овој полк под мотивација дека е “опасен” комунист. Овде е корисно да се одбележи дека заедно со него во истиот полк служеле и неговиот сограѓанин Јанис Пачурас, Илија Пападимитриу-Љакос (по потекло од село Калевишта, Костурско), кој подоцна станал политички комесар на поголема единица на ЕЛАС и полковник на ДАГ, и Васил Пејов, од село Габреш, Костурско.

Во градот Кожани Паскал Митревски цели 18 месеци постојано беше малтретиран и понижуван со разни тешки работи што морал под казна да ги извршува, односно беше принудуван тешко да работи при растоварување на ќумур, дрва, брашно, шталско ѓубре итн.

По отслужувањето на воениот рок Паскал Митревски се вратил во Рупишта кај своето семејство. Во меѓувреме режимот на Јоанис Метаксас успеа во целост да ја разбие партиската организација на КПГ во Костурско. Поради тешкиот удар што го претрпеа партиските организации на КПГ беше оневозможена секаква организирана работа на комунистите од овој крај. Тие беа принудени да се ограничат само на определени поединечни контакти и активности што ги вршеа во овој период. Паскал Митревски успеа да го избегне своето апсење, благодарение на тоа што од летото 1936 година бил отсутен од теренот на Костурскиот округ.

## ГЕРМАНСКИОТ НАПАД НА ГРЦИЈА И НЕЈЗИНАТА КАПИТУЛАЦИЈА

Со објавувањето на Грчко -италијанската војна (28. X. 1940) и со општата мобилизација во грчката армија, во која Македоците беа мобилизирани за да се борат за туѓи интереси, Паскал

Митревски заедно со други Македонци од родното место беше испратен на Албанскиот фронт за да се бори против италијанскиот агресор.

Во април 1941 година, односно по окупирањето на Грција од страна на германските војски, Паскал Митревски се враќа дома од Грчко-италијанската војна и се вклучува во антифашистичката борба.

Како што рековме погоре, во тоа време градската партиска организација на КПГ во Рупишта и во други места во Костурско беше целосно растурена од поранешниот грчки режим. Пред комунистите и другите антифашисти се постави прашањето какви мерки ќе мораат да преземат за интензивирање на борбата по нападот на хитлеровските војски на СССР (22. VI. 1941), бидејќи и врската со Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија и Тракија одамна била прекината, поради што тие морале сами да се снаоѓаат. Во ваквата тешка ситуација една група комунисти од Рупишта, во чиј состав влегуваше и Паскал Митревски, ја презеде иницијативата да ја обнови и зацврсти партиската организација на КПГ и да го подготви нејзиното членство за борба против окупаторот. За извршување на таа задача, групата комунисти од Рупишта, кон крајот на јуни 1941 година одржа еден состанок во градот и донесе решение да почне со организирање илегални антифашистички тројки или петорки, со задача да го собираат и сокриваат оружјето напуштено од грчката армија, која беше разбиена од германските војски и принудена да се повлече од боиштето на Албанскиот фронт. Во меѓувреме успеаја да се снабдат и со машина за пишување, циклостил и друга печатарска техника за печатење позиви, прогласи итн. Што се однесува до самото организирање на борбени тројки или петорки, комунистите од Рупишта успеаја да формираат неколку такви во градот Рупишта и во неговата околина. (Паскал Митревски, Прилог кон автобиографијата Сеќавања. Се чуваат во приватната архива на семејството на Паскал Митревски.)

Во септември 1941 година Паскал Митревски се пресели во градот Костур и таму отвори своја адвокатска канцеларија за вршење на адвокатска дејност, која порано му беше забранета

од режимот на Јоанис Метаксас поради неговата револуционерна и комунистичка дејност. (Паскал Митревски, Прилог кон автобиографијата Сеќавања. Се чуваат во приватната архива на семејството на Паскал Митревски.)

Во Костур, откако се поврза со тамошната партиска организација на КПГ, му беше доверена задача да се вклучи во работата за организирање во градот на организацијата ЕАМ (Национален ослободителен фронт), која во земјата беше формирана на 27 септември 1941 година. Малку подоцна во декември истата година, му беше доверена уште една тешка задача, а имено, да воспостави организациона врска со поголем број села од централниот и западниот дел на Костурско со цел и таму да се прошири организацијата ЕАМ, како и тоа да ја преземе врз себе работата за организирање на овој терен илегална мрежа за комуницирање и пренесување на илегален пропаганден материјал. Притоа важно е да се одбележи дека во тоа време (септември-октомври 1941 година) имало обид од страна на движењето на отпорот да се формираат партизански одреди за борба против окупаторот на целата територија на Грција. Меѓутоа, поради крвавите драмски настани (За причините и текот на драмското востание, поопширно види: Христо Андоновски, Драмското востание и бугарските фашистички злосторства. Гласник на ИНИ, Скопје, 1964, V,1, стр.57-74.) по директива на раководството на ЦК на КПГ тие беа расформирани, со образложение дека во тој момент нема услови за кревање вооружено востание.

Една година подоцна, во октомври 1942 година, италијанските окупатори во Костурско извршија провала врз партиската организација на КПГ и ЕАМ, поради што дојде до апсење на голем број комунисти и активисти на движењето на отпорот. За да го избегне своето апсење, Паскал Митревски во почетокот на наредната година по директива на Партијата го напушти градот Костур и премина во строго илегалство. Поради тоа неговата адвокатска канцеларија беше целосно демолирана, а малку подоцна, во февруари 1943 година, во Рупишта, каде што живееше неговата фамилија, Италијанците заедно со своите соработници целосно ја изгореа куќата на неговиот татко.

## МАКЕДОНСКИ БОРЦИ ВО ЕЛАС

По напуштањето на градот Костур Паскал Митревски, во својство на партиски активист, се вклучи во работата врз јакнењето и консолидирањето, односно врз формирањето на нови партиски организации на КПГ во оние места во кои дотогаш не постоеле, а потоа и во формирање на партизански групи на ЕЛАС.

Во истиот период една група активисти на движењето на отпорот, главно од градот Рупишта, а во чиј состав влегуваше и Паскал Митревски, со помошта на другите месни организации на КПГ и ЕАМ организира една вооружена партизанска група во Костурско за борба против окупаторот. Малку подоцна, во пролетта на 1943 година, споменатата група активисти организира уште две партизански групи во подрачјето на Костенаријата и Нестрамско. (Партизанските групи беа составени повеќето од македонски борци, претежно активисти на движењето на отпорот, коишто покрај борбата што ја водеа против окупаторот, имаа и задача преку просветна работа да ја разобличуваат бугарската пропаганда и да го ликвидираат контрачетништвото во Костурско. Поопширно за ова види: Извештај од Андреас Цимас, член на ПБ на ЦК на КПГ од 22 јуни 1960 година, за некои антимакедонски акции на ЕЛАС во 1943 година на подрачјето на Костурско. КПГ и македонското национално прашање (1918-1974). Документи за односот на Комунистичката партија на Грција кон македонското национално прашање 1918-1974 година. Избор, редакција, коментар и превод Д-р Ристо Кирјазовски. Архив на Македонија, Скопје, 1982, док. 248, стр. 565-568.)

Тука треба да се нагласи дека мнозинството од составот на овие партизански групи го сочинуваа македонски борци, односно активисти на движењето на отпорот во Костурско. Тие имаа задача преку просветна работа да ја разобличуваат германско-италијанската окупација и големобугарската пропаганда во Костурско и да ги ликвидираат нејзините контрачетнички единици. Групите на ELAC непосредно ги раководеше Окружниот комитет на КПГ за Костурско. (Партизанските групи беа составени повеќето од македонски борци, претежно

активисти на движењето на отпорот, коишто покрај борбата што ја водеа против окупаторот, имаа и задача преку просветна работа да ја разобличуваат бугарската пропаганда и да го ликвидираат контрачетништвото во Костурско. Поопширно за ова види: Извештај од Андреас Цимас, член на ПБ на ЦК на КПГ од 22 јуни 1960 година, за некои антимакедонски акции на ЕЛАС во 1943 година на подрачјето на Костурско. КПГ и македонското национално прашање (1918-1974). Документи за односот на Комунистичката партија на Грција кон македонското национално прашање 1918-1974 голина. Избор, редакција, коментар и превод Д-р Ристо Кирјазовски. Архив на Македонија, Скопје, 1982, док. 248, стр. 565-568. бел. 489.)

Појавата и воените акции на групите на ЕЛАС, во чиј состав влегуваа голем број македонски борци, значително го подигнаа борбениот морал кај македонското и грчкото бегалско, население во Костурско. Ваквиот погоден развој на ситуацијата ја овозможи и првата поголема воена акција на партизаните, која беше извршена во февруари-март 1943 година на мостот Јанковец, Населичка околија на реката Фардикамбос (Како што рековме и погоре, во првите месеци на 1943 година групите на ЕЛАС почнале да ги изведуваат и првите успешни акции против окупаторот. Една од најзначајните акцни, која беше изведена од групите на ЕЛАС беше и битката кај реката Фардикамбос на 6 и 7 март 1943 година. Во оваа битка партизанските групи на Воио, Гревена и Сјатишта, заробиле еден цел италијански баталјон од над 603 војници и офицери. Види: Извештај на Окружниот комитет на КПГ за Воио (Населеничка околија, за развојот на НОБ во оваа околија и Костурско од декември 1941-до април 1943 година. Егејска Македонија во Антифашистичката војна 1941-1943 година. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Антифашистичката војна 1941-1943 година. Превод, редакција и коментар: Д-р Ристо Кирјазовски и Фани Буцкова-Мартинова. Архив на Македонија, Скопје, 1985, Т. VII, кн.1, док. 86, стр.204. Истото, док.103, стр.241-242 и док.112, стр.264-266.) и во селото Нестрам, Костурско. (Акцијата на партизаните на ЕЛАС за заземањето на селото Нестрам беше извршена на 4 март 1943 година. Поопширно за ова види: Извештај на Д-р Драганов од 17 април 1943 година до

министерот за внатрешни работи на Бугарија. Битолска Обласна Дирекција, бр. 305. Фотокопиран документ, се чува кај Тодор Симовски, стручен советник при ИНИ. Истото: Јанис Пачурас, Партизанското движење во Костурско. Сеќавања, се чуваат кај авторот.) По завршувањето на борбите за заземањето на селото Нестрам истиот ден од него стапија во редовите на овој одред над 20 младинци-доброволци, меѓу кои и три девојки.

По неколку дена двата костурски партизански одреди, заедно со други групи од резервниот ЕЛАС, го нападнаа и целосно го ослободија градот Рупишта. (Ристо Кирјазовски, Костурско во 1943 година. Во кн. Слободните територии во Македонија 1943 година. ИНИ, Скопје, 1975, стр. 271. Истото: Битолска Обласна Дирекција, бр. 305.) Уште при самото влегување на партизаните во градот, населението масовно излезе на улиците и со голема радост ги поздравуваше своите борци. Истиот ден, на повик од Градскиот комитет на КПГ и ЕАМ, беше одржан сенароден митинг во центарот градот. Говорниците на митингот зборуваа за целите на борбата против окупаторот и агитираа за масовно вклучување на народот во антифашистичката борба.

Меѓутоа, поради силниот притисок од страна на италијанските војски, партизаните на ЕЛАС (по петдневен престој во градот Рупишта) беа принудени да се повлечат на поблиските височини. Но и покрај тоа што партизаните на ЕЛАС не успеаја подолго време да го задржат градот Рупишта во свои раце, овој настан претставува голема историска победа за движењето на отпорот. Имено, се смета дека овој град бил меѓу првите во Егејска Македонија што партизаните на ЕЛАС го ослободиле од непријателот.

На ова место потребно е да го нагласиме и тоа дека, и покрај борбените успеси што ги постигнаа партизаните на ЕЛАС на тоа подрачје, раководството на движењето на отпорот беше соочено со уште една друга мошне тешка криза којашто ја доживуваше и низ која минуваше во тоа време ослободителното движење во Костурско. Кризата беше предизвикана од грчката националистичка група (Кирцидакис (Од островот Крит; резервен потпоручник во грчката армија. Во почетокот на март

1943 година стапи во редовите на ЕЛАС во Костурско. По кратко време беше откриен од ЕЛАС како агент на ПАО. Неговата задача била да изврши заговор против ЕЛАС. Кон крајот на март истата година неговата банда беше разбиена од единиците на ЕЛАС. Заедно со други офицери на реакционерното движење беше уапсен, а потоа осуден на смрт со стрелање.), Пасхалис Баскакио (За време на диктатурата на Јоанис Метаксас во Грција беше началник на грчката полиција во Рупишта и во селото Четирок, Костурско. На Македонците им беше познат како мачител. Во почетокот на март 1943 година стапи во редовите на Првиот партизански одред во Костурско. По кратко време се дозна дека тој дошол во ЕЛАС по директива на ПАО за да изврши заговор против ЕЛАС. Кон крајот на март истата година тој дезертира од редовите на ЕЛАС. Во април 1943 година заедно со други грчки националисти организира во селото Забрдени, Костурско, контрареволуционерна банда. Оваа банда на 9 април 1943 година беше целосно разбиена од единиците на ЕЛАС. Тој заедно со своите соработници беше уапсен од ЕЛАС, а потоа осуден на смрт и примерно стрелан.), Коста Зиси (Како агент на ПАО имал задача да изврши заговор против партизаните на ЕЛАС. Во почетокот на април 1943 година беше уапсен во селото Забрдени, Костурско каде што беше организирана контрареволуционерна банда. Беше примерно ликвидиран со стрелање на 9 април истата година.), Мандаропулос (Во почетокот на март 1943 година стапи во редовите на ЕЛАС, но беше откриен од ЕЛАС како агент на ПАО уфрлен во рдовите на ЕЛАС за да изврши заговор против партизанските единици во Костурско. Беше уапсен во селото Забрдени, Костурско од партизаните на 28-от полк на ЕЛАС и осуден на смрт со стрелање.), Никос Папатанасиу (Во почетокот на март 1943 година стапи во редовите на ЕЛАС во Костурско за да изврши заговор против партизанското движење. Заедно со други грчки националисти (група офицери на ЕЛАС) организира контрареволуционерна банда во селото Забрдени, Костурско. На 9 април 1943 година беше уапсен од партизаните на 28-от полк на ЕЛАС и примерно ликвидиран.), и други), која изврши удар од грб во самите редови на единиците на ЕЛАС. Но благодарение на будноста и решителноста на раководството на движењето на отпорот групата беше уапсена во селото

Забрдени (Костурско), осудена (Со истрагата и судењето раководеше македонскиот револуционер и комунист (инструктор на КПГ за Егејска Македонија) Лазо Трповски од село Д'мбени, Костурско.) и ликвидирана кон крајот на април 1943 година во селото Нестрам (Костурско). (Видн: Извештај за развојот на партизанското движење во подрачјето на Пинд (Костур-Населица-Гревена) во периодот од јануари до мај 1943 година.Егејска Македонија во Антифашистичката војна 1941-1943 година.., док. 112, стр. 267-268.)

Се разбира, ваквата ситуација на теренот во Костурско окупаторите ќе ја искористат за реализирање на своите завојувачки планови. Во овој период особено ја засилија пропагандната активност во однос на вооружувањето на контрачетничките единици во Костурско. (За појавата и дејноста на контрачетничкото движење во Костурско, поопширно види: Ташко Мамуровски, Бугарската пропаганда во Југозападна и Централна Егејска Македонија (1941-1944). ИНИ, Скопје, 1989, стр.184.)

Со оглед на ваквата положба во Костурско, по директива на штабот на ЕЛАС и Окружниот комитет на КПГ за Костурско, беше формиран еден посебен партизански одред на ЕЛАС, составен од повеќе ударни групи, претежно угледни македонски комунисти, чија задача беше да лејствува во тилот на непријателот. (Ристо Кирјазовски, Македонски национални институции во егејскиот дел на Македонија (1941-1951). ИНИ, Скопје, 1987, стр.53.) Овој одред, за чиј командир на почетокот беше поставен Никола Качела, (Од Рупишта Костурско; активист на комунистичкото движење од пред Втората светска војна. За време ва НОБ меѓу првите се вклучи во редовите на ЕЛАС, каде што вршеше разни воени задачи.) а малку подоцна и Паскал Митревски, вршеше синхронизирани успешни акции против истурените точки на окупаторските војски и против контрачетничките вооружени единици, кои ги создаде окупаторот со помошта на бугарските емисари и агенти за борба против партизанското движење.

Со своите борбени акции и агитационополитичката пропаганда што ја развиваше среде македонското население во Костурско,

овој одред многу придонесе и за борбеното раздвижување и мобилизирање на македонскиот народ во редовите на антифашистичкото движење. Македонските борци од овој одред на чело со Паскал Митревски употребувaa разни форми и методи за успешно извршување на своите задачи. Тие растураа летоци и повици, одржуваа контакти со заведените Македонци и постојано апелираа среде македонското население да ги напушта контрачетничките единици и да се вклучува во единиците на ослободителното движење. Благодарение на неуморната активност на оваа група, која подоцна прерасна во одред, голем број контрачетници од костурските села ги напуштија контрачетничките чети и преминаа во редовите на групата на Паскал Митревски и во другите единици на ЕЛАС.

Првата поголема акција на споменатата група беше извршена на 10 јуни 1943 година против централното гнездо на контрачетниците и другите соработници на окупаторот во градот Рупишта. Акцијата на борците заврши со голем успех. Голем број контрачетници го предадоа оружјето и преминаа во редовите на ЕЛАС. (Архив на Македонија, Скопје, Збирка, АЕ: 359. Истото: Ристо Кирјазовски, Македонски национални институции..., стр. 53-54.)

# Глава втора

## ПОЈАВАТА И АКТИВНОСТА НА СНОФ ВО КОСТУРСКО

## ПАСКАЛ МИТРЕВСКИ НА ЧЕЛО НА СНОФ ВО КОСТУРСКО

Раководството на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС, загрижено за ситуацијата што се создаде во Егејска Македонија и посебно во Костурско, Леринско и Воденско (поради секојдневните вооружени акции на контрачетниците) и вознемирено од незадоволството што се појавило кај македонските комунисти поради неговиот националистички и шовинистички став во однос на македонското национално прашање, под притисок и упорно барање на македонските активисти беше принудено да даде согласност за формирање на посебна македонска народноослободителна организација СНОФ (Славјаномакедонски народноослободителен фронт) на Македонците во Костурско и Леринско. (За формирањето и дејноста на организацијата СНОФ во Костурско и Леринско, види и кај Христо Андоновски, Организацијата СНОФ во Леринско, Костурско и македонскиот реонски комитет во Воденско. Гласник на ИНИ, Скопје, 1966, X 2-3, стр. 5-46. Истото: Наум Пејов За СНОФ во редовите на ЕЛАС во Егејска Македонија. Глас на Егејците, Скопје, 1953, стр. 105. Истото: Паскал Митревски, Триесет години од Првата конференција на СНОФ (I-П). Нова Македонија, Скопје, 1973, декември 25-26.)

Тука веднаш треба да укажеме на тоа дека формирањето на СНОФ се должи, пред се, на тоа што во тоа време раководството на КПГ и ЕАМ не можеше да постигне “национално единство” со грчката влада во бегство и со претставниците на граѓанските партии во Грција. (Во август 1943 година една делегација на КПГ и ЕАМ замина за Каиро за да се сретне со грчката влада во бегство и да преговара за постигнување национално и политичко единство. Меѓутоа, поради непопустливоста на грчкиот крал и на граѓанските партии, преговорите завршија со неуспех. Делегацијата на КПГ и ЕАМ беше наклеветена и протерана од Каиро. Поради тоа дојде до заострување на односите меѓу ЕЛАС и ЕДЕС, која ја

помагаа Англичаните и грчката влада во бегство. Види Вуд Хаус, То мило тис еридос: И елиники антистаси ќе и политики тон мегалон динамеон (Грчкиот отпор и политиката на големите сили). Атина, 1975. За ова види и кај Стефанос Сарафис, ЕЛАС, с.с. с.л. Превод од грчки. Се чува во архивот на ИНИ. Тука користено е според: Егејска Македонија во Антифашистичката војна (1 јануари-31 август 1944 година), Т. VII, кн.2. Архив на Македонија Скопје, 1987. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Антифашистичката и Граѓанската војна во Грције1941-1949 година. Преводредакцијаи коментар: Д-р Ристо Кирјазовски док. 128, стр. 299, заб. 316.) Меѓутоа, од друга страна, за формирањето на организацијата СНОФ во споменатите окрузи во голема мера придонесоа и контактите што ги одржуваше летото 1943 година делегатот на ЦК на КПЈ во Македонија Светозар Вукмановиќ-Темпо (За време на окупацијата, а поточно од крајот на февруари 1943 година се до крајот на окупацијата со прекин престојуваше во вардарскиот дел на Македонија во својство на делегат на ЦК на КПЈ и на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ.) со грчките раководители на отпорот, а особено со Андреас Џимас, тогашен член на ПБ на ЦК на КПГ и на ГШ на ЕЛАС, како и разговорите на членот на ЦК на КПМ Цветко Узуновски-Абас (Член на ЦК на КПМ и политички комесар на Главниот штаб на НОВ и ПОМ до август 1944 година.) со претставници на ПК на КПГ за Егејска Македонија во Солун во септември 1943 година. (Види: Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941-1945, Т. I. кн.2. ИНИ, Скопје, 1968, док. 61, стр. 321.)

Во таа смисла кон крајот на септември 1943 година во селото Сничени, Костурско, беше одржан состанок помеѓу секретарот на Областниот комитет на КПГ за Западна Македонија Христос Калфас-Андреас (Во 1936 година беше уапсен и интерниран во Акронавплија. За времето на окупацијата беше секретар на Западно-македонското биро на КПГ. Загина во февруари 1944 година.) и секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Костурско Андонис Андонопулос-Периклис (Од 1941 година до почетокот на 1943 година беше раководител на диверзантските групи на ОПЛА во Солун. Од почетокот на 1943 година се до крајот на војната беше секретар на Окружниот комитет на КПГ

за Костурско. По војната поминал во илегалство. За време на Граѓанската војна во Грција беше политички комесар на поголема единица на ДАГ. Загина во 1947 година.) како и секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Кожанско Танасис Карцунис. На овој состанок присуствуваше и Паскал Митревски (во својство на командант на македонскиот одред во ЕЛАС). Споменатите секретари на КПГ дојдоа до сознание дека има потреба од формирање посебна македонска антифашистичка организација во Костурско и Леринско, но под услов таа да се раководи од раководството на КПГ и ЕАМ.

Паскал Митревски во образложението што го даде на овој состанок ја истакна потребата односно поднесе конкретен предлог, дека во интерес на заедничката борба на македонскиот и грчкиот народ треба да се формира посебна македонска народноослободителна организација како единствен правилен излез од настанатата сложена военополитичка ситуација во земјата Образложувајќи го предлогот, тој, меѓу другото, го рече и следното:

“...Македонската организација не само што ќе го мобилизира до максимум целиот борбен потенцијал на македонскиот народ во борбата против окупаторот и великобугарската пропаганда, туку таа ќе биде носител и реализатор на братството и единството меѓу македонскиот и грчкиот народ и доследен реализатор на политиката за национална рамноправност на Македонците од егејскиот дел на Македонија...” (Цитирано според автобиографијата на Паскал Митревски...)

Неколку дена по одржувањето на овој состанок, односно по заминувањето на Христос Калфас-Андреас од Костурско, Македонското биро на КПГ донесе решение и го задолжи Окружниот комитет на КПГ за Костурско да пристапи кон формирање во својот округ на македонска народноослободителна организација, со препорака во иднина таа да се прошири и во другите окрузи на Егејска Македонија. Така дојде до формирање на македонската организација СНОФ во Костурско и Леринско. Меѓутоа интересно е да се одбележи дека формирањето на оваа организација временски се совпаѓа (и тоа не случајно) и со присилното расформирање на

македонската ослободителна организација МАО (Македонска ослободителна организација) во Воденско, а во склопот на тоа и со подлото убиство на истакнатите македонски комунисти и револуционери од Воденско: Пандо Џиката, Коста Постојков, Лазо Дујчев и Крсто Манчов (сите од село Чеган), кое беше извршено од страна на окружното раководство на КПГ за Воденско. (29а. Сеќавања на Ѓорѓи Димовски од село Русилово, Воденско, за револуционерното и комунистичкото движење во Островска околија. Се чуваат во архивот на ИНИ.)

Организацијата СНОФ во Костурско беше формирана на 20 октомври 1943 година во селото Д'мбени, во куќата на Кирјако Цалев, а во Леринско во ноември истата година во селото Белкамен.

Конститутивната конференција на СНОФ за Костурско беше одржана кон крајот на декември 1943 година во селото Крчишта, Костурско, а за Леринско на 26-27 декември истата година повторно во селото Белкамен. (Види: Податоци од Леонидас Стрингос, секретар на Македонското биро на КПГ, за формирањето и расформирањето на организацијата СНОФ. КПГ и македонското нацаонално прашање 1918-1974 година.., док. 249, стр. 569.)

На основачкиот состанок на СНОФ беше формирано и Окружно раководство, за Костурско на чело со Паскал Митревски како секретар, а за Леринско на чело со Петре Пилаев од селото Екши-Су, Леринско.

Во својот реферат што го поднесе на Првата конференција на СНОФ за Костурско одржана во селото Крчишта, Паскал Митревски, меѓу другото, го рече и следното:

"... Формирањето на организацијата СНОФ во Костурско силно ќе одекни врз чувствата и врз националната свест кај македонскиот народ, бидејќи преку таа организација ќе дојдат до полн израз стремежите и желбите на Македонците од овој дел на Македонија за остварување на своите национални права, за слободен живот и културен развој. Со тоа е направен еден чекор напред за натамошна афирмација на борбата на

македонскиот народ, којшто во заедничката борба со грчкиот народ се бори против германско-италијанските и бугарските окупатори за ослободување на земјата...” (Цитнрано според автобиографијата на Паскал Митревски...)

Но, како што ќе видиме подолу, формирањето на македонската ослободителна организација СНОФ во Костурско и Леринско беше изнудено и тактичко решение од страна на КПГ по македонското национално прашање во текот на НОБ. Меѓутоа, од страна на грчките раководители на КПГ (сакале или не) тоа фактички значеше признавање (со голема болка во срцето) на македонското НОД и афирмација на борбата на Македонците против окупаторот и можност за спроведување на дело на принципот за национална рамноправност на македонскиот народ. Исто така организацијата СНОФ стана решавачки политички фактор за мобилизирање на целокупниот борбен потенцијал на Македонците и незаменлив ковач на братството и единството меѓу македонскиот народ и грчките прогресивни сили во заедничката борба против заедничкиот непријател.

Во рамките на своите борбени активности организацијата СНОФ во Костурско издаваше и свој весник под наслов: “Славјаномакедонски Глас”. Весникот се издаваше на македонски јазик, на кирилица. За одговорен уредник беше назначен Лазо Поплазаров, учител од село Добролишта, Костурско, кој во исто време беше и член на Секретаријатот на СНОФ. Концептот за содржината на весникот, главно, го создаваше секретарот на СНОФ за Костурско Паскал Митревски. Редакцискиот одбор на весникот го сочинуваа: Панајот Ралев, Живко Поптрајков и Васко Караџа.

Весникот “Славјаномакедонски Глас” излегуваше во мал формат, на шапилограф, на кирилица, на четири до шест страници, со тираж од 300 до 400 примероци. Се претпоставува дека овој весник е прв весник што се појави на ова територија од егејскиот дел на Македонија на македонски јазик во периодот на НОБ. Поради тоа весникот предизвика голем интерес и одушевување кај македонското население во Костурско, кое го читаше поединечно или во групи. Исто така весникот многу им помогна на Македонците и за изучување на

својот мајчин јазик. (31а Лидија Симовска, Македонската периодична публицистика во Егејска Македонија во Народно-ослободителната борба (1942-1944). Историска предусловеност на периодичниот печат во Егејска Македонија. Гласник на ИНИ, Скопје, 1975, XIX, 2, стр. 145-174.)

Раководството на организацијата СНОФ во Костурско, на чело со нејзиниот секретар Паскал Митревски, посебно се залагаше и бараше од раководството на КПГ и ЕАМ организацијата СНОФ како легитимен организатор не македонското народноослободително движење во Костурско да се прошири и во другите окрузи на Егејска Македонија, односно таа да биде единствен политички носител на народната власт и рамноправен претставник во антифашистичката коалиција на ЕАМ. За исполнување на таа цел беше планирано да се одржи општа конференција на двете организации на СНОФ (во Костурско и Леринско) и на неа да се одреди нивната платформа и стратегиските цели на борбата на македонскиот народ од овој дел на Македонија за негово национално ослободување и обединување. Претставниците на организацијата СНОФ во Костурско на чело со Паскал Митревски, и претставниците на организацијата СНОФ во Леринско, на чело со Петре Пилаев од село Екши-Су, таков состанок одржаа на 28 јануари 1944 година во селото Црновишта, Костурско. (Архива на Македонија, Скопје, Кут. 20/242А. Истото: Ристо Кирјазовски, Македонски национални институции.., стр. 24.) Меѓутоа, на состанокот дојде до некои недоразбирања помеѓу претставниците од двете страни и поради тоа тие не успеале да се разберат, односно да најдат заеднички јазик и да ги решат меѓусебните корисни прашања, а со тоа да постигнат заедничка согласност за обединурање на двете организации, за кои се планираше да се прошираат низ целата територија на Егејска Македонија. (Архнв на Македонија..., кут. 19/179.)

Организацијата СНОФ во Костурско постојано бараше од КПГ и ЕАМ во сите населени места со македонско население да постои само партиска организација на КПГ и на СНОФ. Тоа беше оправдано барање на организацијата СНОФ како услов за рамноправно водење на борбата против заедничкиот

непријател. И затоа, иако не дојде до спојување на двете организации на СНОФ во единствена самостојна организација за цела Егејска Македонија, состанокот во селото Црновишта одигра историско значење за Македонците од овој дел на Македонија. На овој состанок, како порано така и сега, беа поставени пред раководството на КПГ желбите и барањата на македонскиот народ за негово национално обединување. Окружното раководство на СНОФ на чело со Паскал Митревски постојано и упорно ги бранеше своите ставови пред раководството на КПГ и ЕАМ и постојано укажуваше на тоа дека во интерес на братството и единството и на заедничката борба на македонскиот и грчкиот народ, Македонците треба да се организираат и да се обединат во редовите на својата организација, а таа да се прошири и во другите окрузи на Егејска Македонија. Неосновано и неоправдано беше кога веќе постоеше македонска народноослободителна организација, формирана со дозвола од самото раководство на КПГ и призната од ЕАМ и ЕЛАС како рамноправна организација, еден дел од Македонците да се наоѓаат надвор од редовите на својата матична национална организација и организационо да им припаѓаат на грчките националноослободителни организации. Таквиот однос на КПГ и ЕАМ кон македонската организација СНОФ негативно се одразуваше пред се на моралнополитичкото и националното единство на македонскиот народ од овој дел на Македонија. Тоа ја отежнуваше борбата на Македонците против окупаторот, зашто беше спротивно на виталните интереси на македонскиот народ.

Како што споменавме и погоре, и покрај тоа што не дојде до спојување на организациите на СНОФ од Костурско и Леринско и што не беше дозволено да ги опфати и другите реони на Егејска Македонија како единствена антифашистичка организација на Македонците, сепак самото нејзино формирање има крупно значење за развојот на идејнополитичките правци на народноослободителната борба на Македонците во Костурско и Леринско, па и пошироко. Со самото појавување на организацијата СНОФ и благодарение на нејзината активност во борбата против окупаторот и домашните предавници, македонскнте маси силно се раздвижија и нивната борбена активност се подигна на високо ниво. Тоа имаше за цел

не само да ги осуети военополитичките планови на окупаторот и на домашните слуги, туку коренито да го измени соодносот на силите во корист на борбата насочена против завојувачките планови на великобугарската пропаганда, која со помошта на своите агенти и домашните предавници се стремеше да им даде обратен правец на борбата и на националните стремежи на македонскиот народ.

За шест месеци од своето постоење организацијата СНОФ во Костурско омасови во своите редови околу 2.490 мажи и 2.280 жени, (Архнв на Македонија..., Цитирана збирка, АЕ: 70-74.) а во Леринско бројот на членовите на СНОФ изнесуваше дури над 10.000 лица. (Христо Андоновски. Македонците под Грција во борбата протнв фашизмот (1940-1944). ИНИ, Скопје, 1968, стр. 116.) Организацијата се истакна како вистински раководител и организатор на борбата на македонскиот народ од Костурско и Леринско против странските окупатори и домашните предавници. Истакнувајќи ја активноста и масовноста на организацијата СНОФ во Костурско, органот на Окружниот одбор на СНОФ за Костурско, “Славјаномакедонски Глас”, во својот број од 3 април 1944 година, меѓу другото, го наведува и следното:

“СНОФ е единствената народноослободителна организација што ќе ги исполни националните и социјалните барања на македонскиот народ. СНОФ е новата ВМРО на Македонците, што ќе го доведе до крај делото на Илинден...” (Види: Весн. “Славјаномакедонски глас” од 3 април 1944 година. Се чува во Архивот на Македонија. Истото: Егејска Македонија во НОБ 1944-1945, Т.I. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Антифашистичката војна 1941-1945. Под редакција на Ристо Кирјазовски, Васил Пејов и Тодор Симовски. Архива на Македонија, Скопје, 1971, док. 56. стр, 65.)

Една од главните задачи на организацијата СНОФ во Костурско и Леринско беше и нејзината борба против приврзаниците на бугарскиот двор и на Ванчо Михајлов, (Од 1918 година соработуваше во ВМРО на Тодор Александров во Бугарија и беше негов наследник. Беше еден од организаторите на

убиствата на прогресивните сили во ослободителното движење на македонскиот народ. Од Бугарија емигрира и престојува во Прага, Виена и други градови во Европа. Во времето на Втората светска војна престојува во Загреб кај Анте Павелиќ. Служи како главна резерва на Германија за притисок на бугарската влада. Беше организатор и инспиратор на фашистичките сили на Македонија во борбата против народноослободителното движење. Почина во Рим 1991 година.) коишто со својата пропаганда настојуваа да го свртат македонското население во правецот за реализација на своите завојувачки планови.

Разобличувајќи ги клеветите на грчките националисти и реакционери за наводна соработка на организацијата СНОФ во Костурско со контрачетниците, “Славјаномакедонски Глас” продолжува:

“...Автономистите се фашисти кои сакаат да го подјармат нашиот народ под фашизмот. СНОФ како наследник на вистинската ВМРО, роден од стремежите на народот за слобода, ќе ја продолжи борбата за прогонување на окупаторот и ќе го истреби секој предавник кој има намера да го одржи во живот фашистичкото тиранство...” (Цитирано според весн. :Славјаномакедонски глас” од 3 април 1944 година. Истото: Егејска Македонија во НОБ 1944-1945, Т.I..., док. 56, стр. 86.)

Со својата пропаганда и агитација преку печатот, и тоа на македонски јазик, и со својата тактика на убедување, СНОФ многу придонесе во разобличувањето на великобугарската пропаганда и домашните слуги на окупаторот во Костурско и Леринско. Тоа може да се види и од еден повик на Окружниот одбор на СНОФ за Костурско од 3 март 1944 година до народот во округот. Во него, меѓу другото, се вели:

“...Славјаномакедонскиот народ, сплотен во својата организација СНОФ, не може никој веќе да го измами и да го вооружи против антифашистичките борци. Ако досега славјаномакедонскиот и грчкиот народ се покажаа великодушни и им простија на оние што беа измамени и вооружени од непријателот, сега на оној што се вооружува од Комитетот нема да му биде простено, како што нема да им биде

простено на Грците што се организирани во ПАО, ЕКА, ИВЕ итн., затоа што таквите веќе не се измамени, туку свесно стапуваат во непријателските редови...” (Цитирано од истата едиција: док. 19, стр. 35.)

И навистина, благодарение на ваквата секојдневна агитација на раководството на СНОФ во Костурско и на другите македонски активисти на отпорот, контрачетниците ги напуштаа контрачетничките чети и се враќаа по своите домови или стапуваа во единиците на ЕЛАС.

Многу е важно да се одбележи дека еден од најзначајните настани за организацијата СНОФ во Костурско беше одржувањето на нејзината Втора редовна конференција во селото Д’мбени, Костурско, на 12 април 1944 година. На неа учествуваа околу 500 делегати од организациите на СНОФ, гости од ЕАМ и ЕЛАС на округот, од Западномакедонското биро на КПГ, други народноослободителни организации, па дурп и англиска воена мисија.

Значењето на оваа конфренција се состои во тоа што таа донесе неколку важни решенија во врска со понатамошниот развој на борбата. Организацијата СНОФ во Костурско, покрај другите задачи што требаше да ги изврши, се обврза:

1. Да ја развива националната свест кај Макелонците;
2. Да ја напаѓа секоја реакција во округот;
3. Да организира разузнавачка и контраразузнавачка служба во селата на реакцијата;
4. Да развива објаснувачка пропаганда за целите и задачите на СНОФ;
5. Да организира просветна дејност во округот;
6. Да го помага ЕЛАС со сите можни средства во борбата против окупаторот и домашните предавници;
7. Да ги омасовува основните организации на СНОФ во борбата против непријателот итн. (Види Извадоци од заклучоците на Втората окружна конференција на СНОФ за Костурско. Егејска Македонија во НОБ 1944-1945, Т.I..., док.74, стр. 86.)

На Конференцијата беше избрано и ново окружно раководство на СНОФ во состав од 21 член и тоа: Паскал Митревски, Лазо Дамовски-Ошенски, (Од селото Ошени, Костурско, Поради својата револуционерна активност многу пати беше апсен од грчката полиција. Втората светска војна го затече како заточеник на островот Акронавплија. По ослободувањето од затворот во јули 1941 година активно се вклучува во антифашистичкото движење. Подоцна стана секретар на Окружниот комитет на КПГ за градот Лариса, а потоа во Епир. Во јануари 1944 година доаѓа во Костурско и се вклучува во раководството на организацијата СНОФ. Не се согласува со ставот на КПГ по македонското национално прашање, поради што беше исклучен од КПГ. По договорот во Варкиза преминува во НР Македонија. Тука се вклучува во политичкиот живот на земјата. Почина во Скопје, 1970 година.) Андон Цалев (Овие тројцата го сочинуваа и секретаријатот на Окружниот одбор на СНОФ), (Види: Список на членовите на Окружниот одбор на СНОФ за Костурско, избрани на Втората конференција на СНОФ за Костурско. Егејска Македонија во НОБ 1944-1945, Т.I..., док. 73, стр. 84. Во приложениот список го нема и името на Лазо Поплазаров од село Добролишта, Костурско. Меѓутоа, според тврдењето на Евдокија Баљова-Вера, којашто исто така беше член на Окружниот одбор на СНОФ за Костурско, исто и Лазо Поплазаров бил член на потесното раководство на СНОФ за Костурско и главен одговорен уредник на весникот “Славјаномакедонски глас”.) Симо Калчо, Благој Даскалов, Андреја Пандулев, Јани Кокинов, Андон Бошков, Лазо Хаџиев, Христо Јанкулов, Наум Пејов, (Од селото Габреш, Костурско. Беше член на КПГ од пред Втората светска војна. Во 1939 година беше уапсен од грчката полиција. Во периодот на НОБ, а поточно во есента 1943 година беше именуван командант на македонскиот партизански одред “Лазо Трповски” и активист на СНОФ. Поради неправилниот став на КПГ и ЕЛАС по македонското национално прашање, во знак на протест, заедно со група Македонци од Костурско на 16 мај 1944 година преминува во вардарскиот дел на Македонија. Во ноември истата година стана заменик командант на Првата ударна бригада на Македонците од Грција.) Евдокија Баљова, (Од село Д’мбени, Костурско. Беше член на Окрожниот одбор на СНОФ за Костурско. Од јуни 1944 беше заменик политички

комесар на чета во Првата ударна бригада на Македонците од вардарскиот дел на Македонија, а од ноември истата година беше заменик политички комесар на Втората чета од IV-от баталјон на Првата ударна бригада на Македонците од Грција. Од јули 1945 година беше секретар на Околискиот одбор на НОФ за Соровичка и Кајларска околија. Од мај 1946 година беше секретар на АФЖ за Леринско, а од ноември истата година беше секретар на АФЖ за Егејска Македонија. Во 1949 година стана потпредседател на Сегрчкиот сојуз на жените во Грција. Во декември истата година заедно со група раководители на НОФ беше наклеветена како "Титов агент" во редовите на КПГ и ДАГ и поради тоа беше уапсена од раководството на КПГ, а потоа долго време беше судена во Москва. Заедно со десетина раководители на НОФ беше испратена во концентрационите логори во Сибир. Во 1955 година беше ослободена од затворот и беше целосно рехабилитирана. По чин е капетан на ДАГ. Сега живее во Скопје.) Димитар Шишковски, (Од село Жупаништа, Костурско. Член на КПГ беше од пред Втората светска војна. Во есента 1943 година беше поставен за политички комесар на македонскист партизански одред "Лазо Трповски", а подоцна беше поставен за политички комесар на чета во Костурско-леринскиот македонски баталјон "Гоче". Еден период беше секретар на Окружниот одбор на НОФ за Костурско. Почина во Скопје 1987 година. ) Ламбро Мосхов, (Од село Д'мбени, Костурско; учесник во Илинденското востание. Во 1907 година станал член на еден социјалистички сојуз во Америка. Во 1935 година станал член на КПГ. Беше уапсен од грчката полиција и беше испратен во интернација во затворот Акронавплија каде што претстојува до 1941 година. Повторно беше уапсен од Италијанците. Во затворот престојува до 1943 година) Ристо Папатрајанов, Василка Галева, Хрисанти Цанзовска, Христо Димитров, Васко Караџа, Пандо Калиманов и Љута Валсамовски. (Види: Список на членовите на Окружниот одбор на СНОФ за Костурско. Егејска Македонија во НОБ 1944-1945, Т. I..., док. 72, стр. 83 и док. 73, стр. 84-85.)

## МАКЕДОНСКИ РЕЗЕРВНИ ЕДИНИЦИ ВО КОСТУРСКО ВО СОСТАВОТ НА ЕЛАС

Во костурските села, па и пошироко, покрај организацијата СНОФ, како политички орган на борбата беа создадени и македонски резервни единици во составот на ЕЛАС, познати под името СНОВ (Славјаномакедонска народоослободителна војска), народоослободителни одбори, народни судови, народна солидарност и други антифашистички организации во кои членуваа и голем број македонски членови од организацијата СНОФ.

Резервните единици на СНОВ во составот на ЕЛАС во Костурско беа формирани некаде кон средината на јануари 1944 година со решение на Окружниот комитет на КПГ за Костурско. Ваква резервни единици беа формирани особено во реоните, во кои дејствуваа контрачетничките единици. Една таква единица на СНОВ беше формирана во февруари истата година во реонот Корештата под раководство на Михајло Керамитчиев од село Габреш, Костурско. Оваа група во многу кратко време се истакна со својата мобилизаторска дејност среде Македонците за нивно масовно вклучување во борбата против окупаторот и домашните предавници. Истакнувајќи го нејзиното значење и придонес во борбата против странските окупатори, Михајло Керамитчиев во еден свој извештај испратен до раководството на Окружниот одбор на СНОФ за Костурско, меѓу другото, го пишува и следното:

“Со обиколката што ја направив во многу славјаномакедонски села во Корештата како военен одговорен, ми се даде прилика да се запознам, како славјаномакедонскиот народ може и има одлично расположение целосно да се стави на страната на борбата, која денес се води против фашистите, а коишто ја задушуваат секаквата човечка и друга слобода на народот... Воената организирана сила на резервата до денес изнесува 370, од кои 210 се вооружени со пушки... Групата на Корештата ја сочинуваат 50-на борци, смели и решителни да му зададат непосредни удари на непријателот. (Види: Писмо од Михајло Керамитчиев до секретарот на Окружниот одбор на СНОФ за Костурско Паскал Митревски. Истото: док. 17, стр. 31-32.)

Ваквата дејност на резервните единици на ЕЛАС во Костурско ја подвлекуваат и генералот на грчката армија Д. Зафиропулос и публицистот Полис Јоанидис, којшто во својата историска репортажа “Мистеријата на Гоче”, во одломката 167, меѓу другото, го пишува и следното:

“Групите на СНОФ имаа слобода на движење во редовите на ЕЛАС и беа помагани кога се наоѓаа во тешка положба во борбата против окупаторот и вооружениот Комитет и, навистина, го постигнаа обезоружувањето на месните контрачетници во Брештени, Галишта Железоже, во Четирок, Сничени и Тиквени, Черешница и Загоричани”. (Историска репортажа од Полис Јоанидис под наслов: “Мистеријата на Гоце”. Весн. “Елиникос Ворас” од 8 јануари 1955 година, одломка 167.)

## РАСФОРМИРАЊЕТО НА СНОФ И ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ТОА

Како што покажаа идните настани, брзото зголемување на бројот на членовите во СНОФ, а со тоа и масовното вклучување на Македонците од Костурско, Леринско и од другите околии на Егејска Македонија во антифашистичката борба против странските окупатори и домашните предавници, сериозно ги вознемири раководствата на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС за Костурско и Леринско, а се чини и на повисокото раководство на КПГ, поради што кон крајот на април 1944 година тие донесоа решение да се расформира организацијата СНОФ во Костурско и Леринско. Се даде образложение дека организацијата СНОФ “штетно” влијае врз омасовувањето на грчките маси во редовите на организациите на ЕАМ. Но тоа беше само изговор.

Вистинските причини за расформирањето на СНОФ се сосема други. Имено, раководството на КПГ и ЕАМ во текот на НОБ постојано правеше големи усилби да најде заеднички јазик и гледишта со грчките десничарски партии во земјата и со владата во бегство, со цел да се спогодат заеднички да го постигнат т.н. “национално единство” на грчкиот народ. Меѓутоа, за да се постигне ваквото единство беше потребно

раководството на КПГ и ЕАМ да направи отстапки во корист на грчката влада во бегство и на граѓанските партии во земјата. Такво отстапување претставува и порано постигнатиот договор меѓу ЕЛАС и единиците на Наполеон Зервас (Полковник на бившата грчка армија. За време на окупацијата беше главен командант на герилските грчки националистички единици на ЕДЕС (Грчки демократски национален сојуз). По војната стана министер на војската во грчката кралска влада.) (на 24 февруари 1944 година во Плака) за прекинување на непријателските борби меѓу единиците на ЕЛАС и силите на Зервас во Епир, а кои започнале во почетокот на октомврн 1943 година. (Стефанос Сарафис, ЕЛАС... Истото: Ристо Кирјазовски, Македонски национални институции.., стр. 58.) Раководството на КПГ и ЕАМ, покрај постигнатиот договор за прекин на непријателските борби со единиците на Зервас, во Плака се согласи и понатаму да ги продолжи преговорите за постигнување целосно политичко единство на грчкиот народ. Меѓутоа, за да се создадат услови за преговарања со грчките десничарски партии во земјата и со владата во бегство, КПГ покрај другите отстапки што ги правеше во нивна корист кон крајот на април 1944 година донесе решение да се расформира македонската ослободителна организација СНОФ. (Досега не е пронајден документ за денот на расформирањето на СНОФ во Костурско. Меѓутоа, споредувајќи ги настаните во тоа време, може да се претпостави дека организацијата СНОФ била расформирана кон крајот на април 1944 година.) Така на 20 мај 1944 година дојде и до потпишувањето на договорот во Либан помеѓу грчката влада во бегство н претставниците на КПГ и ЕАМ за формирање на т.н. “влада на националното единство” на грчкиот народ. Со еден збор, како што рековме, раководството на грчкото движење на отпорот, за да може лесно да го постигне “националното единство” на грчкиот народ, ги жртвуваше не само интересите на македонскиот народ, туку и целите на антифашистичката борба на самиот грчки народ.

Како што и се очекувало, ова неоправдано и ултимативно решение на КПГ за расформирање на СНОФ беше правилно толкувано од македонските комунисти и борци како акт на игнорирање на револуционерните стремежи на Македонците од

егејскиот дел на Македонија. Се разбира, тоа предизвика многу тешка и крајно напрегната ситуација во односите на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС со Македонцнте во Костурско и Леринско. Поради тоа, во знак на протест, една група македонски организатори и активисти на СНОФ од Костурско, на чело со Наум Пејов од село Габреш, и од Леринско, на чело со браќата Ѓорѓи и Илија Турунџиеви од село Екши-Су, како и една група македонски борци, којашто влегувала во составот на баталјонот на ЕЛАС "Вици" (Атанас Коровешов, Васил Макриевски, Пандо Шиперков -сите од село Смрдеш, Костурско) и други, во првата половина на мај 1944 година преминаа во вардарскиот дел на Македонија. Македонските активисти на СНОФ од Костурско и Леринско и македонските борци кои се отцепија од ЕЛАС малку подоцна се вклучија во новоформираната Прва ударна бригада на Македонците од вардарскиот дел на Македонија и во нејзините редови тие ја продолжија борбата против окупаторот и домашните предавници.

Поради тоа раководителите на КПГ и ЕЛАС сите македонски "отцепници" ги прогласија за "предавници" и носители на расцепот помеѓу Македонците и Грците. Ова беше голема клевета. Раководителите на КПГ и ЕЛАС македонските комунисти и борци ги прогласија за "предавници", "дезертери", "автономисти", "соработници на окупаторот" итн., бидејќи сите тие чесно бараа КПГ и ЕЛАС да го корегираат својот неправилен и шовинистички однос спрема македонското национално прашање во Грција. (Решението на КПГ за расформирањето на македонската организација СНОФ за грчкото раководство на отпорот претставуваше уште една отстапка пред грчката реакција за да се постигне по секоја цена "национално единство" со грчките буржоаски партии и со владата во бегство, со коишто КПГ во мај 1944 година водеше преговори во Либан. Се разбира, Македонците не можеа да се согласат со таквата политика на КПГ и остро реагирале. Меѓутоа за да се ликвидира отпорот на Македонците во Костурско, Леринско, а и во други места во Егејска Македонија, раководството на КПГ презеде ред терористички мерки. Имено, ги уапсила членовите на Окружниот комитет на СНОФ за Костурско: Паскал Митревски, Лазо Дамовски-Ошенски, Лазо Поплазаров и други и заедно со техничкиот персонал на

весникот “Славјаномакедонски глас”, за превентива ги одведе во седиштето на IX-та дивизија на ЕЛАС во селото Жупан, Населичка околија. Види: Проглас на одредот на ЕЛАС “Вичи” до Македонците во Корештата, Костурско, во којшто се осудува отцепувањето од ЕЛАС на групата македонски борци, коишто како реакција на решението на КПГ за нејзиниот неправилен однос по македонското национално прашање преминале во вардарскиот дел на Македонија. КПГ и македонското национално прашање 1918-1974 година.., док. 66, стр. 183. Истото: Извештај на Окружниот комитет на КПГ за Костурско до Македонското биро на КПГ, во врска со настанатата ситуација во околијата по отцепувањето на групата македонски борци од составот на ЕЛАС. Види: Истото, док. 73, стр. 199.) Ваквиот неправилен однос на раководството на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС спрема организацијата СНОФ и спрема македонските борци од овој дел на Македонија практично значеше негирање на посебноста на македонската нација и откажување македонскиот народ да се развива по својот национален и революционерен пат. Раководството на КПГ, како организатор и водечка сила на народноослободителната борба во Грција, беше должно не само да им ги признае националните права на Македонците, туку требаше на дело да ја спроведе националната рамноправност во рамките на грчката држава. Меѓутоа, како што се гледа од погоре изнесеното, формирањето на СНОФ на КПГ и беше потребно како инструмент во нејзините раце за борба против бугарската пропаганда и против контрачетниците, кои ги “загрозувале” грчките интереси во Егејска Македонија. Овој дискриминаторски и опортунистички однос на раководството на КПГ спрема организацијата СНОФ и македонскиот народ произлегуваше од големогрчките шовинистички тенденции од кои не беше ослободена ни самата КПГ. И затоа таа исто така сноси голема историска одговорност за создавањето и ширењето на автономистичко-контрачетничкото движење во Егејска Македонија. Имено, со самото расформирање на СНОФ, КПГ создаде поволни услови за брзото ширење на автономистичкото движење, овој пат под раководството на Ванчо Михајлов и под патронат на “мајка Бугарија”, а со благослов на Германците, што, се разбира, опасно го загрозуваше “грчкиот карактер” на Егејска Македонија.

Паскал Митревски, кој дотогаш ја вршеше функцијата секретар на Окружниот одбор на СНОФ за Костурско, како и другите членови на раководството на СНОФ беше мошне револтиран од решението на Окружниот комитет на КПГ за Костурско за расформирањето на СНОФ. Тој упорно и постојано апелираше до раководството на КПГ дека: "Без постоење и афирмација на посебна македонска организација и без доследно спроведување на политиката за реализирање на моралнополитичкото единство и за вистинската рамноправност на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија не може да се гради и да јакне братството и единството помеѓу македонскиот и грчкиот народ". Пред раководството на КПГ Митревски го сврте своето внимание и подвлече дека решението за расформирање на СНОФ ќе има лоши последици за спроведување на заедничката борба против окупаторот.

Меѓутоа, и покрај сите овие предупредувања на Паскал Митревски, раководството на КПГ остана категорично на својата одлука. За да се ликвидира отпорот на Македонците во Костурско и Леринско предизвикан со расформирањето на организацијата СНОФ, раководството на КПГ презеде ред терористички мерки против македонските антифашисти. Имено, КПГ ги уапси членовите на Окружниот одбор на СНОФ за Костурско: Паскал Митревски, Лазо Дамовски-Ошенски и Лазо Поплазаров и за превентива ги одведе во седиштето на IX-та дивизија на ЕЛАС во селото Жупан, Населичка околија. (Егејска Македонија во НОБ 1944-1945, Т.I..., док. 106. стр. 120.) Раководството на КПГ спроведе ред други терористички акции и врз другите македонски антифашисти во Костурско и Леринско.

Со еден збор, решението на КПГ за распуштањето на СНОФ не беше никаква случајна грешка од страна на грчкото раководство на отпорот, туку основен составен елемент на точно одредената политика за разбивање на македонското ослободително движење. Официјалното објаснение што тогаш беше дадено од страна на КПГ дека постоењето на организацијата СНОФ, наводно, создава "недоверба" кај грчките маси, исклучено е да се земе за вистинито, зашто се

знае дека припадниците на СНОФ се бореа заедно со грчките борци во редовите на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС против окупаторот и дека токму тие припадници на СНОФ, покрај другите единици на отпорот, го разбија контрачетничкото движење во Егејска Македонија.

Како што подвлековме и на друго место, организацијата СНОФ беше не само најголема национална придобивка на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во времето на Втората светска војна, туку таа беше и основен револуционерен фактор со јасно определена идејнополитичка ориентација за понатамошниот развој на македонското народноослободително движење. Меѓутоа, раководството на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС никогаш не сакаше организацијата СНОФ да има таков политички статус и третман и да игра таква политичка улога, со таква национална програма и реална политичка насоченост. КПГ и другите грчки организации на движењето на отпорот вршеа отворен притисок врз организацијата СНОФ и бараа, како прво, таа да ја ограничи својата организациона поставеност, односно таа да постои исклучиво во селата со чисто македонско население, додека во местата наслени со мешано грчко-маџирско и македонско население да постојат единствено организации на ЕАМ. Како второ, организацијата СНОФ да ја стесни својата дејност во најтесни рамки, а острината на својата активност да ја насочи исклучиво против великобугарската завојувачка политика и против дејноста на врховистичките и автономистичките агенти во овој дел на Македонија.

Како што нагласивме и погоре, поради несогласувањето со расформирањето на СНОФ, Паскал Митревски заедно со други раководители на Окружниот одбор на СНОФ за Костурско (Лазо Дамовски-Ошенски, Лазо Поплазаров, редакцискиот и техничкиот персонал на весникот “Славјаномакедонски глас” и други) беше уапсен и под стража спроведен во седиштето на ПК на КПГ и на Штабот на ЕЛАС на Македонија во селото Жупан за испитување. Тука беше ставен под строг надзор. Но благодарение на интервенцијата од страна на Главниот штаб на НОВ на Македонија и на протестните акции на македонското

население од Костурско, тој беше ослободен и беше даден на располагање на Окружниот комитет на КПГ за Костурско.

# Глава трета

ПРАШАЊЕТО ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ПОСЕБНИ МАКЕДОНСКИ ЕДИНИЦИ ВО СОСТАВОТ НА ЕЛАС

## МАКЕДОНСКИ ПАРТИЗАНСКИ БАТАЛЈОН “ГОЧЕ” ВО СОСТАВОТ НА ЕЛАС

Прашањето за формирање на посебни македонски партизански единици во составот на единиците на ЕЛАС во Егејска Македонија несомнено е клучно прашање што посебно ја карактеризира реалната политика на КПГ спрема македонското националноослободително движење во овој дел на Македонија. Тука накратко ќе се осврнеме на причините што ја натераа КПГ да го измени својот став спрема Македонците, односно да дозволи тие да формираат свои посебни партизански единици во рамките на ЕЛАС.

Маркос Вафијадис, (Член на ЦК на КПГ беше од 1942 година, истовремено беше втор секретар на Македонското биро на КПГ и капетаниос на Групата дивизии на ЕЛАС од Македонија. За време на Граѓанската војна во Грција беше воен командант на Главниот штаб на ДАГ и претседател ва Привремената демократска влада на Грција. Во текот на 1946 година, а поточно од мај истата година  главно тој ги водеше преговорите со Паскал Митревски, тогашен секретар на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија за постигнување спогодба за обединување на македонските партизански единици со партизанските единици на КПГ. Умре во Атина 1992 година.) тогашен член на Бирото на КПГ за Македонија и Тракија и комесар на Групата дивизии на ЕЛАС од Македонија, во својата биографија од Драган Кљакиќ (Драган Кљакиќ, Генарал Маркос. Глобус, Загреб, 1979, стр. 254.) се обидува да објасни како се дошло до идејата за формирање посебни македонски единици во составот на ЕЛАС. Според неговото тврдење: “Штабот на ЕЛАС беше присилен преку Бирото на КПГ за Македонија и Тракија да формира посебни македонски единици во рамките на ЕЛАС во Воденско, Леринско и Костурско, за да ги привлече Македонците во редовите на ЕЛАС, односно организирајќи ги, да ги отргне од пропагандата на

контрачетниците...” (Драган Кљакиќ, Генарал Маркос. Глобус, Загреб, 1979, стр. 74.)

И, навистина, ова се случи наскоро по расформирањето на СНОФ во Костурско и Леринско. Во врска со ова објаснение на Маркос Вафијадис, треба да укажеме на една конкретна работа. Имено, Штабот на ЕЛАС “беше присилен” да нареди, и тој навистина нареди, формирање на “посебни македонски единици” во рамките на ЕЛАС, но во секој случај не за да привлече голем број Македонци во ЕЛАС, односно не за да создаде македонски единици. Животот покажа дека тоа беше залажувачки маневар кој имаше цел да побуди надежи кај македонското население за пресврт во политиката на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС и смирување на духовите кај Македонците. Практично речено тоа беше само тактичко отстапување пред огромниот притисок на македонските маси на чело со македонските комунисти и бившите раководители и активисти на СНОФ.

Во Костурско и Леринско тоа се случи вака:

Како што рековме и на друго место, раководството на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС во текот на НОБ во Грција не еднаш настојуваше да постигне целосно политичко единство со грчките граѓански партии во земјата, со владата во бегство и со Англичаните за постигнување “национално единство” на грчкиот народ за ослободување на Грција и стално ја потхрануваше илузијата дека во тоа може да успее единствено со отстапки во полза на грчката десница и на Англичаните.

Раководејќи се со ваквата стратегија и тактика, раководството на КПГ и ЕЛАС го потпиша договорот за ставање на ЕЛАС под команда на Британскиот штаб за Средниот Исток (5. VII. 1943) и догоророт за формирање заеднички штаб на сите герилски сили во Грција; ги отфрли заклучоците на претставниците на комунистичките партии на Југославија, Грција и Албанија за формирање на Балкански штаб на НОВ (20-25. VI. 1943); го потпиша договорот во Плака за прекин на непријателските борби меѓу ЕЛАС и ЕДЕС (24. II. 1944); го расформира СНОФ нтн.

Во духот на таквата генерална линија од 15 до 20 мај 1944 година во Либан беа водени и преговори меѓу претставниците на КПГ, ЕАМ и ПЕЕА со владата во бегство и со претставниците на граѓанските партии во земјата за постигнување политичко единство и формирање влада на “национално единство”. Делегацијата на КПГ, ЕАМ и ПЕЕА ги пречекори своите овластувања и на 20 мај 1944 година го потпиша капитулантскиот договор со кој и овозможи на десницата да започне широка офанзива против силите на движењето на отпорот. (Види: Договор склучен меѓу грчката влада во бегство и граѓанските партии, од една страна и ПЕЕА, ЕАМ и КПГ, од друга страна, за формирање влада на “национално единство” на грчкиот народ во Либан. Егејска Македонија во Антифашистичката војна (1 јануари-31 август 1944 година...), док. 61, стр. 128-131. Истото види:Стефанос Сарафис, ЕЛАС...)

Меѓутоа, еден голем дел од раководството на КПГ и ЕАМ не го одобри либанскиот договор и го отфрли. Но, поништрувањето на договорот од страна на левицата на КПГ значеше вооружена пресметка со внатрешниот непријател, што за постигнување целосна победа налагаше не само активирање на сите внатрешни револуционерни сили, туку и тесна соработка со ослободителното движење на Балканот, а пред се со НОВ на Југославија. За таа цел во почетокот на јуни 1944 година ПЕЕА го назначи Андреас Џимас, член на Политбирото на ЦК на КПГ, за официјален претставник во НКОЈ на НОВ на Југославија. (Неговото испраќање при Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ беше решено уште во март 1944 година. За таа цел Андреас Џимас тргна во првата декада на април, и при, ВШ на НОВ и ПОЈ со седиште во Вис пристигна одвај на 17 јуни 1944 година.)

Во радиограмата од 24 јуни 1944 година на секретарот на ЦК на КПГ Ѓоргис Сјантос (Член на ЦК на КПГ беше од 1925 година, а на Политбирото на ЦК на КПГ во периодот од 1925 до 1931 година и од 1934 до 1947 година. На VIII пленум на ЦК на КПГ, којшто беше одржан во јануари 1942 година беше нзбран за секретар на ЦК на КПГ. Почина во мај 1947 година во Атина.)

до Андреас Цимас се бара Цимас да го информира Тито дека: “Има потреба не само од политичка работа туку и од акција на српските Македонци (Се мисли на Македонците од вардарскиот дел на Македонија.) во соработка со нас против заедничкиот непријател. Регрутираме и создаваме (се мисли за Воденскиот македонски баталјон, б.н.) македонски партизански единици...” (Цит. според Ристо Кирјазовски, Македонски национални институции..., стр. 70.)

Како што се гледа и од наведената радиограма на секретарот на ЦК на КПГ Ѓоргис Сјантос, на КПГ и ЕЛАС им биле потребни и македонски партизански единици за борба против окупаторот и домашните предавници, но нив, исто така, ќе ги вклучат во одбраната на грчките интереси во Македонија Тука посебни коментари не се потребни.

Соочувајќи се со тешката ситуација во која се најдоа единиците на ЕЛАС поради секојдневните офанзивни акции на непријателот против нив, грчкото раководство на отпорот преку својот претставник во НОВ и ВШ на ПОЈ, Андреас Цимас, со радиограма уште еднаш се обрати за помош до раководството на НОВ на Југославија и бараше да бидат испратени македонски единици од вардарскиот дел на Македонија во правецот на Лерин-Вичо, Острово-Кајмакчалан-С’боцко за да се поврзат со грчките единици на ЕЛАС.

Во ваквата тешка воено-политичка ситуација во Грција, грчкото раководство на КПГ и ЕЛАС беше принудено да преговара со ГШ на НОВ на Македонија за враќање на “отцепниците” од Караорман и да се согласи да се формираат посебни македонски единици во составот на ЕЛАС. Навистина, потребата од придобивањето на македонските борци од егејскиот дел на Македонија му налагаше на раководството на КПГ да ги земе во предвид нивните желби и да ги задоволи нивните барања. Така и се случи. Под притисок на македонските маси, на 2 август 1944 година, на националниот празник на македонскиот народ Илинден, во селото Поздивишта, Костурско, раководителот на разузнавачката служба и одговорниот за прашањата на Македонците во IX-та дивизија на ЕЛАС, Ренос Михалеас, (Функционер на КПГ беше од пред Втората светска војна,

поради што често пати беше затворан и интерниран од грчките власти. По излегувањето од затворот, во почетокот на 1944 година беше поставен за секретар на партиската организација на КПГ и одговорен на II-то политичко биро при IX-та дивизија на ЕЛАС. Од таа дивизија му беше доверено да се занимава со македонското прашање. Во почетокот заземаше негативен став по македонското национално прашање, но со развојот на настаните тој се корегира, што се гледа од неговите писма и извештаи од тоа време. Во своите писма тој предупредува за последиците што можат да настанат поради лошата политика на КПГ спрема Македонците и спрема македонското национално прашање.) во присуство на партиска делегација на КПГ и на партиска делегација на КПМ, од целиот состав на македонските борци кои се вратија од Караорман (по договор меѓу КПГ и КПМ, б.н.), од македонските борци кои служеле во единиците на ЕЛАС, од македонските борци кои служеле во резервниот состав на ЕЛАС и од други македонски борци, доброволци (како што беше случајот во Воденско (Во составот на 30-от полк на ЕЛАС на 16 јуни 1944 година на планината Кајмакчалан беше формирана посебна партизанска единица составена исклучиво од Македонци од Мегленско и Воденско. Командниот состав на оваа македонска единица го сочинуваше: Лефтерис Фундулакис од островот Крит, бивш офицер на грчката армија, како командант; Ѓорги-Џоџо Урдов од Воден, политички комесар; Павле Раковски од село Долно Клештино, Леринско, како трети член на Штабот на баталјонот; Ѓорги Атанасов-Блаже од село Преб’диште, Мегленско; Ѓорги Јаката-Гуши од Воден и уште еден од Солунско по име Сотир, како членови. Оваа македонска единица за многу кратко време прерасна во баталјон, којшто во октомври 1944 година поради судирот со раководството на КПГ и ЕЛАС беше принудена да премине во вардарскиот дел на Македонија н во составот на Првата ударна бригада на Македонците од Грција ја продолжила борбата против окупаторот н домашните предавници. Поопширно за тоа види: Павле Раковски, КП на Грција и Македонците (Согледувања, размислувања, сознанија). Македонска книга, Скопје, 1990. Од истиот автор: Во длабоката ноќ зората се раѓа (Сеќавања, размислувања, сознанија). Мемоари, се чуваат во архивот на ИНИ и Ташко Мамуровски, Воденскиот македонски баталјон на ЕЛАС (Триесет и осум

години од неговото формирање). Гласник на ИНИ, Скопје, 1981, XXV, 2-3, стр. 185-197.), го формира македонскиот Леринско-костурски баталјон, популарно наречен “Баталјон Гоче”, (Леринско-костурскиот македонски баталјон беше наречен “Баталјон Гоче” по името на истакнатиот македонски революционер и идеолог Гоце Делчев.) во составот на 28-от полк на ЕЛАС, регистриран со наредба на ЕЛАС под број IIa. Поради ваквата “непромислена” постапка Ренос Михалеас подоцна беше остро критикуван од страна на повисокото раководство на КПГ, а најпосле и деградиран.

## НЕКОИ ВОЕНИ АКЦИИ НА “БАТАЛЈОНОТ ГОЧЕ”

Леринско-костурскиот македонски баталјон “Гоче” беше формиран по структурата на ЕЛАС. Неговиот штаб го сочинуваа: Козмас Спанос-Аминда (Од село Лехово, Леринско. По народност беше Албанец. Во ЕЛАС беше поставен за командант на баталјон. Во ДАГ беше политички комесар на Штабот на ДАГ “Вичо” и командант на 18-та бригада на ДАГ. Сега живее во Грција.) - командант, Илија Димовски-Гоче (Од село Статица, Костурско. Уште како млад станува член на КПГ и ВМРО (Об.). Во времето на Метаксасовата диктатура беше гонет и затворан. Тој беше меѓу првите активисти во Леринско, а од 1943 година го водеше партизанскиот одред на Вичо. Во август 1944 година стана политички комесар (капетанос) на Леринско-костурскиот македонски баталјон. Во октомврн истата година на чело на истиот баталјон, по судирот со КПГ, преминува во вардарскиот дел на Македонија. Во ноември 1944 година стана командант на Првата ударна брнгада на Македонците од Грција. Во времето на Граѓанската војна во Грција раководеше со поголема единица на ДАГ. Носител е на Партизанска споменица. Почина во Скопје на 26 јуни 1961 година.) - капетаниос, (Функцијата “капетаниос” во формациите на ЕЛАС значеше повеќе политичкн помошник на воениот командант и втор потписник. Тој одговараше за спроведување на политиката на КПГ во ЕЛАС.) Ристо Коленцев-Кокинос (Од Лерин. Во НОБ беше одговорен по партиска линија во Леринско-костурскиот македонски баталјон “Гоче”. Во 1945 година се вклучува во организацијата НОФ, во којашто заземаше разни раководни функции: член на Окружниот одбор

на НОФ за Леринско, претседател на Народната власт во Леринско, секретар на Окружниот комитет на КОЕМ за Леринско и други. Почина во Скопје 1986 година.) како политички комесар на баталјонот. Но Козмас Спанос-Аминда командата на баталјонот фактички никогаш не ја презел. Двете функции, односно командант и капетаниос, всушност ги вршеше Илија Димовски-Гоче. (Според сеќавањата на Васко Макриевски од село Смрдеш, Костурско. За време на НОБ беше борец во одредот "Лазо Трповски". Подоцна, односно во ноември 1944 година стана заменик политички комесар на Првата ударна бригада на Македонците од Грција и секретар на партискиот комитет па КПМ во истата бригада. Почина во Скопје во 1990 година.) Подоцна за началник на Штабот на баталјонот беше поставен Димитар Тупурковски-Титан. (Од село Ошчима, Леринско. Во комунистичкото движење учествува од пред Втората светска војна. Во 1943 година стана командант на одредот "Лазо Трповски". Во ноември наредната година стана командант на баталјон во Првата ударна бригада на Македонците од Грција, а подоцна, началник на бригада на НОВ од Вардарска Македонија. По чин мајор на ЈНА. Почина во Скопје, 1980 година.)

Уште првиот ден на баталјонот "Гоче" му беше поставена задачата да ги разоружи од непријателот вооружените села во Костурско и Леринско, бидејќи тие како такви му служеа на непријателот како истурени позиции за одбрана на поголемите окупаторски гарнизони. Со разоружувањето на тие села се отвори широк простор за маневрирање на единиците на ЕЛАС, а со тоа се создадоа подобри услови за ослободување на градовите Костур, Лерин и други поголеми населени места.

По извршените подготовки, баталјонот "Гоче" истата вечер тргна во акција. Тој успеа со убедување да ги разоружи вооружените села: Прекопана, Олишта Тиолишта, Шештево, Черешница и други. Во тие борби отпор даде само селото Черешница. Тука биле ранети 5 партизани, меѓу кои и двајца Руси. Едниот од нив подоцна им подлегна на раните. (Според сеќавањата на Евдокија Баљова-Вера...)

Кон средината на август 1944 година во селото Черешница повторно влегоа партизаните на ЕЛАС и заробија 13 контрачетници, кои потоа беа одведени во селото Поздивишта, Костурско. По наредба на Штабот на ЕЛАС за Вичо, беа осудени на смрт и стрелани надвор од селото Поздивишта. (Според сеќавањата на Васко Макриевски...)

Во текот на август и септември 1944 година, на повикот на македонскиот баталјон "Гоче", вооружените селани од окупаторот од селата Мокрени, Бобишта, Загоричани, Куманичево, Олишта, Б'мбоки и од некои други села масовно го предадоа оружјето, а многу од нив доброволно стапија во редовите на македонскиот баталјон и се истакнаа како смели борци против окупаторот. (Македонскиот баталјон "Гоче" успеа да ги елеминира и последните упоришта на контрачетниците во селата Прекопана, Олишта, Тиолишта, Сетома, Шештево и други.

Во септември 1944 година македонскиот баталјон "Гоче" заедно со други единици на ЕЛАС го нападнаа градот Лерин. Тие го заседоа градот и го држеа околу 8 часови. Во борбата беа убиени неколку германски војници и соработници на окупаторот. Исто така беа запалени складишта со оружје и бензин. (Ристо Кирјазовски, Македонскн национални институции..., стр. 80-81.)

Борците на македонскиот баталјон "Гоче" во просторот помеѓу албанската граница и градот Лерин водеа повеќе борби со германските единици и нивните домашни соработници, кои се повлекува од Албанија кон Битола. Тие ги ликвидираа сите германски караули што беа поставени по должината на патот од Корча кон Лерин и од Костур кон Лерин.

## ВЕЛИЧЕНСТВЕН МИТИНГ

Некаде кон средината на септември 1944 година, по повод повлекувањето на германските војски од околината на Костурско, во градот Костур беше организиран величенствен митинг на кој учествуваа голем број лица од градот и околината. Претставниците на митингот ја манифестираа

својата желба на говорницата да се појави и Паскал Миревски. Тие извикуваа: “Сакаме да ни зборува и Паскал...!” Барањата на народот да им зборува и Паскал Митревски не престануваа и покрај објаснувањата на секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Костурско, Андонис Андонопулос-Периклис, дека по планот не бил предвиден да зборува и Паскал Митревски. Меѓутоа, по упорното барање на народот тој сепак се појави на говорницата. Во својот говор, меѓу другото, го рече и следното:

“... Македонскиот народ, борејќи се рамо до рамо со грчкиот народ, нема да дозволи повторно да се врати старото. Тој со својата самопрегорна борба го извојува правото за своја национална слобода и права, вклучувајќи го и правото на самоопределување прокламирано со Атлантската повелба.” (Паскал Митревски, Автобиогравски белешкн...)

Последните зборови на Паскал Митревски предизвикаа незадоволство кај раководителите на КПГ и ЕЛАС, присутни на митингот и истите изразија отворен напад против него. Соочен со ваквата опасност за својот живот, истиот ден тој го напушти градот Костур и се префрли во планинскиот терен на планината Вичо, каде што дејствуваше новоформираниот македонски баталјон “Гоче”. Од планината Вичо премина на територијата на вардарскиот дел на Македонија со цел да се сретне со другарите од раководството на ЦК на КПМ и на Главниот штаб на НОВ и ПОМ и со нив да разговара во врска со новонастанатата кризна ситуација во односите со грчкото раководство на отпорот и за намерата на КПГ да го ликвидира македонскиот партизански баталјон “Гоче”.

По неколку дена, Штабот на 28-от полк на ЕЛАС издаде потерница за повторно апсење на Паскал Митревски, или доколу тој ќе настојува на побегне, да биде веднаш ликвидиран. Меѓутоа, тоа не беше остварено, бидејќи Македонците успеаја да ги скријат и да ги зачуваат своите лидери. Тука треба да го истакнеме и тоа дека вакви репресивни мерки и други националистички испади кои беа извршени од страна на раководството на КПГ и ЕЛАС против македонските антифашисти и борци и понатаму продолжија, а нивната кулминациона точка беше постигната со донесување решение

на тоа раководство насилно да бидат разоружани двата македонски баталјони создадени во Воденско и во Костурско-Леринскиот реон, кои дејствуваа во составот на единиците на ЕЛАС, а во исто време и репресивните мерки против “непослушните” Македонци.

## ОТЦЕПУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ БАТАЛЈОН “ГОЧЕ” ОД СОСТАВОТ НА ЕЛАС

Како што и се очекувало успесите што ги постигна македонскиот баталјон “Гоче”, се чини дека многу му пречеле на грчкото раководство на КПГ и ЕЛАС. Поради тоа, а и поради други причини, (На 26 септември 1944 година во италијанскиот град Казерта беше потишан договор меѓу КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и грчката влада во бегство ва чело со Георгиос Папандреу и Британскиот штаб за Средниот Исток. Со овој договор беше постигната согласност, грчките герилски сили да влезат под команда на грчката влада во бегство. Меѓутоа, своето право грчката влада во бегство му го пренесе на англискиот генерал Скоби. Се разбира, и овој договор претставува уште една отстапка на грчкото раководство на отпорот во корист на грчката влада во бегство. Со потпишувањето на овој договор, дефинитивно беше запечатена судбината на НОБ во Грција. За ова поопширно види кај Стефанос Сарафис, ЕЛАС.) Штабот на 28-от полк на ЕЛАС испрати наредба до Штабот на македонскиот баталјон, со која бараше да се казнат сите оние македонски борци, кои порано (во првата декада на мај 1944 година, б.н.) “пребегнале” во Караорман, а пак тие што биле на раководни функции, веднаш да се сменат. Исто така, со истата наредба им се забрануваше на македонските борци да носат петокрака и црвена шамија околу вратот, да не се поздравуваат со стегната тупаница, да се избегнуваат командите на македонски јазик и да не се примаат нови борци во редовите на баталјонот “Гоче” без одобрение на раководството на КПГ и ЕЛАС. (Важно е да се одбележи дека и покрај огромното расположение на Македонците масовно да стапуваат во редовите на ЕЛАС и заеднички да се борат против окупаторот, раководството на КПГ тоа не им го дозволи, а на македонскиот баталјон “Гоче” му забрани да регрутира нови борци од редовите на Македонците. За ова види и: КПГ и македонското

национално прашање 1918-1974 година..., док. 101, стр. 243-244, заб. 176.)

Од изнесеното погоре, јасно се гледа дека грчкото раководство на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС упорно настојувало по секоја цена да го расформира баталјонот “Гоче”. За извршување на таа цел, во почетокот на октомври 1944 година КПГ и Штабот на ЕЛАС дадоа наредба да се спојат четите на баталјонот “Гоче” со другите единици на ЕЛАС и да се префрлат во внатрешноста на Грција, во околината на Сијатишта, наводно за да се зајакнат единиците на ЕЛАС на тоа подрачје. (Врз основа на решението на ЦК на КПГ, командата на IX-та дивизија на ЕЛАС нздаде наредба за префрлување на Леринско-костурскиот македонски баталјон “Гоче” во гратчето Сијатишта, Кожанско. Види: Писмо од Григориос Зонатас, командант на 28-от полк на ЕЛАС, до Илија Димовски-Гоче, во коешто му обрнува внимание за последиците од неизвршувањето на наредбата на IX-та дивнзија на ЕЛАС за дислокацијата на македонскиот баталјон од планината Вичо во Сијатишта. Истото, док. 105, стр. 248-249, заб. 186.)

За таа цел, Штабот на 28-от полк на ЕЛАС на 10 октомври истата година испрати посебен проглас до борците на баталјонот “Гоче” во кое неизвршувањето на наредбата за дислокација на борците во внатрешноста на Грција го оквалификува како предавство. Командата на 28-от полк на ЕЛАС им сугерираше на македонските борци да го напуштат баталјонот “Гоче” сосе оружје, во спротивно ќе бидат прогласени за дезертери и предавници на борбата. Во прогласот, меѓу другото, се вели:

“...Ги повикуваме сите борци од бившиот баталјон (се мисли на баталјонот “Гоче”, б.н.) да ја извршат следната наредба: Веднаш, сосе оружје да избегаат од местата каде што се наоѓаат и да се предадат на новиот полк кој се формира во селото Негован... Ова е последно предупредување. Секој оној што нема да се сообрази со наредбата ќе се прогласи за предавник на борбата... (Цитирано според: КПГ и македонското национално прашање 1918-1974 година..., док. 111, стр. 258.)

Се разбира, Штабот на баталјонот “Гоче” енергично ја отфрли оваа неоправдана наредба на 28-от полк на ЕЛАС како неприфатлива и даде на знаење дека доколку тоа пак ќе се повтори, тој си го задржува правото во иднина да не ги извршува наредбите на Штабот на 28-от полк на ЕЛАС и на другите повисоки команди на ЕЛАС.

Малку подоцна, односно кон средината на октомври 1944 година, грчкото раководство на КПГ и ЕЛАС (Леонидас Стрингос, Иоанис Иоанидис) испрати една делегација до раководството на КПМ и до Главниот штаб на НОВ и ПОМ со задача да разговара со македонското раководство од вардарскиот дел на Македонија за отстранување на кризата што настанала во меѓусебните односи и за други проблеми во однос на македонското национално прашање. Делегацијата ја сочинуваа: Ренос Михалеас, во својство на претставник на IX-та дивизија на ЕЛАС (при Главниот штаб на НОВ и ПОМ, Ренос Михалеас беше оден два пати. За првпат отиде во јуни 1944 година кога ги водеше разговорите за враќањето на македонските борци, кои пребегнале во Караорман по нивното отцепување од редовите на ЕЛАС, б.н.), Михајло Керамитчиев, во својство на член на ПЕЕА од Костурско и Ламбро Чолаков, во својство на партиски секретар на КПГ при единиците на ЕЛАС, кои дејствуваа на подрачето на планините Вичо и Грамос. (Ламбро Чолаков, НОБ на Македонците во Егејска Македонија. Сеќавања се чуваат кај авторот.)

По напорни трагања, делегацијата пристигна во селото Горно Врановци, Велешко (при седиштето на ЦК на КПМ и на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, б.н.) и истиот ден таа се состана со раководството на партизанските единици од вардарскиот дел на Македонија.

Во разговорите што ги водеа претставниците на грчкото раководство на отпорот со раководството на ЦК на КПМ и на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, покрај другото, тие побараа да им го вратат и Паскал Митревски за да му се суди со образложение дека тој “дезертирал” од редовите на грчкото движење на отпорот. Меѓутоа, раководителите на КПМ и на ГШ на НОВ и ПОМ, на грчките претставници им изнесоа ред

непобитни факти неправилниот и националистичкиот однос на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС по македонското национално прашање и така беа принудени да се вратат назад без да ја постигнат планираната цел. (Ламбро Чолаков, НОБ на Македонците во Егејска Македонија. Сеќавања се чуваат кај авторот.)

Како што рековме и погоре, поради одбивањето на наредбата на Штабот на 28-от полк на ЕЛАС од страна на баталјонот (Македонскиот баталјон "Ѓоче" не ја изврши наредбата на 28-от полк на ЕЛАС за дислокација. Борците на баталјонот ги напуштија своите позиции и пристапија кон регрутирање на нови борци врз доброволна база. КПГ и македонското национално прашање 1918-1974 година..., док. 108, стр. 254, заб. 191.) грчкото раководство на ЕЛАС почна да ги групира своите раштркани единици околу борците на македонскиот баталјон. Во оваа ситуација Штабот баталјонот "Гоче" презеде соодветни мерки за своето обезбедување. Ги зафати стратегиските височини на планината Бигла и без да ги прекине борбите со Германците, го очекуваше нападот и од страна на единиците на ЕЛАС. Тоа и се случи. По неколку дена борците на баталјонот: "Гоче" беа нападнати од единиците на 28-от полк на ЕЛАС. (И покрај тоа што Македонското биро на КПГ бараше од Групата дивизии на ЕЛАС во Македонија да и даде наредба на командата на IX-та дивизија на ЕЛАС (генерал Калабаликис) да не го напаѓа баталјонот "Гоче", сепак, Калабаликис издејствува согласност од Главниот штаб на ЕЛАС и го нападна македонскиот баталјон. Види: Истото, док. 124, стр. 282-283, заб. 240.) Но, сепак, Штабот на македонскиот баталјон се уште веруваше и се надеваше дека ќе се најде заеднички јазик да се разберат. Но, ништо од тоа.

Соочувајќи се со голема концентрација на силите на ЕЛАС и, за да се избегнат непотребните жртви од двете страни, штабот на македонскиот баталјон "Гоче" донесе решение да ги повлече своите борци од територијата на Грција. Тоа се случи на 12 октомври 1944 година. Борците на Баталјонот, преку Преспа преминаа во вардарскиот дел на Македонија и се лоцираа во околината на градот Битола. На 16 октомври се префрлија во селото Граешница, Битолско. Тука баталјонот се реорганизира, влегува во составот на македонските единици на НОВ и ПОЈ и

пожртвувано се бори против германските единици и нивните слуги, кои се повлекуваа од градот Лерин кон Битола и Прилеп.

Слична беше судбината и на Воденскиот македонски баталјон, кој дејствуваше во составот на 30-от полк на ЕЛАС на планината Кајмакчалан. (Се работи за паралелно повлекување и на Воденскиот македонски баталјон. За ова поопширно види кај Павле Раковски, Во длабоката ноќ зората се раѓа...,) Македонските борци од Воденскиот баталјон, согледувајќи ги тенденциите на раководството на КПГ и ЕЛАС, кое упорно настојуваше да го расформира и овој баталјон, зашто будел “сепаратизам и национализам” кај грчките и македонските борци, неговите борци на чело со Штабот на баталјонот, предводен од Павле Раковски, роден во село Долно Клештино, Леринско, се побунија и, за да се избегне секаков судир и крвопролевање со единиците на ЕЛАС преминаа во вардарскиот дел на Македонија. Тоа се случи во ноќта на 12 спроти 13 октомври 1944 година. (Писмо од Начо Ангелковски-Рочко, до Главниот штаб на Македонија од 6 октомври 1944 годнна. АЦК на КПМ, АЕ: 1565. Фотокопија од писмото, се чува кај Тодор Симовски, стручен советник при ИНИ.)

Подоцна, односно на 18 ноември 1944 година, во слободна Битола, од борците на двата македонски баталјони и од новопристигнатите македонски доброволци од егејскиот дел на Македонија беше формирана Првата ударна бригада на Македонците од Грција. Нејзиниот команден состав го сочинуваа: Илија Димовски-Гоче - командант, Наум Пејов - заменик на командантот, Михајло Керамитчиев - политички комесар, Вангел Ајановски-Оче, (Од Воден. Комунист и партиски активист од пред војната. Во 1942 година стана секретар на Македонската ослободителна организација МАО во Воден. Во ноември 1944 година стана заменик политички комесар на Првата ударна бригада на Македонците од Грција. Подоцна, односно кон крајот на пролетта 1945 година стана секретар на Окружниот одбор на НОФ за Воденско, а потоа член на Извршниот одбор на НОФ на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија) заменик на политичкиот комесар и Стив Георгиев Димов, како началник на Штабот на бригадата. На почетокот секретар на партиската организација на КПМ на

бригадата беше назначен Вангел Ајановски-Оче (којшто наскоро замина на нова должност), а потоа Васил Макриевски. Секретар на младината (СКОЈ) во бригадата беше назначен Минчо Фотев.

Командниот состав на Бригадата за време на нејзиното дејствување мораше да претрпи повеќе измени. Тоа го напагаше борбата. Така, на пример, поради заминување на нова должност на Михајло Керамитчиев, за политички комесар на Бригадата беше поставен Динко Делевски од Воден итн.

Отцепувањето на македонските борци од составот на ЕЛАС и нивното преминување во вардарскиот дел на Македонија согледано од историска светлина на тогашните развојни процеси претставуваше епилог и крајна консеквенца на една долго-годишна политика и практика. Оваа фаза на Народноослободителната борба на македонскиот народ ја карактеризираат две основни идејнополитички струења и противречности. Од една страна, во сфаќањата и сознанијата на македонските маси настануваа крупни промени кои извираа од длабокиот и силниот стремеж на македонскиот народ за национална слобода и права и поради тоа дефинитивно кај него се рушат старите илузии и стеги на великогрчката политика, од друга страна, теснкте гледишта и непринципиелната политика на раководството на КПГ и ЕАМ спрема Македонците неминовно создаваат широко незадоволство и недоверба на македонските маси кон таа политика. Тоа може да се види и од прогласот на Штабот на македонскиот баталјон “Гоче” од 15 октомври 1944 година кој беше испратен до македонскиот народ и до сите борци од егејскиот дел на Македонија. Во него меѓу другото, се вели:

“Не можеме да замолчиме и да не одговориме што се однесува до правата и задолженијата на нашиот потиснат народ, кој што толку години се бори против Хитлерофашистичките окупатори и не можеме да не го разобличиме како сосем лажлив и подол повикот на 28-от полк што го издаде против нас. Сите наши партизани знаат дека се борат за слободата наша. Сите знаат оти нашата борба беше заедничка со партизаните на ЕЛАС и оти ние никојпат досега не скршнавме од линијата на ЕАМ и

ЕЛАС и денеска пак сме готови да умреме заедно со чесниот грчки народ.

Категорички изјавуваме пред целиот свет:

1. Дека не сме разбојници како што вели 28-от пешадиски полк во неговиот повик од 10. X. 1944 година. За тоа ли 1500 македонски партизани го претставуваат населението во Костурско и Леринско. Ако сите вие партизани, чеда на Македонија, сте бандити, како што ве нарекува 28-от пешадиски полк, тогаш и целиот народ е разбојнички и бандитски.

2. Голема лага и измислица е дека ние подло го напуштивме нашиот положај. Ние презедовме мерки против намерите на ЕЛАС против нас. Сите знаете дека беше фатена и разоружана наша чета од грчките андарти на ЕЛАС. Знаете оти тргнаа воени единици на ЕЛАС од Костурско и Преспа за да не заобиколат и разоружат. Затоа ние презедовме мерки да го избегнеме братоубиството и да го осигуриме спокојството на сите наши браќа. Наредија да не префрлат во Стара Грција само и само за да го растурат македонското партизанско движење." (Цитиран Проглас од Штабот на македонскиот баталјон "Гоче" до македонскиот народ, во којшто се изнесуваат причините за отцепувањето на македонскицте борци од составот на ЕЛАС. Егејска Македонија во НОБ 1944-1945, Т.I..., док. 171, стр. 233-235.)

Од изнесеното погоре, јасно се гледа дека раководството на КПГ и ЕАМ, во решавањето на споменатите противречности поради националистичките сфаќања појде по патот на насилието дискриминацијата на Македонците од овој дел на Македонија што доведе до споменатиот расцеп на македонските баталјони и нивното преминување на територијата на вардарскиот дел на Македонија.

## ПАСКАЛ МИТРЕВСКИ - СЕКРЕТАР НА ПОЛИТИЧКАТА КОМИСИЈА НА МАКЕДОНИЈА ПОД ГРЦИЈА

Со преминот на македонските борци во вардарскиот дел на Македонија кон крајот на октомври 1944 година дојде до формирање на политичко тело кое врз себе ја преведе обврската да изработи програма и платформа за продолжување на борбата на македонскиот народ од овој дел на Македонија во новонастанатите околности против разбеснетата грчка реакција, која организирано и плански се нафрли против целокупното македонско население со крајна цел физички да го ликвидира или да го прогони надвор од границите на грчката држава. За исполнување на таа задача беше формирана Привремена политичка комисија на Македонија под Грција на чело со Паскал Митревски како нејзин секретар.

Значењето на ова политичко тело се состои во тоа што од негово име беше издаден и проглас (12. XI. 1944) до македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Во прогласот, кој беше напишан од Паскал Митревски, се изнесени причините за отцепувањето на македонските борци од составот на ЕЛАС. Во него меѓу другото се вели:

“... Со полна верба и надеж влеговме во борбата, верувајќи дека грчките другари од ЕЛАС нема да не остават пак да се слизнеме во старата ропска келија (се мисли за периодот на диктатурата на Јоанис Метаксас, б.н.) и три години водевме заедничка борба за истата цел - да го истераме окупаторот и да добиеме право на самоопределување согласно со Атлантската карта. Меѓутоа, по тригодишна борба, не само што не ни се даде правото да зборуваме и да се бориме за самоопределување, туку напротив, другарите борци од ЕЛАС сакаа да не нападнат и да не обезоружаат. Тие не прогласија за автономисти и фашисти и не ни дозволија да ви кажуваме дека и ние имаме право да самоопределување и покрај постигнатите наши успешни борби со непријателот, како што рече и генералот Темпо (Светозар Вукмановиќ, б.н.), претставникот на Маршал Тито, во својот говор да народниот митинг во Битола на 7 ноември 1944 година...” (Цитиран проглас на Политичката комисија на

Македонија под Грција. Егејска Македонија во НОБ 1941-1945, Т.I..., док. 189, стр. 268.)

Еден месец подоцна, споменатата Привремена политичка комисија го промени своето име во Политичка комисија на Македонија под Грција. Во новоформираната Политичка комисија на Македонија под Грција која беше создадена на конференцијата на бегалците од Егејска Македонија на 3 декември 1944 година во Битола во присуство на околу 200 делегати: од теренот на егејскиот дел на Македонија, од претставници на македонските баталјони од делот под Грција и од претставници од вардарскиот дел на Македонија, меѓу кои беше и истакнатиот македонски револуционер Димитар Влахов, беше избран одбор од 29 члена и потесно раководство во состав од 10 члена и тоа: Паскал Митревски (секретар), Ѓорѓи-Џоџо Урдов (заменик секретар), Наум Шупурковски, Тодор Николов (кој ја отвори и ја водеше седницата на Конференцијата), Ѓорѓи Турунџиев, Павле Раковски, Ѓорѓи Атанасов-Блаже, Лазо Поплазаров, Михајло Керамитчиев и Наум Пејов, како членови. Комисијата од своите редови избра и Секретаријат во состав од 5 члена, и тоа: Паскал Митревски, Ѓорѓи-Џоџо Урдов, Наум Шупурковски, Лазо Поплазаров и Тодор Николов. (Ристо Кирјазовски, Македонски национални институции..., стр. 40.)

Во изнесените реферати и дискусии на Конференцијата доминираа причините за отцепувањето на македонските баталјони од составот на единиците на ЕЛАС и положбата на Македонците од егејскиот дел на Македонија по прогонувањето на германските окупатори од земјата. И покрај тоа што раководството на КПГ и ЕЛАС водеше националистичка политика спрема Македонците, македонските борци ја манифестираа својата желба да се вратат во родниот крај со цел да ја продолжат борбата против грчката реакција и англиските интервенционисти.

Зборувајќи за трагичната положба на Македонците од егејскиот дел на; Македонија, Димитар Влахов во својот поздравен говор, меѓу другото, го рече и следното:

“... На нашиот народ и сега не му се признаваат најосновните национални и политички права Жестоко се гонат луѓето што се претставуваат како Македонци и коишто зборуваат на својот македонски јазик...” (Весн. “Нова Македонија”, орган на НОФ на Македонија, год. 1, бр. 11, од 9 декември 1944 година.)

На должноста секретар на Политичката комисија на Македонија под Грција, Паскал Митревски, работеше се до февруари 1945 година, кога по решение на ЦК на КПМ тој замина за Белград со цел да ја посетува тримесечната партиска политичка школа, која беше организирана од ЦК на КП ка Југославија. Него го замени Ѓорѓи Турунџиев од село Екши-Су, Леринско.

# Глава четврта

НОБ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ВО НОВИ УСЛОВИ

## ТЕРОРИСТИЧКИОТ РЕЖИМ ПРОТИВ МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ

Уште од првите денови по разоружувањето на единиците на ЕЛАС како резултат на договорот во Варкиза, (На 12 февруари 1945 година во месноста Варкиза, близу Атина, беше потпишан договор меѓу претставниците на грчката влада и претставниците на КПГ и ЕАМ за прекинување на граѓанската војна, којашто започна на 4 декември 1944 година во Атина со судирање на единиците на ЕЛАС, од една страна, и владината грчка војска, односно полицијата и англиските интервенционистички војски, од друга страна. Договорот во Варкиза значеше крај на вооружениот отпор на грчкиот народ поради тоа што ЕЛАС се обврза да ги демобилизира своите единици и да го предаде оружјето. Последиците од овој договор најмногу ги почувствуваа Македонците од егејскиот дел на Македонија против кои грчката десница и реакција спроведе нечуен терор со цел целосно да ги протера надвор од границите на грчката држава. Договорот во превод е објавен во едицијата: Егејска Македонија во НОБ 1944-1945, Т.I..., док. 200, стр. 298-301.) грчката реакција со помошта на англиските војски ја узурпира државната власт и на народот му наметна терористички режим. Грчката десница и влада со сите свои сили се нафрли против демократското движење во земјата, а пред се, против Македонците за нивно физичко истребување, но не само поради нивната национална посебност, туку и поради тоа што за време на Народноослободителната борба решително застанаа на страната на демократските сили во Грција против странските окупатори и се бореа за свои национални и социјални права. (За тоа сведочат многубројни документи од тоа време, објавени од Архивот на Македонија во неколку продолженија, во едицијата: “Егејска Македонија во НОБ 1941-1945 година”.) Како потврда на погоре изнесеното, Тодор Симовски на едно место од своите трудови го пишува следното:

“ЕЛАС-КПГ и ЕАМ обезоружени, се најдоа во инфериорна положба Речиси уште на другиот ден по предавањето на оружјето од ЕЛАС, започна еден организиран и дотогаш невиден терор во Грција. Теророт доби посебни димензии во делот на Македонија под Грција, каде што Македонците беа изложени на масовно малтретирање и физичко уништување. Всушност теророт против Македонците имаше за цел да се реализира замислата на британската влада и на грчката десница, а може и не само на грчката десница, за,физичко ликвидирање или присилно истерување на 120.000 Македонци од овој крај како што стоеше во предлогот на Липер” (Цитиран труд од Тодор Симовски, под наслов: Британската политика во Втората светска војна и македонското национално прашање со посебен осврт на Прилеп и Прилепско. Во кн. “Прилеп и Прилепско во НОВ 1944 - 15 мај 1945 година”. (Материјали од Научниот собир одржан на 14, 15 и 16 март 1983 година). Кн. I/1. Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ во Прилеп. Скопје, 1985, стр. 258.) (Липер сер Реџиналд, британски амбасадор во Атина, б.н.).

Како што се гледа од наведениот цитат, теророт против македонското население веднаш по споменатиот договор во Варкиза од ден на ден се повеќе се засилуваше. Малтретирањата, апсењата, прогонувањата, силувањата, пљачкањата, убиствата, палењата на куќи и цели села, беа секојдневна појава, а во некои случаи ја достигнаа кулминационата точка. Грчката полиција и жандармерија беше овластена од самата грчка влада да не избира средства и методи во потерата против македонските родољуби, а пред се, против комунистите и бившите македонски борци на ЕЛАС. Грчките обвинителства и истражните органи, врз основа на лажни сведоштва од провокаторски националистички елементи, ги обвинуваа Македонците дека тие биле бугарофили, предавници на грчкиот народ, обични криминалци итн. Исто така воените судови невино ги судеа Македонците на доживотен затвор во грчките злогласни затвори, на пустите острови итн.

Покрај секојдневните прогонства и убиства, кои ги вршеа грчките државни органи против македонското население,

грчките националистички организации ПАО (Сегрчка ослободителна организација), ВЕН (кралска грчка младина), Х-тес и други поранешни соработници на странскиот окупатор, организираа посебни вооружени банди, кои беа составени од криминалци, убијци и други фанатизирани злосторници со цел да вршат терор и пустош по македонските наслени места. Како пример може да ни послужи еден говор на грчкиот реакционер Коскинас што го одржа во селото Каваларис, Кукушко. Тој на своите сонародници им го “советувал” следното:

“Грци, демократи, монархисти и комунисти, обединете се пред големата опасност што ја загрозува нашата држава. Вперете ги градите пред славјанскиот комунизам, кој сака да ги уништи балканските држави. Бидете горди што сте Грци, ако сакате бидете и комунисти, но бидете Грци комунисти, а не да се наречувате браќа со Славјаните. Не одите кај Бугарите и Југословените, тие сакаат нас да не поробат, да го уништат грцизмот. Можете да се наречувате комунисти и ние нема да бидеме против вас, но да мислите пред се за Грција, за една голема Грција, а не како денешните наши комунисти и мал број Македонци кои живеат во грчка Македонија и кои сакаат да им ја предадат Грција на Тито и Георгиев (се мисли на Георги Димитров, бугарски политичар, еден од раководителите на меѓународното работничко движење, генерален секретар на БРП (к) и претседател на бугарската влада од 1946 година, б.н.). Тито протестира затоа што се апсат Славјани во Македонија, но тоа не е ништо, тие треба да ги наполнат дупките и да не остане никој од нив, бидејќи тие денеска ја наговорија Комунистичката партија да реагира на нашите национални претензии. Бидете сигурни дека сите оние кои мислат за голема Македонија ќе бидат исчистени. Жално е да се наречувате браќа со Славјаните, со Бугарите, кои не претставуваат ништо пред Грците...” (Види: Извештај од Главното раководство на НОФ за ситуацијата во Егејска Македонија. Егејска Македонија во НОБ 1945, Т.II. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1945 година. Превод и редакција: Ристо Кирјазовски и Тодор Симовски, Архив на Македонија, Скопје, 1973, док. 115, стр. 212.)

Грчката реакција слични митинзи организира во повеќе населени места во Егејска Македонија. Еден ваков митинг беше организиран и во градот Енице-Вардар, на кој меѓу другите говорици на трибината настапија гувернерот на Македонија и околискиот началник на Енице-Вардар. Говорниците завршуваа со паролите: "Да си одат Бугарите од Грција!", "Смрт на Тито!", "Софија- Москва", "Македонија е повеќе грчка земја и никој не може да ја одземе! ", "Во Македонија нема Македонци", "Во Македонија живеат само Грци" и други. (Види: Извештај од Главното раководство на НОФ за ситуацијата во Егејска Македонија. Егејска Македонија во НОБ 1945, Т.II. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1945 година. Превод и редакција: Ристо Кирјазовски и Тодор Симовски, Архив на Македонија, Скопје, 1973, док. 115, стр. 213.)

Грчки терористички банди има скоро во сите населени места во овој дел на Македонија. Главатари на тие банди беа познатите народни колачи и бивши соработници на германско-италијанските и бугарските окупатори. Вакви главатари во централниот и западниот дел на Егејска Македонија најпознати беа: Францискос Коларас-Цезос, Георгиос Митруцис-Гифас, Андреас Пападопулос, Теодорос Скотидас, Иорданис Спиропулос, Михаил-ага, Бафас, Лимнеос и други. (Види: Соодветнн документи од едицијата: "Егејска Македонија во НОБ 1945", Т.II...)

Не беше полесна положбата на Македонците и во источниот дел на Егејска Македонија (Серес, Драма Кавала). Тука крстосуваа, пљачкаа и убиваа бандите на Андон Чауш, Николаос Козарис, капетанот Панделис Кондакос, Анастас Ага, Кирјакос Христофоридис, Христос Димопулос, Прокопис, Иоаким и други.

Реакцијата во источниот дел на Македонија со посебен бес се нафрли особено против македонските села со цел да ги прогони селаните од родните места. Во серските села: Кула, Фраштани, Мертатово, Мелникич, Садек и Календра, македонското население постојано се жали од ужасите на грчките банди. Грчките реакционери им велат на Македонците дека се "Бугари,

и во најскоро време сите да се иселат во Бугарија, инаку ќе бидат исчистени до уво”. (Види: Соодветнн документи од едицијата: “Егејска Македонија во НОБ 1945”, Т.II... док. 149, стр. 289.)

Насилствата и оргиите на грчките терористички банди беа ужасни. Животот и честа на секој Македонец зависеше од волјата на секој грчки џелат и бандит. До смрт беа тепани мажите во своите куќи, на улица итн., а не беа поштедени ниту жените; ниту малолетните деца и старите луѓе. Жените и девојките дури пред очите на своите мажи и родители беа силувани. Грчките џелати и фанатизираните криминалци, обично ноќно време на спиење ги напаѓаа македонските села и ги пљачкаа куќите. Тие на самото место ги ликвидираа селаните без да остават трага. Често пати грчките џелати, на ликвидираните Македонци им ги сечеа главите, ги набиваа на кол и ги носеа по населените места за да го плашат народот.

За да се види во каква положба беа доведени Македонците од егејскиот дел на Македонија поради истребувачкиот терор на грчките националисти, ќе наведеме неколку податоци од резултатите на тој терор, кој беше спроведуван во периодот од 1945 до 1946 година. Имено, ликвидирани беа 400 лица; силувани жени и девојки: 440; затворени: 8.145; судени: 4.209; осудени: 3.215; интернирани: 13.529; полудени од мачење: 13; изгорени куќи: 1.291 ограбени села: 80; ограбени семејства: 1.605; иселени села, 45; иселени семејства: 1.943. (Ристо Кирјазовски, Македонски национални институции..., стр. 102. За истото поопширно види и: Еци архисе о енфилиос (Така почнала граѓанската војна). Атина 1987, стр.1-395.)

За да ги спасат своите животи Македонците беа принудени да ги напуштат своите огништа и да ги фатат планините или да се засолнат во соседните народни републики. Само во НР Македонија до крајот на 1946 година побегнаа над 20.000 Македонци. (Види: Меморандум од политичките бегалци од Егејска Македонија во Југославија од март 1947 година поднесен од Анкетната комисија на ООН. Егејска Македонија во НОБ 1947, Т. IV. Документи за учество на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во

Грција 1947 година. Превод и редакција: Ристо Кирјазовски и Тодор Симовски. Архив на Македонија, Скопје, 1980, док, 24, стр. 62.)

Со еден збор, македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија се постави пред алтернативата или да ги поднесува сите понижувања заклучно со неговото физичко уништување, или повторно да се бори со оружје в рака. Во ваквата неподнослива ситуација Македонците како и порано, така и сега го одбраа патот кој по традиција го следеле претходните македонски генерации со сопствени сили да ја бранат својата чест и слобода.

## ПОЈАВАТА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НОФ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

Како што и се очекуваше, македонските комунисти и бившите македонски борци на ЕЛАС, соочени со тешката и неподнослива положба на македонскиот народ што му ја наметна грчката десница со своите вооружени банди, беа принудени да покренат иницијатива односно да создадат една ваква македонска организација, која ќе застане на чело на борбата на македонскиот народ од овој дел на Македонија, која ќе се бори за свои национални и социјални права. За исполнување на таа цел, на 23 април 1945 година, односно уште пред капитулацијата на Германија, беше формирана македонската народноослободителна организација НОФ (Народен ослободителен фронт) на Македонците од егејскиот дел на Македонија. Во составот на НОФ истовремено беа формирани НОМС (Народноослободителен младински сојуз) и АФЖ (Антифашистички фронт на жените).

Раководството на организацијата НОФ како највисок нејзин раководен орган (Главен одбор) беше конституирано на 21 мај 1945 година. Нејзиното раководство го сочинува шест рамноправни членови, и тоа: Паскал Митеревски, како политички секретар, Павле Раковски, (Од село Долно Клештино, Леринско; по професија беше наставник. Во периодот на НОБ беше активист во резервниот ЕЛАС во Островска околија и Мегленско. Од јуни 1944 година беше член

и одговорен за политичко-моралното воспитание на борците во Воденскиот македонски баталјон на ЕЛАС на Кајмакчалан. Во првата половина на октомври 1944 година во знак на протест поради неправилниот став на КПГ по македонското национално прашање, тој се побунува и, во својство на предводник на Воденскиот македонски баталјон преминува во вардарскиот дел на Македонија. Во декември истата година станува член на Политичката комисија на Македонија под Грција. Во април 1945 година беше избран за член на потесното раководство (Главен одбор) на НОФ на Македонците од Егејска Македонија и одговорен по Агит-проп во НОФ. Во почетокот на октомври 1949 година заедно со други раководители на НОФ беше осуден од грчкото раководство на КПГ како југословенски агент во редовите на КПГ и ДАГ и беше затворен во сталинистичките логори на Сибир. Почива во Скопје во 1990 година.) Минчо Фотев, (Од Рупишта, Костурско. Член на КПГ беше од пред војната. За време на НОБ беше борец во Првиот партизански одред во Костурско, а подоцна помошник ва контраизвестителната служба во 28-от полк на ЕЛАС. Со формирањето на македонскиот баталјон "Гоче" беше избран за политичкн комесар на чета во истиот баталјон. Во ноември 1944 година стана секретар на СКОЈ во Првата ударна бригада на Македонците од Грција, а во април наредната година стана член на потесното раководство (Главен одбор) на НОФ на Македонците од Егејска Македонија. Во ноември 1946 година беше избран за член во Секретаријатот на Покраинскиот комитет на ЕПОН за Егејска Македонија и Тракија. На Вториот конгрес на НОФ за Егејска Македонија беше избран за член на Извршниот одбор на НОФ, а истовремено и претседател на Главниот одбор на НОМС за Егејска Македонија. Во октомври 1949 година, заедно со група македонски раководители на НОФ беше наклеветен од реководството на КПГ како "Титов агегт" во редовите на ДАГ и поради тоа беше уапсен, а потоа осуден и испратен во сибирските сталинистички логори. По нормализацијата на односите на КПЈ со КП на СССР беше ослободен од сталинистичките логори н целосно рехабилитиран. Почина во Скопје, во 1987 година.) Атанас Коровешов, (Од село Смрдеш, Костурско. Во 1943 година стана борец во одредот "Лазо Трповски". Во мај 1944 година, во знак на протест поради неправилниот став на КПГ и ЕАМ по

македонското национално прашање со група македонски борци од Костурско премина во вардарскиот дел на Македонија. Во јули истата година во својство на командант на баталјон во Првата македонска ударна бригада на Македонците од вардарскиот дел на Македонија ја продолжува борбата против окупаторот. Кон крајот на истиот месец се враќа во Костурско и веднаш се вклучува во редовите на НОБ во Грција, поточно во македонскиот баталјон "Гоче". Во октомври 1944 година, поради истите причини во судирот со раководството на КПГ и ЕЛАС, повторно преминува во вардарскиот дел на Македонија и во својство на командант на баталјон во Првата ударна бригада на Македонците од Грција ја продолжува борбата против окупаторот и домашните предавници. Во април 1945 година стана член на потесното раководство (Главен одбор) на НОФ на Македонците од егејскиот дел на Македонија. Загина херојски во борбата со грчките владини војски на 2 септември истата година во близината на селото Корнишор, Еницевардарско.) Ѓорѓи-Џоџо Урдов, Михајло Керамитчиев.

(Ѓорѓи-Џоџо Урдов беше од Воден. Во 1941 година стана активист на КПГ. Во 1942 година беше избран за организационен секретар на Окружниот комитет на КПГ за Воденско, а есента наредната година - за член на Пленумот на Покраинскиот комитет на КПГ за Егејска Македонија. Во јули 1944 година стана политички комесар на Воденскиот македонски баталјон на Кајмакчалан. Во ноември истата година беше избран за член на Политичката комисија на Македонија под Грција а во април 1945 година - за член на потесното раководство (Главен одбор) на НоФ за Егејска Македонија. Во ноември 1946 година беше избран за член на Штабот на ДАГ за Централна н Западна Егејска Македонија. Загина во јуни 1947 година.)

(Михајло Керамитчиев беше од селото Габреш, Костурско. Во револуционерното и комунистичкото движење се активира уште пред Втората светска војна поради што беше затворен и интерниран. Во почетокот на 1944 година стана командант на македонска партизанска (резервна) единица на СНОФ во Костурско, којашто дејствуваше во рамките на резервниот ЕЛАС. Истата година стана пратеник на ПЕЕА (Политички

комитет на националното ослободување). Меѓутоа, по судирот со КПГ, во октомври 1944 година преминува во вардарскиот дел на Македонија. Во ноември истата година стана политички комесар на Првата ударна бригада на Македонците од Грција, а малку подоцна во декември истата година стана член на Политичката комисија на Македонија под Грција. Во април 1945 година стана член на потесното раководство (Главен одбор) на НОФ на Македонците од Егејска Македонија. Подоцна стана секретар и претседател на оваа организација. Потполковник на ДАГ. Почина во Скопје, во 1981 година.)

## ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА НОФ

Организацијата НОФ си ги постави следните задачи:
1. Непомирлива борба на Македонците од егејскиот дел на Македонија за извојување на свои национални и социјални права;
2. Афирмација на македонскиот национален идентитет;
3. Актуелизирање на македонското национално прашање во политичкиот живот на Грција.
4. Организирање отпор против теророт и геноцидот што го наметнаа и плански го спроведуваа грчките реакционерни власти врз македонското население;
5. Јакнење на националното единство на македонскиот народ;
6. Разобличување на автономистичката активност на приврзаниците на Ванчо Михајлов и разбивање на нивната шпионска мрежа во овој дел на Македонија, кои-како агенти на англоамериканските диверзантски центри се бореа против националните права на македонскиот народ;
7. Разобличување на англоамериканските планови, кои имаа за цел егејскиот дел на Македонија да го претворат во база за шпионска и субверзивна дејност против НР Македонија и цела Југославија како и против сите други балкански народни републики;
8. Јакнење на братството и единството помеѓу македонскиот и грчкиот народ и заедно со сите прогресивни сили на Грција, Македонците да се борат против заедничкиот непријател;
9. Организирање на борбата на македонскиот народ за премостување на вештачкиот јаз помеѓу Македонците од сите делови на Македонија, особено со НР Македонија, која

претставува Пиемонт за целосно ослободување и обединување на македонскиот народ. (За програмата, односно за целите и задачите на НОФ види и: Уводна статија од Главното раководство на НОФ, објавена во органот на НОФ за Егејска Македонија "Билтен", бр. 9, од 15 март 1946 година. Егејска Македонија во НОБ 1946, Т. III. Документи за учеството на Македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1946 година. Превод и редакција: Ристо Кирјазовски и Тодор Симовски. Архнв на Македонија, Скопје, 1976, док. 80, стр. 189-192. Оваа програма на НОФ иако се однесува за 1946 година, но таа целосно се покрива со програмата од претходната година.)

На споменатиот конститутивен состанок на НОФ беше донесена и одлука во својство на секретар на младинската организација НОМС за Егејска Македонија да биде назначен Минчо Фотев, а по воени прашања да одговара Атанас Коровешов.

На истиот состанок, Паскал Митревски како секретар на Главниот одбор на НОФ зборуваше за историското значење и за историската улога на НОФ, за одговорноста на членовите на Главниот одбор на НОФ и за задачите што и претстојат на организацијата НОФ. Во продолжение тој зборуваше и за политичката ситуација во Грција, за теророт врз Македонците од страна на грчката реакција итн.

## ОДЗИВИ И РЕАГИРАЊА ПОРАДИ ФОРМИРАЊЕТО НА НОФ

Веста за создавањето на организацијата НОФ беше примена со голема радост и оптимизам од страна на Македонците од егејскиот дел на Македонија. Македонскиот народ во организацијата НОФ гледаше како на продолжувач на илинденските традиции, која ќе се бори за неговиот национален спас и опстанок.

Меѓутоа, сите грчки десничарски партии и организации со гнев и омраза ја примија веста за формирањето на македонската организација НОФ. Грчката реакција, организацијата НОФ ја

оквалификува како предавничка, автономистичка и крајно "опасна" за националните интереси на Грција. Целокупниот грчки реакционерен печат (Главни грчки националистички весници беа: "Елиники фони" (Грчки глас), орган на монархистите во Лерин, "Еliникос Ворас" (Грчкиот Север), реакционерен весник во Солун, "Неа алитија" (Нова вистина), реакционерен весник во Атина, "Фос" (Светлост), реакционерен весник во Атина, "Македонија", Солунски весник н други.) покрена остра антимакедонска кампања. Исто така и грчката влада, со помошта на своите националистички организации, како и порано, така и сега, поради создавањето на НОФ уште повеќе ги засили и ги зајакна своите терористички акции против македонското население. Грчките власти и сите грчки националистички организации, организираа секојдневно систематско следење и откривање на основните организации на НОФ. Секој провален и уапсен член или активист на организацијата НОФ беше свирепо малтретиран и најстрого казнуван на долги години затвор од воените грчки судови. Грчката полиција беше овластена на секое место каде што ќе ги најде организаторите и членовите на НОФ, без никакво судење да ги ликвидира. Таков беше случајот со Атанас Коровешов од село Смрдеш, Костурско, член на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија и на неговите другари: Коста Џинов-Бабјанчето од село Бабјани, Ениџевардарско и Атанас Лувчев од село Баровица, Гуменџиско. Тројцата организатори на НОФ на овој терен беа ликвидирани на 2 септември 1945 година во нерамната борба со непријателот во близината на селото Корнишор, Ениџевардарско; (За револуционерната дејност на Атанас Коровешов и неговата трагична смрт, поопширно види и; Т. Атанасов, Првото крварење на НОФ. Глас на Егејците, Скопје, 1951, септември 4, II, 14, стр. 4. Ташко Мамуровски, Револуционерната дејност на Атанас Коровешов (1918-1945). Спис. Историја, Скопје, 1985, XXI, 2, стр. 221-231, Програма за споменично одбележување на настаните и ликовите од револуционерното минато на македонскиот народ во Скопје. Скопје, 1973, дел III, (бисти), стр. 10. Ракопис се чува во ИНИ и Христо Андоновски, Збогум Насо и Коста. Иселенички календар, Скопје, 1969, стр. 160.) Глигор Ќосев од градот Рупишта; Алеко Василев од Гуменџе, кој беше ликвидиран на 17 септември 1945 година заедно со своите другари активисти

на НОФ од Гуменџиска околија: Пено Карамуткин од село Крива, Ѓорги Јудоб, Ѓорги Ш. Крлев, Трајо П. Ајтов, Ѓорги Т. Шашев, Ичо Г. Тртев, Христо Гатев (сите од село Баровица, Гуменџиско) и Мино Парлапанов од село В’лгаци, Гуменџиско. (За трагичната смрт на деветте активисти на НОФ од Гуменџиска околија, поопширно види и: А. (Андоновски), Х. (Христо), Пет години од смртта на Деветте-мина на Пајак. Глас на Егејците Скопје, 1950, октомври 1,I,2. Истото: Ташко Мамуровски, Трагедијата на деветте антифашисти на Пајак Планина. Спис. Историја, Скопје, 1979, XV, 2, стр.131-136.)

Иако малку подоцна за историјата незаборавен ќе остане трагичниот случај со апсењето, мачењето, судењето (од грчки воен суд) и стрелањето на хероината на македонскиот народ Мирка Гинова од село Русилово, Воденско, секретар на Окружниот одбор на АФЖ за Воденско, заедно со своите другари: Томе Михајлов од село Гугово, активист на НОФ за Воденско; Петре Попдимитров-Дирекот од Воден, реонски активист на НОФ; Димитар Лимбов од село Владово, реонски активист на НОФ; Ѓорги Пројов од Воден, реонски активист на НОФ; Ристо Стојанов од село Месимер, реонски активист на НОФ и Гркот Георгиос Мустакидис-Алеко од село Карасинанци, Гуменџиско, раководител на КПГ за Воденско. Мирка Гинова беше прва жена во Грција стрелана од воен суд поради. “политичка вина”. Смртта ја пречека на 26 јули 1946 година во еницевардарските гробишта со химната на Интернационалата. (За революционерната дејност на Мирка Гинова и нејзините другари, поопширно види и: Христо Андоновски, Ирина Гинова-Мирка. Глас на Егејците, Скопје, 1952, јули 2, III, 24. Од истиот автор: Мирка Гинова. Нова Македонија, Скопје, 1971, јули 26-30; Учителката од Русилово, Нова Македонија, Скопје, 1967, март 7; Вангел Ајановски-Оче, Егејска Јованка Орлеанка. Сеќавања. Нова Македонија, Скопје, 1970, август 5-9; Ташко Мамуровски; Мирка Гинова (1916-1946). Во книга на истиот автор: Светли ликови од Егејска Македонија (1945-1949), Скопје, 1987, стр. 27-42 и “Сеќавања” на Тодор Симовски за дејноста на Мирка Гинова. Се чуваат кај авторот).

Една година подоцна, на плоштадот во селото Екши-Су, Леринско беа ѕверски мачени, а потоа живи изгорени членките на НОФ-АФЖ од тоа село сестрите Веса и Ники Стрежови заедно со нивната соселанка Матка Попова. Грчките џелати ги converted гореа со нагорено железо додека не умреа од причинетите рани. Посебно ѕверство тие покажаа спрема Матка Попова, која ја мачеа пред очите на најзините четири малолетни дечиња и пред очите на нејзиниот маж.

Во истата година грчките ѕверови со ножови ја избодија Сијка Стрежова пред очите на нејзиниот десетгодишен син, сестра на ѕверски убиените Веса и Ники. По долгите мачења, џелатот Бабурис ја закла во соровичкиот затвор. Вакви грозни случаи имаше многу.

Покрај масовните апсења, крвавиот терор, грабежите итн.; грчките реакционерни организации и власти организираа разни националистички демонстрации по македонските села и градови со паролите: “Смрт на бугаро-комунистите!”, “Бугарите да бегаат од нашата земја!” и други. Демонстрациите беа проследени со грчки националистички песни. Демонстрантите отворено се заканува дека ако “Бугарите” не сн одат од Грција, сите до еден ќе бидат лнквидирани.

Една група грчки пратеници му предложи на грчкиот парламент да донесе специјален закон, со кој спрема “Бугарите” во Егејска Македонија да се постапи како што се постапило со “Судетите” (“Судети” - германско малцинство во Чехословакија, коешто пред Втората светска војна претставуваше истурена петта колона на германскиот национализам и шовинизам, а во текот на војната изврши безброј злосторства врз чехословачкиот народ. По војната чехословачката влада ги протера во Германија.) во Чехословакија. Грчките десничарски весници: “Елиникос Ворас”, “Неа алитија”, “Македонија” и други, отворено бараа од грчките власти да си одат “Судетите” од Македонија. (Види: Извештај од Главното раководство на НОФ од 7 август 1945 година за положбата на Македонците во Егејска Македонија, објавена во органот на НОФ, “Билтен” бр. 9, од 15 март 1946 година. Егејска Македонија во НОБ 1946, Т. III..., док. 80, стр. 188-190 и статија објавена во солунскиот

партиски весник “Лаики фонн” (Народен глас), од 3 јули 1946 година, под наслов: Вистински и лажни Судети. Тука е користено според: КПГ и македонското национално прашање (1918-1974)..., док. 162, стр. 386-390 и според статијата под наслов: И повторно Судетите. Истото: док. 165, стр. 392-395.)

Формирањето на организацијата НОФ мошне ги вознемири и англоамериканските дипломатски претставници во Грција. Под паролата “Автономна Македонија”, тие настојуваа да го вовлечат македонскиот народ во автономистичкото движење под раководство на Ванчо Михајлов за да ги реализираат своите завојувачки планови. За исполнување на таа цел, англоамериканските дипломатски претставништва настојуваа и на тлото на Егејска Македонија да создадат шпионски и диверзантски центри, коишто ќе бидат насочени не само против народноослободителното движење на Македонците од егејскиот дел на Македонија, туку и против Македонците од НР Македонија. (Види: Статија на Леонидас Стрингос, секретар на Обласното биро на КПГ за Македонија и Тракија, под наслов: “Борбата за демократија и проблемот на Словеномакедонците”, објавена во весникот “Протопорос” бр. 1 од 7 февруари 1946 годнна. Тука е користено според: КПГ и македонското национално прашање 1918-1974 годнна..., док. 170, стр. 401-402.) И поради тоа, освен во Солун, тие отворија свое конзулно претставништво и во градот Лерин, со кое раководеше Англичанецот, познат под името Хилс. (Истото, док. 169, стр. 401 и док. 176, стр. 412. За ова види и: Меморандум од Окружниот комитет на ЕАМ за Воденско до Анкетната комисија на ООН од март 1947 година, за теророт на грчката десница во Воденско, Егејска Македонија во НОБ 1947, Т.IV..., док. 25, стр. 97 и Реферат на секретарот на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија Михајло Керамитчиев од 20 мај 1947 година, поднесен на Сенофитскиот актив на НОФ на планината Кајмакчалан. Истото, док. 30, стр. 157. Од истата едиција, спореди го и документот бр. 49 на страницата 214.)

## ОДНОСОТ НА КПГ СПРЕМА НОФ

На ова место потребно е да се каже дека и раководствата на КПГ и ЕАМ негодуваа поради основањето на организацијата

НОФ. Тие уште пред да ги сознаат вистинските цели и задачи на НОФ, почнаа грубо да го напаѓаат неговото раководство како авантуристичко, како агентура на Ванчо Михајлов и како расцепувач на грчкото и македонското демократско движење. Некои околиски раководства на КПГ и ЕАМ отидоа толку далеку што без двоумење ја повикуваа грчката влада, со својата војска и жандармерија да ги ликвидира членовите и активистите на НОФ. Така постапи и Околискиот комитет на КПГ за Костурско. Раководството на КПГ за Костурско во јуни 1945 година јавно растури летоци и повици, со кои ја повикува грчката влада и полиција со оружје да ги прогонува и да ги ликвидира “НОФ-итите на бугарските автономисти”. (Егејска Македонија во НОБ 1945, Т.II..., док. 52, стр. 98-99.) А секретарот на Оружниот комитет на КПГ за Леринско, Стратос Кентрос, во селото Котори на еден состанок на селскиот партиски комитет на КПГ, во присуство на началникот на полицијата, меѓу другото, го рече и следното:

“Тие (се мисли за членовите на НОФ, б.н.) се контрачетници и автономисти и затоа треба да ги гониме и да ги наговориме селаните да не им даваат леб и никаква помош....” (Види: Извештај од Паскал Митревски од 14 ноември 1945 година, за политичката ситуација во Леринско. Истото, док. 187, стр. 355.)

Исто така и Окружниот комитет на КПГ за Воденско во својот проглас од 28 јуни 1945 година што го испрати до членовите на КПГ и до народот во округот, ја осуди организацијата НОФ како расцепувачка, контрачетничка и автономистичка. Во прогласот, меѓу другото, се вели:

“Во денешните мирољубиви борби..., се создаваат пречки од некои сомнителни елементи. Се појавуваат со оружје и се обидуваат со празни ветувања да ги вовлечат Славомакедонците во мрежите на нивните неостварливи планови. Тие сомнителни и анархистички елементи, всушност, се продолжувачи на улогата и делото на комитите...” (Цитирано според истата едиција..., док. 48, стр. 94-95.)

Што се однесува за негаторскиот однос на раководството на КПГ и ЕАМ поради формирањето на организацијата НОФ,

Паскал Митревски во својство на раководител на НОФ, во еден свој извештај од септември 1945 година, меѓу другото, го пишува и следното:

"Костурскиот окружен комитет на Партијата издава позиви со кои го поканува народот да побара од владата на Вулгарис (Петрос Вулгарис, грчки адмирал и водач на грчката Ројалистичка партија, б.н.) да ги уапси "охранџиите" и "бандитите", т.е. најарните другари, кои ја водат борбата за леб, за слобода, рамноправност, демократија, братство и единство. Истите луѓе на партијата откако со нивната пропаганда и со разни пароли што ги фрлаат - дури и во нашите редови - успеаја да вовлечат со нив и другари од војската и ги натераа да дезертираат и да го предадат нивното оружје на Англичаните... Кадровите на Партијата, шетајќи по селата ни го заплашуваат народот и велат: "Тешко вам ако им давате леб и покрив; ако куртулите од бурандарите (припадници на грчката национална војска, формирана по Варкиза. Поради познатите вандализми што ги вршеа врз демократското население, народот ги нарече со тоа име што потсетуваше на познатнте квислиншки единици формирани и раководени од грчкиот полковник Бурандас во времето на окупацијата, б.н.), не ќе се спасите од нас." Исто така одат во некои наши и грчки села и викаат: "Тие (се мисли за членовите на организацијата НОФ, б.н.) се охранџии, фашисти и бандити; каде и да ги видите да се појават, веднаш треба да јавите на полициските и на државните власти и да им поможите за да ги фатат." Гореспоменатиот позив го прочитаа бурандарите на еден собир што го организираа и потоа започна еден жесток терор..." (Види: Извештај од Паскал Митревски од септември 1945 година, за ставот на КПГ спрема Македонците и организацијата НОФ. Истото, док. 153, стр. 298-300.)

Во истиот извештај, како продолжение, Паскал Митревски пишува:

"...Кадрите на КПГ од градот Лерин не напаѓаат, бидејќи зедовме став да ја саботираме мобилизацијата на Вулгарис и да не ги оставиме Македонците и Грците да служат во неговата војска. И по ова прашање пак наоѓаат причини, за да не

напаѓаат н да не пцујат, кажувајќи дека сме биле охранции, фашисти итн...”

“Во кајларските пак села Ипсилантис, бивш капетан на ЕЛАС и сега организатор на КПГ, шета низ македонските села и ги заплашува селаните дека ќе ги заколел ако се организирале (влегувале) во НОФ...”

“Во Енице-Вардар и во Гуменџе капетан Статис, бивши политички комесар на ЕЛАС, оди по селата и вика: “Удрите ги тие кодоши, кои се продадени на Интелиџенс сервис, и кои порано беа продадени на “Охраната” (воена контрачетничка автономистичка формација со седиште во градот Воден, во служба на окупаторот, б.н.). Истата тактика ја води Партијата и во Серес-Драма, кажувајќи: “Подобро ќе биде вие Македонците да одите во Бугарија, затоа што се изложивте многу со бугарската окупација”. Во сите македонски околии партиското раководство на сите состаноци и партиски конференции кажува, дека Егејска Македонија е неразделен дел на Грција и дека секоја друга идеја треба да се удре...” (Види: Извештај од Паскал Митревски од септември 1945 година, за ставот на КПГ спрема Македонците и организацијата НОФ. Истото, док. 153, стр. 298-300.)

За ваквиот клеветнички однос на раководството на КПГ и ЕАМ спрема македонската организација НОФ во егејскиот дел на Македонија, во еден друг свој извештај од 14 ноември 1945 година Паскал Митревски, меѓу другото, го пишува и следното:

“...КПГ ја продолжува истата тактика на отворена политика, која достига до провокација. Некои кадри и членови на КПГ манифестираат расположение и преземаат акции при полна соработка со властите за предавање на нашите политички кадри и како контрачетници и автономисти, како на пример во селото Борешница (Леринско б.н.)...” (Види: Извештај од Паскал Митревски од септември 1945 година, за ставот на КПГ спрема Македонците и организацијата НОФ. Истото, док. 187, стр. 355.)

Вакви оценки на Паскал Митревски во врска со големогрчкиот став на раководството на КПГ и ЕАМ спрема НОФ и македонското национално прашање има многу.

Од изнесените извештаи на Паскал Митревски и други слични документи јасно се гледа дека поради ваквиот националистички став на КПГ во однос на македонското национално прашање илузорно беше да може да се постигне било каква соработка и единство меѓу двете страни. Но и покрај ваквите тешкотии што ги минуваше организацијата НОФ, малку подоцна сепак ќе дојде до разбирање помеѓу двете страни и тие ќе се спогодат да постигнат меѓусебно единство, но во сосема други услови. За ова ќе се осврниме во понатамошното наше излагање.

Кратко речено, непријателскиот однос на КПГ и ЕАМ спрема организацијата на НОФ произлегуваше од фактот што оваа организација во егејскиот дел на Македонија претставуваше нова, моќна политичка сила и јасно го постави македонското национално прашање како актуелно општественополитичко прашање во Грција. Раководителите на КПГ и ЕАМ не ја признаваа организацијата НОФ зашто со тоа фактички ќе значеше изменување на нивниот националистички големогрчки став во однос на македонското национално прашање, а истовремено тоа ќе значеше и обврска да се заложи грчката држава и општество да го признае постоењето на македонската нација и да им овозможи на Македонците слободен национален опстанок и развиток.

## ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НОФ

Како што рековме погоре, на конститутивниот состанок на НОФ покрај другото се расправаше и за организационите, односно кадровските прашања на организацијата НОФ. Раководството на НОФ на чело со Паскал Митревски донесе решение да формира пет окружни одбори на НОФ на теренот на Егејска Македонија и тоа: Костурски, Лерински, Воденски, Еницевардарско-гуменџиски и Источен округ (Серско и Драмско). (За организационата структура на НОФ во Егејска Македонија, поопширно види: Егејска Македонија во НОБ

1946, Т.III..., док. 9, стр. 23-24. Истото, Ристо Кирјазовски, Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949). Култура, Скопје, 1985, стр. 116-130.) Исто така беше утврдена и организационата структура на околиските, реонските и градските раководни тела на НОФ, НОМС и АФЖ. За секретар на Окружниот одбор на НОФ за Костурско беше одреден Ламбро Чолаков од село Смрдеш, Костурско; за Леринскиот округ - Ристо Јанковски; (За организационата структура на НОФ во Егејска Македонија, поопширно види: Егејска Македонија во НОБ 1946, Т.III..., док. 9, стр. 23-24. Истото, Ристо Кирјазовски, Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949). Култура, Скопје, 1985, стр. 116-130.) за Воденскиот округ Ванѓел Ајановски-Оче од Воден; за Еницевардарскогуменџискиот округ беше одреден Иван Ничев од градот Гуменџа. (За организационата структура на НОФ во Егејска Македонија, поопширно види: Егејска Македонија во НОБ 1946, Т.III..., док. 9, стр. 23-24. Истото, Ристо Кирјазовски, Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949). Култура, Скопје, 1985, стр. 116-130.) За источниот дел на Егејска Македонија (Серско и Драмско) не се одреди кој ќе ја врши функцијата секретар на НОФ на тоа подрачје поради тешките услови за работа. Меѓутоа, се донесе решение, до создавањето на соодветни услови за работа на тоа подрачје, во вид на инструктор од страна на Главниот одбор на НОФ да биде испратен Михали Апостолов-Гранити од село Крчишта, Костурско. (Беше учесник во ЕЛАС и во Првата ударна бригада на Македонците од Грција. Во ноември 1946 година стана член на партизанскиот Штаб на ДАГ за Вичо. Загина како комесар на баталјон на ДАГ кон крајот на март 1948 година.)

Се разбира, поради разните апсења и ликвидирања на кадрите на НОФ од страна на грчката реакција, со текот на времето следеа организациони промени во окружните, околиските, селските и другите раководства на НОФ. (Ристо Кирјазовски, Народноослободителниот фронт и другите органазации..., стр. 120.)

На споменатиот конститутивен состанок на Главниот одбор на НОФ беше донесено решение да се формира и Агитационопропагандно одделение на НОФ, кое ќе издава и Билтен, како главен орган на НОФ за Егејска Македонија. За извршување на таа задача беше одреден Паскал Митревски. (Паскал Митревски, Автобиографскн белешки од борбата...)

Поради суровиот терор против македонското население од страна на грчките реакционери, на состанокот на раководството на НОФ се донесе решение да се организира на теренот на Егејска Македонија и народна самоодбрана со свои вооружени групи. Народната самоодбрана би дејствувала на таков начин, што при наидување на грчки разбојнички банди, македонското население масовно да им се спротивставува, недозволувајќи да им влегуваат по куќите, додека вооружените групи на НОФ да дејствуваат дефанзивно, односно да даваат жилав отпор против државните разбојнички банди, кога тие ќе се појавуваат по македонските села. Со еден збор, целта на вооружените групи на НОФ им беше да го помагаат народот за да го зачува својот живот, честа и имотот. Исто така на состанокот беше решено, со дејноста на овие групи директно да раководат околиските, односно реонските секретари на НОФ од соодветното подрачје.

Како што споменавме погоре, поради теророт против македонското население, илјадници Македонци, жени, старци и малолететници беа принудени да ја напуштат својата земја и да се засолнуваат во НР Македонија. Бројот на македонските бегалцн секојдневно растеше. Поради тоа раководството на Главниот одбор на НОФ на истиот состанок донесе решение да се обрати до владата на НР Македонија, таа да му дозволи да формира посебен одбор, кој практично и ефикасно ќе ги извршува сите работи поврзани со прифаќањето и згрижувањето на македонските бегалци од егејскиот дел на Македонија. За извршување на тие задачи беше формиран и посебен Одбор на бегалците со седиште во Скопје. Претседател на Одборот беше Ѓорги Бончев од Драмско, а секретар беше Паскал Митревски. (Паскал Митревски, Автобиографски белешки од борбата...)

По одржувањето на конститутивниот состанок на раководството на Главниот одбор на НОФ, неговите членови веднаш заминаа на теренот во егејскиот дел на Македонија и најенергично пристапија кон реализирање на задачите и обврските, кои беа прифатени на состанокот на Главниот одбор на НОФ. Паскал Митревски замина за Леринско. Минчо Фотев заедно со Ѓорги-Џоцо Урдов замина за Костурско. (Минчо Фотев, Развојниот пат на организацијата НОФ и НОБ на Македонците од Егејска Македонија. Сеќавања, се чуваат во приватната архива на семејството на авторот. Истото, Ристо Кирјазовски, Народноослободителниот фронт и другите организации..., стр. 117.) Павле Раковски замина за Воденскиот округ, Атанас Коровешов – за Еницевардарско-гуменџискиот округ, додека Михајло Керамитчиев замина за источниот дел на Егејска Македонија, односно за Серско и Драмско. (Минчо Фотев, Развојниот пат на организацијата НОФ и НОБ на Македонците од Егејска Македонија. Сеќавања, се чуваат во приватната архива на семејството на авторот. Истото, Ристо Кирјазовски, Народноослободителниот фронт и другите организации..., стр. 117.)

Следствено, до средината на јуни 1945 година во егејскиот дел на Македонија беа формирани четири окружни одбори на НОФ и тоа: Костурски, Лерински, Воденски и Еницевардарско-гуменџиски, а до крајот на август истата година беа формирани одбори на НОФ во градовите: Енице-Вардар, Воден, Лерин и Рупишта. Во истиот период беа формирани и осум околиски и неколку реонски одбори на НОФ. Секој одбор на НОФ се состоеше од пет члена. До крајот на октомври 1945 година, скоро целиот терен на Егејска Македонија беше покриен со организациите на НОФ, НОМС и АФЖ. Единствено заостануваше источниот дел на Егејска Македонија (Серско и Драмско). Како што рековме порано, поради тешките услови за дејствување, организацијата НОФ немаше доволно соодветни кадри од тој терен за да можат лесно да се пробијат во населените места на тоа подрачје.

Меѓутоа, самиот факт што за толку кратко време организацијата НОФ успеа да се прошири и организационо да ги зацврсти своите позиции во широките македонски народни

маси, само по себе доволно зборува, со колкав ентузијазам и со колкава борбена готовност македонскиот народ од овој дел на Македонија ја прифати оваа своја националноослободителна организација, И, навистина, Македонците од Егејска Македонија во организацијата НОФ го најдоа новиот продолжувач на борбата за нивниот национален опстанок и слободен живот. Организацијата НОФ спроведуваше доследна национална и ослободителна борба, ги изразуваше слободарските стремежи на целиот македонски народ. Таа беше главен организатор и раководител на масовните штрајкови, демонстрациите, протестите и митинзите на народот во Воден, Лерин Рупишта и во другите македонски градови.

За брзиот и интензивниот развој на организацијата НОФ мошне позитивно повлијаел и победоносниот исход да НОВ и Револуцијата на сите народи и народности на Југославија, каде што како плод на таа заедничка борба беше и создавањето на Македонската народна република во рамките на НФР Југославија, која го инспирираше ослободителното движење на Македонците од егејскиот дел на Македонија. Братскиот однос, моралнополитичката и материјалната помош што им ја даваа Македонците од слободниот дел на Македонија, ги охрабруваше и ги поттикнуваше кон нови револуционерни подвизи и им влеваше оптимизам во нивната праведна борба.

# Глава петта

ОДНОСОТ НА КПГ СПРЕМА НОФ ВО УСЛОВИТЕ НА ТАКАНАРЕЧЕНОТО “ЕДИНСТВО”

## ПРИЧИНИТЕ ЗА ЛОШИТЕ ОДНОСИ НА НОФ СО КПГ И ЕАМ

Од сето погоре изнесеното се гледа дека главната причина за лошите односи помеѓу НОФ од една страна и КПГ и ЕАМ од друга страна, беше таа што раководството на КПГ и ЕАМ го игнорираше и не го признаваше македонското национално прашање такво какво што фактички постоеше. Според раководителите на КПГ и ЕАМ, Македонците во егејскиот дел на Македонија биле малобројна етничка група како што биле Власите, Ромите, Евреите и Арменците, коишто живеат во Грција. Како на сите нив, така и на Македонците раководителите на КПГ и ЕАМ им ги признавале граѓанските права и рамноправноста.

Меѓутоа, мерките на НОФ за самоодбрана, кои имаа општонароден карактер, раководството на КПГ и ЕАМ ги оквалификува како “тероризам” и поради тоа најостро ги осуди, бидејќи според неговото објаснување, ваквиот вид на борба ги иритирал грчките реакционери и предизвикувал анархија во земјата. (За ова, поопширно види: Проглас од партиската организација на КПГ во Бер од 18 февруари 1946 година, со кој македонската организација НОФ се прогласува за автономистичка и дека во редовите на НОФ се наоѓале како раководители “авантуристички и сомнителни елементи”. Егејска Македонија во НОБ 1946, Т. III..., док. 50, стр. 119.)

Активноста за самоодбрана на Македонците, која беше иницирана од страна на организацијата НОФ, не беше предизвик за репресалиите на грчките шовинисти и националисти, туку организиран отпор против мачителите на македонскиот народ. Во времето кога грчките националистички банди во Грција систематски го истребуваа македонскиот народ, Македонците не смееја да останат со скрстени раце пред

злогласните грчки злосторници. Тие мораа да ја кренат својата рака и да му се спротивставаат на злото.

Но, тоа што најмногу ги иритираше и ги вознемируваше раководствата на КПГ покрај другото беше и фактот што околу 80% македонски комунисти ги напуштија редовите на КПГ и се зачленија во македонските организации НОФ, НОМС и АФЖ. Се претпоставува дека само од логорот на бегалците што се наоѓал во Булкес (Војводина), во март 1946 година, стотици македонски комунисти и други родољуби ги напуштиле редовите на КПГ и преминале во редовиге на НОФ.

Раководејќи се од стремежите и желбите на македонскиот народ, македонската организација НОФ пред раководството на КПГ постојано го бранеше својот став дека: “Како резултат на победата на Револуцијата Македонците ќе ги остварат своите национални права, а за постигнување на тоа, покрај организациите НОФ, НОМС и АФЖ, тие треба да организираат и своја македонска војска и други национални организации”. (Ристо Кирјазовски, Народноослободителниот фронт и другите организации..., стр. 149-150.)

Анализирајќи го неправилниот став на раководството на КПГ во однос на македонската организација НОФ, Д-р Ристо Кирјазовски, научен советник при ИНИ во една своја публикација, во врска со тоа на едно место го пишува и следното:

“...Ставот на НоФ по (македонското) национално прашање, како и самото постоење на НОФ и другите македонски организации н воени единици, беше пречка да постигне компромис во неговото илузорно настојување со десницата за мирољубиво решение на грчкото прашање и една од главните причини што раководството на КПГ не само што не ја признаваше организацијата НОФ како народно-демократска, туку уште од почетокот на нејзиното основање почна клеветничка кампања против неа, оквалифкувајќи ја како автономистичка, сепаратистичка итн...” (Ристо Кирјазовски, Народноослободителниот фронт и другите организации..., стр.

149-150.) Како продолжение за истата проблематика на едно друго место во своите трудови тој го пишува и следното:

“...Се додека КПГ сметаше дека ќе успее да и наметне на десницата мирољубиво и демократско решение на грчкото прашање, се до тогаш ја напаѓаше организацијата НОФ, бидејќи и пречеше во таквата политика и тактика. Откога се увери дека таквите очекувања се илузорни, поради непопустливоста на десницата и се определи за вооружена форма на борбата, почна да го менува својот став и однос спрема НОФ, односно да ја признава како демократска и антифашистичка организација. Тоа прв го стори генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис на Пленумот на КПГ за Македонија и Тракија одржан во Солун на 26 декември 1945 година...” (Цитирано според Ристо Кирјазовски, Македонски национални институции..., стр. 105.)

Но, и покрај сите напади, клевети и обвинувања од страна на КПГ спрема организацијата НОФ, нејзиното раководство секогаш трпеливо и ладнокрвно се однесуваше. Единствен и најправилен одговор што го даваше раководството на НОФ, беше доследното следење на зацртаната политика, односно на програмските задачи што ги усвои организацијата НОФ на својот конститутивен состанок. Тоа беше потребно и неминовно. Македонските раководители на НОФ на чело со Паскал Митревски не смееја и не можеа да дозволат тие да се конфронтираат со раководството на КПГ. Тие беа длабоко убедени дека единствено со заедничка борба со грчкиот прогресивен народ против заедничкиот непријател, ќе можат да гн извојуваат своите национални и социјални права. Тргнувајќи од таа трајна определба, раководството на НОФ секогаш се стремеше и упорно се залагаше да ги отстрани сите недоразбирања, а со тоа да ги нормализира меѓусебните напрегнати односи. Меѓутоа, патот кон оживотворување на единството помеѓу двете страни беше многу тежок и макотрпен, а тоа како што рековме поради тоа што раководството на КПГ како и порано, така и сега, продолжи да води непринципиелна и националистичка политика во однос на правилното решавање на македонското национално прашање.

Во таа смисла кон средината на мај 1946 година секретарот на Главниот одбор на НОФ Паскал Митревски (по договор со раководството на КПГ) под најтешки илегални услови замина за Солун за да се сретне со раководителите на КПГ и со нив да се спогоди, односно да преговара за можностите и начинот за постигнување на евентуално единство помеѓу НОФ и КПГ. Таму тој водеше преговори со секретарот на Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија и Тракија Леонидас Стрингос. Паскал Митревски планираше да замине и за Атина за да се сретне со генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис, но поради разни опасности не успеа да ја оствари својата замисла. (Извештај од Паскал Митревски до ЦК на КПМ од јуни 1946 година. Се чува во приватната архива на семејството на Паскал Митревски.)

На средбата во Солун, Паскал Митревски лично го запозна секретарот на ПК на КПГ за Македонија и Тракија Леонидас Стрингос со целта на неговото доаѓање во Солун, односно со програмските начела на НОФ и, што е многу важно, тие двајцата успеаја да се разберат по основните прашања што ги интересира двете страни.

Неколку дена по средбата на Паскал Митревски со Леонидас Стрингос, генералониот секретар на ЦК на КПГ Никос Захаријадис, во својот говор што го одржа на Третиот редовен пленум на ПК на КПГ за Македонија и Тракија на 16 јуни 1946 година во Солун ја призна македонската организација НОФ како прогресивна и демократска организација, која го репрезентира и го претставува македонскиот народ во Грција. Неговиот говор беше објавен во централните весници на КПГ "Ризоспастис" и "Лаики фони" од 19 јуни 1946 година и доби голем публицитет. Во него Захаријадис, меѓу другото, го рече и следното:

"...Зборував... со одговорни претставници на НОФ (со Паскал Митревски, б.н.), демократска организација која го претставува македонското малцинство во нашата земја.

"...Нашата политика во врска со македонското прашање и словеномакедонското малцинство беше и останува јасна: полна

рамноправност на Словеномакедонците, коишто претставуваат вреден и достоен дел на народот на Грција и кои, како и Грците, имаат право да располагаат и да ја обработуваат земјата на своите татковци, да зборуваат и да се школуваат на својот јазик, да ги пеат своите песни, да ги играат своите ора, да ја следат религијата што ја сакаат и да имаат слободни и легални организации како НОФ." (Цитирано според: КПГ и македонското национално прашање..., док. 163, стр. 390-391. На ова место потребно е да нагласиме дека Никос Захаријадис уште пред усогласувањето на единството меѓу единиците на НОФ и на КПГ, поточно на 28 декември 1945 година, а и подоцна на 11 и на 12 април 1946 година, во своите говори што ги одржа на Пленумите на КПГ за Македонија и Тракија во Солун, го призна НОФ како демократска и антифашистичка организација на Македонците, којшто се бори за слобода и за демократски права на народот во земјата. Истото, док. 149, стр. 339, док, 158, стр. 366-367 и док. 159, стр. 367-368.)

## ОБЕДИНУВАЊЕ НА НОФ СО КПГ

По враќањето од средбата во Солун, Паскал Митревски ги запозна членовите на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија со резултатите од разговорите што ги водеше со грчките раководители на КПГ. Во глобала тие беа прифатени скоро сите од двете страни. Се чинеше дека патот кон реализирањето на единството помеѓу НОФ и КПГ ќе биде постигнат... Но, сега засега ништо од тоа. Тешкотиите за постигнување на единството помеѓу НОФ и КПГ многу добро ги објаснува самиот Паскал Митревски во еден свој извештај од 13 септември 1946 година. Во него, тој пишува:

"Последните разговори што ги водев со генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос Захаријадис и со други функционери на ЦК на КПГ заседовме заеднички ставови и ги прифативме принципите врз коишто ќе се изврши обединувањето на НОФ со КПГ. Ако овие ставови беа реализирани, проблемот досега ќе беше решен со чувствително зголемување на нашата работа и на движењето во нашите области. Меѓутоа, грчките другари што беа задолжени да ги спроведат одлуките во базата, отстапија од тоа и ги искривија работите. Така, на пример,

Никос Захаријадис наполно се согласи да се зачуваат македонските партизански групи и одреди одделно, односно да не се спојат со грчките, и да се формира само заеднички штаб во секоја област. Захаријадис уште рече дека постоењето на посебни македонски партизански единици ќе претставува прва етапа во создавањето на македонска војска со свој штаб. (Види: Извештај од Паскал Митревски од 13 септември 1946 година, за преговорите што ги водеше со грчките раководители на КПГ за постигнување на единството меѓу НОФ и КПГ, односно за обединување на македонските и грчките партизански единици. Егејска Македонија во НОБ 1946, Т. III..., док. 171, стр. 380.) Но, и покрај таквиот став на лидерот на КПГ, претставниците на КПГ во разни области настојуваа да ги растураат македонските единици, односно македонските партизани да влезат во грчките единици, тврдејќи дека такви упатства добиле од своето повисоко партиско раководство". (Види: Извештај од Паскал Митревски од 13 септември 1946 година, за преговорите што ги водеше со грчките раководители на КПГ за постигнување на единството меѓу НОФ и КПГ, односно за обединување на македонските и грчките партизански единици. Егејска Македонија во НОБ 1946, Т. III..., док. 171, стр. 380.)

Врз основа на постигнатата спогодба со Никос Захаријадис, раководството на НОФ на чело со Паскал Митревски требаше да предложи македонски кадри по пат на кооптација во соодветните органи на КПГ. Меѓутоа, и оваа согласност постигната со Захаријадис беше одбиена. Организациониот секретар на ЦК на КПГ Иоанис Иоанидис, на еден состанок со еден од претставниците на НОФ категорички изјави дека освен Паскал Митревски, кој со одлука на Политбирото на ЦК на КПГ ќе биде кооптиран во Македонското биро на КПГ, сите другн предложени кадри на НОФ ќе бидат избрани на партиските состаноци, по пат на "демократска процедура". (Види: Извештај од Паскал Митревски од 13 септември 1946 година, за преговорите што ги водеше со грчките раководители на КПГ за постигнување на единството меѓу НОФ и КПГ, односно за обединување на македонските и грчките партизански единици. Егејска Македонија во НОБ 1946, Т. III..., док. 171, стр. 381.)

Во втората половина на септември 1946 година Маркос Вафијадис, командант на ДАГ, а подоцна претседател на Привремената демократска влада на Грција, на раководството на НОФ му ги соопшти ултимативно следните услови за обединување на НОФ со КПГ:

1. Да се расформираат македонските партизански единици на НОФ, а неговите борци да се вклучат во одредите на КПГ, бидејќи (според мислењето на поголемиот дел од раководството на КПГ, б.н.) постоењето на македонски партизански единици ја “слабее контролата на КПГ над нив”. (Но, како што рековме и погоре, пред два месеца, самиот Никос Захаријадис даде согласност во егејскиот дел на Македонија да постојат посебни македонски единици со свои штабови). Значи, нови комбинации и манипулации.

2. Во врска со прашањето за составот на командите на воените единици, КПГ си го задржува правото да постави добри “команданти”, во кои таа ќе има полна, доверба. Тие пред се, треба да бидат Грци, а групите што ќе ги водат, можат да бидат составени од Македонци, ако партијата ги најде за погодни.

3. Што се однесува за кооптирањето на македонските членови од НОФ во раководството на КПГ во македонските области, ставот на КПГ гласеше: “Не мора во македонските провинции меѓу раководните партиски органи да има бездруго и Македонци раководители. Важно е тие да се способни и да имаат доверба во Партијата.” (Наум Пејов, Македонците и Граѓанската војна во Грција. ИНИ, Скопје 1968, стр. 147-148. Истото: Ристо Кирјазовски, Македонски национални институции..., стр. 113.)

Се разбира, со ваквите безобѕирни услови за обединување на НОФ со КПГ не можеше да се согласи никој од раководството на НОФ. Во врска со тоа, еве, што изјави членот на Главното раководство на НОФ Михајло Керамитчиев на заедничкиот состанок на окружните комитети на НОФ и КПГ за Леринско:

“1. Настојуваме да продолжи постоењето и создавањето на нови македонски партизански единици;

2. Спротивна одлука на Македонското биро на КПГ нема да прифатиме;
3. Договорот во спогодбата по секоја цена ќе го исполниме;
4. Ако КПГ се обиде со сила да ги наложи своите ставови, ние исто така со употреба на воена сила ќе ги браниме нашите ставови;
5. Како претставник на НОФ, изјавувам дека секоја акција што ќе има за цел растурање на македонските единици на НОФ ќе ја сметаме за непријателска и ќе преземеме соодветни мерки."
(Види: Писмо од Стратос Кентрос, секретар на Охружниот комитет на КПГ за Леринско од 14 октомври 1946 година до Костас Шаперас, во кое го нзвестува за текот на преговорите што ги водел со НОФ за обединување на НОФ со КПГ. КПГ и македонското национално прашање 1918-1974 година..., док. 168, стр. 397-398.)

Но, и покрај сите тешкотии што ги минуваше организацијата НОФ за да се постигне искрена соработка, односно спогодување помеѓу НОФ и КПГ, македонските раководители никогаш не престанаа да се борат да ги убедат грчките раководители на КПГ дека е крајно време да се оствари замислената спогодба. И, навистина, по долг и макотрпен пат на 14 октомври 1946 година, како резултат на упорните настојувања од страна на македонските раководители на НОФ и од фактот што повисокото раководство на КПГ (Никос Захаријадис) јавна ја призна македонската организација како демократска и антифашистичка организација на македонскиот народ дојде до остварување на спогодбата за обединување на НОФ со КПГ. Таа ги содржеше следните услови:

1. Организацијата НОФ останува како самостојна организација и легитимен претставник на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, но таа ќе се раководи од КПГ;

2. Македонската младинска организација НОМС ќе се расформира, а нејзините членови ќе преминат во грчката младинска организација ЕПОН;

3. Организацијата НОФ ќе издава и свој весник на македонски јазик, како самостоен орган на Главниот одбор на НОФ;

4. Сите поранешни македонски комунисти, кои беа членови на КПЈ, автоматски стануваат членови на КПГ;

5. Партизанските одреди на НОФ ќе се обединат со одредите на ДАГ, а военополитичкиот кадар на НОФ ќе се распореди на соодветни командни должности при воените штабови на ДАГ;

6. Секретарот на Главниот одбор на НОФ Паскал Митревски, ќе биде поставен за член на Секретаријатот на ПК на КПГ за Македонија и Тракија;

7. Членот на Главниот одбор на НОФ Ѓорги-Џоџо Урдов ќе биде поставен за член на командниот состав на Штабот на ДАГ за Централна и Западна Македонија;

8. Членот на Главниот одбор на НОФ, односно досегашниот секретар на македонската младинска организација НОМС Минчо Фотев, ќе биде поставен за член на Секретаријатот на ПК на ЕПОН за Македонија и Тракија. (Збирка: "Егејска Македонија во НОБ 1945-1949", АЕ: 445\1\1946. Архив на Македонија, Скопје.)

Во вторта половина на октомври 1946 година раководителите на Главниот одбор на НОФ во неполн состав (Паскал Митревски, Илија Димовски-Гоче и Минчо Фотев) беа примени од секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски. Тема на разговорот беше состојбата во егејскиот дел на Македонија и на организацијата НОФ, односно односите помеѓу НОФ и КПГ. Раководството на КПМ укажуваше дека нормализирањето на единството на НОФ со КПГ е од витален интерес за националноослободителното движење на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. На крајот од разговорот, Лазар Колишевски на македонските раководители на НОФ им го рече следното:

"Вие сега ќе одите долу... (Се мисли на Егејска Македонија, б.н.). Раководител на вашата борба ќе ви биде КПГ... Линијата на КПГ е исправна... Да имате доверба во неа... Сите проблеми што ќе ги имате ќе ги решавате со раководството на КПГ.

Внимавајте, да не одите во некоја фракција, туку нормално да влезете под раководството на КПГ. Борете се за цврстото борбено единство со грчкиот народ и борете се со сите расположливи сили против шовинизмот, сепаратизмот и локалните тенденции...” (Минчо Фотев, Развојниот пат на организацијата НОФ...)

За овие зборови, по две години, односно во 1948 година Паскал Митревски добро ќе се сети и во една прилика тој за ова ќе го каже следното:

“...Овие зборови на Лазо Колишевски се имаат врежано длабоко во мојата душа и во моето национално сознание. Тие ќе ми бидат патоказ и пример во моето понатамошно револуционерно дејствување...” (Писмо од Паскал Митревски до Минчо Фотев (Суљо), секретар на Главниот одбор на НОМС за Егејска Македонија. Писмото се чува во приватната архива на семејството на Минчо Фотев.)

За реализирање на спогодбата за обединување на НОФ со КПГ, на 19 октомври 1946 година претставниците на Главниот одбор на НОФ: Паскал Митревски, Илија Димовски-Гоче и Минчо Фотев преку Албанија заминаа на теренот во Егејска Македонија. Наредниот ден, Паскал Митревски потпомогнат од специјален курир испратен од ЦК на КПГ и на Главниот штаб на ДАГ, преку планината Грамос замина за седиштето на Главниот штаб на ДАГ на планината Хашија со цел да се сретне со командантот на Главниот штаб на ДАГ Маркос Вафијадис. Илнја Димовски-Гоче замина за планината Вичо и се лоцира кај штабот на тамошните партизански единици на НОФ, а Минчо Фотев замина за Костурско со цел да го запознае членството на Окружното раководство на НОФ и другите раководни тела со условите на спогодбата за обединување на НОФ со КПГ.

На средбата, помеѓу Паскал Митревски и командантот на Главниот штаб на ДАГ Маркос Вафијадис, беше утврден планот како практично ќе биде спроведено единството на партизанските единици на НоФ со одредите на КПГ, односно како ќе бидат распоредени партизанските единици на НОФ и КПГ на теренот на Егејска Македонија за нивно ефикасно

дејствување. (Писмо од Паскал Митревски до Лазар Колишевскн, секретар на ЦК на КПМ. Се чува во приветната архива на семејството на Паскал Митревески. Овде ја користиме приликата да го кажеме и тоа дека до моментот на обединувањето на македонските партизански единици на НОФ со единиците на КПГ, во егејскиот дел на Македонија дејствуваа околу 500 македонски борци, кои имаа задача да го штитат македонското население од теророт на грчките националистички банди. Тие беа распоредени вака: На планината Кајмакчалан ги имаше 200, на планината Вичо 130, на планината Пајак 80. Во Пајак беше формирана поголема партизанска единица на НОФ со командир Кочо Киров и политички комесар Коста Гацев. Сеќавања на Тодор Симовски, функционер на НОФ во Гуменџиско и Еницевардарско. Во Негушка планина ги имаше 20 и на планнната Грамос 80. Види: Извештај на Паскал Митревски од 13 септември 1946 година, за преговорите што ги водеше со грчките раководители на КПГ за обединување на македонските и грчките партизанн. Егејска Македонија во НОБ 1946, Т.III..., док. 171, стр. 379. Со еден збор, како што беше и логично, уште од првите денови по договорот во Варкиза дојде до потреба од формирање на посебни македонски партизански единици на НОФ за да го штитат македонското население од терористичките акции на грчките власти. Така на пример, во Воденско, ваков македонски одред беше формиран во почетокот на март 1945 година во месноста “Гаганец” над селото Кронцелово на чело со Ристо Кордалов, Туши Керамитчиев и Ристо Шорев (сите од Воден). Седиштето на овој одред, кој подоцна прерасна во баталјон беше на планината Кајмакчалан.

Малку подоцна, односно на 14 мај 1945 година, Главното раководство на НОФ донесе решение да се формираат вооружени македонски групи за отпор против грчката реакција и во други околии на Егејска Македонија. Врз основа на таа одлука во текот на мај 1945 година во Костурско и Преспанско беа формирани партизански групи на НОФ под раководство на Панајот Кондов, Васил Попов, Леонид Мутков, Лазо Јамаков, Милтијади Ковачев, Ѓорѓи Калков, Ристо Шапков и други. Групите беа составени од 6 до 12 борци. Види: Збирка: “Егејска Македонија во НОБ 1945” АЕ: 185/45. Истото: Ристо

Кирјазовски, Македонски национални институции..., стр. 173-174. Сите овие групи во текот на 1946 година прераснаа во поголеми одреди и развија интензивна воена активност за заштита на македонското население од теророт на грчките националистички банди.)

По враќањето на Паскал Митревски од средбата со Маркос Вафијадис, на 21 ноември 1946 година на планината Вичо во неполн состав се состанаа членовите на Главниот одбор на НОФ во селото Бапчор, Костурско, во куќата на Коле Ќантов. На состанокот присуствуваа: Паскал Митревски, Михајло Керамитчиев, Павле Раковски, Илија Димовски-Гоче, Минчо Фотев и Евдокија Баљова-Вера - како рамноправен член на Главниот одбор на НОФ (Евдокија Баљова-Вера, Сеќавања. Се чуваат во приватната архива на Евдокија Баљова (Фотева)-Вера.) Последната беше поставена и на должноста секретар на АФЖ за Егејска Македонија.

Паскал Митревски ги информира другарите на состанокот за резултатите од преговорите што ги водел со командантот на Главниот штаб на ДАГ Маркос Вафијадис. Информацијата главно се однесуваше за практичното спроведување на постигнатата спогодба меѓу НОФ и КПГ. Со оглед на тоа што ситуацијата во Грција во тоа време беше крајно напрегната и судирите на партизанските групи со владините војски од ден на ден се повеќе се зголемуваа, Паскал Митревски напомена дека по барање на Маркос Вафијадис на средбата со него, приоритет му било дадено на единството на партизанските единици на НОФ со одредите на КПГ. Поради тоа Маркос Вафијадис побара од раководството на НОФ итно да му испрати македонски борци од составот на единиците на НОФ (околу 500 борци) како засилување на единиците на ДАГ во внатрешноста на Грција. Главниот одбор на НОФ ги задоволи барањата на Маркос Вафијадис. (Паскал Митревски, Критички осврт на трудот на Вангел Ајановски-Оче, “Егејски бури”, издание на ИНИ, Скопје, 1975, Гласник на ИНИ, Скопје, 1977, XXI, 2-3, стр. 201. Истото: Ристо Кирјазовски, Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците..., стр. 165. Во врска со оваа проблематика, поопширно види: Павле Раковски, КП на Грција и Македонците (Согледувања, размислувања,

сознанија). Македонска книга, Скопје 1990, стр. 131-135.) Македонските единици беа предводени под команда на Ѓорги-Џоџо Урдов и Лазо Поплазаров. Во внатрешноста на Грција исто така замина и македонската единица на НОФ од Пајак Планина.

На споменатиот состанок во селото Бапчор, македонските раководители на НОФ се договорија да ги задолжат окружните организации на НОФ и АФЖ да го мобилизираат целокупниот македонски народ во борба против грчките монархофашисти, да ја помагаат ДАГ и на доброволна база да мобилизираат што повеќе македонски борци во редовите на ДАГ. За реализација на овие задачи се договорија Паскал Митревски и Минчо Фотев да заминат за Солун, односно за седиштето на ПК на КПГ и на ЕПОН и таму со надлежните грчки функционери на КПГ и ЕПОН да ги одредат формите и начинот за реализирање на соработката помеѓу НОФ и КПГ и ЕПОН.

На истиот состанок другарите се договорија дека се до враќањето на Паскал Митревски од Солун, на должноста секретар на Главниот одбор на НОФ да го заменува Михајло Керамитчиев. (Паскал Митревски, Биографски белешки од борбата... Истото: Евдокија Баљова-Вера, “Сеќавања”...)

По неколку дена, другарите: Паскал Митревски, Михајло Керамитчиев и Евдокија Баљова Вера од планината Вичо заминаа за Воденско со цел и таму да ја спроведат спогодбата на НОФ со КПГ. Паскал Митревски и Евдокија Баљова-Вера од Воденско заминаа за планината Пајак да се сретнат со Минчо Фотев каде што требало да ја реализираат спогодбата на НОФ со КПГ и на тоа подрачје. Павле Раковски ги вршеше подготовките за издавањето на весниците на НОФ “Непокорен” и “Билтен”.

# Глава шеста

УЧЕСТВОТО НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ДАГ И НИВНИОТ ПРИДОНЕС

## ПРЕСТОЈОТ НА АНКЕТНАТА КОМИСИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ВО ГРЦИЈА

Првите успеси на партизаните на ДАГ на теренот на Егејска Македонија како на пример успешниот напад на селото Љумница, Гуменџиско (13. XI. 1946) (Види: Проглас од Штабот на вооружените партизани на Пајак-Кајмакчалан од 14 ноември 1946 година, во кој се говори за вооружената акција во селото Љумница и за резултатите од неа. Егејска Македонија во НОБ 1946, Т.III..., док. 186, стр. 414 и Комунике од Штабот на вооружените партизани на Пајак-Кајмакчалан, за извршената акција против владините сили во Љумница Мајадак и Ошин, на 13 ноември 1946 година. Истото: док. 187, стр. 415-416.) и други слични борби, ги охрабрија македонските и грчките партизани во борбата против грчката реакција и предизвикаа кај новогрчките властн страхување дека граѓанската војна во Грција, која веќе сериозно се разгоре, може да прими за нив неповолен карактер. Настојувајќи да ја спречи катастрофата што и се закануваше, грчката влада ги обвини соседните балкански држави (Југославија, Албанија и Бугарија) пред Обединетите Нации дека наводно владите на овие држави ја предизвикале граѓанската војна во Грција и го помагале партизанското движење. (Внди: Изјава на Маркос Вафијадис, командант на Главниот штаб на ДАГ од 1 јануари 1947 година, за причините на Граѓанската војна во Грција. Егејска Македонија во НОБ, Т.IV..., док. 2, стр. 7. и Отворено писмо од Панос Капетањос, претставник на ГШ на ДАГ во Централна Егејска Македонија од јануари 1947 година, до Анкетната комисија на ООН во Грција, во кое ги објаснува причините на Граѓанската војна во Грција. Истото: док. 7, стр. 37-38.)

Со цел да се испита овој проблем, во февруари 1947 година (по барање на грчката влада) во Грција пристигна специјална Комисија од Обединетите нации, т.н. "Анкетна комисија". Впрочем, како што е познато, уште пред година време грчката

влада на Париската мировна конференција пред Обединетите нации и пред светската јавност ги обвини соседните балкански земји дека наводно овие држави се директно одговорни за разгорот на граѓанската војна во Грција.

Што се однесува за престојот на Анкетната комисија во Грција, раководството на НОФ на чело со Паскал Митревски имаше свои контрааргументи по ова прашање и со помошта на своето Агитационо одделение, кое издаваше и свој печат на македонски јазик, презеде соодветни мерки за да ги разјасни вистинските причини за разгорот на граѓанската војна во Грција. За исполнување на таа задача Главниот одбор на НОФ издаде и специјална директива до сите свои раководни тела и органи на НОФ, со задача тие да преземаат итни мерки, односно да организираат соодветни протесни комисии, кои на членовите на Анкетната комисија ќе им доставуваат соодветни меморандуми, петиции и други доказни материјали од кои ќе се види дека главен и единствен виновник за граѓнската војна во Грција е крива исклучително грчката влада, (Види: Циркуларно писмо од секретарот на Главниот одбор на НОФ Михајло Керамитчиев од април 1947 година, до окружните одбори на НОФ. Истото: док. 29, стр. 146.) којашто плански се нафрли против демократското население во Грција, а особено против Македонците со цел да ги прогони од територијата на Грција или физички да ги истреби.

Паскал Митревски, како раководна личност во македонското народноослободително движење, постојано апелираше пред македонскиот народ дека: "Се додека Анкетната комисија на Обединетите нации ќе престојува во Грција, организацијата НОФ ќе биде задолжена смело да се бори и упорно ќе докажува кои се вистинските виновници што ја доведоа земјата во граѓанска катастрофа." (Паскал Митревски, Биографски белешки од борбата...)

Со презентирањето на вистинските причини за разгорот на граѓанската војна во Грција организацијата НОФ сакаше да и докаже на светската прогресивна јавност дека во Егејска Македонија не само што од векови постои посебен македонски народ, туку дека тој народ за време на Втората светска војна

масовно учествуваше на страната на прогресивните сили на Грција и жилаво се бореше против странскиот окупатор и даде многубројни жртви за извојување на својата слобода. Исто така раководството на НОФ настојуваше да ја запознае меѓународната јавност дека македонскиот народ и покрај неговата лојалност спрема грчката држава, е обесправен народ и дека уште од првите денови по капитулантскиот договор во Варкиза, тој народ ја доживува својата национална трагедија. Ова го тврди и истакнатиот советски дипломат, односно бившиот министер за надворешни работи на СССР во тоа време Андреј Громико. Тој во своето експозе што го поднесе пред Советот за безбедност при Обединетите нации на 10 јули 1947 година за тешката положба на Македонците, го рече и следното:

“Важно место во извештајот на Анкетната комисија зазема прашањето за Егејска Македонија и положбата на македонското и албанското малцинство во Грција. Грчката влада подигна оптужба против Југославија и Бугарија, окривувајќи ги тие земји за постоење на партизанско движење во тие краишта, изнесувајќи притоа како Југославија и Бугарија наводно намеруваат да го оттргнат тој предел од Грција. Фактите и многубројните искази на сведоците од редовите на месното население, сослушани на самото место во Македонија, покажуваат дека се неосновани овие оптужби.

Теророт на жандармеријата, војската и сите грчки банди, што го спроведува сегашниот грчки режим над овие национални малцинства е управен на нивно подјармување и уништување. Природниот отпор, доведе до создавање на партизански единици. Во Егејска Македонија денешната грчка влада го жние она што го посеа. Ако ги читате исказите на македонските сведоци ќе видите дека грчките власти не само што објавија војна на македонската национална култура, ги затворија сите македонски училишта и ја забранија употребата на мајчиниот јазик, туку спроведуваат политика на истребување на македонското население во Грција население коешто брои над 250.000 лица.

Македонското малцинство претставува население со длабоко вкоренати национални традиции, со свој сопствен јазик, со своја сопствена стара култура. Македонското малцинство бара да бидат признати неговите национални права...” (Грчките власти спроведуваат политика на истребување на македонското население во Грција. Експозе на Громико во Советот за безбедност. Весник Нова Македонија, Скопје, од 11 јули 1947 година.) Ова го истакна Андреј Громико. Мислам дека на него треба да му се верува, бидејќи добро ги познаваше политичките настани на Балканот, а во склопот на тоа и во Грција.

Организација НОФ во својата протестна акција забележа големи успеси. Таа на Анкетната комисија и достави над 50 меморандуми, петиции и други документи, во коишто документирано се прикажани терористичките акции на грчките националистички банди: убиствата, масовните апсење, грабежите на имотите, прогонствата, силувањата, малтретирањата, судењата на невини луѓе итн. (Еден дел од овие меморандуми се објавени во едицијата: “Егејска Македонија во НОБ”, Т.IV. Од нив посебно внимание заслужуваат: Меморандум од политичките бегалци од Егејска Македонија во Југославија, поднесен до Анкетната комисија на ООН (док. 24, стр. 62-72) и Меморандумот од Окружниот комитет на ЕАМ за Воденско, поднесен до Анкетната комисија за теророт на грчката десница во Воденско. Истото: док. 25, стр. 73-129. И во двата меморандуми се изнесени терористичките акции на грчката десница врз Македонците - првиот во цела Егејска Македонија, а вториот во Воденско.)

## СЕНОФИТСКИ АКТИВ НА НОФ

Како што споменавме и погоре, големиот успех на организацијата НОФ во искреното спроведување на дело на спогодбата на НОФ со КПГ, како и масовното учество на Македонците во борбата против грчката реакција, јасно сведочат какво беше влијанието на НОФ кај македонското население кон ослободителното дело. Меѓутоа, како што ќе видиме, раководството на КПГ изненадено и смислено ќе го прекине процесот на остварувањето на единството врз основа на договорените услови. Раководството на КПГ ќе се откаже од

принципите заеднички со раководството на НОФ да ги одреди формите и методите за постигнување на соработка меѓу НОФ и АФЖ, од една страна, и КПГ и ДАГ, од друга страна. Но, и покрај тоа, Македонците на чело со својата организација не губат надеж. Тие се уште веруваат во "искрените" намери на грчките "другари" на КПГ.

Со цел да се расчистат тие недоразбирања, раководството на НОФ во согласност со ПК на КПГ за Македонија и Тракија (во отсуство на досегашниот секретар на Главниот одбор на НОФ Паскал Митревски), на 20 мај 1947 година на планината Кајмакчалан, во месноста "Мишови Колиби", одржа т.н. "Земска конференција на НОФ" за Егејска Македонија, позната во историската документација под името "Сенофитски актив на НОФ". (На овој Актив главен реферат поднесе секретарот на Главниот одбор на НОФ Михајло Керамитчиев. Во рефератот тој се осврнува на внатрешната воено-политичка ситуација, на слабостите во водењето на борбата и за задачите на НОФ во иднина. Рефератот е објавен во: "Егејска Македонија во НОБ 1947", Т.IV..., док. 30, стр. 149-177.)

На овој собир, некои од присутните делегати се заинтересираа за судбината на Паскал Митревски, односно се распрашуваа зошто го нема на Активот. Претставникот на ПК на КПГ за Македонија и Тракија Георгиос Еритријадис-Петрис, кој ја следеше работата на Активот, грубо и нервозно им одговори: "Паскал Митревски не може веќе да раководи од Скопје... Неговата метла престана да мете... Од сега НОФ му припаѓа на КПГ..." (Евдокија Баљова-Вера, "Сеќавања"...) Се разбира, со ваквата изјава на претставникот на ПК на КПГ се создаде една мошне напната атмосвера помеѓу учесниците на Активот. Но сепак ситуацијата некако се смири...

Во работата на Активот присуствуваа околу 40 раководители на НОФ и АФЖ и околу 15-на поканети гости како претставници од страна на КПГ, ЕАМ, АКЕ, ЕПОН и ДАГ. (Евдокија Баљова-Вера, "Сеќавања"...)

На Активот беше избран и нов раководен кадар на НОФ, т.н, "Координационо биро на НОФ" во состав од пет члена, и тоа:

Михајло Керамитчиев, како секретар на НОФ, Вангел Ајановски-Оче, одговорен по организациоци прашања, Павле Раковски, одговорен по Агит-проп, Ламбро Чолаков, одговорен за финансиски прашања и Евдокија Баљова-Вера, како секретар на АФЖ за Егејска Македонија. (Ристо Кирјазовски, Народноослободителниот фронт..., стр. 187.)

Тука веднаш треба да се каже дека решенијата на Активот на НОФ, кои беа усвоени под притисок на КПГ (Георгиос Еритријадис-Петрис) ќе му нанесат голема штета  на организацијата НОФ и на македонското националноослободително движење во овој дел на Македонија. Имено, по одржувањето на Сенофитскиот актив на НОФ крајно ќе се заострат внатрешните односи помеѓу НОФ и КПГ. Од овој момент, организацијата НОФ практично ќе биде лишена од своето раководно тело. Таа ќе ја изгуби својата улога самостојно да решава по сите прашања од својот домен и да води своја самостојна политика, се разбира, во рамките на глобалната политика и стратегија на КПГ. Новоизбраното Координационо биро на НОФ фактички беше само политичка фигура, односно репрезентативно тело на НОФ. Неговите овластувања се состоеја само во правото, тоа формално да покренува иницијативи и предлози, кои ќе ги претставува пред раководството на КПГ за нивно решавање и ќе се грижи за нивно извршување пред надлежните органи на КПГ и ДАГ.

Координационото биро на НОФ исто така ќе го прифати и ставот на КПГ во македонските села да се формираат основни организации на грчката земјоделска партија АКЕ. Тука очевидно се гледа дека присуството на грчката земјоделска партија во македонските села и беше потребно на КПГ за да има свои политички позиции во базата.

Во контекстот на тоа Координационото биро на НОФ ќе го прифати и предлогот на споменатиот претставник на КПГ, Петрис, на раководителите на НОФ кои служеа во редовите на ДАГ да им престане мандатот во НОФ, односно да ги прекинат врските на НОФ со македонските борци во ДАГ.

По Активот на НОФ, македонската организација АФЖ стана самостојна организација, која подоцна го формира и својот Главен одбор на чело со Евдокија Баљова-Вера, како секретар. Главниот одбор на АФЖ дејствуваше на теренот на Егејска Македонија се до крајот на Граѓанската војна во Грција.

Кратко речено, тогашното раководство на НОФ, прифаќајќи ги гореизнесените ставови на КПГ, организацијата НОФ од масовна и обединета организација ќе ја претвори во дезорганизирана организација, одвоена од борбениот дел на македонскиот народ. Раководството на КПГ ќе ја ограничи нејзината активност во најтесни рамки, само во таа мерка, да може со право да ги извршува единствено задачите што ќе ги добива од КПГ, односно да и доставува на КПГ живо македонско месо, кое требало да гине на бојното поле.

Се разбира, ваквата положба на НОФ уште повеќе ќе ги заостри меѓусебните односи со КПГ и ДАГ. Од овој момент, раководството на КПГ повидно и порадикално ќе го измени својот став на штета на македонското национално ослободително движење. Ќе се случи и тоа: Секој раководител и активист на НОФ, кој не ќе сакаше да ги прифати решенијата на Сенофитскиот актив на НОФ неосновано ќе биде клеветен и прогонуван. Преку стотина раководители на НОФ и АФЖ, по пат на лажни обвинувања беа протерани или прогласени за непријатели на борбата. Под такви обвинувања, раководството на КПГ ги отстрани од своите раководни функции во НОФ другарите Паскал Митревски, Ѓорѓи Џоџо-Урдов, Минчо Фотев и други.

Ваквоиот дискриминаторски однос на КПГ спрема организацијата НОФ и нејзините раководители беше спротивно со решенијата на постигнатата порано спогодба за обединување на македонските партизански единици на НОФ со грчките единици на КПГ. Раководството на КПГ и овој пат не ги исполни своите ветувања и обврски, а со тоа уште еднаш ги изневери надежите на македонскиот народ за извојување свои национални и социјални права.

## ПРВИОТ КОНГРЕС НА НОФ

Кризата што ја зафати организацијата НОФ по Сенофитскиот актив на НОФ, поради неговите штетни ставови и решенија, мошне негативно се одрази и врз борбениот морал на македонските борци во ДАГ, а во тој склоп и врз масовното мобилизирање на целокупното македонско население во борбата против грчките монархофашисти и англоамериканските интервенционисти. Согледувајќи ја ваквата неповолна ситуација, раководството на КПГ се обиде да го корегира својот неправилен однос спрема НОФ, дотолку повеќе што раководството на НОФ постојано и упорно бараше од КПГ да го измени својот однос спрема Македонците, односно да ги отстрани сите неправилности во однос на македонското национално прашање. Како што ќе видиме, раководството на КПГ ќе биде принудено тоа да го направи, бидејќи имаше потреба од мобилизирање на нови свежи борци за ДАГ, кои ќе бидат жртвувани од македонските редови.

Како што рековме погоре, поради неприфаќањето на опортунистичките ставови на КПГ по однос на НОФ и македонското национално прашање, раководството на КПГ го отстрани Паскал Митревски од раководството на НОФ, држејќи го под строга контрола, изолиран надвор од борбата и од редовите на НОФ. Меѓутоа, поради кризата што настана во редовите на НОФ, КПГ и ДАГ, раководството на КПГ беше принудено да го ослободи од изолација и повторно да го врати во раководството на НОФ.

По враќањето на својата поранешна функција во раководството на НОФ Паскал Митревски предложи од името на македонските членови и активисти на НОФ да се свика Првиот конгрес на НОФ, на кој требало да се разгледат сите проблеми во врска со кризата што настанала на релацијата меѓу НОФ, КПГ и ДАГ. Овој предлог наиде на широка поддршка од страна на поширокото членство на НОФ. Иницијативата на Паскал Митревски беше одобрена и од раководството на ЦК на КПГ. Меѓутоа, како што споменавме и погоре, со ваквата согласност, КПГ сакаше да постигне компромисно решение за да ги оствари

своите цели, односно да мобилизира и да жртвува нови борци од срединатa на македонскнте редови.

Првиот конгрес на НОФ на Македонците од егејскиот дел на Македонија беше одржан на 13 јануари 1948 година во црквата Св. Димитриј, во селото В'мбел, Костурско. Главен реферат на Конгресот поднесе досегашниот секретар на Координационото биро на НОФ, Михајло Керамитчиев. (Конгресните материјали се објавени во едицијата: "Егејска Македонија во НОБ 1948", T.V. Документи за учесвото на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1948 година. Превод и редакција: Д-р Ристо Кирјазовски и Фани Буцкова-Мартинова. Архив на Македонија, Скопје, 1981, стр. 16-49.) Делегатите на Конгресот избраа и свој Централен совет на НОФ од 35 членови и 18 членови-кандидати. (Списокот на членовите на ЦС на НОФ, коишто беа избрани на Првиот конгрес на НОФ е објавен во едицијата: "Егејска Македонија во НОБ 1948", T.V..., док. 16, стр. 44-45.)

При конституирањето на Централниот совет на НОФ за негов секретар беше избран Паскал Митревски, а за претседател - Михајло Керамитчиев. На Конгресот беше избран и Секретаријат на НОФ како највисок орган на НОФ и Извршно биро на НОФ.

Што е многу важно да се одбележи, дека значењето на овој Прв Конгрес на НОФ се состои во тоа што на него беа донесени два многу значајни историски документи: Програма и Статут на организацијата НОФ. (Програмата и Статутот на НОФ се објавени во истата едиција:док. 12, стр. 33-38 и док. 13, стр. 39-42.) Исто така на Конгресот, раководството на КПГ донесе решение во составот на организацијата НОФ да се формираат партиски ќелии на КПГ.

На ова место потребно е да потсетиме дека уште во предконгресните дискусии, раководството на НОФ постојано апелираше и го истакнуваше прашањето за повторно обновување на македонската младинска организација НОМС. Но секретарот на ЦК на КПГ Иоанис Иоанидис, којшто ја следеше работата на Конгресот, категорички го отфрли овој

предлог, напоменувајќи дека “нема потреба од формирање на македонска организација, бидејќи расположението на македонската младина во редовите на ЕПОН е “одлично”. (Минчо Фотев, Развојниот пат на организацијата НОФ...)

Но и покрај разните тешкоти што ги минуваше организацијата НОФ, Првиот конгрес на НОФ со своите правилни ставови и решенија им влеваше на Македонците некаков оптимизам и охрабрување, односно им влеваше надеж и им даваше некаква гаранција дека организацијата НОФ со својата правилна политика и самопрегорна борба ќе ги надмине сите слабости и тешкотии, а со тоа уште повеќе ќе ги зацврсти своите борбени акции. Новоизбраниот Централен совет на НОФ ги доби сите потребни овластувања да дејсвува во доменот на општественополитичкиот и борбениот живот на Македонците. По одржувањето на Првиот конгрес на НОФ раководството на НОФ, а особено секретарот на Централниот совет на НОФ Паскал Митревски посебно се залагаше да ги воспостави нарушените демократски норми во функционирањето на организацијата НОФ. Тој посебно се грижеше за одржувањето на единството на НОФ со македонскиот народ и за успешно извршување на задачите усвоени на Првиот конгрес на НОФ. Ваквата поставеност на организацијата НОФ претставуваше гаранција дека таа со уште поголем елан ќе ја продолжи борбата до примерот на своите илинденски претходници за извојување на својата слобода и свои национални права.

Организацијата НОФ како политички носител на народната власт, по создавањето на Привремената демократска влада на Грција (23. XII. 1947) успева во голем број македонски села да организира народни одбори, да помага и да раководи со нивната дејност итн. Од составот на македонското население таа успева да организира и посебни единици како помош на ДАГ (пренесување на ранети борци, оружје и храна, градење на бункери итн.). Исто така членовите на НОФ за потребите на ДАГ создадоа разни занаетчиски работилници (шивачки, чевларски, плетачки итн.). Скоро целото македонско население од слободната и полуслободната територија на ДАГ масовно и организирано учествуваше во помошните служби на ДАГ. (За масовното учество и придонесот на Македонците за ДАГ, види

стат. од Пандо Вајната, потполковник на ДАГ, под наслов: Демократската армија и Словеномакедонците Спис "Димократикос стратос", орган на ГШ на ДАГ, бр. 10, X, 1948 година. Написот на Вајната го користиме според: КПГ имакедонското национално прашање 1918-1974 година..., док. 188, стр. 431-433 и Редакциска статија на спис. "Неос космос", орган на ЦК на КПГ, под наслов: Македонското национално прашање во светлината на решенијата на VI-от Пленум на ЦК па КПГ, објавена во февруари 1957 година, бр. 2. Тука ја користиме според истата едиција..., док. 241, стр. 553-554.) Важно е да се одбележи дека организацијата НОФ во тилот на непријателот, организира посебни вооружени диверзантски единици за вршење на саботажни акции. Како пример, може да ни послужи диверзантската единица на Живко Шанев од село Желин, Костурско, член на Окружниот одбор на НОФ за Костурско; групата на Мати- Матеја Булев (Комунист од пред Втората светска војна и член на ВМРО (Об.), поради што беше затворен од грчките власти. За време на германско-италијанската и бугарската окупација на земјата активно се вклучува во ЕЛАС. Во редовите на групите на НОФ меѓу првите стапува во 1945 година, а во редовите на ДАГ 1946 година. Се истакнува со својата храброст и умешност како раководител на диверзантска група на ДАГ. Загина херојски ги 19 април 1949 година. За неговата револуционерна активност, поопширно види: Ташко Мамуровски, Светли ликови од Егејска Македонија (1945-1949). Студентски збор, Скопје, 1987, стр. 128-134.) од село Екши-Су, Леринско и други.

Некаде кон средината на пролетта 1948 година од ЦК на КПГ беа повикани во седиштето на Главниот штаб на ДАГ другарите од раководството на НОФ: Паскал Митревски, Михајло Керамитчиев, Евдокија Николовска (Баљова)-Вера и Ставре Кочев-Кочопулос за да заминат за НР Албанија и од таму да се префрлат во НР Македонија за да се сретнат со раководителите на ЦК на КПМ, со кои требало да усогласат некои организациони прашања од доменот на меѓусебните односи. (А може и за мобилизирање на нови македонски борци од егејскиот дел на Македонија и за жртвување на ново македонско месо за монархофашистичките топови?). Како и да е, со еден воен џип пристигнаа на територијата на Албанија и се

сместија во грчката јавка во градот Корча. Оттаму беа префрлени во градот Ресен, НР Македонија. Во Ресен пристигнаа и другарите од раководството на ЦК на КПМ Лазар Колишевски, Димитар Алексиевски-Пекар и други. На состанокот, кој се одржа ноќта, секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски ги информира раководителите на НОФ (така и било договорено со раководството на КПГ) дека Димитар Алексиевски- Пекар ќе замине заедно со нив на територијата на Егејска Македонија со цел да се вклучи во работата за извршување на меѓусебните прашања. По ова прашање Лазар Колишевски најмногу зборуваше со Паскал Митревски и Михајло Керамитчиев. (Евдокија Баљова-Вера, "Сеќавања"...)

Во седиштето на Главниот одбор на НОФ, односно во седиштето на ЦК на КПГ и на Главниот штаб на ДАГ, Алексиевски-Пекар престојуваше неколку недели, кога веднаш потоа изненадено беше повикан од раководството на ЦК на КПГ со препорака веднаш да ја напушти територијата на Егејска Македонија.

Тука треба да потсетиме дека во тоа време (крајот на јуни 1948 година) дојде до влошување на односите меѓу ЦК на КП на Советскиот Сојуз и ЦК на КПЈ, а со тоа дојде и до влошвање на односите меѓу ЦК на КПГ и ЦК на КПЈ.

Во првата декада на јули 1948 година грчките владини војски ги групираа своите единици на секторот на планината Грамос за да ги нападнат и да ги уништат единиците на ДАГ. Во врска со тоа, водачот на КПГ Никос Захаријадис ги повика членовите на Главното раководство на НОФ Паскал Митревски, Михајло Керамитчиев, Евдокија Никсловска-Вера и Ставре Кочев во седиштето на Главниот штаб на ДАГ на планината Пинд (Северен Епир), под селото Пирсоѓани, покрај реката Сарандапорос, да ги информира за некои воено-политички прашања поврзани со концентрацијата на владините војски на планината Грамос како и за новонастанатата ситуација во партискиот живот по објавувањето на Резолуцијата -на ИБ против КПЈ и Југославија. (Со Резолуцијата на Информбирото (28. VI. 1948 година) насочена против КП на Југославија, Никос Захаријадис беше запознат на почетокот на јули 1948 година.

Види: Циркуларно писмо на ПБ на ЦК на КПГ до политичките комесари на ДАГ, со кое се запознаваат со Резолуцијата на ИБ против КПЈ и за ставот на КПГ по тоа прашање. Егејска Македонија во НОБ 1948, Т.V..., док. 140, стр. 260.)

Во тоа време грчката кралска авијација постојано ги наблудуваше партизанските позиции на планината Грамос. Тој ден, при минувањето на месноста Алевица грчките владини авиони фрлија пропагандни летоци со содржина дека: "Сталин го нападна Тито", дека "Југославија скршна од социјализмот", дека "Се прекинаа пријателските односи помеѓу двете земји" итн. Се разбира, раководителите на НОФ на ваквите измислици гласно се насмеаја, бидејќи сите сосема логично мислеа дека грчката националистичка пропаганда со ваквите пароли сакаше да ја оцрни Југославија зашто се страхувало дека "планирала" да ја "окупира" Егејска Македонија, а во иднина да ја приклучи кон својата територија.

Раководителите на НОФ, откако пристигнаа во седиштето на Главниот штаб на ДАГ, односно во седиштето на ЦК на КПГ, веднаш беа повикани од лидерот на КПГ Никос Захаријадис на разговор. По кратка дискусија, која се однесуваше за положбата на организацијата НОФ, водачот на КПГ ги праша другарите од НОФ, дали се запознати со моменталната ситуација во Југославија. Некако збунети и зачудени, му одговорија дека ништо не им е познато. Меѓутоа, неговото прашање некако им изгледаше сомнително, бидејќи се совпаѓало и со содржината на непријателските летоци што ги држеа во своите раце. Раководителите од НОФ на Захаријадис му ги покажаа пропагандните летоци. Тој им одговори дека за жал тоа е вистина. Исто така им рече дека во Букурешт била донесена Резолуција од страна на ИБ во која се осудувала денешната политика на раководството на КПЈ, бидејќи станало "агентура" на империјализмот и дека го изневерило социјализмот. Од искажаните зборови на Никос Захаријадис, македонските раководители на НОФ неочекувано се скаменија. Тој откако ја согледа нивната збунетост, нервозно им го кажа следното:

"Нашата Партија, односно ние, се наоѓаме во воена положба со грчките монархофашисти. Сега засега нема да заземаме никаков

став спрема Југославија и Тито. Другарот Тито и Хари Полит од Англија беа мои најдобри другари уште од времето на Коминтерната”. (Евдокија Баљова-Вера, “Сеќавања”...)

Ова свое “убедување” за своите “пријателски” симпатии спрема КПЈ и Тито, Никос Захаријадис постојано ги повторуваше се до 1949 година, кога заседе отворен непријателски став спрема Југославија и Тито.

На крајот од состанокот, генералниот секретар на КПГ на македонските раководители на НоФ им го рече следното:

“Другари, настанатата сложена ситуацијата на нашиот простор, ме принуди да ве повикам на разговор и да ве информирам, односно да ве предупредам, да не попаднете во било какви провокации и да го чувате македонскиот елемент.” (Евдокија Баљова-Вера, “Сеќавања”...)

## РЕШЕНИЈАТА НА ПРВИОТ ПЛЕНУМ НА ЦС НА НОФ

Решенијата на Првиот конгрес на НОФ со голем ентузијазам и оптимизам ги прифатија македонските родољуби од овој дел на Македонија. Тие ги поттикнаа Македонците за уште помасовно стапување во редовите на ДАГ и пожртвувано да се борат против грчките монархофашисти за извојување на своја слобода Меѓутоа, тука неопходно е да се каже, дека уште од првите денови по одржувањето на Првиот конгрес на НОФ, во редовите на организацијата НОФ се појавија некои слабости и аномалии во врска со реализирањето на програмските задачи усвоени на Конгресот, кои резултираа од тенденциозните односи на КПГ спрема НОФ и Македонците од типот на лидерите какви што беа Иоанис Иоанидис, (Роден е во Бугарија. Пред војната се преселува во Грција и се населува во градот Волос. Член на КПГ стана во 1920 година. Од 1928 година беше раководител на една партиска организација во Источна Егејска Македонија. На IV конгрес на КПГ, кој беше одржан истата година, беше избран за член на ЦК на КПГ. Во декември 1930 година стана член, а во март 1931 година - секретар на Окружниот комитет на КПГ за Солунско. Во 1931 година беше избран за член на ПБ на ЦК на КПГ. Во април 1933 година оди

во Москва како претставник на КПГ, каде што ја организира грчката секција при Коминтерната Од почетокот на 1938 до почетокот на мај 1942 година беше интерниран во Акронавплија. Од 1942 година до крајот на војната беше организационен секретар на ЦК на КПГ. Во 1961 година беше исклучен од ЦК на КПГ. Почина во Романија во 1967 година.) секретар на ЦК на КПГ,Леонидас Стрингос, (Член на ЦК на КПГ беше од 1931 година, а на ПБ на ЦК на КПГ од 1942 година. Во февруари 1942 година стана секретар на Македонското биро на КПГ. За време на Граѓанската војна во Грција беше министер во Привремената демократска влада на Грција и политички комесар на една поголема единица на ДАГ) секретар на ПК на КПГ, за Македонија и Тракија и други, кои непосредно ги одржуваа врските и организацијата НОФ. Се разбира, ваквите состојби уште повеќе ги влошуваа меѓусебните односи и во самото раководство на НОФ. За да се расчистат сите аномалии и недоразбирања, дојде до потреба да се одржи Првиот пленум на Централниот совет на НОФ.

Првиот пленум на Централниот совет на НОФ беше одржан по барање на претседателот на ЦС на НОФ, Михајло Керамитчиев. Тој беше одржан на 8 август 1948 година во селото Буково, Преспанско, (Што се однесува за самата работа на Првиот пленум на ЦС на НОФ и за интригите што ги вршеше раководството на КПГ врз македонските раководители на НОФ, поопширно види: Резолуција на Првиот пленум на Главниот одбор на НОФ за “фракционашката борба меѓу раководителите на НОФ”. Егејска Македонија во НОБ 1948, Т.V…, док. 164, стр. 302-304. Истото: Извештај на Илија Димовски Гоче и Вангел Ајановски-Оче, за одржаниот Прв пленум на Главниот одбор на НОФ. Истото, док. 166, стр. 305-310 и Резолуција на ПБ на ЦК на КПГ, во која негативно се оценува работата на раководството на НОФ. КПГ и македонското национално прашање 1918-1974 годнна…, док. 186, стр. 424-426. Во рамките на планот на Захаријадис за целосно потчинување на организацијата НОФ и истиснување на секакво влијание на НР Македонија врз македонското ослободително движење во Егејска Македонија беше исфабрикувана оваа резолуција, врз основа на која ги суспендира секретарот и претседателот на

НОФ. Истото, бел. 412) неколку недели по објавувањето на Резолуцијата на ИБ против раководството на КПЈ и Југославија.

Работата на Пленумот ја следеше партиска делегација на ЦК на КПГ на чело со организациониот секретар на ЦК на КПГ Иоанис Иоанидис и Милтијадис Порфирогенис. Уште од самиот почеток во работата на Пленумот дојде до меѓусебни обвинувања помеѓу председателот на ЦС на НОФ Михајло Кегамитчиев и секретарот на ЦС на НОФ Паскал Митревски. (Што се однесува за самата работа на Првиот пленум на ЦС на НОФ и за интригите што ги вршеше раководството на КПГ врз македонските раководители на НОФ, поопширно види: Резолуција на Првиот пленум на Главниот одбор на НОФ за “фракционашката борба меѓу раководителите на НОФ”. Егејска Македонија во НОБ 1948, Т.V…, док. 164, стр. 302-304. Истото: Извештај на Илија Димовски Гоче и Вангел Ајановски-Оче, за одржаниот Прв пленум на Главниот одбор на НОФ. Истото, док. 166, стр. 305-310 и Резолуција на ПБ на ЦК на КПГ, во која негативно се оценува работата на раководството на НОФ. КПГ и македонското национално прашање 1918-1974 годнна…, док. 186, стр. 424-426. Во рамките на планот на Захаријадис за целосно потчинување на организацијата НОФ и истиснување на секакво влијание на НР Македонија врз македонското ослободително движење во Егејска Македонија беше исфабрикувана оваа резолуција, врз основа на која ги суспендира секретарот и претседателот на НОФ. Истото, бел. 412). Очигледно беше дека ваквата состојба во ЦС на НОФ умешно ќе ја искористи Политбирото на ЦК на КПГ и на најдемагошки начин ќе ги разреши раководителите на НОФ Михајло Керамитчиев и Паскал Митревски од своите раководни функции; но без да ги исклучи од Централниот совет на НОФ, под изговор дека тие во редовите на НОД во Грција вршеле “фракционашка дејност” и дека го “разбивале” борбеното единство на двата народа. По нивното разрешување, раководството на КПГ за председател на ЦС на НОФ го поставил Ставро Кочев, (Од село Баница, Леринско; правник. Беше еден од основачите и раководителите на СНОФ во Леринско. За време на Граѓанската војна во Грција заземаше разни политички и воени функции: беше претседател на Окружниот одбор на Народната власт во Леринско, секретар на

партиската група на НОФ, член на Главното раководство на НОФ, владин претставник во Привремената демократска влада ва Грција итн. По Граѓанската војна во Грција беше член на раководството на организацијата “Илинден”. Почина во Софија во 1976 година.) а за секретар - Вангел Којчев. (За време на германско-италијанската и бугарската окупација на земјата активно се вклучува во НОБ. Во 1946 година се вклучува во организацијата НОФ и станува член на Окружниот одбор на НОФ за Леринско. Подоцна стана командант на Народната милиција во Костурско и Леринско. Беше секретар на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија и член на Воениот совет на ДАГ.) На ова место потребно е да дополниме дека според организационата структура, односно Статусот на НОФ, кој беше усвоен на Првиот конгрес на НОФ, секретарот на ЦС на НОФ фигурираше како политичка личност, однносно одговараше по политички прашања во организацијата НОФ, а по Вториот конгрес на НОФ кој ќе се одржи подоцна, таа функција ќе ја врши председателот иа ЦС на НОФ.

На 3 октомври 1948 година во селото Рудари, Преспанско беше одржан актив на военополитичките кадри на НОФ. На активот лично присуствуваше и генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос Захаријадис. Тука, покрај другото, се расправаше за ситуацијата во организацијата НОФ; почнувајќи од денот кога биле отстранети другарите Паскал Митревски од функцијата секретар на ЦС на НОФ, и Михајло Керамитчиев, од функцијата председател на ЦС на НОФ. На овој актив раководството на КПГ донесе решение да ги отстрани двајцата раководители на НОФ и од самото раководство на ЦС на НОФ. (Евдокија Баљова-Вера, “Сеќавања”…)

По завршувањето на активот на кадрите на НОФ, во присуство на членовите на ЦС на НОФ Вангел Којчев, кој ја вршеше функцијата секретар на ЦС на НОФ, Ставро Кочев - како претседател на ЦС на НОФ и Евдокија Николовска-Вера, која беше потпретседател на ЦС на НОФ, а истовремено и секретар на Главниот одбор на АФЖ за Егејска Македонија, Никос Захаријадис го повика Паскал Митревски и го праша што би сакал да работи, односно каде би сакал тој да оди по неговото суспендирање од раководството на НОФ. Пред присутните

раководители на НОФ и пред лидерот на КПГ, Паскал Митревски гордо и достоинствено го рече следното:

“Јас сум комунист и борец... Каде ќе ме испрати Партијата, таму ќе одам”. На тоа Захаријадис му одговори: “Ќе одиш во редовите на ДАГ да се бориш како “примерен борец!”. Така и се случи. (Види: Писмо од Вангел Којчев до ПБ на КПГ од 25 септември 1948 година во врска со распоредувањето на нова должност на некои раководители на НОФ по нивното суспендирање од раководството на НОФ. Егејска Македонија во НОБ 1948, Т. V..., док. 177, стр. 326.) На 5 октомври истата година Паскал Митревски беше испратен во редовите на 107-та бригада на ДАГ како обичен борец. Оваа наредба на ПБ на ЦК на КПГ лично му ја соопшти лидерот на ЦК на КПГ Никос Захаријадис. (Одлуката на ЦК на КПГ за отстранување на Паскал Митревскн од раководството на ЦС на НОФ тој ја примил достоинствено и храбро. Тоа го тврди и членот на Извршниот одбор на ЦС на НОФ Павле Раковски. Во врска со тоа, еве што пишува тој: “... Обајцата суспендирани раководители (се мисли на Паскал Митревски и на Михајло Керамитчиев, б.н.) требаше да заминат во редовите на ДАГ каде се гине. Митревски беше храбар човек и остана таков. Се држеше достоинствено, со некаков израз на смиреност и одлучност на лицето...” Види: Павле Раковски, КП на Грција и Македонците..., стр. 145.)

Меѓутоа, по отстапувањето на единиците на ДАГ од планината Грамос поради големиот притисок на непријателот (21 август 1948 година) и положбата на КПГ почна да се влошува. Впрочем уште од порано и во редовите на раководството на ЦК на КПГ се појавија големи разидувања и изби сериозна криза, а како главен виновник за тоа (според тврдењето на Никос Захаријадис) беше, командантот на Главниот штаб на ДАГ и председател на ПДВ на Грција Маркос Вафијадис. Поради тоа подоцна (август 1948 година) тој беше суспендиран од сите одговорни функции што ги заземаше во раководството на ДАГ и во ПДВ на Грција. (Раководството на КПГ на чело со Никос Захаријадис го суспендира Маркос Вафијадис од функцијата командант на Главниот штаб на ДАГ и од Секретаријатот на ЦК на КПГ поради неговите ставови дека “ДАГ не треба да води

фронтална борба, туку партизанска војна". За ова види; Резолуција на V-от пленум на ЦК на КПГ од 31 јануари 1949 година. Егејска Македонија во НОБ 1949, Т. VI. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1949 година. Превод и редакција: Др Ристо Кирјазовски и Фани Буцкова-Мартинова. Архив на Македонија, Скопје, 1983, док. 15, стр. 37-39 и Извештај на Михајло Керамитчиев, Илија Димовски-Гоче и Вангел Ајановски-Оче од 10 февруари 1949 година во врска со разговорите што ги воделе претставните на КПГ - НОФ во Скопје. Истото: док. 26, стр. 76-77.)

Поради кризата што настана и во редовите на КПГ, раководството на ЦК на КПГ беше принудено да го одржи својот Четврти пленум на ЦК на КПГ. На Пленумот што се одржа пред суспендирањето на Маркос Вафијадис, односно на 28-29 јули 1948 година, покрај другото беше констатирано дека: "Раководството на КПГ не успеало да ги уништи опортунистичкото капитуланство и колебливоста внатре во партиските организации, не успеало да покрене едно сенародно движење во градовите итн." (Види: Резолуција на IV-от пленум на ЦК на КПГ од 28 и 29 јули 1948 година. Егејска Македонија во НОБ 1948, Т. V..., док. 155, стр, 286.) Тоа од една страна навистина така беше, но од друга страна, како што ќе видиме подолу, определувањето на КПГ на страната на Информбирото беше една од главните причини која уште повеќе ја отежнуваше работата не само на раководството на КПГ, туку и на организацијата НОФ. Поради ваквата недоследност на КПГ спрема НОФ и борбата на македонскиот народ, организацијата НОФ постепено почна да ја губи својата акциона способност, се разбира, со многу тешки последици за натамошниот развој на македонската борба, а во склопот на тоа и за успехот на ДАГ.

Организаторите и активистите на НОФ, загрижени за тешката положба во која се најде нивната организација, почнаа остро да реагираат и да бараат од КПГ да го коригира својот неправилен однос, односно доследно да ги исполнува своите обврски, кои ги презеде во октомври 1946 година во врска со спроведувањето на дело на спогодбата за обединување на НОФ со КПГ. По нивно упорно барање, раководството на ЦК на КПГ

ги врати македонските раководители во редовите на НОФ, кои неоправдано беа суспендирани од страна на КПГ. Тоа се однесуваше и за Паскал Митревски. Тој заедно со другите суспендирани раководители на НОФ се врати во раководството на Главниот одбор на НОФ. Тоа се случи вака:

Како што рековме и погоре, по суспендирањето на Паскал Митревски од функцијата секретар на ЦС на НОФ (со решение кое беше донесено на Првиот пленум на ЦС на НОФ под притисок и на лидерот на КПГ), тој беше испратен во редовите на 107-та бригада на ДАГ за да служи во нејзините редови како “примерен” борец. Меѓутоа во првата половина на декември 1948 година, му беше соопштено да ги напушти редовите на 107-та бригада на ДАГ и да се јави кај генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис. (Паскал Митревски, Биографски белешки од борбата...) На средбата со водачот на КПГ му беше речено дека командата на 107-та бригада на ДАГ најдобро се изразила за неговото држење и искушенија за време на сите борби, во коишто учествувал и храбро се борел. Поради тоа, Главниот штаб на ДАГ донесе решение да го постави на должноста политички комесар во 14-та бригада на ДАГ, (Паскал Митревски, Критички осврт на трудот на Вангел Ајановски-Оче, “Егејски бури”..., стр. 204. Истото: Биографски белешки...) која со другите единици на ДАГ ќе учествува во акциите за заземањето на градовите: Воден, Негуш и С’боцко.

Што се однесува за учеството на Паскал Митревски во борбите за заземањето на споменатите градови, особено во борбите за заземањето на градот Воден, неговото држење и придонес беше оценето од страна на командата на Штабот на ДАГ како многу позитивно. (Паскал Митревски, Критички осврт на трудот на Вангел Ајановски-Оче, “Егејски бури”..., стр. 204. Истото: Биографски белешки...)

На ова место потребно е да потсетиме дека во борбите за заземањето на градот Воден, командантот на 114-та бригада на ДАГ Георгиос Георгијадис “покажал” малодушност и нерешителност, поради што веднаш потоа беше осуден на смрт од воениот суд на Главниот штаб на ДАГ и стрелан.

Оценката за храброто држење на Паскал Митревски во гореспоменатите борби беше пренесена кај другите борци на ДАГ и во Главниот штаб на ДАГ. Во врска со тоа, политичкиот комесар на Главниот штаб на ДАГ и член на ПБ на ЦК на КПГ, Василис Барџотас, говорејќи на еден масовен собир на единиците на ДАГ на слободната територија на Вичо за успешната борба на единиците на ДАГ против непријателот, исто така многу похвално се искажа и за борбената активност на Паскал Митревски. (Паскал Митревски, Критички осврт на трудот на Вангел Ајановски-Оче, "Егејски бури"..., стр. 204. Истото: Биографски белешки...) За храброста на Митревски се искажа и генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис, кој на една проширена седница на Извршниот одбор на ЦС на НОФ, меѓу другото, го рече и следното:

"Држењето на Паскал Митревски за времето кога беше суспендиран од раководството на ЦС на НОФ, беше примерно и јуначко." (Евдокија Баљова-Вера, "Сеќавања"…)

По завршувањето на споменатите борби и враќањето на единиците на ДАГ на слободната територија на планината Вичо, во втората половина на февруарн 1949 година Паскал Митревски привремено беше ослободен од редовите на ДАГ и му беше доверена задача да подготви реферат, кој ќе биде поднесен на претстојниот Втор конгрес на НОФ. Овде веднаш треба да укажеме на тоа дека вистинските причини за враќањето на Паскал Митревски и на неговите другари во редовите на раководството на НОФ ќе бидат поврзани со желбата на КПГ и ДАГ да мобилизира нови борци во ДАГ од македонските редови, но, за жал, овој пат и малолетни деца кои престојуваа во народните републики, па дури и трудни жени.

## ВТОРИОТ КОНГРЕС НА НОФ

Кризата, што повторно ја зафати организацијата НОФ, налагаше што поскоро да се свика Вториот конгрес на НОФ за да се отстранат на неговото заседание сите насобрани проблеми, аномалии и грешки што се натрупале во организацијата НОФ. Меѓутоа, како што е познато, кризата во НОФ постојано ја зголемуваа и превртливите ставови на

раководството на ЦК на КПГ по македонското национално прашање. Имено, ЦК на КПГ на својот Петти пленум, кој го одржа во јануари 1949 година, го напушти ставот за “национална рамноправност” на македонското малцинство во Грција и истиот го замени со “правото на самоопределување” на македонскиот народ. (Види: Резолуција на V-от пленум на ЦК на КПГ, во која меѓу другото се прифаќа нов став по македонското национално прашање. Егејска Македонија во НОБ 1949, Т. VI..., док. 15, стр. 44.) По неколку дена ЦК на КПГ ја прокламира паролата: “Слободна македонска држава во рамките на Балканската Федерација”. (Поточно, три дена потоа, раководството на КПГ ја истакна паролата: “Создавање на македонска држава во рамките на Балканската федерација”. Види: Говор на Никос Захаријадис, којшто го одржа на Вториот пленум на ЦС на НОФ. Во својот говор, тој им го призна правото на Македонците тие да формираат посебна македонска држава. Истото: док. 20, стр. 54-55. Се разбира, со ваквата парола, во услови на постоење на македонска национална република во рамките на југословенската федерација, раководството на КПГ упорно се стремеше да го вклучи македонското национално прашање како составен дел во информбировската антијугословенска и антимакедонска кампања. Тоа го потврдува и едно писмо на ЦК на КПЈ, испратено до ЦК на КПГ, во коешто му обрнува внимание за штетноста на демократското движење во Грција со ваквата одлука на ЦК на КПГ. Во писмото се вели следното:

До ЦК на КПГ

Во врска со денешната политика на КПГ по македонското национално прашање, ЦК на КПЈ смета за потребно да укаже на следните факти:

1. ЦК на КПЈ смета дека ставот што го заседе V-от пленум по прашањето на Егејска Македонија, во основата е правилен и полезен за денешната ослободителна борба на грчкиот народ.

2. Сепак ЦК на КПЈ се чуди дотолку повеќе поради тоа што по Вашиот Пленум, на II-от пленум на НОФ во Вичо беше донесена резолуција во којашто се вели дека во март Конгресот

на НОФ ќе го прокламира обединувањето на Македонија во една единствена независна и рамноправна македонска држава во рамките на народна демократска федерација на балканските народи.

ЦК на КПЈ смета дека таквиот став не е во согласност со одлуката на Пленумот и е штетен и опасен за натамошниот развој на борбата на грчкиот народ и може да го поткопа единството на борците на ДАГ, коешто денес е основна потреба за вашата борба.

3. ЦК на КПЈ овој став го засновува врз следното:

а) Истакнувањето на паролата за создавања независна македонска држава во рамките на балканска федерација денес не е актуелно. Таа само го одвлекува вниманието на грчкиот народ и на Македонците од Егеј од основната задача на заедничката борба против монархофашистите. Воопшто не е сватливо како некој може во името на еден дел на македонскиот народ, независно дали е тој од Македонците во Егеј или Пирин, да сака да го реши македонското прашање во целост, немајќи односи, ниту договор со Народна Република Македонија, во која веќе е собрано мнозинството од македонската нација. Сметаме дека таквата политика е насочена против ФНРЈ. Еден таков став ги вооружува монархофашистите и Англо-американите против ослободителната борба на грчкиот народ, а создава разновидни раздори меѓу балканските народи.

Поради тоа, ЦК на КПЈ смета дека ЦК на КПГ треба да го спречи водењето на таквата политика на Конгресот на НОФ на Македонија. Истовремено ве молиме да ни дадете објаснување, кои беа вашите ставови од кои се раководевте за да го поставите ова прашање без предходна консултација со ЦК на КПЈ. Одговорете ни во врска со вашиот став за следното: Бидејќи вашата радиостаница ја соопшти одлуката на НОФ на Македонија и бидејќи во врска со тоа пишуваат и бугарските весници, ние сме принудени да заземеме соодветен став во врска со тоа преку нашиот печат...” ЦК на КПЈ, 3 март 1949 година. Документот е цитиран од: Егејска Македонија во НОБ 1949, Т. VI..., док. 44, стр. 105-106.) Од ова јасно се гледа дека

со ваквите несериозни ставови, раководството на КПГ постојано си играше со чувствата на македонскиот народ и ги изневеруваше неговите идеали за слободен живот.

Вториот конгрес на НОФ свечено беше одржан на 25-26 март 1949 година, во црквата на селото Нивици, Преспанско. Централниот совет на НОФ предходно се обратил со молба до Народниот фронт на НР Македонија да му испрати неколку афиши и други пропагандни материјали за да го симболизираат значењето на Конгресот. Народниот фронт на Македонија испратил два вида афиши во голем број примероци, конгресни значки и други пропагандни материјали. (Евдокија Баљова-Вера, “Сеќавања”...)

На Конгресот учествуваа над 350 делегати од окружните и околиските организации на НОФ, околу 150 членови на НОФ кои служеа во редовите на ДАГ и скоро сите членови на ЦС на НОФ и други. Вкупно околу 700 делегати. Исто така на Конгресот беа поканети гости од страна на КПГ, кои беа предводени од генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос Захаријадис; од страна на АКЕ на чело со Иоанис Вурнас; од Привремената демократска влада на Грција и од Главниот штаб на ДАГ предводена од министерот и генерал - потполковникот на ДАГ Костас Гивтодимос-Караѓоргис; од турската народност во Грција и делегација од т.н. Македонско друштво во Бугарија, која беше предводена од неговиот претседател, Ристо Калајџиев. (Поздравна телеграма до Вториот конгрес на НОФ, од делегацијата на Македонците од Бугарија која присуствуваше на Конгресот. Егејска Македонија во НОБ 1949, Т. VI..., док. 85, стр. 180.) На Конгресот беше поканета и делегација од Народниот фронт на НР Македонија. Меѓутоа, од разбирливи причини, таа не учествуваше во неговата работа.

Во отсуство на претседателот на ЦС на НОФ Михајло Керамитчиев, заседанието на Вториот конгрес на НОФ свечено го отвори потпретседателот на ЦС на НОФ Евдокија Николовска-Вера. Со тоа Вториот конгрес на НОФ ја отпочна својата работа.

Главниот реферат, кој беше напишан од поранешниот секретар на ЦС на НОФ Паскал Митревски и усвоен од Секретаријатот на ЦС на НОФ, беше прочитан од Вангел Којчев, кој привремено ја вршеше функцијата секретар на ЦС на НОФ. (Конгресните документи од Вториот конгрес на НОФ се објавени во истата едиција: док. 67, стр. 137-139, док. 75, стр. 155-157 и док. 76, стр. 158.)

Делегатите на Конгресот, во своите искажувања посебно внимание му посветија на прашањето во врска со понатамошното јакнење и зацврстување на борбеното единство на македонскиот со грчкиот народ.

Меѓутоа, и тука веднаш треба да укажеме на тоа дека работата на Конгресот уште од самиот почеток многу тешко се одвиваше. Генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис, со разни махинации и демагошки ставови спротивни на националните интереси на македонскиот народ, не само што ја саботираше работата на Конгресот, туку настојваше да го искористи за свои антијугословенски и антимакедонски цели во духот на ИБ.

На Конгресот настапи и делегатот на “Македонското друштво” од НР Бугарија Ристо Калајџиев. Уште од самиот почеток тој отворено почна да ја напаѓа Југославија и НР Македонија во духот на ИБ. Поради ваквиот клеветнички настап на делегатот од “Македонското друштво” во Бугарија, помеѓу учесниците на Конгресот се создаде негодување и револт, а некои од нив, во знак на протест ја напуштија конгресната сала.

## ЗАДАЧИ УСВОЕНИ НА ВТОРИОТ КОНГРЕС НА НОФ

Значењето на Вториот конгрес на НОФ се состои во тоа што при неговата завршна фаза делегатите усвоија неколку значајни задачи за извршување. Најглавните беа:

1. Да се развива и да се зајакнува националното единство на македонскиот народ;

2. Да се развива и да се зацврстува борбеното единство помеѓу македонскиот и грчкиот прогресивен народ, што ќе претставува главен услов за успех на заедничката борба;

3. Да се консолидират редовите на НОФ и АФЖ, а паралелно со тоа да се обнови македонската младинска организација НОМС;

4. Организациите НОФ, АФЖ и другите борбени структури да се залагаат што помасовно и сестрано да го мобилизираат борбениот потенцијал на македонскиот народ во борбата против непријателот;

5. Организацијата НОФ да стане вистински носител на народната власт и националната рамноправност во сите области на Егејска Македонија;

6. Централното раководство на НОФ да настојува да воспостави вистински рамноправни односи и соработка со сите прогресивни организации во Грција, кои ќе се борат на страната на ДАГ. (Види: Резолуција усвоена на Втроиот конгрес на НОФ, Глава II, Ставови, Решенија, Задачи, Истото: док. 76, стр. 159-162.)

На крајот од својата работа, Вториот конгрес на НОФ со тајно гласање избра и нов Централен совет на НОФ од 51 редовен член и 34 кандидати. (Види: Гласачка листа за избор на членови во Главниот одбор на НОФ на Македонците од Егејска Македонија, предложени на Вториот конгрес на НОФ. Егејска Македонија во НОБ 1949, Т. VI..., док. 74, стр. 154-155.) На конститутивниот состанок на Централниот совет на НОФ беше избрано и претседателство на ЦС на НОФ во состав од 5 члена. За претседател беше избран Палкал Митревски, за потпретседател беше избрана Евдокија Николовска-Вера, за секретар беше именуван Михали Маљов, а за членови беа избрани Павле Раковски и Вангел Којчев. (Види: Соопштение за состанокот на Извршниот одбор на Централниот совет на НОФ од 1 април 1949 година, на којшто беше избрано претседателство на ИО на ЦС на НОФ. Истото: док. 88, стр. 184-185.) На истата седница на ЦС на НОФ беше избран и извршен комитет на ЦС на НОФ од 11 членови и 3 кандидати.

Извршниот комитет на НОФ го сочинуваа: Паскал Митревски, Евдокија Николовска-Вера, Михали Маљов, Павле Раковски, Вангел Којчев, Минчо Фотев, Ставро Кочев, Крсто Мангов, Вангел Ничев, Уранија Јурукова и Ташос Гушопулос-Маки. Кандидати на Извршниот комитет на НОФ беа: Ламбро Чолаков, Андон Сикавица и Димитар Приков.

На истата седница, Централниот совет на НОФ даде согласност како претставник од страна на НОФ во својство на министер за снабдување при Привремената демократска влада на Грција да биде одреден Паскал Митревски, (Соопштение на Привремената демократска влада на Грција по повод нејзиното реорганизирање со учество на претставник на НОФ. Истото: док. 92, стр. 192-193. Истото: док. 98, стр. 206.) додека Стравро Кочев да биде именуван за претседател на Дирекцијата за национални малцинства што живеат во Грција при ПДВ на Грција. (Соопштение на Привремената демократска влада на Грција по повод нејзиното реорганизирање со учество на претставник на НОФ. Истото: док. 92, стр. 192-193. Истото: док. 98, стр. 206.) Вангел Којчев да биде избран за член при Вишниот воен совет на ДАГ, (Соопштение на Привремената демократска влада на Грција по повод нејзиното реорганизирање со учество на претставник на НОФ. Истото: док. 92, стр. 192-193. Истото: док. 98, стр. 206.) а Крсте Мангов и Андон Сикавица, да бидат назначени за претставници, односно за повереници при ПДВ на Грција (првиот за Народноослободителните одбори, а вториот, да одговара по прашањата на македонското школство и образование).

Спроведувајќи ги решенијата на ЦК на КПГ, (Како што споменавме и на друго место, раководството на КПГ на својот Петти пленум, кој го одржа во јануари 1949 година, го напушти ставот "Рамноправност на македонското малцинство во рамките на грчката држава" и го прифати ставот "Самоопределување на македонскиот народ". Во духот на овој нов став по македонското национално прашање ЦК на КПГ донесе решение да се обнови македонската младинска организација НОМС.) Централниот совет на НОФ на својата седница, одржана на 1 април 1949 година донесе решение да се обнови македонската младинска организација НОМС. (Види: Соопштение на ЦС на

НОФ, во врска со одлуката што ја донесе за обновата на организацијата НОМС во Егејска Македонија. Истото: док. стр. 185.) Врз основа на ова решение, ЦС на НОФ го задолжи другарот Минчо Фотев (како поранешен секретар на НОМС, а сега иден претседател на Главниот одбор на НОМС), заедно со поранешните раководители на НОМС: Тодор Кочев-Виктор, Ташко Хаџијанев, Гого Петричевски, Петре Аспровски, Махи Пилаева Петре Шорев-Фидан и други, повторно да ја обнови македонската младинска организација НОМС за Егејска Македонија. (Види: Информација за одржаниот младински кадровски актив на Македонците од Егејска Македонија за обнова на организацијата НОМС од 6 мај 1949 година. Истото: док. 117, стр. 247-248. Истото: Соопштение за обнова на организацијата НОМС за Егејска Македонија. док. 118, стр. 248.) Тоа беше потребно, бидејќи на раководството на ДАГ, како што рековме и порано, му требаа нови борци од македонската младинска средина. Тоа, раководството на НОФ го знаеше повеќе од добро, но се раководеше пред се од потребата да се води борба со противникот до крај. Поради тоа новото раководство на НОМС се обрати и со проглас до македонската младина, во кој ја повикува целосно да се вклучи во редовите на НОМС и уште помасовно да се бори против грчките угнетувачи. (Види: Проглас на Централниот совет на организацијата НОМС од 6 мај 1949 година, по повод нејзиното обновување. Истото: док. 119, стр. 249-250.)

Уште од првиот ден, по одржувањето на Вториот конгрес на НОФ, членовите и симпатизерите на организацијата НОФ со голема љубов и пожртвуваност пристапија кон релизирањето на задачите усвоени на Конгресот. Благодарение на неуморната активност на македонските родољуби организацијата НОФ во многу кратко време успеа да ги прошири и да ги зацврсти своите позиции во редовите на ДАГ, во народната власт и во сите структури на македонското националноослободително движење.

Еве, на кратко неколку примери за улогата и придонесот на НОФ за вооружената борба на ДАГ;

1. Благодарение на неуморната пожртвуваност на членовите на организацијата НОФ, во редовите на ДАГ се бореа над 14.000 македонски борци ол вкупно 40.000 колку што ги имаше ДАГ (Ристо Кирјазовски, Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија..., стр. 389.) и скоро целото македонско население се бореше во помошните единици на ДАГ.

2. Организацијата НОФ беше активен чинител и при реорганизацијата на Привремената демократска влада на Грција. Како што рековме и погоре, во составот на ПДВ на Грција, организацијата НОФ се избори да има свој претставник во името на Паскал Митревски како министер за снабдување. Исто така Воениот совет на ДАГ беше застапен со претставник од страна на НОФ, во името на Вангел Којчев.

3. Од причини споменати погоре, овој пат скоро при сите воени штабови на ДАГ, почнувајќи од баталјон па се до Главниот штаб на ДАГ, во вид на помошен политички комесар, организацијата НОФ имаше и свој претставник. Така на пример, при ГШ на ДАГ како помошник на политичкиот комесар од страна на НОФ беше назначен Минчо Фотев, кој истовремено беше и претседател на Главниот одбор на НОМС за Егејска Македонија. (Паскал Митревски, Критички осврт на трудот на Вангел Ајановски-Оче, “Егејски бури”..., стр. 205.)

4. Исто така и Евдокија Николовска-Вера, која ја вршеше функцијата секретар на Главниот одбор на АФЖ за Егејска Македонија, истовремено беше избрана и за потпретседател на Сегрчката организација на жените на Грција. (Евдокија Баљова-Вера. “Сеќавања”...)

Како што рековме и на друго место, организацијата НОФ беше и политички носител на народната власт во сите области на Егејска Македонија, односно таа ги одредуваше кандидатите за избор во околиските, градските и селските Народноослободителни одбори. На пример, за претседател на Народниот одбор за Костурско беше избран Крсте Мангов (Од село Д’мбени Костурско. Член на КПГ беше од пред Втората светска војна. За време на НОБ активно се вклучува во борбата

против окупаторот. Во 1945 и 1947 година беше секретар на Окружниот одбор на НОФ за Костурско, потоа претседател на Народната власт во Костурско. Загина на 11 август 1949 година во селото Брезница, Костурско. Поопширно види: Ташко Мамуровски, Светли ликови од Егејска Македонија (1945-1949). стр. 75-79.), а за Леринско - Ристо Коленцев-Кокинос (и двајцата членови на ЦС на НОФ б.н.) итн.

На ова место потребно е да го истакнеме и тоа дека и самото раководство ва КПГ на чело со нејзиниот генерален секретар Никос Захаријадис, согледувајќи ја се поголемата популарност и динамика на организацијата НОФ, која произлегуваше од нејзината доследна националноослободителна политика и од големата приврзаност на македонскиот народ кон идеалите на својата организација, беше принудено да и даде високо признание на организацијата НОФ и на целиот македонски народ за неговото масовно учество и пожртвуваност во заедничката борба со грчкиот прогресивен народ против домашниот и надворешниот непријател. Како потврда на тоа ќе наведеме неколку искажувања на некои високи раководители на КПГ, на ПДВ на Грција и на Главниот штаб на ДАГ. На пример, Никос Захаријадис, во својот поздравен говор што го одржа на Првата Окружна конференција на КОЕМ (Комунистичка организација за Егејска Македонија) за Леринско, меѓу другото, го рече и следното:

“...НОФ го претставуваше македонското ослободително движење. Во суштина НОФ ги изразуваше стремежите на македонскиот народ да се бори за да го извојува своето социјално ослободување и национално воспоставување...” (Види: Поздрабен говор на Никос Захаријадис од 15 јули 1949 година, којшто го поднесе на Првата окружна конференција на КОЕМ за Леринско. Егејска Македонија во НОБ 1949, Т. VI..., док. 174, стр. 370.)

Петтиот пленум на ЦК на КПГ во својата Резолуција, во која се зборува и за придонесот на Македонците за ДАГ, меѓу другото, се истакнува:

"...Во Северна Грција славомакедонскиот народ даде се за борбата и се бори со нечуен хероизам и самопожртвување што предизвикува восхит." (Види: Резолуција на V-от Пленум на ЦК на КПГ од 31 јануари 1949 година, во којашто покрај другото, се прифаќа нов став по македонското национално прашање и му се дава право на македонскиот народ за "самоопределување". Истото: док. 15, стр. 44.)

Генералот на ДАГ Костас Гивтодимос-Караѓоргис, како претставник на ПДВ на Грција и на ГШ на ДАГ, во својот поздравен говор што го одржа на Вториот конгрес на НОФ, за жртвите што ги даде македонскиот народ во борбата за слобода, меѓу другото, кажа:

"...Малку се местата на земјата што се толку оросени со крв како што е македонската земја, а малку се народите, кои толку стенкале и се мачиле под разни јареми и ропство како што е македонскиот народ." "...Педесет години веќе како упорно се бори македонскиот народ со самопожртвување за самоопределување и слобода..." (Види: Поздравен говор на Костас Гивтодимос-Караѓоргис, којшто го поднесе на Вториот конгрес на НОФ, на 26 март 1949 година. Истото, док. 69, стр. 143-144.)

Во говорот на секретарот на Сегрчкиот сојуз на демократските жени на Грција, Рула Кукулу (жена на Никос Захаријадис, б.н.), на првата конференција на демократските жени на Грција, за херојството на македонската жена се среќава и следното:

"…Одделно место во нашата голема борба заземаат и Славомакедонките, жени-херои на словеномакедонскиот народ, кои со годиди беа измачувани од фашистичката тиранија. Уште со поголемо зло и бес ги прогонуваа фашистите во новата (англоамериканската, б.н.) окупација. Меѓутоа, Словеномакедонката стои гордо и се бори организирана во АФЖ. Прва во целата земја пронижена од непријателски куршуми на новата окупација падна Ирина Гинова-Мирка..." (Види: Дел од рефератот на Рула Кукулу, Секретар на Сегрчкиот демократски сојуз на жените поднесен на 3 март

1949 година на Првата конференција на оваа организација. Истото: док. 45, стр. 107.)

Политичкиот комесар на Главниот штаб на ДАГ, Василис Барџотас, во својот говор што го одржа на советувањето на политичките комесари на ДАГ на 20 март 1949 година, за придонесот на македонските борци во редовите на ДАГ, наведува:

“...Словеномакедонските борци и офицери се сметаат за едни од најдобрите борци на ДАГ. Тие се бореа и се борат јуначки. Тој херојски народ даде се од себе. Тој ги жртвува своите деца, својот имот своите куќи. Секоја куќа има по еден ранет или загинат човек. Во единиците на ДАГ на планината Вичо 20-50% од борците се Словеномакедонци...” (Види: Реферат на Василис Барџотас, политички комесар на ГШ на ДАГ, поднесен на 20 март 1949 година на советувањето на политичките комесари на ДАГ од подрачјето Вичо. Истото: док. 63, стр. 129.)

Во истиот реферат Василис Барџотас беше принуден да ги признае некои неправилности и омаловажувања спрема македонските борци од страна на некои грчки националисти и шовинисти, кои служеле во редовите на ДАГ.

Вакви изјави од највисоките раководители на КПГ и ДАГ, кои се однесуваа за хефојството и придонесот на македонските борци во редовите на ДАГ и воопшто за огромните жртви што ги даде македонскиот народ ги има многу.

Тука потребно е да го истакнеме и тоа дека организацијата НОФ во рамките на своите активности, постојано се афирмираше и на меѓународен план. Имено, во составот на делегациите на ПДВ на Грција и на другите грчки прогресивни организации, исто така и претставниците од организацијата НОФ земаа учество во организираните разни меѓународни собири и манифестации; се вклучуваа во работата на меѓународните демократски активности итн. На пример, на Меѓународниот конгрес на светската организација на демократските жени, кој се одржа во декември 1948 година во Будапешт, во составот на делегацијата на демократските жени

на Грција се наоѓаа и делегатки на АФЖ од Егејска Македонија, предводени од секретарот на Главниот одбор на АФЖ Евдокија Николовска-Вера. (Евдокија Баљова-Вера, “Сеќавања”...) Многу важно е да се одбележи дека на овој Конгрес Евдокија Николовска-Вера беше избрана за кандидат- член во Секретаријатот на Светската организација на демократските жени. (Евдокија Баљова-Вера, “Сеќавања”...)

На Меѓународниот конгрес на мирот, (Види: Прокламација на Организациониот комитет на Грција од 27 март 1949 година, за одржување на Светскиот конгрес на приврзаниците на мирот, за задачите на Конгресот и за учеството на Грција на Конгресот. Егејска Македонија во НОБ 1949, Т. VI..., док. 79, стр. 170-171.) кој се одржа во април 1949 година во Прага, во составот на делегацијата на грчките демократи учествуваа и претставници од организацијата НОФ, и тоа: Евдокија Николовска-Вера во својство на потпретседател на ЦС на НОФ; Павле Раковски како член на ЦС на НОФ и Андон Сикавица. На овој Кокгрес претставникот на НОФ Павле Раковски, во својот поздравен говор сите претставници ги поздрави на македонски јазик. (Говорот на Павле Раковски парафразиран во целост, се наоѓа во неговата “Автобиографија”, која се чува во приватната архива на неговото семејство, а дел од говорот преведен на грчки јазик е објавен во едицијата: Егејска Македонија во НОБ 1949, Т. VI..., док. 109, стр. 224-225.) Неговиот говор беше примен со бурно ракоплескање.

Во тричлената владина делегација на ПДВ на Грција и на КПГ, која присуствуваше на закопот на истакнатиот лидер на меѓународното работничко и комунистичко движење, односно претседател на НР Бугарија, Георги Димитров, се наоѓаше и претседателот на ЦС на НОФ и министер по снабдувањето во ПДВ на Грција, Паскал Митревски. (Паскал Митревски, Прилог кон автобиографијата...)

Преку сите споменати активности се настојуваше да се пренесе гласот на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, со кој се манифестираа неговите ослободителни стремежи.

Меѓутоа, многу важно е да се одбележи дека генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис, како и порано, така и сега, со своите превртливи и демагошки ставови, оцени дека повторно дојде време да го наклевети и да го оцрни претседателот на ЦС на НОФ Паскал Митревски и неговите другари како "југословенски агент", кој наводно бил уфрлен од страна на Тито во редовите на НОД во Грција. Имено, на 24 март 1949 година, во селото Нивици, Преспанско, во училишната зграда на селото, водачот на КПГ свикал итен состанок со повеќе военополитички раководители на НОФ и ДАГ, со единствена точка од дневниот ред:

"Паскал Митревски да го определи својот став спрема Југославија".

Тој, иако мошне изненаден, најде доволно сили да ги демантира и да ги отфрли овие клеветнички провокации упатени на негова адреса. На крајот од својот говор, Митревски револтирано го изјави следното:

"...Мене денес не може веќе никој да ме убедува дека Југославија и Тито отидоа по патот на капитализмот. Јас како комунист и борец на Демократската армиија на Грција ќе ја продолжам борбата против грчкиот монархофашизам и англоамериканскиот империјализам се до конечното ослободување на мојот народ..." (Паскал Митревски, Прилог кон автобиографијата...)

Ваквите превртливи и несериозни ставови на Никос Захаријадис во однос на македонското национално прашање можат да се потврдат и од многубројните документи од тоа време коишто се објавени во единијата: "Егејска Македонија во НОБ 1945-1949", издание на Архивот на Македонија и во зборникот документи под наслов: "КПГ и македонското национално прашање (1918-1974)" во издание на истиот архив.

На состанокот сите присутни македонски раководители на НОФ со ракоплескање го поздравија настапот на Паскал Митревски и му честитаа за неговата смелост и за неговиот

правилен став спрема Југославија. Неодговарајќи ништо, Захаријадис налутено ја напушти салата...

Навистина, чудна беше логиката на истакнатиот водач и лидер на КПГ во однос на македонското национално прашање. Како искусен демагог и фанатик, зависно од своите големогрчки потреби, тој неедваш им се “восхитуваше” на храброста на македонските раководители на НОФ и борци на ДАГ, а друг пат, истите ги клеветеше и ги напаѓаше како непријатели на демократското движење на Грција.

# Глава седма

ОДНОСОТ НА КПГ СПРЕМА НОФ ПО РЕЗОЛУЦИЈАТА НА ИБ

## УНИШТУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ НА КПГ ПРОТИВ НОФ ПО РЕЗОЛУЦИЈАТА НА ИБ

Нападите и притисоците на КПГ против македонската организација НОФ никогаш не престануваа. Но, како што споменавме и погоре, нивната кулминациона точка ќе биде достигната по објавувањето на Резолуцијата на Информбирото во јуни 1948 година која ќе биде насочена против КПЈ и Југославија. (Види: Циркуларно писмо на ПБ на ЦК на КПГ од 30 јуни 1948 година, испратено до политичките комесари на ДАГ, со коешто тие се запознаваат со Резолуцијата на ИБ против КПЈ и за ставот на КПГ по тоа прашање. Егејска Македонија во НОБ 1948, Т.V..., док. 140, стр. 260.) Фамозната Резолуција на ИБ доведе и до изменување на ставот на КПГ по македонското прашање. Имено, како што рековме и на друго место, Петтиот пленум на ЦК на КПГ го напушти ставот за полна “рамноправност” на Македонците од егејскиот дел на Македонија и истиот го замени со “правото на самоопределување”, (Види: Дел од Резолуцијата на v-от пленум на ЦК на КПГ со којашто на Македонците им се признава правото на самоопределување. КПГи македонското национално прашање 1918-1974 година..., док. 191, стр. 437-438.) а по неколку дена ја истакна паролата: “Обединета Македонија во рамките на Балканската Федерација”. (Види: Соопштение на ИО на ЦС на НОФ за одржаниот II пленум на НОФ, на којшто покрај другото, беше донесено решение да се свика II Конгрес на НОФ, а на кој требаше да се прокламира “обединувањето на македонскиот народ” во една единствена македонска држава во рамките на Балканската федерација. Егејска Македонија во НОБ 1949, Т.VI..., док. 19, стр. 54. Измената на ставот по македонското национално прашање, раководството на КПГ го мотивираше, од една страна, со потребата за масовно вклучување на те во борбата против непријателот, а од друга страна, наводно од притисокот што го вршела КПЈ против демократското движење на Грција. Се разбира, и во двата

случаја, овие тврдења на КПГ не се точни. Општо е познато дека Македонците и без тоа масовно учествуваа во борбата на страната на ДАГ. Тоа беше во духот на антијугословенската и антимакедонската кампања на Информбирото.) Добро се знаеше дека ваквиот ненормален однос и став на раководството на КПГ спрема НОФ и македонското национално прашање уште повеќе ќе ги заостри и така затегнатите односи меѓу НОФ и КПГ од една страна, и меѓу КПГ и КПЈ, од друга страна.

Недоследноста и опортунизмот на раководството на КПГ спрема НОФ и воопшто спрема македонското националноослободително движење од овој дел на Македонија ги потврдуваат ред непобитни факти. Како пример, може да ни послужи и изјавата на тогашниот генерален секретар на ЦК на КПГ Никос Захаријадис, која е поместена во книгата на Ахилеас Папајоану под наслов: "Тестаментот на Никос Захаријадис", издадена во Грција 1986 година. Во неа Никос Захаријадис, на едно место, меѓу другото, го истакнува и следното:

"... Нашиот став спрема словеномакедонското малцинство секогаш беше правилен. Рамноправност... Тој став беше стар став на нашата партија. Чест и е на КПГ што е прва партија на Балканот која не се согласи со ставот на III-та Интернационала за Автономна Македонија во духот на Балканската Федерација. КПГ беше и е најпатриотска партија во Грција која никогаш не го оспори суверенитетот на грчката територија. КПГ немаше никогаш да стигне дотаму да даде некому педа од грчката татковина, на никој..." (Ахилеас Папајоану, И дијатики ту Нику Захаријадис (Тестаментот на Никос Захаријадис), 1986, стр. 26.)

Понатаму во истата книга, Захаријадис револтирано подвлекува:

"... Признавањето на НОФ беше една од нашите грешки во однос на националното прашање. Тоа беше наложено од тогашната ситуација, нужна грешка, зло!..." (Ахилеас Папајоану, И дијатики ту Нику Захаријадис (Тестаментот на Никос Захаријадис), 1986, стр. 32.) НОФ, раководството на НОФ во ослободената територија, повторувам, беше едно

нужно зло... Не можевме да го избегнеме, зашто многу силна беше реакцијата од Скопје. Затоа надзорот на НОФ, како една деликатна точка од нашата борба во слободната територија ми беше одредено мене...” (Ахилеас Папајоану, И дијатики ту Нику Захаријадис (Тестаментот на Никос Захаријадис), 1986, стр. 52.)

Ваквиот непријателски однос на Захаријадис спрема НОФ, може да се види и во еден друг негов напис. Како продолжение за тоа, тој го потенцира следното:

“НОФ беше создаден од Тито-Колишевски... Неговото основачко и раководно јадро беше составено од Титови агенти од типот на Митревски, Керамитчиев, Гоце, Раковски и други, со единствена цел да ги унапредат интересите на белградските раководители во Егејска Македонија... Да го искористат славомакедонското прашање за остварување на нивните националистички планови - присоединувањето на Егејска Македонија...” (То ККЕ ап то 1918-1952 (КПГ од 1918 до 1952 година). стр 271.) Навистина, тука коментарите не се потребни.

Како што признава и самиот Никос Захаријадис, по Резолуцијата на ИБ, тој самиот лично се зафати да ја раководи и да ја контролира организацијата НОФ. Се разбира, неговата цел беше јасна... Тој со својот “авторитет” среде македонските маси, се стремеше по секоја цена да ја искористи организацијата НОФ за свои антијугословенски и антимакедонски цели. Со еден збор, тој настоуваше да го претвори НОФ во политички инструмент против КПЈ, Југославија и НР Македонија. (Поопширно за тоа види соодветни документи во едицијата: “Егејска Македонија во НОБ”, Т.VI и во Зборникот на документи: “КПГ и македонското национално прашање 1918-1974 година”.)

По својот неуспех да ја придобие организацијата НОФ за свои антијугословенски и антимакедонски цели, генералниот секретар на КПГ измисли да ја создаде, односно да ја наметне македонската организација КОЕМ (Комунистичка организација за Егејска Македонија). На нејзиниот основачки состанок што се одржа на 27 март 1949 година беше нзбрана и организациона комисија во состав: Михали Маљов, Вангел Којчев, Паскал

Митревски, Ставро Кочев, Евдокија Николовска (Баљова)-Вера, Вангел Ничев, Уранија Пировска, Христо Коленцев и Ташко Хаџијанев. ("Комунистичката организација на Егејска Македонија" (КОЕМ). Издание на Агит-Проп на НОФ од мај 1949 година. Се чува во архивот на Македонија во Скопје. За истото види и: Егејска Македонија во НОБ 1949, Т.VI..., док. 80, стр. 172, док. 81, стр. 172-176 и док. 82, стр. 177-178.) Оваа Комисија имаше задача да ја раководи организацијата КОЕМ се до одржувањето на Семакедонската конференција на КОЕМ, на која ќе биде избрано партиското раководство на КОЕМ. Подоцна, односно на 2 август 1949 година, на Првата земска конференција на КОЕМ, по предлог на секретарот на ЦК на КПГ Никос Захаријадис во раководството на КОЕМ, беа избрани 17 редовни и 14 заменици членови на КОЕМ, и тоа редовни членови: Михали Маљов, Вангел Којчев, Ставро Кочев, Христо Коленцев, Андон Сикавица, Паскал Митревски, Ташос Гушопулос, Пандо Вајна, Стерјо Дачов, Евдокија Николовска-Вера, Зисо Дељовски, Лазо Поплазаров, Вангел Ничев, Уранија Јурукова, Трајко Попсермеџиев, Ѓорги Неделков и Фоти Урумов. Заменици членови во раководството на КОЕМ беа: Крсто Мангов, Ахилеа Папајоану, Ламбро Гакидов-Џавела, Димитар Приков, Аргир Кузевски, Паскал Паскалевски, Атанас Ангеловски, Минчо Фотев, Ламбро Мосхов, Мичо Велаки, Махи Пилаева, Хрисанти Цанзовска и Андонија Филипова. (Види: Писмо од Никос Захаријадис, до Михали Маљов, секретар на КОЕМ, во кое ги регистрира имињата на оние лица што треба да бидат избрани во раководството на КОЕМ. Егејска Македонија во НОБ 1949, Т.VI..., док. 80, стр. 172, док. 81, стр. 172-176 и док. 82, стр. 177-178.)

Меѓутоа, како што ќе покажат идните настани, формирањето на организацијата КОЕМ со ништо не може да се оправда... Според самите искажувања на нејзините членови, таа немала никаква врска со праведната борба на македонскиот народ од овој дел на Македонија. Освен т.н. "Резолуција на КОЕМ", која ја создаде под притисок на раководството на КПГ со антијугословенска и антимакедонска содржина, таа ништо не направила за ослободителното дело на македонскиот народ. Основната нејзина цел беше да ја преземе во свои раце

раководната улога на НОФ за да ја претвори во инструмент за антијугословенската и антимакедонската пропаганда на ИБ.

## ДОКУМЕНТОТ Т.Н. "РЕЗОЛУЦИЈА НА КОЕМ"

Што се однесува за начинот и околностите под кои беше исфабрикувана "Резолуцијата на КОЕМ", досега постојат неколку верзии:

Во врска со првата верзија, Паскал Митревски тврди дека тоа се случи вака:

На 20 јуни 1949 година, по барање на Никос Захаријадис се одржа вонреден состанок на раководството на НОФ-КОЕМ, односно актив на КОЕМ во една пештера надвор од селото Вињани, меѓу селата Орово и Нивици, Преспанско. Пештерата беше обиколена од една единица на ДАГ. (Павле Раковски, КП на Грција и Македонците..., стр. 183. Истото: Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., стр. 374.) На состанокот, покрај кадрите на КОЕМ учествуваа и некои видни македонски борци кои служеа во редовите на ДАГ (вкупно 54 лица) и тоа: Павле Раковски, Михали Маљов, Вангел Којчев, Ставре Кочев, Ристо Коленцев, Лазо Поплазаров, Герман Петров, Димитар Велаки, Димитар Губиденски, Димитар Приков, Тане Наумов, Кирил Љапчев, Паскал Паскалевски, Филип Калков, Тего Стојчинин, Стерјо Дачов, Крсто Мангов, Минчо Фотев, Ташко Божиновски, Уранија Јурукова, Михали Попспиров, Марика Елкова, Коле Панов, Танас Ангеловски, Хрисанти Цанзовска, Ламбро Чолаков, Зисо Дељовски, Донка Филипова, Павле Шамандуровски, Павле Куфев, Василка Чепова, Дорче Глувчев, Трајко Попсермеџиев, Коле Симитчиев, Гого Петричевски, Махи Пилаева, Петре Шорев, Каљо Апчев, Фоти Илковски, Ахилеа Папајоану, Петре Ромев, Ташос Гушопулос (Гушевски), Пандо Вајната, Уранија Алиломова (Раковска) и Паскал Митревски. (Весн. "Непокорен", орган на ЦС на НОФ од јуни 1949 година. Истото: Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., стр. 383-389. Фотокопиран список на учесниците на состанокот.)

Како повод за одржувањето на состанокот послужи едно писмо, кое било составено на 2 јуни 1949 година во Скопје од другарите Михајло Керамитчиев и Илија Димовски-Гоче. Писмото беше адресирано до Централниот комитет на КПГ. Враќајќи се од Меѓународниот конгрес на мирот, членот на Главниот одбор на НОФ Павле Раковски помина преку Скопје каде што се сретна со споменатите другари. Тие му го предадоа споменатото писмо и тој го пренесе во седиштето на ЦК на КПГ. Според тврдењето на Паскал Митревски, со содржината на писмото (Писмото, иако е многу обемно, но поради значењето на неговата содржина, го приложуваме во целост на крајот на овој труд.) бил запознат Никос Захаријадис уште од првиот ден кога Раковски влегол во слободната територија на ДАГ во Преспа.

Паскал Митревски во својата биографија пишува дека Захаријадис на состанокот со македонските кадри на НОФ и КОЕМ, во своето уводно излагање, писмото на Керамитчиев-Гоче го карактеризира како провокаторско што претставува уште еден “доказ” за подривачката и непријателска дејност, која (наводно б.н.) секогаш ја вршела, а и сега продолжува да ја врши оваа предавничка група преку своите агенти на КПЈ против КПГ и народноослободителното движење на Грција. Во продолжение на своето излагање, Захаријадис расправал и за организацијата НОФ. Тој го квалификува НОФ како агентурска организација на југословенската разузнавачка служба, а пред се, како агентура на КПЈ. (Во Резолуцијата на КОЕМ што сам ја напиша, Захаријадис во точката 6 отворено ја обвинува КПЈ за “фракционистичка и расцепувачка... работа во КПГ”, односно ДАГ. Според неговото тврдење во Егејска Македонија постоеле три шпионски центри. Едниот центар бил политички и се раководел од КПМ и лично од нејзиниот секретар Лазар Колишевски. Вториот центар тргнувал од ОЗНА, а третиот од II-то Биро на Штабот на ЈА. Првиот центар ги надгледуваше другите два чија работа била чисто шпиунска и поткопувачка, а имале во КПГ, во НОФ и општо во Егејска Македонија свои посебни организации и тројки, агенти, јавки и се стремеле кон истата цел - да ја поткопаат КПГ одвнатре. Види: Резолуција на Раководниот Актив на КОЕМ, 20. VI, 1949. Брошура, изд. “Елефтери Елада”, јуни 1949, стр. 5.)

Кога Захаријадис завршил да зборува, по него веднаш се јавил за збор и Паскал Митревски, но лидерот на КПГ веднаш го спречил да зборува и иронично му се обратил: “Лидерите зборуваат на крајот!” (Паскал Митревски, Прилог кон автобиографијата...)

После тоа дискусијата се водела во една напната атмосвера, во која преовладувало чувството и сознанието на една навредлива расправа. Но и покрај тоа некои од присутните членови на НОФ и КОЕМ на состанокот, како на пример Михали Маљов, Минчо Фотев и други наоѓаат смелост да го искажат своето незадоволство во одбрана на организацијата НОФ и на македонската борба. На Михали Маљов (кој истовремено беше и секретар на КОЕМ), Захаријадис му се обратил со зборовите: “Седи долу Маљо!... Виде што врши коњот на Митревски, а ти се фати за неговата опашка...” (Павле Раковски, Сеќавања за моето минато. Автобиографија. Се чува во приватната архива на семејството на Павле Раковски и Евдокија Баљова-Вера, “ Сеќавања”....)

На Паскал Митревски му се дозволило да зборува дури на крајот од состанокот. Тој во своето излагање, меѓу другото, го рекол и следното:

“Организацијата НОФ никогаш не била, а и сега не е, било чија агентура. Напротив, таа од првиот ден на своето раѓање била и останала чист и доследен израз на самопрегорната борба на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија против грчката десница и странските интервенционисти. Во текот на оваа борба НОФ израсна во широка сенародна организација. Поради тоа би било голема неправда и навреда на оваа организација да и се дава ваква карактеристика. Таа неправда станува уште поголема, дотолку повеќе што денес се прават определени обиди организацијата НОФ и нејзината дејност да се идентификуваат со некакви дејности и постапки на одделни другари, коишто одамна ги напуштиле нејзините борбени редови...” (Паскал Митревски. Прилог кон автобиографијата...)

Во врска со самото писмо на Керамитчиев-Гоче во продолжение на својот говор Митревски вели:

“...За мене не е прифатливо мислењето и претпоставката дека тоа писмо е напишано по налог или со било какво знаење на одговорните политички фактори во Скопје”. Како потврда на тоа тој го потенцира следното:

“...Самата форма и содржината на писмото (кое на повеќе места е бришано, прецртувано, несврзано и импровизирано, П.М.) се крајно несериозни. Тие (Керамитчиев и Гоче, б.н.) поставуваат определени услови за нивно враќање на теренот на Егејска Македонија во моментот, кога после Резолуцијата на ИБ против раководството на КПЈ границите се затворени и хајката против Југославија е во фаза на разгорување...”

Паскал Митревски во своите сеќавања го вели и тоа дека:

“Дадената карактеристика и третманот на организацијата НОФ како странска агентура, всушност преставува навреда и еден вид деградација на четиригодишната борба на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, а тоа може негативно да се одрази и врз неговото борбено распололожение...” (Паскал Митревски. Прилог кон автобиографијата...)

По настапот на Паскал Митревски и некои други раководители на НОФ и КОЕМ, Никос Захаријадис нервозно го заклучил состанокот со зборовите: “Партијата ќе ги преземе сите потребни мерки за да се сузбие непријателската дејност и да се осуети заверата што ја крои белградската предавничка клика и нејзините агенти против народноослободителното движење на Грција.”

Дваесет, а можеби и повеќе дена од одржувањето на состанокот - тврди Паскал Митревски - беше објавен во весниците фамозниот заклучок на КОЕМ кој всушност претставуваше пародија и обичен фалсификат. Имено, Захаријадис заедно со Мицос Парцалидис (од 1949 година претседател на Привремената демократска влада на Грција б.н.), напуштајќи го со изразито негодување состанокот, оставил на масата една

бела неиспишана хартија и рекол дека сите присутни на состанокот мораат да се потпишат на третата страна на хартијата.

Тука треба да се каже и тоа - подвлекува Паскал Митревски - дека “за време на потпишувањето не се водеше никаков увид и регистрација на потпишаните. Самата регистрација на присутните беше извршена во почетокот на состанокот. Покрај мене познато ми е дека еден број од присутните раководни кадри на НОФ, односно КОЕМ, воопшто не се потпишаа на хартијата, (Тоа го тврди и Ламбро Чолаков, од село Смрдеш, Костурско, член на Главното раководство на НОФ за Егејска Македонија; еден од учесниците на состанокот. “Сеќавања од НОБ”. Се чуваат кај авторот.) а некои од оние што се потпишале, нивните потписи беа сосема нечитливи. Поточно речено, овој документ ни најмалку не беше одраз на стварната волја на мнозинството од присутните учесници на состанокот, туку тој всушност претставуваше изнуден и произволен продукт на неговите автори, кои после состанокот го исконструираа согласно со желбите и целите, кои со тоа сакаа да ги постигнат.” (Во споменатиот список на учесниците на состанокот ги нема нивните своерачни потписи под т.н. “Резолуција на КОЕМ”.)

По гореспоменатиот состанок настапи период на поголем притисок и систематско и организирано следење на кадрите на НОФ.

Спротивно на ставовите на Паскал Митревски и Ламбро Чолаков за оваа Резолуција зазема Павле Раковски, член на Главното раководство на НОФ и одговорен по Агит-проп во НОФ. Тој во една своја монографија, во врска со тоа го пишува следното:

“... Наскоро по нејзиното формирање (се мисли на организацијата КОЕМ, б.н.), во ноќта на 19 спрема 20 јуни 1949 година, генералниот секретар на КПГ, Никос Захаријадис, прочита готова, резолуција и побара од 45-те присутни военополиткчки кадри, Македонци, членови на КПГ, да биде усвоена со јавно гласање и со потпис од секого што ќе гласа

“за”. За подобро запознавање со содржината на предложената резолуција беа поделени секому по еден примерок со датум 15 јуни 1949 година. Бев присутен, добив и јас. Тоа беше проинформбировски и антијугословенски документ во кој КПЈ, односно Југославија се обвинува за “подкопувачка и разузнавачка дејност против Грција, против КПГ, против НОБ на грчкиот и македонскиот народ, а во корист на англоамериканскиот империјализам”. “КОЕМ прогласува се вели во документот, дека КПЈ го издаде народнодемократскиот Блок и дека народите на Југославија, меѓу кои и македонскиот ги предава во рацете на империјализмот”. (Цитиран труд на Павле Раковски, КП на Грција а Македонците..., стр. 177.)

Во продолжение Павле Раковски пишува:

“... Но, како што правилно укажува Кирјазовски, (Ристо Кирјазовски, Народноослободителниот фронт и другите организации... стр. 305.) Резолуцијата не треба да се смета како Резолуција на Македонците”. Таа беше резолуција на раководителите на КПГ донесена неколку дена пред тоа, јасно врз основа на обвинувањата за “агентурска дејност” на НОФ во корист на Југославија, и преку неа , во корист на англоамериканскиот империјализам.

Тие со Резолуцијата се обидуваа да ја легализираат започнатата хајка на ловење на вештерки, односно за масовно гонење на Македонците како “Титови агенти”.

Како член на Секретарјатот на Централниот совет на НОФ, се обидов да го оспорам обвинувањето против НОФ за “агентурска дејност” и изјавив дека не сум правел пропаганда за Тито и Југославија. А, како што е познато, бев единствениот од присутните 45 што со оваа Резолуција бев казнет и испратен прост војник на фронтот Грамос, сектор Арападес.” (Павле Раковски, КП на Грција и Македонците..., стр. 178.)

“Било како било, јас ја потпишав Резолуцијата. Не затоа што како член на Партијата морав да бидам дисциплиниран на партиското раководство. Токму затоа што за мене партијноста не значеше слепа послушност, во октомври 1944 година дојдов

до отворен судир со грчките раководители и, во знак на активен протест и отпор, го одзедов од Гркот командант Воденскиот македонски баталјон на ЕЛАС (околу 480 борци, без првата чета) и го доведов ваму во НР Македонија, односно во ФНР Југославија (јасно, тоа во согласност со Џоџо Урдов). (Павле Раковски, КП на Грција и Македонците..., стр. 180.)

Ако е така, како што пишува Павле Раковски дека Резолуцијата на КОЕМ ја одобриле и ја потпишале скоро сите присутни раководители на состанокот на НОФ-КОЕМ, се поставува прашањето: Зошто тие така постапиле? Павле Раковски, од свое име, одговара:

"Се разбира, зборувам само од свое име. За другите, како непосреден сведок и соучесник на настанот, мислам дека мнозинството го прифатија и го потпишаа предложениот "партиски документ" по партиска должност, и ако тоа го сторија во услови на лошо прикривани закани и тероризам (бевме опколени од единица автономисти).

Па сепак, независно од сето тоа, фактот што раководството на македонското НОД не појде по линијата на отворен судир со грчките раководители, односно не предизвика нов расцеп, распаѓање и катастрофа на ДАГ, со тоа, практично: не изврши предавство на борбата што нашиот народ ја водеше заедно со дел од грчкиот народ, не стана предавник на ДАГ и востанието, а со тоа не им даде можност на луѓето во раководството на КПГ и ДАГ да "докажуваат" дека преку "агентурска дејност" на НОФ и неговите раководители, КПЈ, односно Југославија го организира поразот на ДАГ и востанието во грчката држава..." (Павле Раковски, КП на Грција и Македонците..., стр. 183.)

## АПСЕЊЕТО НА МАКЕДОНСКИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ НА НОФ И НИВНОТО СУДЕЊЕ

Во тоа време (3 јули 1949 година), грчките кралски единици ја започнаа својата решавачка офанзива против единиците на 24-та бригада на ДАГ на планината Кајмакчалан. По четиридневни тешки и крвави борби со надмоќниот непријател, борците на

оваа бригада беа принудени да се повлечат на територијата на Југославија.

Раководството на КПГ и ДАГ, настојувајќи да ја оправда својата одговорност за трагичниот пораз на борците на ДАГ на секторот на планината Кајмакчалан, ја исконструира лагата дека на 4 јули 1949 година на споменатата планина била постигната тајна спогодба меѓу југословенските и грчките кралски офицери, врз основа на која југословенските власти им дозволиле на грчките владини војски да го користат југословенскиот простор во акциите против единиците на ДАГ. Согласно со овој договор, грчките владини единици, користејќи го југословенскиот простор, на 5 јули 1949 година од зад грб ги нападнале и ги поразиле единиците на 24-та бригада на ДАГ. Така настана измислениот “удар од зад грб”.

Борците од 24-та бригада на ДАГ, кои по катастрофалниот пораз на Кајмакчалан преминаа во Југославија, во своите изјави аргументирано ги демантираат тврдењата на командата на ДАГ и на раководството на КПГ дека Југославија од зад грб ги нападнала единиците на ДАГ на овој сектор и открија дека тоа беше измислена провокација и лага за да се оправда поразот на ДАГ. (Поопширни податоци за фамозниот “удар од зад грб” види: Алекос Папапанајоту, Вистината за “Ударот од грб”. Гласник на ИНИ, Скопје, 1970, XIV, 2-3, стр. 351-379, Истото: Козмас Спанос-Аминда, Анамнисис енос капетаниос. Спомени на авторот од последните борби на ДАГ на планината Кајмакчалан. На ова место ги користиме соодветните документи од едицијата: Егејска Македонија во НОБ 1949, Т. VI..., док. 170, стр. 36, док. 171, стр. 365-366 и док. 173, стр. 367-370.)

Еден месец подоцна, односно на 10 август 1949 година грчките владини војски ја започнаа конечната офанзива против главните сили на ДАГ на планината Вичо. Во офанзивата против единиците на ДАГ учествуваа 5 непријателски дивизии, со 100 средни полски и ридски топови, 300 тенкови и блиндирани коли и 90 авиони; вкупно 80.000 владини војници. Силите на ДАГ ги сочинуваа две дивизии, неколку помали резервни единици и офицерската школа на ДАГ. (Види: Резолуција на ПБ на ЦК на

КПГ од 20 август 1949 година, за битката на Вичо. Егејска Македонија во НОБ 1949, Т. VI..., док. 198, стр. 419-424.)

Уште од првиот ден владините војски ја пробија одбрамбената линија на ДАГ и постигнаа голем успех. Во рок од шест дена единиците на ДАГ изгубија околу 800 борци и други 600 исчезнаа на 13 август 1949 година, командата на ДАГ им нареди на своите единици да го напуштат Вичо. На 17 август се повлекоа последните единици на ДАГ од Вичо. Најголемиот дел премина на територијата на Албанија. (Ристо Кирјазовски, Македонскиот политичка емиграција од егејкиот дел на Македонија до Источна Европа. Култура, Скопје, 1989, стр. 49-50. За истото види и: Георгиос Кикицас, Како стигнавме до последните борба на ДАГ. (Мемоари). Гласник на ИНИ, Скопје, 1971, XV, 1, 225-277.)

Но и покрај катастрофалниот пораз на единиците на ДАГ на Вичо, раководството на КПГ донесе решение да се продолжи борбата на планината Грамос. Согласно со ова решение, околу 6.000 борци што се повлекоа од Вичо во Албанија, набрзина беа префрлени на Грамос.

Единиците на ДАГ на планината Грамос по четиридневни тешки и крвави борби не можеа да го издржат притисокот на посилниот противник, и на 29 спроти 30 август 1949 година го напуштија Грамос и се префрлија во Албанија. По поразот на единиците на ДАГ од подрачјето на Грамос практично престана и воената активност на ДАГ. Денот 29 август 1949 година се смета како крај на Граѓанската војна во Грција.

Како што рековме и на друго место, активноста на КПГ на чело со нејзиниот генерален секретар Никос Захаријадис против организацијата НОФ и нејзините раководители јавно се активира по објавувањето на Резолуцијата на ИБ против КПЈ и Југославија, но до полн израз дојде по поразот на единиците на ДАГ на планините Вичо и Грамос во август 1949 година. Раководството на КПГ на најбрутален начин ја прекина активноста на НОФ и почна да ги прогонува и да ги апси нејзините раководители и активисти, прогласувајќи ги како главни “виновници” за поразот на ДАГ. Во врска со ваквиот

брутален однос на раководството на КПГ и на ГШ на ДАГ спрема организацијата НОФ, Паскал Митревски во својата автобиографија на едно место, меѓу другото го пишува и следното:

“... По повлекувањето на ДАГ во Албанија, во прв план беше истакната и широко агитирана паролата дека една од главните причини за поразот на ДАГ беше “предавството” и контрареволуционерната подривачка дејност на КПЈ против ДАГ, која наводно, се спроведувала преку нејзината агентура-организацијата НОФ. Од тие позиции хистеријата и хајката против организацијата НОФ добиваше нечуени размери и придонесе за уште поголемо заострување на режимот на терор и на зачестените антимакедонски и шовинистички истапи, насочени особено против оние Македонци и кадри на НОФ за кои раководството на КПГ сметаше дека се под идејнополитичко влијание на КПЈ и Југославија. Под тие услови беше преземена и акција на апсењето на раководството на НОФ. Прво бев уапсен јас и под стража бев спроведен во логорот Бурели (албанско гатче, б.н.), каде што беа стационирани главните сили на ДАГ и на Главниот штаб на ДАГ. Од мене се бараше да дадам писмени изјави за положбата во Југославија и за “предавството” на КПЈ и во тој склоп да ја прикажам и непријателската улога и дејност на организацијата НОФ. (Цитирано од автобиографијата на Паскал Митревски...)

По тој повод на 29 и 30 септември 1949 година во споменатото гратче Бурели беше одржана партиска конференција на КПГ во присуство на 325 делегати од единиците на ДАГ што се повлекоа од подрачјето на Вичо и Грамос во Албанија и на некои советски и албански офицери. Никос Захаријадис во својот реферат остро го нападна раководството на КПЈ и неговата “агентура” во Грција организацијата НОФ во духот на ИБ, окваликувајќи го како главен виновник за поразот на ДАГ. (Ристо Кирјазовски, Македонската политичка емиграција..., стр. 49-50. Истото: Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., стр. 405-406.)

Меѓутоа, за се да добие поголем политички и психолошки ефект, а со цел психозата на стравот и теророт широко да ги

зафати Македонците, два дена по одржувањето на спомenатата конференција на КПГ, односно на 2 октомври 1949 година на истиот логор, под раководство на Захаријадис беше одржана општа конференција на Македонците борци и старешини во ДАГ и активисти на НОФ, НОМС и АФЖ на Егејска Македонија, на која требаше да бидат јавно анатемисани и жигосани "предавниците" и главните "виновници" за поразот на ДАГ. Конференцијата, која се одржуваше во многу тешка и напната атмосвера, имаше за цел да создаде расположение за лишување од слобода и покренување на обвинителен акт за велепредавство на раководителите на НОФ. (Паскал Митревски, Автобиографска белешки од борбата...) Настојувајќи на настанот да му се даде поголемо значење, на Конференцијата присуствуваа скоро сите членови на Политбирото на ЦК на КПГ, членовите на Привремената демократска влада на Грција, воените раководители на ДАГ и претставникот на ЦК на КП на СССР, познат под презимето Петров.

На трибината прв се јави Никос Захаријадис. Тој откако го отвори митингот, почна со следните зборови:

"Пред вас се наоѓа еден страшен човек, голем предавник и главен агент и кривец за поразот на ДАГ. Вие сите го знаете него. Тој е Паскал Митревски, грчкиот, Рајк. (Ласло Рајк, унгарски револуционер и комунист. За време на граѓанската војна во Шпанија (1936-1938) се бореше на страната на Меѓународните бригади. По враќањето во земјата (1941) стана секретар на ЦК на КП на Унгарија, а потоа и главен раководител на движењето на отпорот против хитлеровската коалиција во својата земја. Во 1944 година беше уапсен и беше депортиран во Германија. По војната се враќа во Унгарија. Во унгарската влада ја вршеше функцијата, прво како министер за внатрешни работи, а потоа како министер за надворешни работи. Во 1948 година, односно за времето на ИБ беше наклеветен како непријател и на монтираниот процес беше осуден на смрт. Во 1956 година беше посмртно рехабилитиран како жртва на култот на личноста.) Него сигурно и неминовно го очекува истата судбина, освен ако тој овде покаже доволна смелост и искреност да ги признае пред вас тешките

прекршоци, коишто цели години ги вршеше против народноослободителната борба по наредба и инструкциите што ги добиваше од предавничката контрареволуционерна клика на Тито.”

“Во овој момент илјадници гласови долго и непрекинато извикуваа: Смрт на предавникот! Бесилка на престапникот! Линчување, Линчување!... Стотици отворени усти плукаа на мене и стотици кренати тупаници беа упатени против мене. Голем број, коишто боледуваа од контузија (можеби и не), паѓаа на подот и извикуваа несврзани и гнасни зборови итн. Со други зборови, една општа и невидена хистерија и бука ја карактеризираше целокупната атмосвера за цело време на митингот.” - пишува Паскал Митревски во својата автобиографија.

Никос Захаријадис во продолжение на својот настап долго време зборуваше против КПЈ и Југославија во таа смисла дека раководителите на КПЈ претставувале истурена точка и инструмент на империјализмот и светската контрареволуционерна реакција во плановите за ликвидација на грчкото народноослободително движење, и во тие рамки остро ја нападна и организацијата НОФ заедно со нејзините раководители, кои според неговото мислење се претвориле во обични агенти и шпиони на југословенската известителна служба. (Тука треба да се констатира дека и покрај тоа што од конференцијата на македонските борци и старешинн не се зачувани конкретнн документи, односно не беше воден никаков записник, меѓутоа од раскажувањата на присутните на конференцијата (Павле Раковски, Евдокија Баљова-Вера, Ламбро Чолаков, Лазо Поплазаров и други) се дознава дека раководството на КПГ на чело со Никос Захаријадис, на најбрутален начин ја нападна Југославија и раководството на КПЈ и на НОФ (особено Паскал Митревски), како главни виновници за поразот на ДАГ, кахо разбивачи на грчкото демократско движење и како агенти на империјализмот.)

По настапот на Захаријадис, со ист тон и агресивност против раководството на КПЈ И НОФ, зборуваа Мичос Парцалидис, Петрос Русос и други.

По настапот на Парцалидис, на говорницата на собирот се јави и Паскал Митревски. Тој најде сили и храброст категорички да ги одбие нападите против него и другите раководители на НОФ како неосновани и тенденциозни. Во продолжение на својот говор тој го рече и следното:

“... Мојот дваесетгодишен револуционерен пат е богат со примери за мојата нераскинлива одданост и верност кон делото на социјализмот, демократијата и ослободувањето на земјата. Огромното мнозинство од приситните борци овде, коишто сигурно добро ме познаваат, нека се обратат кон својата совест и нека кажат, кога и во кои моменти јас не ги извршив моите револуционерни задачи и тогаш кога се работеше за мојот живот... Тоа многу добро го знае и раководството на КПГ. Но и покрај тоа, во моето лице се бара да се фрли кал и да ме оквалификува како главен виновник за поразот на ДАГ”. (Паскал Митревски, Прилог кон автобиографијата...)

Што се однесува до обвинувањата на раководството на КПГ против организацијата НОФ и нејзините раководители што сакаше да ги претстави како агенти на КПЈ и на известителната служба на Југославија, Паскал Митревски, во продолжение на својот говор, ќе го каже и следното:

“... Тоа не е точно!... Иако наполно сум свесен за положбата во која во овој момент се наоѓам, но во интерес на историската вистина, морам исто така од оваа трибина да изјавам, дека на мене и на организацијата НОФ, со која раководев скоро пет години, раководството на КПЈ никогаш не и даде никакви инструкции или било какви други задачи за вршење непријателска, поткопувачка или шпионска работа во редовите на КПГ, ДАГ и воопшто против грчкото народноослободително движење.”

“Кога веќе станува збор за тоа, би го рекол и следното:

Во досегашната борба која ја водеше грчкиот и македонскиот народ против окупаторите и монархофашизмот, јас бев меѓу најпринципиелните и најбескомпромисните протагонисти

коишто доследно се бореа за единството меѓу двата народна. За тоа историјата има доставено многубројни докази...” (Паскал Митревски, Прилог кон автобиографијата...)

Во овој момент, на еден гест на Никос Захаријадис, придружен со зборовите: “Видите, каква дрскост! Алудира на нашата Партија!”, претседавачот на митингот со сила го истурка Митревски од трибината.

Како што рековме и погоре, генералниот секретар на КПГ, македонските раководители на НОФ ги прогласи како “Титови агенти” и побара ЦК на КПГ да донесе решение тие да бидат уапсени и ставени под истрага.

По неколку дена односно на 7 октомври 1949 година, во договор со тогашниот претседател на албанската влада, Мехмед Шеху и во присуство на претставникот на Комунистичката партија на Советскиот Сојуз, Петров, во споменатиот логор беа уапсени главните раководители на НОФ, и тоа: Паскал Митревски, претседател на Централниот совет на НОФ и министер за снабдување во Привремената демократска влада на Грција, по чин потполковник на ДАГ; Евдокија Баљова (Николовска)-Вера, секретар на Главниот одбор на АФЖ, потпретседател на ЦС на НОФ и потпретседател на Сегрчкиот демократски сојуз на жените на Грција, по чин капетан на ДАГ; Михали Маљов, секретар на ЦС на НОФ и КОЕМ; Минчо Фотев, претседател на Главниот одбор на НОМС, член на Извршниот комитет на ЦС на НОФ и помошник на политичкиот комесар на ГШ на ДАГ; Павле Раковски, член на претседателството на ЦС на НОФ и одговорен по Агит-проп во НОФ; Уранија Јурукова, член на Извршниот комитет на ЦС на НОФ и член на секретарјатот на Главниот одбор на АФЖ; Ламбро Чолаков, претседател на Окружниот одбор на НОФ за Костурско и член на Извршниот комитет на ЦС на НОФ; Лазо Поплазаров, член на ЦС на НОФ, по чин капетан на ДАГ; Ристо Коленцев-Кокинос, член на ЦС на НОФ и претседател на Леринскиот Народен одбор и Ташко Хаџијанев, член на ЦС на НОФ и член на претседателството на Главииот одбор на НОМС. (Драган Кљакиќ, Сибир за “Титове агенте”. Страданија

групе Македонаца из Егејске Македоније. Спис. Дуга, 1983, јануари 1, IX (XXV) бр. 231, стр. 55.)

Уапсените раководители на НОФ на 9 октомври 1949 година беа затворени во затворот Бурели, а на 14 истиот месец тие беа префрлени во централниот затвор во Тирана, изолирани поединечно во самици, односно во ќелии. (Во македонската историографија често пати се пишува дека против заробените македонски раководители на НОФ била водена истрага од страна на службата за безбедност при ГШ на ДАГ, со која раководи Периклис Калодикис, функционер на споменатата служба. Меѓутоа, од сеќавањата на споменатите затвореници се дознава дека не била водена никаква истрага, бидејќи албанското раководство на АПТ (за свои сметки), им забранило на раководителите на КПГ да ги вршат ваквите активности. Тоа може да се види и од писмото на ПБ на ЦК на КПГ до ПБ на АПТ од 27 октомври 1949 година, во кое се протестира поради тоа што албанските органи за безбедност ги "киднапирале" уапсените раковоители на НОФ и не им дозволиле на грчките органи на безбедноста да ја извршат истрагата. Види: Егејска Македонија во НОБ 1949, Т.VI..., док. 217, стр. 458-459. Во врска со овој настан Тодор Симовски стручен советник во ИНИ, го дополнува следното. Имено, тој тврди дека кога пред неколку години се видел со Периклис Калодикис во Букурешт, го прашал за мотивите за апсењето на споменатите раководители на НОФ и нивното држење под истрага. Во присуство на Теодорос Папапанајоту-Алекос (бивши комесар и командант на 24-та бригада на ДАГ, б.н.), Калодикис му одговорил на Симовски дека "тие (раководителите на НОФ, б.н.) требало да одговараат за поразот на ДАГ, со цел да ги покријат гревовите на Никос Захаријадис (во тоа време Калодикис беше во судир со Захаријадис, б.н.), и дека по истрагата требало да бидат ликвидирани по инсценирано судски процес, но во последен момент, по налог на Петров (претставник на ЦК на КП СССР) албанската сигурими ги одзема на сила од притворот каде ги државме". Се разбира, случајот го збесна Захаријадис, бидејќи беше свесен дека тие ќе бидат префрлени во СССР и таму ќе бидат испитувани, а коишто ќе докажат дека не се виновни и со тоа ќе биде

дискредитиран самиот Захаријадис, зашто ќе се докаже дека тој свесно ги клеветел македонските раководители на НОФ.)

На ова место потребно е да се нагласи дека во знак на протест поради апсењето на македонските раководители на НОФ на територијата на НР Македонија беа организирани голем број протестни митинзи, во кои Македонците од ослободениот дел на Македонија ја изразуваа својата солидарност спрема Македонците од егејскиот дел на Македонија. Еден ваков митинг беше организиран и од страна на Македонците бегалци од Егејска Македонија сместени во Скопје. (Од протестниот митинг на Македонците-Бегалци од егејскиот дел на Македонија во Скопје беше испратено и протестно писмо до Организацијата на ОН и до светската јавност. Видн: Резолуција на Бегалците од Егејска Македонија од 27 ноември 1949 година. Егејска Македонија во НОБ 1949, Т. VI..., док. 222, стр. 469-479.) Во врска со овој митинг, во еден напис, меѓу другото се вели и следното:

“Завчера (27 ноември 1949 година б.н.) на плоштадот “Слобода” во Скопје бегалците од Егејска Македонија во Скопје и Скопска околија одржаа протестен митинг на којшто енергично протестираа против дивиот терор што го спроведуваат грчките монархофашисти за истребрање на македонскиот народ во Егејска Македонија. Тие исто така протестираа против теророт и апсењата што ги врши предавникот Захаријадис над раководителите на НОФ-Македонцц борци од Демократската армија на Грција со цел да ја прикрие својата и на своите господар ликвидаторската улога, одговорноста за тоа да ја префрли на Југославија и на Народноослободителниот фронт... Покрај притисокот што се врши над раководителите на НОФ да ја осудат Југославија дека божем ја предала борбата на грчкиот народ, Захаријадис ги уапси раководителите на НОФ меѓу кои: Паскал Митревски, Павле Раковски, Кича Балева-Вера, Минчо Фотевски, Уранија Пировска, Ламбро Чолаков, Лазо Поплазаров, Ташко Хаџијанов, Михаил Маљов и други...” (Цит. од весн. “Нова Македонија”, Скопје, 1949, ноември 29, стр. 7. Истото: Изјава од Гого Петричевски, член на Главниот одбор на НОМС за

Егејска Македонија. Нова Македонија, 1949, ноември 27, стр. 2.)

На 14 декември истата година преку пристаништето Драч, македонските лидери на НОФ беа префрлени со советскиот товарен брод “Мичурин”, во пристаништето на Одеса, СССР, а на 25 нстиот месец тие беа предадени на советската безбедност и беа затворени во одескиот затвор. На 1 јануари 1950 година, со воз, со специјални затворски вагони, т.н. “Стопилинские”, затворениците беа префрлени во Москва каде што беа предадени на Министерството за државна безбедност на СССР и затворени во московскиот истражен затвор Љубљанка. Малку подоцна тие беа префрлени во други московски затвори: Лефортово, Бутирскаја и Сухановка. (191. Павле Раковски, “Робијаши” и “Под истрага”. Сеќавања се чуваат во архивот на ИНИ; Минчо Фотев, Развојниот пат на организацијата НОФ...; Паскал Митревскн, Прилог кон автобиографијата… и Драган Кљакиќ, Сибир за “Титове агенте”..., стр. 55-56.)

Истрагата во Москва против раководителите на НОФ траеше од јануари 1950 година се до мај 1952 година. За време на истрагата затворениците беа затворени во самици, односно во посебни ќелии. Истрагата се водеше деноноќно од $12^{\circ\circ}$до $17^{\circ\circ}$ и од $23^{\circ\circ}$ до $5^{\circ\circ}$ часот наутро. Истрагата ја водеа група советски офицери-иследници на Министерството за државна безбедност на СССР на чело со полковникот Рубљов, началник на Второто одделение во Министерството за државна безбедност на СССР, одговорен за “дела со иностранство”; мајорот познат под презимето Панделеев; потполковникот Виктор Петров Фирцов; потполковникот Евгениј Костандинович Никитин; потпоручникот Андреј Погребњак и други. (Павле Раковски, “Робијаши” и “Под истрага”. Сеќавања се чуваат во архивот на ИНИ; Минчо Фотев, Развојниот пат на организацијата НОФ...; Паскал Митревскн, Прилог кон автобиографијата… и Драган Кљакиќ, Сибир за “Титове агенте”..., стр. 55-56.) Истрагата се водеше на грчки јазик бидејќи советската служба не располагаше со преводачи на македонски јазик. Преводачи беа советски офицери од грчко потекло, и тоа: капетанот Христос Џумијадис, капетанот Иоанидис, поручникот Аристотелис Папунидис и други.

А како се одвиваше истрагата против македонските ракооводители на НОФ, најдобро можеме да дознаеме од самите нивни сеќавања. Во врска со тоа, еве што пишува Паскал Митревски:

“...Во декември 1949 година сите заедно (раководители на НОФ, б.н.) со советски брод бевме преведени преку Црно Море во Москва каде веднаш бевме затворени во познатиот истражен затвор на МДБ – Љубљанка. Истрагата се водеше нешто повеќе од две и пол години. Јас лично останав во затворот Љубљанка три месеци, а потоа бев преместен во затворите Лефортово, Сухановка и на крајот во Бутирскиот затвор. Цело време додека се водеше истрагата бев во самица и уште од почетокот бев подложен на еден силен, систематски и тотален физички, морален и духовен притисок и режим, бидејќи истражните органи сметаа дека јас претставувам централна точка и пункт кој требаше потполно да се скрши за да би се отворил патот кој ќе го овозможеше остварувањето на задачата која се состоеше во тоа, по секаков начин да се открие наводното југословенско “предавство” и организираната “завера” против грчкото народноослободително движење. Овде морам да подвлечам дека најтешките неподносливи моменти ги преживував кога бев затворен во ужасните ќелии на Сухановскиот затвор кој се наоѓаше надвор од Москва нешто околу 50 километри...” (Паскал Митревски, Прилог кон автобиографијата...)

А што се бараше од Паскал Митревски и од другите раководители на НОФ, тој во продолжение на своите сеќавања го кажува следното:

“Прво, дека на теренот на Егејска Македонија сум бил организатор на шпионска мрежа наводно организирана за сметка на известителната служба на Југославија и на таа основа редовно сум и доставувал преку илегални канали писмени извештаи за бројната состојба, движењата и позициите на ДАГ, дека тие податоци и извештаи наводно известителната служба на Југославија им ги доставувала на соодветните известителни служби (американската, англиската и грчката) и дека тие биле главната причина да бидат нанесени тешки удари и конечен

пораз што го претрпе ДАГ; дека инструкциите и планот за организирањето и остварувањето на оваа задача ми биле наводно дадени директно од Ранковиќ (Александар, б.н,) и тоа на состанокот организиран за таа цел во Белград на кој божем присуствувале и воените аташеа на англиската, американската и грчката амбасада акредитирани во овој град.

Второ, дека наводно директно од Тито и Ранковиќ сум ги добил задачите и соодветните инструкции за организирање и вршење на терористички акции против видни раководители на КПГ со цел да се создаде хаос во редовите на ДАГ и да се обезглави водењето на НОБ против монархофашизмот и англо-американските интервенционисти.

Трето, дека наводно по директива на известителната служба на Југославија и скопските фактори сум бил организатор на масовни дезертерства на Македонците од редовите на ДАГ и наводното префрлување на територијата на Југославија и дека таа директива сум ја вршел преку канали и определени пунктови кои известителната служба на Југсославија ги имала организирано покрај границата и во внатрешноста на Егејска Македонија...” (Паскал Митревски, Прилог кон автобиографијата...)

Од сето горенаведеното, може јасно да се согледа колку тешка беше положбата на “групата Митревски” и колкава беше остринатa и размерите на притисокот, од која се бараше да “признае” дека таа имала врски со “меѓународната реакција” и дека доследно и служела на “Титовата клика”.

Човек веднаш би се прашал: Зошго тоа се правело? Едноставно за да се конструира еден ваков процес преку кој сталинистичките и информбировските протагонисти би можеле уште повеќе да го збогатат својот клеветнички арсенал во хајката против КПЈ и Југославија. Впрочем за вакво уверение можеме да се убедиме и од самото темпо и начинот на истрагата која се водеше особено во текот на 1950 година и првата половина на 1951 година.

Меѓутоа, многу важно е да се одбележи дека истражните органи и покрај репресивните мерки што ги употребуваа, не успеаја да ја скршат волјата и истрајноста на македонските револуционери која извираше од безграничната вера кон идеалите за кои скоро цел живот се бореа. Истражните органи не успеаја да се здобијат ниту со едно признание во однос на гореспоменатите измислени обвинувања и чудовишни барања. На тој начин плановите за иницирање на судски процес беа провалени.

За својот живот поминат во сталинистичките затвори добро се сеќава и Минчо Фотев. Еве што кажува тој:

“Една ноќ пристигнавме во Москва. Еден по еден стражарите не одделија и врзани не ставија во некој железен кафез, со јаки решетки, како некоја ретка ѕверка и не одведоа во московските затвори, прво во затворот Љубљанка, а потоа во Лефортово...” (Минчо Фотев, Развојниот пат на организацијата НОФ...)

“Секогаш мечтаев”, раскажува Уранија Јурукова, “дека еднаш, кога ќе заврши војната, ќе ја посетам земјата во којашто победи социјализмот - Советскиот Сојуз, Москва. Меѓутоа, кога излегов од затворската кола, уште од првиот чекор се соочив со војнички бајонети, кои беа растурени пред нас осудениците. Ме опфати длабока апатија и разочарување. Затворските службеници кратко наредуваа: “Дезинфекција!”... “Соблекување!”... “Бањање!”... И ме одведоа во една затворска ќелија. Голема два и пол на еден метар, со прозорец и тенок сноп светлина. Почна истрагата. Секоја ноќ од 23°° до 5°° часот наутро. Мојата исповед се одвиваше пред очите на потполковникот на НКВД, Фирцев, мајорот Панделеев и потполковникот Никита. Преведуваше еден офицер од грчко потекло и се викаше Иоанидис. Главниот иследник Фирцов, беше многу груб и нетактичен, како и поручникот Погребњак. “Признај, дека си агент на ОЗНА и на Интелиџенс Сервис! Каква беше твојата задача?! Кажи ги врските!”. Така беше секоја ноќ.” (Според сеќавањата на Уранија Јурукова. Истото: Драган Клјакиќ, Сибир за “Титове агенте”..., стр. 56.)

“Сум живеела во мрачна ќелија”, се сеќава Евдокија Фотева-Вера. “Колку пати со чекори сум ја одмерила... Шеснаесет

стапала долга и осум стапала широка Железна врата, со мал прозорец, низ кој постојано ѕиркаше стражарот. Тој за мене имаше само два збора: “Одиме!” и “Не може!” Беше забранeто да се зборува да се смее, да се плаче, да се офка... Со еден збор, беше забрането да се слушаат било какви гласови или звукови. Едноставно, мораше да се чекори единствено со непрекидната деноноќна тишина... Можеше да се зборува само пред иследникот, односно да се одговара на неговите прашања...” (Евдокија Баљова-Вера, “Сеќавања”... Истото: Драган Клјакиќ, Сибир за “Титове агенте”..., стр. 55.)

За своите маки поминати во сталинистичките затвори добро се сеќава и Павле Раковски. Еве што пишува тој:

“По две години и осум месеци строга изолација во Москва, на 30 мај 1952 година, ми беше соопштено: “За врски со меѓународната реакција и организирана активност во нејзина корист” по член 58, точка 4 и 11 од Кривичниот Законик на Руската Федерација, Особое Совештание при Врховниот Суд на СССР, дека сум осуден на десет години одземање на личната слобода и присилна работа во “Поправителните Трудови Логори”. (Павле Раковски, “Робијаши” и “Под истрага”...)

Во продолжение на своите сеќавања, Павле Раковски се прашува:

“Како можев да го прекршам Кривичниот Законик на Руската Федрација во грчкиот дел од мојата татковина, учествувајќи во борбата на нашиот народ за елементарни права?” И самиот тој одговара: “Едноставно, тоа беше правда на посилниот. Природниот железен закон на посилниот...” (Павле Раковски, “Робијаши” и “Под истрага”...)

За животот поминат во советските затвори се сеќава и Ристо Коленцев:

“Во Москва бев затворен во Лефортовскиот затвор, во ќелијата број 203, а потоа бев префрлен во Бутирскиот затвор, во ќелијата број 168. Три години по ред се наоѓав во тие мрачни ќелии. Ми беше дозволено единствено да излегувам секоја ноќ

под строга контрола на стражарите на сослушување, за да можат иследниците да “докажат” дека сум бил поврзан со “југословенската ОЗНА и со Интелиџенс Сервис”, со цел да го “уништам” грчкото ослободително движење и борбата за народна демократија, за која јас цел живот се борев...” (Според сеќавањата на Ристо Коленцев. Истото: Драган Кљакиќ, Сибир за “Титовите агенте”..., стр. 56.)

Тешката судбина помината во сталинистичките затвори не го одмина ни младинецот Ташко Хаџијанев. Во врска со тоа тој го кажува следното:

“Бев обвинет дека во редовите на КПГ и ДАГ сум ја спроведувал “Титовата политика” и дека наводно на тој начин сум ширел контрареволуционерна дејност... Во затворите на Советскиот Сојуз издржав три години во Лефортово, Сухановка и Бутирскаја каде што бев изолиран во посебна ќелија и бев постојано измачуван. Можев единствено да излегувам ноќно време на сослушување, за да признам дека сум бил “агент на Тито” и на меѓународната буржоазија, која имала за цел да го разбие народноослободителното движење во Грција. Се разбира, од сето тоа не можев ништо да признам, бидејќи тоа беше Захаријадисова лага... (Според сеќавањата на Христо Коленцев. Истото: Драган Кљакиќ, Сибир за “Титовите агенте”..., стр. 56.)

Како што се гледа и од самите искажувања на затворениците, истрагата против раководителите на НОФ главно беше насочена против Југославија, НР Македонија, КПЈ и организацијата НОФ. И затоа, во истиот обвинителен акт и во пресудата, покрај имињата на осудените раководители на НОФ се наоѓаа и имињата на југословенските државни и партиски раководители и на македонските раководители од НР Македонија.

## СУДБИНАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ НА НОФ ПО НИВНОТО СУДЕЊЕ

Македонските раководители на НОФ беа административно осудени од специјална комисија на Министерството за државна

безбедност на СССР, т.н. “Особое Совештание”. Казните се движеа од 8 до 25 години строг затвор во советски концентрациони логори, подложени на тешки физички работи. Најстрого беше казнет Паскал Митревски. Тој беше осуден на 25 години затвор, Минчо Фотев беша осуден на 10 години затвор, Ламбро Чолаков, Ристо Коленцев-Кокинос и Ташко Хаџијанев беа осудени на 8 години затвор. Сите тие беа испратени во концентрационите логори, кои се наоѓаа на 40 километри оддалеченост од Северниот Леден Океан во градот Воркута, во областа на автономна покраина, наречена Коми-АССР. (Минчо Фотев, Развојниот пат на организацијата НОФ... и Драган Кљакиќ, Сибир за “Титове агенте”..., стр. 56.) Таму тие работеа во јагленокопи, се разбира, во многу тешки услови, каде што температурата на воздухот се спушташе до 56 степени под нулата.

Што се однесува за животот на затворениците поминат во логорите на областа Воркута, Паскал Митревски во продолжение на својата биографија, го пишува следното:

“... Мене ми беше изречена казна од 25 години затвор во концентрационен логор во областа на Воркута. Во овој логор останав неполна година...” (Паскал Митревски, Прилог кон автобиографијата...)

Меѓутоа, во овој логор се случи еден многу важен настан од животот на Паскал Митревски кој потребно е да го одбележиме. Имено, во зимата 1952-1953 година тој заедно со некои офицери на советската армија кои за разни прекршоци беа казнети и ја издржуваа казната во логорите на Воркута со некој, исто така советски офицер-авијатичар (робијаш), илегално излегоа од логорот. Тие почнаа да го чистат снегот од еден авион, кој во логорот од време на време доставувал пошта и друг вид материјали, ненадејно ги откри стражата и почна да пука по нив. Стражата ги спроведе во логорот и во строј на сите нив им беше прочитана пресудата тие повторно да бидат ставени во затвор уште неколку гоцини, во еден од најтешките затвори на СССР, Нижни Новгород. Авијатичарот со кој требаше да се изврши бегството се викал Крилов. Пресудата на сите оние кои се обиделе да побегнат од логорот беше

прочитана во сите логори на Архипелагот Гулаг, како што го нарекува и Солженицин. (Александар Солженичин, Архипелаг Гулаг, Т. I. Белград, 1988, стр. 81. Авторот на овој труд пишува дека во "Архипелагот Гулаг имало и партизани на Маркос", а тоа се мисли за другарите на Паскал Митревски. Истото и: Евдокија Баљова-Вера, "Сеќавања"...) Таа пресуда беше прочитана и во логорот т.н. "21 - Колона" на Таншенската траса во Сибир, каде што престојуваше и споменатата Евдокија Баљова, односно Вера Николовска (во затворите и логорите на Советскиот Сојуз таа се водеше со две имиња и две презимиња, б.н.). Кога начилникот на колоната во стројот на затворениците ја прочита пресудата на заробените робијаши, кои се обиделе да побегнат од логорот во областа на Воркута, Вера Николовска инстиктивно офнала и сите затвореници се свртиле спрема неа. Но за Вера тоа беше големо охрабрување и добивање на некоја надеж во длабочината на нејзиниот инстинкт, дека другарите сепак се живи... Се разбира, "охрабрувањето во вакви моменти тешко може да се опише..." Се сеќава Евдокија Фотева-Вера. (Евдокија Баљова-Вера, "Сеќавања"...)

Во врска со положбата на затворениците во логорите на областа Воркута и Минчо Фотев, се сеќава на следното:

"По 26 месеци сослушувања, на 19 април 1952 година бев осуден од Врховниот воен суд на СССР на 10 години затвор, а потоа бев испратен на принудна физичка работа во логорите во областа на Воркута. Во печорските рудници за јаглен, сите затвореници копавме по 10 часови дневно. Ни требаше само еден час за доаѓање во рудникот и еден за браќање во бараките. Под шибите на поларниот студен ветар работевме толку време дури не замрзнавме до коски, а потоа пак се враќавме во бараката на своето одделение број 9 и повторно ќе се испомешавме со затворениците од другите народи. Тука најмногу ги имаше од Германија, Естонија, Финсха Унгарија, Полска и од други земји. Повеќето од нив беа осудени со истото обвинение како и јас: "за вршење на контрареволуционерна дејност." (Минчо Фотев, Развојниот пат на организацијата НОФ...)

Другите затвореници (Евдокија Баљова (Николовска)-Вера, Уранија Јурукова и Лазо Поплазаров) беа осудени на 8 години затвор, а Павле Раковски на 10 години затвор. Тие беа испратени во концентрационите логори на Сибир. Михали Маљов беше осуден на 5 години затвор.

За тешкиот живот на македонските раководители поминат во сибирските затвори, Павле Раковски, во продолжение на своите сеќавања го пишува следното:

"… Имам паднато во една општествена јама каде што фрлаат општествени отпадоци од многу народи на Азија и Европа. Тука се наоѓаат фанатици од разни религиозни секти, непријатели на советската власт: суботници, иеховисти, или свидетели на Иехова, грекокатолици, староверци, православни старокалендарци христијани пјатидесјатники итн. Белоруси шпиони, саботери и терористи, бухаринци и троцкисти, Германци СС-овци и гестаповци (о, тие се премногу), Украинци и Молдавијанци сепаратисти, шверцери и шпиони од Иран и од Турција, Унгарци, Полјаци, Чехи, Словаци, Бугари, Југословени усташи и четници, Јапонци, Кинези, Манџурци, Корејци, отворени фашисти и професионални шпиони и терористи и разни други лумбенпролетери, мангупи, крадци и безделници... Сите овие се слепи од омраза кон тоа, за кое што јас дадов со што човек има најскапо и може да даде од себе си. Живеам меѓу нив сам, многу претпазливо, зашто ако случајно стапнеш на еден од овие влекачи, сметај се загубен..." (Павле Раковски, "Робијаши" и "Под истрага"...)

За истата проблематика, како продолжение на своите сеќавања, Уранија Јурукова го кажува следното:

"... После две и пол години, односно на 21 мај 1952 година бев повикана од затворот во една канцеларија на иследникот каде што ми беше прочитана пресудата дека сум била осудена од воениот суд на СССР на 8 години робија со принудна работа во концентрационен логор... Бев одведена во Сибир, во Краснојарскиот концентрационен логор, во Иркутската област, со број АО-441..." (Сеќавања на Уранија Јурукова... Истото и: Драган Кљакиќ Сибир за "Титове агенте"..., стр. 56.)

Од изнесеното погоре, човек со право би се прашал: Таква ли казна заслужиле овие македонски револуционери и раководители од егејскиот дел на Македонија, кои целиот свој живот го жртвуваа за слободата и идеалите на македонскиот народ? Како што се гледа и од самите нивни искажувања, посебен одговор и коментар на ова прашање не се потребни.

Апсењата на раководителите на НОФ од страна на раководството на КПГ на чело со Никос Захаријадис продолжија и во источноевропските земји каде што тие беа евакуирани по поразот на единиците на ДАГ. Меѓу многубројните можат да се споменат и: Никола Панов, член на ЦС на НОФ и секретар на Окружниот одбор на НОФ за Костурско; Тодор Кочев-Виктор, член на ЦС на НОФ и член на претседателството на Главниот одбор на НОМС; Трајче Супелов, член на Окружниот одбор на НОФ за Костурско; Петре Аспров, член на Главниот одбор на НОМС; Герман Дамовски-Стариот, член на ЦС на НОФ и претседател на Окружниот одбор на НОФ за Лериноко; Коста Кирков, член на Окружниот одбор на НОФ за Леринско; Андон Сикавица, кандидат член на Извршниот комитет на ЦС на НОФ и други. Сите тие беа обвинети, осудени и затворени како "опасни" националисти и сепаратисти, како контрареволуционери и како југословенски агенти во редовите на грчкото демократско движење. Стотици Македонци, членови и симпатизери на организацијата НОФ беа апсени и осудувани од органите на безбедноста во земјата каде што престојуваа, како сомнителни "агенти на Тито", кои имале задача да вршат разбивачка дејност во редовите на ДАГ и КПГ. Сето тоа се правеше под раководство на КПГ на чело со Никос Захаријадис. (Во врска со тоа, во еден напис, меѓу другото, е наведено и следното: "... Во периодот на борбата на ДАГ и по отстапувањето, Захаријадис спроведе политика на клевети и гонења на голем дел словеномакедонски активисти и народни борци. Без никаква основа и најлесен начин лепеше етикети на агент, и непријател на народот итн, за словеномакедонските активисти и народни борци. Врз основа на лажни обвинувања, 1948-1949 година, многу Словеномакедонци беа гонети и апсени. Карактеристичен факт е апсењето на голем број

словеномакедонски активисти веднаш по отстапувањето од Вичо-Грамос, со обвинувањето “Титов агент”. Тие апсења беа организирани од тогашното раководство на КПГ, од Захаријадис...” Писмено мислење на фракцијата на КПГ (почетокот на јуни 1956 година), за политиката на Никос Захаријадис по македонското национално прашање. Документот се чува во Архивот на Македонија, К-21/158. Тука го цитираме, според: КПГ и македонското национално прашање..., док. 232, стр. 530-531.) Само во албанските затвори своевремено престојуваа над 100 македонски членови и приврзаници на НОФ, од кои 30 лица беа жени и девојки.

## РАСФОРМИРАЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НОФ

Како што споменавме и на друго место, уште од првите денови по поразот на ДАГ, раководството на КПГ, организирано и на најбрутален начин почна да ја напаѓа организацијата НОФ пред македонската и грчката политичка емиграција како “агентура на Југославија”, како главен “виновник” за поразот на ДАГ, како “разбивач” на демократското движење во Грција итн. Според службените изјави и ставови на некои раководители на ЦК на КПГ од тоа време, кои се поместени во партиските документи, а и од нивните јавни настапувања, поразот на ДАГ се “должи” пред се на “предавството” на КПЈ и Југославија, се разбира во тој склоп и на “предавството” на организацијата НОФ, која наводно била создадена од раководството на ЦК на КПЈ со цел да врши разбивачка дејност во редовите на грчкото движење на отпорот, во редовите на КПГ и во редовите на ДАГ. Ваквите “аргументи” им послужија на раководителите на ЦК на КПГ во јануари 1952 година да донесат решение да ја распуштат организацијата НОФ, а на нејзино место да ја создадат проинформбировската организација “Илинден”, со главна цел да ја искористат во антијугословенската и антимакедонската кампања на Информбирото. (Организацијата “Илинден” беше формирана на основачкиот конгрес на 2-3 април 1952 година во селото Крошченко, во близината на градот Жешув, Источна Полска. Тука беа населени околу 500 македонски политички емигранти. За формирањето, односно и целите и задачите на организацијата “Илинден”, поопширно види: Ристо

Кирјазовски, Македонски национални институции..., стр. 230-245.)

Од изнесеното погоре, јасно се гледа дека обвинувањата упатени на адреса на НОФ им послужија на раководителите на КПГ на чело со Никос Захаријадис да ја дискредитираат организацијата НОФ како “агентура на КПЈ и Југославија” и да ги обвинат македонските раководители на НОФ како главни “виновници” за поразот на ДАГ. Како што е познато, сето тоа беа измислени лаги и провокации кои имаа за цел раководството на КПГ да го оправда срамниот пораз пред своите борци и народот. Како потврда на ваквите констатации, ќе ги наведеме следните факти:

1. Организацијата НОФ беше една од најрешителните фактори за создавањето и омасовувањето на ДАГ. Благодарение на нејзината неуморна активност, огромен број македонски борци чесно служеа во редовите на ДАГ и пожртвувано се бореа се до крајот на граѓанската војна.

2. Под раководство на НОФ мнозинството од македонското население поради неговата искрена борба во редовите на ДАГ, претрпе огромни човечки и материјални штети. Десетици македонски села беа целосно изгорени или опустошени.

3. Организацијата НОФ не само што не спроведуваше туѓа (југословенска) политика во редовите на ДАГ, како што постојано тврдеше раководството на КПГ, туку доследно се бореше за реализирање на својата зацртана народноослободителна програма, која ги штитеше националните и социјалните интереси на македонскиот народ.

4. Раководителите на КПГ на чело со Никос Захаријадис, кои ја осудија организацијата НОФ како “контрареволуционерна” и “предавничка”, често пати во своите поранешни истапувања и говори високо ја ценеа улогата и значењето на НОФ за демократското движење. Како што рековме и на друго место, самиот Захаријадис, за значењето и улогата на НОФ јавно се произнесе и на Првата окружна конференција на КОЕМ за Леринско. (Егејска Македонија во НОБ 1949, Т. VI..., док. 174,

стр. 370.) Кога е така, како што признава и самиот лидер на КПГ, се поставува прашањето: Зошто раководството на КПГ ја осуди и на крајот ја расформира организацијата НОФ? За да одговориме на ова прашање, ќе ги наведеме следните факти:

1. Победоносната Народноослободителна војна и Револуција на југословенските народи, своето примерно влијание го прошири и кај Македонците од егејскиот дел од Македонија. Тоа ги поттикна широките македонски маси да ја продолжат својата праведна борба за национално и социјално ослободување. Се разбира, примерот на југословенските народи и комунисти им пречеше на раководителите на КПГ да не се прошири и во грчкиот дел на Македонија. Ваквите слободољубиви желби и настојувања на македонскиот народ, раководителите на КПГ секогаш ги спречуваа.

2. Настојувајќи да: ги оправда своите грешки за поразот на ДАГ, раководството на КПГ, како што е познато, својата вина ја префрли на раководството на КПЈ, а во склопот на тоа и на раководството на НОФ, кои наводно од зад грб ги удриле демократските сили на Грција. Но тоа не успеаја да го докажат.

3. Информбировската Резолуција против КПЈ и Југославија, раководителите на КПГ ја искористија за да ја дезориентираат организацијата НОФ и нејзиното раководство, а со тоа да ја сузбијат борбата на македонскиот народ.

Денес, по толку години, наивко е да се верува дека македонските раководители на НОФ и борци на ДАГ за време на Граѓанската војна во Грција спроведувале некоја "југословенска непријателска агентура" во редовите на ДАГ. Сето тоа е чиста лага и клевета.

По смртта на Јосиф В. Сталин (5 март 1953 година) на кормилото на советската партија и влада дојде Георги М. Маленков, а по него Никита С. Хрушчов. Последниов на xx-от Конгрес на ЦК на КП на СССР, остро го осуди култот личноста на Сталин. Како резултат на тоа, во март 1955 година дојде и до нормализација на затегнатите односи меѓу Советскиот Сојуз и Југославија, а подоцна и меѓу КПГ и СКЈ. (Види: Дел од

рефератот на ПБ на ЦК на КПГ, поднесен на V-от пленум на ЦК на КПГ во декември 1955 година. Во него се акцентира и прашањето за нормализација на односите на СКЈ и КПГ. КПГ и македонското национално прашање..., док. стр. 524-525. Истото: Декларација на V-от пленум на ЦК на ЦКК (Централна координациона комисија) на КПГ за нормализација на односите меѓу КПГ и СКЈ. Истото, док. 230, стр. 524.)

Промените, што настанаа во политичкиот живот на врвот на советската партија и влада, со радост и оптимизам ги дочекаа, односно ги чувствуваа и македонските затвореници на движењето на отпорот, кои невино страдаа во концентрационите логори на Сталин. Благодарение на овие промени дојде и до нивно ослободување од концентрационите логори и нивно испраќање во интернација во главниот град на Казахстанската Советска Република, Алма-Ата. (Павле Раковски, "Робијаши" и "Под истрага"..., Евдокија Баљова-Вера, "Сеќавања" и Минчо Фотев, Развојниот пат на организацијата НОФ...) Така, по петгодишна строга изолација, "групата Митревски" (освен Михали Маљов) повторно се поврза во комплетен состав.

Малку подоцна македонските раководители беа повикани во седиштето на Министерството за надворешни работи на Казахстан и таму на свечен начин советските власти им ја соопштија следната радосна вест:

"Вие неправилно бевте осудени... Вашата вина не е утврдена... Врховниот воен суд на Советскиот Сојуз донесе решение за ваше целосно политичко рехабилитирање, кое ќе се смета од денот на вашето апсење. Истрагата не докажа дека вие, раководителите на Народноослободителниот фронт на Егејска Македонија, им припаѓавте на било која реакционерна групација, туку напротив, сите бевте активни улесници во НОБ на Грција, заземајќи високи раководни функции во движењето на отпорот низ целиот период се до вашето апсење. Вие станавте жртва на грубото нарушување на братските односи помеѓу нашите народи..." (Драган Клјакиќ, Сибнр за "Титове агенте"..., стр. 57.)

Се разбира, ваквата радосна вест предизвика вистински шок кај интернираните македонски раководители. Малку подоцна сите тие беа рехабилитирани од тогашниот секретар на ЦК на КП на Казахстан, Леонид И. Брежњев.

Бившите македонски затвореници, откако се поврзаа со југословенската амбасада во Москва, сите до еден се вратија во СР Македонија и се вклучија во изградбата на социјализмот во неа. За нивното революционерно држење во сталинистичките затвори и логори и придонесот во изградбата на социјалистичкото општество на својата татковина, сите до еден беа одликувани со највисоки југословенски и републички признанија од претседателот на СФРЈ Јосип Б. Тито. Во СР Македонија и Паскал Митревски се здоби со големо признание и поради тоа му беа доверени највисоки општественополитички раководни функции (Заменик за општостопански работи во СР Македонија, Главен судија во Уставниот суд на СР Македонија, член на Советот на Републиката) и неуморно работеше за доброто на својата татковина се до неговата, смрт (10 февуари 1978 година). Беше погребан со највисоки државни и партиски почести во Алејата на заслужените во Скопје.

По повод смртта на Паскал Митревски, до неговото семејство беа испратени бројни телеграми со сочувство од видни македонски државни и партиски личности. Приведуваме неколку од нив:

Во телеграмата на споменатиот Лазар Колишевски, бивши претседател на СФРЈ, меѓу другото се вели:

"...По повод смртта на другарот Паскал, член на Советот на Републиката, заслужен револуционер и борец за слободата на нашиот народ примите изрази на мое искрено сочувство."

"... Со смртта на Паскал Митревски загубивме еден од истакнатите и заслужени партиски и воени раководители во борбата против фашизмот за национална и социјална слобода на македонскиот народ" - се вели во телеграмата на Ангел Чемерски, претседател на ЦК на СК на Македонија.

Во својата телеграма Киро Глигоров, истакнат раководител на НОД на Македонија, вели:

“По повод прераната смрт на другарот Паскал Митревски, истакнат револуционер, комунист и борец за ослободувањето и обедувањето на македонскиот народ примите ги моите длабоки сочувства...”

Претседателот на Собранието на СР Македонија, Благоја Талевски во својата телеграма истакнува:

“... Другарот Паскал Митревски за секогаш ќе остане во сеќавање како еден од најистакнатите борци против фашизмот, за национална и социјална слобода на македонскиот народ и доследен борец на политиката на Сојузот на Комунистите...” (214a. Телеграмите се чуваат го приватната архива на семејството на Паскал Митревски.)

Шест месеци подоцна, кога на Паскал Митревски му се даваше шестмесечен помен, на неговиот гроб дојде да го посети и некогашниот негов противник, бившиот командант на Главниот штаб на ДАГ, Маркос Вафијадис. Тој, кој во 1946 година тврдоглаво полемизираше со Паскал Митревски во врска со правилното и искреното спроведување на единството меѓу македонските партизански единици на НОФ и единиците на КПГ, зошто тој лично не ги признаваше Македонците како посебен народ, сега во Скопје, стоејќи пред неговиот гроб, го рече следното:

“Драги другари,

сакам да кажам два збора... Не го знам вашиот јазик, сакав, но не се случи во тие околности да го научам...

Сакав сега, кога дојдов тука, да се сретнам со другарот Паскал, но тоа не се оствари. Тој почина млад и ненадејно.

Другари!

Другарот Паскал за мене беше еден од најдобрите кадри на Словеномакедонците. Навистина, беше истакнат раководител на Словеномакедонците. И поради една друга причина го ценев другарот Паскал: Ги бранеше правата на словеномакедонското малцинство, од една страна, а од друга страна, ја спроведуваше линијата на КПГ за малцинствата: Полна рамноправност на малцинствата.

Беше верен другар и способен раководител, прекален, особено во грчките услови и признат од раководството на КПГ во тоа време. Непоколебливо застана на тезите на КПГ кои се совпаѓаа со интересите на словеномакедонскиот народ.

Другари,

ви кажав дека кога доаѓав тука во Скопје, многу сакав да се сретнам со него, но за жал... Ви пожелувам да поживеете и да го помните. Ценете го и почитувајте го за неговата народна борба." (215. Пред присутните на гробот на Паскал Митревски, говорот на Маркос Вафијадис го преведе Тодор Кочев од село Баница, Леринско, револуционер и еден од раководителите на НОМС за Егејска Македонија. Писмото се чува во приватната архива на Евдокија Баљова-Вера.)

Маркос Вафијадис ова го рече сега, после 35 години, но зошто тој не го велеше тоа во периодот на НОБ (1941-1944) и во 1946 година, кога ги водеше преговорите со Паскал Митревски за постигнување на единството меѓу македонските и грчките партизански единици?

На крајот на овој труд, сакаме да подвлечеме дека преку оваа монографија за револуционерната дејност на Паскал Митревски им оддаваме скромно признание и почит исто така, и на неговите истакнати соборци и раководители на организациите СНОФ и НОФ, како што беа: Васил Алексовски, Киро Попвасилев, Ѓорѓи-Џоџо Урдов, Атанас Коровешов, Мирка Гинова, Пандо Шиперков, Вангел Шамарданов-Илинденски, Живко Попов, Михали Апостолов-Гранити, Пандо Трповски-Бунтовски, Крсто Мангов, Јани Пировски, Лазо Ангеловски, Тодор Дојчинов-Морава, Иван Ковачев-Орфеас, Андон Цалев,

Кирјако Цалев, Трифко Попов, Панајот Караџов, Васил Чочев и ред други, кои си го дадоа својот живот за слободата на македонскиот народ.

# НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Анализирајќи ја целокупната револуционерна дејност на Паскал Митревски на тлото на настаните во егејскиот дел на Македонија во периодот 1941-1949 година и разгледувајќи ги приложените негови прилози (извештаи, писма, повици, летоци итн.) на крајот на овој труд, пишувани во тоа време, можеме да ги извлечеме следните заклучоци:

1. Создавањето, оформувањето на програмите н дејноста на повеќето македонски народноослободителни организации, особено на СНОФ и НОФ, се тесно поврзани со дејноста на Паскал Митревски. Во нивните програми се зацртани и неговите ставови и идеи во однос на македонското национално прашање.

2. Паскал Митревски, како член на КПГ и како виден револуционер на македонското народноослободително движење секогаш се залагаше и упорно бараше од КПГ таа да ја почитува и спроведува во дело рамноправноста на Македонците во рамките на грчката држава и доследно се бореше за заштита на нивните национални и социјални права.

3. Паскал Митревски кон КПЈ секогаш чувствуваше посебна почит и симпатија за нејзиниот правилен став спрема југословенските народи и малцинства и за принципиедното разрешување на нивното национално прашање во рамките на југословенската федерација. Ваквиот правилен став на КПЈ ќе му послужи на Паскал Митревски како пример во неговото дејствување и како патоказ за правилното разрешување на македонската национално прашање и во грчкиот дел на Македонија. Овој негов став, за време на ИБ ќе му послужи на раководството на КПГ на чело со Никос Захаријадис за повод да го наклевети и да го оквалификуваа како “опасен југсловенскн агент” во редовите на грчкото ослободително движење и на крајот да го осуди на долги години затвор.

4. Паскал Митревски до крајот на својот живот остана чесен борец, принципиелен во своето дејствување и верен на идеалите за кои доследно се бореше.

# ПРЕГЛЕДАНА И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

## I. ИЗВОРИ

1. Необјавени:
- Збирка: “Егејска Македонија во НОБ 1940-1945”. Архив на Македонија - Скопје.
- Збирка: “Егејска Македонија во НоБ 1945-1949”. Архив на Македонија - Скопје.
- Збирка: “Обласна дирекција - Битола”. Архив на Македонија - Скопје.
- Фонд: “Андреас Џимас 1942-1945”. Архив на Македонија – Скопје.

2. Објавени:
- Егејска Македонија во НОБ 1944-1945 Т.I. Архив на Македонија, Скопје, 1971. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Антифашистичката војна 1941-1945. Под редакција на Ристо Кирјазовски, Васил Пејов и Тодор Симовски.
- Егејска Македонија во НОБ, 1945, Т.II. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1945 година. Превод и редакција: Ристо Кирјазовски и Тодор Симовски. Архив на Македонија, Скопје, 1973.
- Егејска Македонија во НОБ, 1946, Т.III. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1946 година. Превод и редакција: Ристо Кирјазовски и Тодор Симовски. Архив на Македонија, Скопје, 1976.
- Егејска Македонија во НОБ, 1947, Т.IV. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1947 година. Превод и редакција: Ристо Кирјазовски и Тодор Симовски. Архив на Македонија, Скопје, 1980.
- Егејска Македонија во НОБ, 1948, T.V. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1948 година.

Превод и редакција: Д-р Ристо Кирјазовски и Фани Буцкова-Мартинова. Архив на Македонија, Скопје, 1981.
- Егејска Македонија во НОБ, 1949, Т.VI. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1949 година. Превод и редакција: Д-р Ристо Кирјазовски и Фани Буцкова-Мартинова. Архив на Македонија, Скопје, 1983.
- Егејска Македонија во Антифашистичката војна 1941-1943 година, Т.VIII. кн.1. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Антифашистичката и Граѓанската војна во Грција. Превод, редакција и коментар: Д-р Ристо Кирјазовски и Фани Буцкова-Мартинова. Архив на Македонија, Скопје, 1985.
- Егејска Македонија во Антифашистичката војна (1 јануари - 31 август 1944), Т. VII, кн.2. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Антифашистичката и Граѓанската војна во Грција 1941-1949 година. Превод, редакција и коментар: Д-р Ристо Кирјазовски. Архнв на Македонија, Скопје, 1987.
-Еци архисе о енфилиос (Така почна граѓанската војна). Атина, 1987, стр. 1-395.
- КПГ и македонското национално прашање (1918-1974). Документи за односот на Комунистичката партија на Грција кон македонското национално прашање 1918-1974 година. Избор, редакција и превод Д-р Ристо Кирјазовски. Архив на Македонија, Скопје, 1982.
- То ККЕ ап то 1931-1952 (КПГ од 1931 до 1952 година). Партиски документи.

## II. ЛИТЕРАТУРА

-А., Б., Геноцидот и прашањето за македонското национално малцинство во Грција. Нова Македонија, Скопје, 1950, јуни 16, VII, 1964.
- А., Х., Пет години од смртта на деветте-мина на Пајак. Глас на Егејците, Скопје, 1950, октомври 1, I, 2.
- А., Х., Вич Планина ечеше од песни. Триесет години од формирањето на одредот “Вич”. Македонија, Скопје, 1973, март, XX, 239.

- Ајановски, Вангел-Оче. Егејски бури. Револуционерното движење во Воденско и НОФ во Егејска Македонија. ИНИ, Скопје, 1975.
- Анастасов, Т., Првото крварење на НОФ. Глас на Егејците, Скопје, 1951, септември 4. II. 13.
- Андоновски, Христо, Формирањето на Воденскиот баталјон на ЕЛАС. Од славните денови на нашата Народноослободителна борба. Глас на Егејците, Скопје, 1951, октомври 6, II, 15.
- Андоновски, Христо, 3 фебруари 1949. Вториот пленум на ЦС на НОФ. По повод една годишнина. Глас на Егејците, Скопје, 1952, февруари 10, III, 19.
- Андоновски, Христо, Постои или не македонското национално прашање за Грција во Егејска Македонија (I-VI). Глас на Егејците, Скопје, 1953 и 1954, IV и V, 39-44 (Без дата).
- Андоновски, Христо, На Вичо одекна партизанска песна. Формирањето на Првиот лерински партизански одред. Нова Македонија, Скопје, 1960, Октомври 11, XVI, 5033.
- Андоновски Христо, Организацијата СНОФ во Леринско, Костурско и македонскиот реонски комитет во Воденско. Гласпик на ИНИ, Скопје. 1966, X, 2-3, стр. 5-46.
-Андоновски, Христо, Македонците под Грција во борбата протнв фашизмот (1940-1944). ИНИ, Скопје, 1968.
- Андоновски, Хрнсто, Збогум Насо и Коста. Иселенички календар, Скопје, 1969, 158-160. (Литературен прилог за херојската смрт на Атанас Коровешов и Коста Џинов-Бабјанчето, раководители на НОФ од Егејска Македониа.
-Апостолски, Ванчо, Грција, односите со Југославија и прашањето за Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1952, февруари 16, IX, 2237.
-Атанасиевски, А., Протестен збор на бегалците од Егејска Македонија против теророт на монархофашистите. Нова Македонија, Скопје, 1945, август 29, II, 200.
-Бегалците од Егејска Македонија во телеграмите до Анкетната комисија го изнесуваат теророт од страна на монархофашистите. Нова Македонија, Скопје 1947, февруари 18, IV, 657, стр. 1 и 2.
-Благоев, Спиридон, Околу причините и последиците на проширувањето на бугарската окупациона власт во нови

области на егејскиот дел на Македонија во летото 1943 година. Гласник на ИНИ, Скопје, 1983, XXVII, l-2, стр. 41-59.
-Брану, К., Славокомунистике органосис ен Македонија (Словенокомунистички организации во Македонија). Солун, 1953.
- Влахов, Димитар, Разузданиот терор во Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1945, јуни 29, II, 171 и јули 29, 172.
-Вут Хаус, То мило тис еридос: И елиники антистаси ке и политики тон мегалон динамеон (Грчкиот отпор и политиката на големите сили). Атина, 1975.
- Вукмановиќ, Светозар, Комунистичката партија на Грција и народноослободителната борба. Нова Македонија, Скопје, 1949, август 30-31 септември 1-2, 1446-1449.
-Вукмановиќ-Темпо, Светозар, За народната револуција во Грција. Главен одбор на Народниот фронт на Македонија, Скопје, 1950, 147.
- Вукмановиќ-Темпо, Светозар, Борба за Балкан. Загреб, 1981.
- Бучковиќ, Љубо, Тактиката на Демократската армија на Грција во периодот од 1946-1949 година. Главен одбор на Народниот фронт на Македонија, Скопје, 1949, с. 76.
- Григоријади, Фиву Неокозму, Историа ту емфилиу полему 1945-49 (То девтеро андартико) (Историја на Граѓанската војна 1945-49). (Второто партизанство). Атина, Т. I, II, III и IV, с.л.
- Григориу, Е. И комунистики синомасија енантион тис Македонијас (Комунистичкиот заговор против Македонија). С. а, с.л.
- Григориу, Емануел, То вулгарикон оргион ематос ис тин Дитикин Македонија (1941-1944) (Бугарските злосторства во Западна Македонија (1941-1944). S.a. s.l.

- Грчкиот печат за теророт на монархофашистите во Грција. Нова Македонија 1945, септември 5, II, 206, стр. 1.
- Егејска Македонија - огромен концентрационен логор. Грчкиот демократски печат за теророт во Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1946, август 28, III, 508, стр. 1.
- За положбата на нашиот народ во Егејска Македонија. Мерки за бегалците и нашите задачи. Проширен пленарен состанок на Здружението на бегалците од Егејска Македонија. Реферат на Наум Пејов. Глас на Егејците, Скопје, 1951, јули 17, II, 11.

- Зверскиот терор на грчките шовинисти продолжува да беснее во Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1945, јуни 21, II, 143.
- Изјава на Гого Петричевски, член на Главниот одбор на НОМС за Егејска Македонија. Захаријадис и некои раководители на КПГ залудно се обидуваат со масовните апсења што ги вршат по логорите во Албанија над Македонските раководители да ја симнат одговорноста од себе за срамното предавство и ликвидацијата на ослободителната борба во Грција. Нова Македонија, Скопје, 1949, ноември 27, Vl, 1523.
К., В., Нашиот народ во Егејска Македонија оранизиран во НОФ и ЕАМ се бори против монархофашистичкиот терор во Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1946, септември 7, III, 517, стр. 2.
- За проблемот на Егејска Македонија. Изјава на Димитар Влахов на конференцијата за печатот во Париз. Нова Македонија, Скопје, 1946, септември 19, III. 527, СТР. 4.
- Зафиропулос Д., То ККЕ ке и Македониа (КПГ и Македонија). S.a, s.l.
- Злочини на монархофашистите во Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1946, октомври 26, III, 559, стр. 3.
- Изјавуеме високо дека Грција нема никакво право на Егејска Македонија. Рече во својот говор на предизборниот митинг во Битола Димитар Влахов, потпретседател на Президиумот на Народната Скупштина на ФНРЈ. Нова Македонија, Скопје, 1946, септември 22, III, 530, стр. 1.
- Карамеру, Д., Пос емфанизете симера то македонико зитима (охрана, македонико тагма, македоникос агон) (Како денес се појавува македонското прашање) (безбедност, македонскиот баталјон, македонската борба). Атина, 1945.
- Керамитчиев, М., Истребрачката политика спрема македонскиот народ во Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1949, декември 4, VI, 1528, стр. 4.
- Керамитчиев, М., Пет години од формирањето на Народноослободителниот фронт на Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1950, април 26, VII, 1650.
- Керамитчиев, М., Појавата на НОФ во Егејска Македонија. Глас на Егејците, Скопје, 1951, април 11, II, 8.

- Керамитчиев, М., Четврт век од создавањето на НОФ во Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1970, април 25, XXVI, 8355.
- Кикицас Георгиос, Како стигнавме до последните борби на ДАГ. (Мемоари). Гласник на ИНИ, Скопје, 1971, XV, 1, стр. 225-277.
- Кикицас Георгиос, Последните операции на ЕЛАС против хитлерофашистичките окупатори и нивното значење за ослободувањето на Балканот. Гласник на ИНИ, Скопје, 1975, XIX, l, 201-221.
- Кикицас Георгиос-Протопапас, Од дејноста на ЕЛАС во Македонија. (Превод од грчки јазик). Мемоари, се чуваат во ИНИ.
- Кирјазовски, Ристо, Костурско во 1943 година. (Во кн. "Слободните територии во Македонија"). ИНИ, Скопје, 1975, с. 269- 281.
- Кирјазовски, Ристо, Првиот актив на народноослободителниот фронт на Македонците од Егејска Македонија. Гласник на ИНИ, Скопје, 1976, XX, 1, с. 19-30.
- Кирјазовски, Ристо, Развојот и успесите на ДАГ во подрачјето на Грамос од јули 1946 до септември 1947 година. Гласник на ИНИ, Скопје, 1980, XXIV, 3, С. 57-75.
- Кирјазовски, Ристо, Егејска Македонија во 1941 година. Гласник на ИНИ, Скопје, 1981, XXV, 1, с. 125-136.
- Кирјазовски, Ристо, Одразот и последиците на Резолуцијата на ИБ врз ослободителното движење во Егејска Македоннја. Историја, Скопје, 1982, XVIII, 1-2, с. 17-34.
- Кирјазовски, Ристо, За ставот на Комунистичката партија на Грција по македокското прашање во 1949 година. (Во кн. "Десет дена Крушевска република"). Завод за унапредување на стопанството во СРМ "Самоуправна практика". Скопје, 1983, с. 259-270. (Одделен отпечаток од "Прилози за Илинден", 1979, III.
- Кирјазовски, Ристо, Народноослободителната војна во Егејска Македонија и македонското национално прашање (1941-1945). Гласник на ИНИ, Скопје, 1983, XXVIII, 3, с. 331-338.
- Кирјазовски, Ристо, Писмо од Политичката комисија на Македонците под Грција до македонското биро на КПГ на Грција (29. XI. 1944). Современост, Скопје, 1984, XXXIV, 2-3, с. 19-28.

- Кирјазовски, Ристо, Леринско-костурскиот македонски баталјон. Историја, Скопје, 1985, XXI 1, с. 85-98.
- Кирјазовски, Ристо, Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949). Култура, Скопје, 1985.
- Кирјазовски, Ристо, Македонски национални институции во егејскиот дел на Македонија (1941-1961). ИНИ, Скопје, 1987.
- Кирјазовскн, Ристо, Македонската политичка емиграција од егејскиот дел на Македонија во источно-европските земји по Втората светска војна. Култура, Скопје, 1989.
- Киселиновски, Стојан, КПГ и македонското национално прашање (1918-1940). Мисла, Скопје, 1985.
- Киселиновски, Стојан, Статусот на македонскиот јазик во Македонија (1913-1987). Мнсла, Скопје, 1988.
- Лерински, (Чипов), Андреја, Појавата на НОФ во Егејска Македонија. Глас на Егејците, Скопје, 1951, април 1, III, 23.
- Македонскиот народ од Егејска Македонија во борба за национална слобода и рамноправност. Нова Македонија, Скопје, 1946, октомври 11, III, 546, с. 4.
- Мамуровски, Ташко, Светли ликови од Егејска Македонија (1945-1949). НИО "Студентски збор", Скопје, 1987.
- Мамуровски, Ташко, Бугарската пропаганда во Југозападна и Централна Егејска Македонија (1941-1944). ИНИ, Скопје, 1989.
- Миљовски, Боро, По повод Шестиот пленум на ЦК КП на Грција. Нова Македонија, Скопје, 1949, ноември 23, VI, 1519.
- Митревски, Паскал, Учеството на македонскиот народ од Егејска Македонија во борбите против фашистичките окупатори. Нова Македонија, Скопје, 1945, октомври 11, II, 237.
- Митревски, Паскал, Градот кај Бистрица Иселенички календар, Скопје, 1965, 84-85. (Сеќавања на авторот за градот Рупишта, Костурско, од периодот на НОБ).
- Митревски, Паскал, Сеќавања за првата битка во градот Рупишта. Гласник на ИНИ, Скопје, 1965, IX, 1, с. 253-256.
- Мигревски, Паскал, Триесет години од Првата конференција на СНОФ (I- II). Нова Македонија, Скопје, 1973, декември 25-26, XXX, 9672-9673.
- Митревски, Паскал, Критички осврт на трудот на Ванѓел Ајановски-Оче, "Егејски бури", издание на ИНИ - Скопје, 1975. Гласник на ИНИ, Скопје, 1977, XXI, 2-3, 195-211. (Одделен отпечаток).

- Митревски, Паскал, Првите органи на народната власт и формирањето на Привремената демократска влада на Грција за време на Граѓанската војна 1945-1949 година. Симпозиум: АСНОМ - остварување на идеите за создавање на македонската држава МАНУ, Скопје, 1977, с. 199-211. (Одделен отпечаток).
- На ослободената грчка територија е одржан Првиот конгрес на Народноослободителннот фронт на Славјаните од Егејска Македонија. Трудбеник, Скопје, 1948, јануари 24, IV, 4 (104).
- Најенергично протестираме против монархофашистичкиот терор во Грција и апсењата што ги спроведува Захаријадис во Албанија над Македонците - раководители на НОФ - усмерени на уништувањето на македонскиот народ од Егејска Македонија - истакнуваат во својата Резолуција бегалците од Егејска Македонија. Голем протестен митинг на бегалците од Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1949, ноември 29, VI, 1524, с. 7.
- НОФ се бори да го протера англискиот и американскиот окупатор на земјата, се бори за слобода и независност на Грција, за демократија и национална рамноправност. Прв конгрес на Народноослободителниот фронт на Славјаните од Егејска Македонија одржан на слободната територија на Грција. Нова Македонија, Скопје, 1948, јануари 24, V, 945.
- Папакирјакопулу, И. П., Булгари ке Итали енглиматис полему ен Македониа (Бугари и Италијанци воени злосторници во Македонија). Атина, 1946.
- Пејов, Наум, Да се прекине со разузданиот терор над нашите браќа во Егејска Македонија и да му се признаат малцински права на нашиот народ. Глас на Егејците, Скопје, 1950; ноември 1, I, 3.
- Пејов, Наум, По повод Првиот конгрес на НОФ во Егејска Македонија. Во прилог на вистината. Глас на Егејците, Скопје, 1951, јануари 10, III, 18. стр. 3-5.
- Пејов, Наум, Прилози за односот на раководителите на КПГ по македонското национално прашање. Главен одбор на Македонците ол Егејска Македонија, Скопје, 1953.
- Пејов, Наум, КПГ и македонското национално прашање (IV-IX). Глас на Егејците, 1953, IV, 32-37.
- Пејов, Наум, Зошто побегнавме без пасош...(I- II). Глас на Егејците, Скопје, 1954, V, 44-45. (По повод злочинот на грчките

реакционери врз македонското население во Егејска Македонија).
- Пејов, Наум, Македонците и Граѓанската војна во Грција ИНИ. Скопје, 1968.
- Прагматикес етиес ту елинику драматос (Вистинските причини за грчката драма). Атина, 1947.
- Протесна Резолуција од Вториот конгрес на Народниот фронт на Македонија до Организацијата на обединетите народи по повод зверствата на монархофашистичката влада. Нова Македонија, 1949, мај 25, V, 1949.
- Раковски, Павле, Македонското национално прашање низ политиката на КП на Грција (или Политиката на КП на Грција по македонското национално прашање). Гласник на ИНИ, Скопје, 1968, XII, 3, стр. 101-171.
- Раковски, Павле, Кон согледување на историската вистина. Погледи, Скопје, 1980, XVII, 8.
- Раковски, Павле, КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и македонското НОД. Гласник на ИНИ, Скопје, XXVI, 2-3, стр. 243-267.
- Раковски, Павле, КП на Грција и Македонците. (Согледувања, размислувања, сознанија). Македонска книга, Скопје, 1990.
- Резолуција од Првиот конгрес на Народниот фронт на Македонија. До мировната конференција во Париз. Нова Македонија, Скопје, 1946, август 6, III, 489. (Во Резолуцијата се зборува и за положбата на Македонците во Егејска Македонија).
- Резолуција од Конференцијата на бегалците од Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1949, јули 29, VI, 1418.
- Сарафис, Стефанос, ЕЛАС, 1953, s.a, s.l.
- Симовска, Лилија, Македонската периодична публицистика во Егејска Македонија во Народноослободителната борба (1942-1944). Историска предусловеност на периодичниот печат во Егејска Македонија. Гласник на ИНИ, Скопје, 1975, XIX, 2, 145-174.
- Симовски, Тодор, Македонците од Егејска Македонија во НОБ. Нова Македонија, Скопје, 1971, декември 25-30, XXVII, 8953-8958 и 1972, јануари 2-16, XXVII, 8960-8973.
- Симовски, Тодор, Македонското национално прашање низ политиката на КПГ во текот на НОБ. Гласник на ИНИ, Скопје, 1972, XIV, 2-3, стр. 25-52.

- Симовски, Тодор, Населените места во Егејска Македонија. ИНИ, Скопје, 1978, кн. Прва.
- Симовски, Тодор, Доаѓањето на бугарската мисија при Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ во септември 1943 година и меѓународните импликации. Гласник на ИНИ, Скопје, 1983, XXVII, 3, стр. 29-83.
- Симовски, Тодор, Британската политика во Втората светска војна и македонското национално прашање со посебен осврт на Прилеп и Прилепско. Во кн. "Прилеп и Прилепско во НОВ 1944 - 15 мај 1945 година". (Материјали од Научниот собир одржан на 14, 15 и 16 март 1983 година). Кн. I/1. Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ во Прилеп. Скопје, 1985, стр. 258.
- Т., V, По селата во Егејска Македонија оргијат монархофашистите и полицијата. Неиздрживиот терор во Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1946, септември 11, III, 520, стр. 2.
- Телеграми до Анкетната комисија во Грција. Нова Македонија, Скопје, 1947, февруари 19, IV, 658, стр.1.
- Теророт и провокациите на грчките фашисти во Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1945, јуни 26, II, 147.
- Теророт на грчките шовинистички банди над населението од Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1945, јуни 12, II, 135.
- Тупурковски, Димитар-Титан, Бригада на прекалени антифашисти. Три децении од формирањето на Првата НО ударна бригада од Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1974, ноември 19, XXXI, 9997.
- Тупурковски, Димитар, Пат долг триесет години. Македонија, Скопје. 1975, јануари, XXII , 261, стр. 16-17. (Осврт за формирањето и дејноста на Првата ударна бригада на Македонците од Грција).
- Хаџи, Танаси, И никифора епанастаси пу хатике (Победена револуција којашто се изгуби) 1941-1945, Дел I, II и III. Атина, 1979.
. Хрисохоу, Атанас. И., И катохи ен Македониа. И драсн тис вулгарикис пропагандас. (Окупацијата на Македонија. Дејноста на бугарската пропаганда 1943 и 1944 година, кн. II. Солун, 1950.

- Хрисохоу, Атанас И., И катохи ен Македониа. И драси тис италороманикис пропагандас. (Окупацијата на Македонија. Дејноста на италијанско-романската пропаганда, кн. III. Солун, 1951.
- Чипов, Андреја, КПГ и македонското национално прашање. Глас на Егејците, Скопје, 1952, 29, (Без дата).
- Што станува со раководителите на НОФ уапсени од Захаријадис. Глас на Егејците, Скопје, 1951, јули 8, II, 12, стр. 1.

## III. ПЕРИОДИКА

1. Списанија:
- Гласник - Орган на Институтот за национална историја - Скопје.
- Неос козмос (Нов живот).
- Етники антистаси (Национален отпор).
- Историја - Списание на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија – Скопје.
- Културен живот - Списание за култура, уметност и општествени прашања – Скопје.
2. Весницн:
- Глас на Егејците - Орган на Здружението на Македонците од Егејска Македонија - Скопје.
- Елефтериа - Атински весник.
- Елиникос Ворас - Солунски весник.
- Ефедрикос ЕЛАС - Орган на Дивизијата на резервниот ЕЛАС.
- Лаики Фони - Орган на Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија.
- Македониа - Солунски весник.
- Махитис - Орган на Семакедонскиот комитет на ЕЛАС.
- Македонија - Орган на Матицата на иселениците од Македонија - Скопје.
- Нова Македонија - Орган на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија - Скопје
- Славјаномакедонски глас - Орган на Окружниот одбор на СНОФ за Костурско.
- Разгледи - Списание за литература, уметност и култура – Скопје.
- Тесалоники - Солунски веснник.

## IV. СЕЌАВАЊА

Баљова Евдокија-Фотева, “Сеќавања”. Се чуваат кај авторот.
- Гацев Ангел, Спомени од минатото на Воден и Воденско. Се чуваат кај авторот.
- Качела Никола, Сеќавања од борбата. Се чуваат кај авторот.
- Ловач Ристо, Спомени. Се чуваат во архивот на ИНИ.
- Макриевски Васил, Спомени од НОБ. Се чуваат кај авторот.
- Митревски Паскал, Биографски белешки од борбата. Се чуваат кај авторот.
- Митревски Паскал, Прилог кон автобиографијата. Се чуваат кај авторот.
- Пачурас Јанис, Партизанското движење на ЕЛАС во Костурско. Сеќавања се чуваат кај авторот.
- Раковски Павле, Во длабоката ноќ зората се раѓа. Сеќавања се чуваат во архивот на ИНИ.
- Фотев Минчо, Врховистите во служба на окупаторот (1941-1944). Сеќавања се чуваат кај авторот.
- Фотев Минчо, Развојниот пат на организацијата НОФ во Егејска Македонија. Сеќавања, се чуваат кај авторот.
- Чолаков Ламбро, НОБ во Егејска Македонија. Сеќавања, се чуваат кај авторот.

# ВТОР ДЕЛ

# ПРИЛОЗИ ОД ПАСКАЛ МИТРЕВСКИ ЗА НОБ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА И ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА (ИЗБОР)

## 2.1 - БЕЛЕШКА ЗА СОДРЖИНАТА НА ПРИЛОЗИТЕ

Како што рековме и порано, во првиот дел од овој труд го разгледавме животот и дејноста на Паскал Митревски на тлото на настаните во егејскиот дел на Македонија и во Грција во периодот од 1941 до 1949 година. Во продолжение на трудов приложуваме избрани текстови од Паскал Митревски (извештаи, писма, повици и прогласи и други документи напишани од него во споменатиот период).

Во овие документи се даваат подробни податоци за тогашната политичка ситуација во Грција и во Егејска Македонија, за учеството на Македонците во борбата против странските окупатори, за теророт на грчката реакција врз македонското население од овој дел на Македонија, за односот на КПГ и ЕАМ кон македонското национално прашање и кон организациите СНОФ и НОФ, за организационата структура на македонските организации во Егејска Македонија, за начинот и методите на спроведувањето на спогодбата меѓу НОФ и КПГ за обединување на грчките и македонските партизански единици, за расположението и за масовното утество на македонскиот народ во антифашистичката борба против странските окупатори и за неговото масовно учество во редовите на ДАГ итн.

Разгледувајќи ја тогашната политичката ситуација во Грција, Паскал Митревски посебно внимание им посветува во своите извештаи на програмата на политичките партии во Грција, на нивниот негаторски и дискриминаторски однос спрема Македонците, на англиската политика на Балканот, особено во Егејска Македонија, која Англичаните имаа намера да ја претворат во субверзивна база против соседните народни републики итн.

Во приложените документи не само што е одразена политичката ситуација во Грција, а особено во Егејска Македонија во периодот 1941-1949 година, туку преку нив се гледа и личноста на Паскал Митревски - неговите национални чувства, неговата политичка зрелост, наобразованоста и адвокатската вештина.

Со оглед на сето ова, приложените подолу написи, претставуваат богата илустрација на неговата револуционерна дејност. Благодарение на тоа трудов добива карактер на монографска студија за животот и делото на Паскал Митревски, која и покрај тоа што има некои празнини, сепак претставува сериозен зафат за правилното расветлување на дејноста на Паскал Митревски и на неговиот придонес за афирмација на македонската национална борба.

## 2.2 - Извештај на Паскал Митревски, секретар на Околискиот комитет на СНОФ за Костурско од 15 април 1944 година, за политичката и организационата положба и активноста на СНОФ во Костурско

х)...... И сега, со задоволство можеме да кажеме дека имаме 1944 организирани жени, а што е уште поважно, жени членки на СНОФ, со пушка в рака чуваат стража, или како резерва земаат учество и извршуваат опасни задачи на подрачја окупирани од непријателот и реакцијата. СНОФ успеа, заедно со резервниот ЕЛАС, што го создаде тој, да разоружа редица села што ги држеше комитатот, да ја истера вооружената реакција и да му ги осуети плановите на бугарскиот фашизам (Михаилов - Калчев), да воспостави свои сфери на политичко влијание во одделни села. На крајот, СНОФ успеа да го прошири своето влијание во пошироките народни слоеви. Но и покрај таквиот напредок на организацијата не можевме да ја оствариме стратешката цел што ја има секоја ревилуционерна организација, т.е. да го опфатиме мнозинството на нашиот народ. Исто така не можевме да развиеме револуционерен дух кај нашите членови, организационотехничка кохезија, дисциплина и решителност, а пред се, единствено организирано сврзување, нешто што ги прави смели револуционерните организации, способни решително да реагираат на секакво искушение. Како резултат на тие недостатоци и слабости е, што низа села, под влијание на замаскирани и организирани лаги и насилства на комитатот и окупаторот, повторно се вооружуваат (Черешница, Шештево, Изглиби, Тиквени).

Реакцијата и нејзиното лице. Реакцијата се јавува со две лица: со лицето на комитатот и лицето на ПАО. ПАО најде основа кај малцина гркомански елементи, и тоа поради наша грешка. Ние оставивме некои расипани гестаповци да вршат по селата, и тоа не во сите, затоа што не им се приближивме на одделни заведени гркомани со нужниот такт. Но, грешка е и на п. раководство, што некои гркомански, големоидеатски семејства, и премногу ги двореше (п. раководството на Смрдеш). Но сега, со ударот што го претрпе, ПАО не може да оживи во селата на СНОФ. Меѓутоа, сериозно продолжува да постои реакцијата на комитатот. Комитатот најде сигурна база во реонот на с.

Загоричани и с. Четирок, а во другите села се наложи. Михаилов, Калчев и компанијата, употребиле опасни махинации (доаѓа бугарската армија да ја окупира Македонија) и левичарски прикриен македонски речник (автономија, итн.). Заостанатите маси, поради нејасната национална и политичка ндејна ориентација и конзервативниот дух на еден дел од Славјаномакедонците, сранале сојузник на антинародна бугарска фашистичка офанзива. Но и покрај сето ова, нашата организација успеа политички да го неутрализира комитатот, да разоружа редица села, да ја спречи опасноста од ширењето на комитатот и да го блокира и ограничи само во определени реакционерни јадра.

Слабости: не удривме решително и навреме. Донекаде спроведувавме лабава и еластична политика. Не влијаевме доволно врз улогата што ја играа извесни криптофашисти Славјаномакедонци, кои продолжија да одржуваат врски со Калчев и комитатот. Не ги ликвидиравме некои склеротични фанатици, кои успеале да се прикријат (отровници во нашите пазуви) и кои во дадениот момент го извршуваа налогот на Калчев за вооружување на селата. Чекавме војничка интервенција, иако можевме, со нашите сили и со силите на резервниот ЕЛАС, да искористиме извесни нејасни ситуации и да го преземевме барем Шештево, ако бевме политички поенергични, и нашите кадри поподвижни. Налог им беше даден на кадрите, но тие не го извршија навреме. Но и воената команда не ни помогна во тој случај.

Националното единство и подигањето на националната свест кај Славјаномакедонците. Две централни прашања што ја окупираа нашата организација беа: националното единство на нашиот народ и будењето на неговата национална свест. И двете прашања ги сметавме за многу сериозни и на нив ги насочивме нашите напори, затоа што народ без национално единство и без разбудена национална свест не претставува решавачка и доследна сила за една тешка народноослободителна борба. Навистина, и покрај неповолните објективни и субјективни услови во кои се најдовме кога почнавме да работиме, успеавме да создадеме некакво национално единство кај еден значителен дел од нашиот народ.

Успеавме да ја разбудиме неговата национална свест и да ја ставиме во служба на целите на националноослободителната борба. Но, еден добар дел од народот, со две спротивни ориентации, стоеше како пречка во револуционерното и националното обединување: делот што се наоѓа заведен од влијанието на бугарско-фашистичката реакција и комитатот и делот кој, иако се наоѓа на наша страна, не го сфати значањето на револуционерното единство на целиот славјаномакедонски народ, така што да претставува единствена, целосна сила во националноослободителната борба. Она што се бара во овој критичен момент е: да го оттргнеме од рацете на реакцијата и на предавниците заведениот дел на нашиот народ, уништувајќн ја истовремено на кој и да било начин реакцијата, и од друга страна да му го објасниме на нашиот народ звачењето на неговото национално единство и разбудувањето на неговата национална свест.

Премостување - заемно разбирање и придобивки на двата народа. Во овој сектор напреднавме, но поради извесни грешки и шовинистички слабости на некои кадри на СНОФ и на ЕАМ, не ги постигнавме очекуваните резултати, т.е. целосно разбирање и морално единство. Правецот во кој треба да се борат кадрите на ЕАМ - СНОФ не е премостување на хасот, кој навистина веќе не постои, туку целосно револуционерно морално и идеолошко единство и сфаќање на конкретните и од животен интерес проблеми на заедничката борба. Не е доволно да зборуваме на состаноци и на јавни расправии за помирувањето, туку во практика, во секој даден случај, да докажуваме и да ги помогнеме двата народа, свесни и смело да го остварат единството. Само кога чисто и целосно ќе гн одгледуваме овие заемни чувства, тогаш конечно ќе ги положиме темелите на помирувањето.

Активирање за непосредни економски барања и здружување. Точно е дека нашата организација уште од своето формирање му придаваше големо значење на овој сектор и живо се занимаваше со овие проблеми. Покрена и поединечно и масовно цели краеви од подрачјето на СНОФ и ги упати до округот на окупаторските власти и Калчев, за решавање на економските проблеми и против теророт на комитатот. И

најпосле, кога беше закажана сеопшта демонстрација во Костур, нашата организација ги имаше извршено сите подготовки и имаше обезбедено учество на повеќе од 1200 луѓе, но другите организации не беа подготвенн, поради што се одложија демонстрациите. Во секој случај народот од овие акции имаше корист. Доби сапун, шеќер, масло, грашок, платно, не го плати данокот, итн. Но она што недостигаше во овие акции, беше свесното и организирано единство, и витално раководство. Освен во селата на реоните на Добролишта и Брештени, задруги не успеавме да организираме. Навистина, народот во Корештата, на ова прашање беше неподвижен и без волја, поради отсуството на задружна традиција и свест, што во минатото воопшто не се одгледувале, но и наша слабост е што не му укажавме на значењето што го имаат задругите како решавачко оружје во рацете на народот. Но сега веруваме дека со поупорна работа ќе ја совладаме таа слабост.

Културно-просветната работа и печатот. Народ непросветен. Многугодишното ропство остави кај луѓето нестабилни политички критериуми, а со помошта на различните пропаганди беше разбиена и политичката ориентација. Како резултат на тоа, можеше да најде почва и антинародното и антиславјаномакедонското влијание. На овој сектор нашата организација му го посвети потребното внимание и даде основен народнореволуционерен и националноисториски материјал, за да се изостри идеолошко-политичкиот критериум. Но не можевме да организираме систематска културно-просветна работа поради недостигот на техничкисредства и да покренеме едно револуционерно просветно и патриотско движење како важен фактор за целата работе на просветувањето. И кога се направи еден таков напор, од наша страна, да се организира дена обрасцова група од СНОФ, таа ни беше забранета (Околиски совет на ЕПОН).

Во последно време и во овој правец напреднавме со тоа што формиравме специјална група за просвета, која исклучиво ќе работи врз оваа задача. Во печатот имаме напредување. Издаваме редовно неделен весник и друг печатен материјал, прогласи итн. Но за да биде нашиот весник витален орган на народот и гласник на револуцијата, треба да се дополни и со

грчката азбука, о не е сторено поради технички причини. Затоа се налага по секоја цена да се најде една грчка машина за пишување.

Борбеност и активирање на движењето. Напредок во реонот на селото Д'мбени (посебно во подреонот на Смрдеш). Во реонот на Дреновени, латентно капитулантство, недостиг на революционерни одлуки. Во последно време има охрабрување. Во реонот на с. Вишени, слабости. Во реонот на с. Добролишта, освен двете револуционерни села (Четирок-Тиквени), во другите села добро напредуваме, но не целосно. Во реонот на с. Брештени немаше добро борбено расположение. Во реонот на с. Загоричани владее реакцијата.

Партизани. Исфрливме 500 партизани од селата на СНОФ. Можевме да имаме уште поголем успех ако, поради лошото раководење на нашата организација и од бригадата, не пропаднеше последната акција за исфрлање на уште 240 партизани од СНОФ.

Помош на ЕЛАС. Го помогнавме ЕЛАС, дадовме 600 оки жито и други видови храна и волнени работи. Што е најважно, кај народот создадовме дух и расположение за секаква материјална жртва.

Единиците на ЕЛАС, кои оперираат во Корештата, со месеци се хранат од населението на овие села.

Резервен ЕЛАС, Младина, Солидарност. Во повеќето села на СНОФ нашата организација организира бази на резервниот ЕЛАС. Околиското раководство на резервниот ЕЛАС со месеци никаде го немаше. Со резервниот ЕЛАС, што го создадовме, ја удривме реакцијата и разоружавме низа реакционерни села. Но не му достигаше организационо единство, а и денденес не му достига специјално раководство.

Младината (ЕПОН) напредува добро, освен во реонот на село Вишени. Раководството на ЕПОН, на славјаномакедонската младина, ќе треба да му даде добро и студиозно подготвен национално-историски и револуционерен материјал. Да го

објасни народно-демократскиот и социјалистичкиот карактер на национално-народноослободителната борба на македонскиот народ. Сето тоа да го поврзе со целите на денешната борба, насочувајќи ја младината кон социјалистички, антифашистички и мироЉубив дух.

Националната солидарност имаше многу слабости, но сега се пополни со славјаномакедонски кадри и ќе продолжи со поголем успех. Нашата организација ја помогна Националната солидарност во сите нејзини напори.

15/4/44 За Околискиот комитет
Пасхалис

х).... Од документот недостасува првата страница.

Документот е преведен од грчки јазик, а објавен е во едицијата: "Егејска Македонија во НОБ 1944-1945", Т.I..., док. 79, стр. 91-94

## 2.3 - Писмо од Политичката комисија на Егејска Македонија под Грција (Паскал Митревски) до ЦК на КП на Македонија од 6 декември 1944 година, со кое го запознава со одлуката, Првата егејска бригада да земе учество во борбата против англиската воена интервенција на страната на ЕЛАС

Политичка комисија на Македонија под Грција
г. Битола, 6-XII-44 год.

До ЦК на КП на Македонија

Работите покажуваат, оти во Грција ЕАМ-ЕЛАС влегуват решително и идејно против фашизамо и големогрцката реакциа. Се предвижда зблскването оти ќе земи размери и многу бргу ќе се развие. Политичката комисија се собра и реши, зато ние преставуваме една воена сила појке од две илиади Македонци, волиата и решението на македонскиот народ за борба, зато шо создаването на седемократскиот народен фронт, саставува предложение неопходимо за остварване демократското и брзо решение на националните стремежи на македонскиот народ.

До като се наложат силите на народот и демокрациата во Грција, зато шо ние трба да организираме и сврзиме борбата на македонскиот народ со борбата на грцкиот, против фашизмот и големогрцката реакциа со начин до като се наложат народните сили, за осигурване вопросот на националното ни прашање. Зато решифме.

Како предвижиме непостреството во сето пространство и напрежение на сиот македонски народ, начело ние и со изглед оти натре во борбата ке оствари, остествено и неопходимо, пандемокрацкиот народен фронт, мегју грцкиот народ и македонскиот, независно и без да чекаме дали ке ни направат предложение за сутрудничиство ЕАМ ЕЛАС или не.

Можеби ЕЛАС да не сака да земи инициативата за да се види оти подава рака за приателство и сотрудничество.

Но ние не треба да се колебајме. Да слеземе долу во нашите места да поеме раководството на нашиот народ и докато нашиот народ да му дигнеме живо братската и решителна борба, заедно со грцкиот народ и докато нашиот народ оствари единството натре во оганот на борбата.

Оствaруваме и ние тогај неоподимо разбирателство и сотрудничество со ЕАМ ЕЛАС и со нашите секој пат сакава. (Македонска војска, слободна мобилизација, политички и културни организациј во нашиот народ).

Политичката комисиа има мнението и решува да прати воени сили од нашите единици во нашите места за да подигнат и го фрлат масово во борбата народот ни и во новите посоки.

Со тоа да, да останиме туа и да чекаме да земат инициативата и предложениа од ЕАМ ЕЛАС кои можат да закаснеат сега шо собитиата сае развиват току сериозно. Тоа не само практично не е во полза на обштата борба на грцкиот и македонскиот народ за создаване на пандемократски фронт и усилването на борбата против големогрцката реакција.

Но и нас, ако покажеме безделие, ке не фалшивицират како политичка и воена сила на македонскииот народ. Истовремено се предвижваше и ке се предвижеме по посока на разбирателство со раководството на ЕАМ ЕЛАС.

Исто Политичката комисиа решава да прати позадинците кој ке превземат непострествена и енергична работа за психологичното и идеологичното воздигане на народот ни во нови линии. Тоа е решение на Пол. комисиа ама пред да го приложеме и зато шо се сериозни работите бараме мнението ви и упатваниа особено во двете по горе точки. Исто сакаме и непострествената помош на војската ни, за все алишча и други видој зато шо војската ни од таја страна се најдува во мизерно положение.

Чекаме одговор најксно таја вечер, зато што собитиата не чекат.

Исто Пол. комисиа смета за наложително и непостраствено да создадеме центрои за мобилисване на вашиот народ во нашите околиј за да влегуват во нашите редој пошто ќе слеземе тамо или да создават автоматни македонски масови единици во заедничката и братска борба со грцкиот народ.

За Пол. комисиа:
Паскал

АМ, Збирка: "Егејска Македонија во НОБ 1-41-1945", АЕ: 287

Документот е во оригинал на македонски јазик. Објавен е во истата едиција: "Егејска Македонија во НОБ 1944-1945", Т. I..., док. 196, стр. 284-286.

## 2.4 - Извештај на Паскал Митревски од септември 1945 година, за ставот на КПГ спрема Македонците и НОФ

Костурскиот окружен комитет на Партијата издава позиви со кои го поканува народот да побара од владата на Вулгарис да ги уапси "охранџиите" и "бандитите", т.е. најарните другари, кои ја водат борбата за леб, за слобода, рамноправност, демократија, братство и единство. Истите луѓе на Партијата откако со нивната пропаганда и со разни пароли што ги фрлат - успеа да вовлечат со нив и другари од војската и ги натераа да дезертираат и да го предадат нивното оружје на Англичаните (као што се случи со Сократ Папајани и Васил Каркоревски, кои ги зема веднаш Партијата под нејзини закрила и ги направи дури членови и кадрови). Такви примери имаме многу. Кадровите на Партијата, шетајќи по селата ни го заплашуваат народот и велат: "Тешко вам ако им давате леб и покрив: ако куртулите од бурандарите, не ќе се спасите од нас". Исто така одат во некои наши и грчки села и викаат: "Тие се охранџии, фашисти и бандити: каде и да ги видите да се појават, веднаш треба да јавите на полициските и другите државни власти и да им поможите за да ги фатат". Гореспоменатиот позив го прочитаа бурандарите на еден собир што го организираа и потоа започна еден жесток терор. Еден друг случај е со контрабандата. Партијата организира редовен контрабандитски износ на разни продукти од Албанија во Грција. Нејзин соработник е Аристидис Пишјотас од Рупишта, Костурско, познат соработник на Германците и Италијанците, а сега соработник на бурандарите и на Интелиџенс сервис. Тој е познат контрабанџија и црноберзијанец и се збогатил со помошта на италијанската карабинерија и Гестапо, на кои им служеше, а пак и сега продолжува да работи заедно со Интелиџенс сервис и со бурандарите. Тој има нашпионирано 300 души од Рупишта заедно со неговата клика, коишто 300 души денеска лежат во затвор. Истовремено прави и други предавнички престапи. Претставникот на КПГ Такис Досопулос, кој сега е овде, работи со него под следните услови: Такис Досопулос, ќе ја изнесува стоката од Албанија до границата. Од границата стоката ќе ја зема Пишјотас. Во дадениот момент Такис Досопулос ја има земено цената на стоката. Конфискувањето стана на грчко-македонската

територија, откако стана предавањето и плаќањето. Досопулос настојува да му ја вратиме стоката, затоа што не ќе можел, како што истиот ни рече да ја продолжи доходната трговија... и од ова нешто ќе губела Партијата, бидејќи, како што ни кажа, не ќе можела Партијата лесно да најде чесни контрабанции... Вака стои прашањето со контрабандата. Нашиот народ ќе се очае ако научи дека стоката му се врати на Пишјотас.

Кадрите на КПГ од градот Лерин не напаѓаат, бидејќи зедовме став да ја саботираме мобилизацијата на Вулгарис и да не ги оставиме Македонците и Грците да служат во неговата војска. И по ова прашање пак наоѓаат причини, за да не напаѓаат и да не пцујат, кажувајќи дека сме биле охранции, фашисти итн. Така се објаснува, на пример, како еден наш кадар избегал од нашите редови. Тој кадар е др. Лазо Хелјовитовски, којшто на еден состанок ни кажа дека не можел да дојде во спротивност со КПГ, која е согласна за да изведе мобилизацијата и кога отворено ЕЛАС-овците пропагираат да се одржи мобилизацијата. Тие ЕЛАС-овци се помагаат од Леон, Турунџов, без да земаат никакви мерки против нив. Во продолжение, кажа истиот, не може да биде нашиот став на Партијата против мобилизацијата. Сета оваа разидителна работа и спроведувањето на линијата на КПГ во нашите редови ја организираат Слобода и Статис, претставници на ЕЛАС, со помошта на кликата на Леон- Турунџов. Истата разидинувачка работа ја вршат и меѓу емигрантите, искористувајќи ги тешките им услови за живот. Во Леринскиот округ КПГ ги има собрано околу себе сите сомнителни елементи, коишто дезертираа од нашата војска (селата Борешница, Росен и др.) и во тие села од каде се родени дезертираните другари, организираат и заседи со помошта на бурандарите, за да ги удрат нашите.

Во кајларските пак села Ипсилантис, бивш капетан на ЕЛАС и сега организатор на КПГ, шета низ македонските села и ги заплашува селаните дека ќе ги заколел ако се организирале (влегувале) во НОФ. Истовремено реакцијата си го продолжува нејзиното дело за потполното уништување на кајларските македонски села. Во Воден партијата издаде повици, во коишто отворено не осудува како бандити и како органи на Охраната. Читајќи ги овие повици, реакцијата си ги трие рацете од радост.

До таму стигнале другарите да ги плашат нашите селани, дека ќе им ги изгореле куќите ако одат со НОФ, како ни соопшти за ова нешто другарот Оце.

Во Еницe-Вардар и во Гуменџе капетан Статис, бивши политички комесар на ЕЛАС, оди по селата и вика: "Удрите ги тие кодоши, кои се продадени на Интелиџенс сервис, и кои порано беа продадени на Охраната". Истата тактика ја води Партијата и во Серес-Драма, кажувајќи: "Полдбро ќе биде вие Македонците да одите во Бугарија, затоа што се изложивте многу со бугарската окупација". Во сите македонски околии партиското раководство на сите состаноци и партиски конференции кажува, дека Егејска Македонија е неразделен дел на Грција и дека секоја друга идеа требало да се удре. Од овие работи се гледа главната партиска линија за македонското прашање, а пак и самиот др. Захаријадис во својот говор и во неговите изјави кажа дека КПГ ќе се бори со сите нејзини сили против секакви територијални настојувања за приклучувањето на Македонија кон други држави, од каде и да идат тие претензии. Исто така, дека Партијата е согласна да се даде рамноправност на Македонците Словени во трите околии: Костур, Лерин и Воден. За другите околии молчи, како да не постојат таму Словени. Нашето движење го споредува со лицето на Гелев, адвокат од Лерин, кој сега се наоѓа во градот Битола и кој е познат со својата бугарофашистичка политика. Истото лице го употребува како објект и реакцијата во сите нејзини напади. Надворешната политика со неколку зборови е следната:

Пред една недела делегација на ЕАМ, на чело со др. Сјантос, II секретар на КПГ се јави пред регентот Дамаскинос и меѓу другото рекла, дека ЕАМ е согласен за обединувањето на Северен Епир, на Источна Тракија, Додеканезите и Кипар. За стратегиска реформа на границите кон Бугарија, не кажала ништо. Но во претходните изјави и решенија земаше ЕАМ и Партијата став да стане стратегиска реформа на границата кон Бугарија во корист на Грција.

АМ, Збирка: "Егејска Македонија во НОБ 1945-1949", АЕ: 370.

Документот е на македонски јазик, отчукан на машина. Објавен е во едицијата: “Егејска Македонија во НОБ 1945”, Т. II..., док. 153, стр. 298-300.

## 2.5 - Извештај од Паскал Митревски од 14 ноември 1945 година, за организационата дејност на НОФ и политичката ситуација во Леринско

Извештај за окружното поверенство на НОФ бр. 2 (Леринско поверенство)

Одвај вчера свикав состанок на Околиското поверенство бр. 1 (се мисли на Леринска околија, б.н.) откако претходно имав соработка со два члена на округот. Познато ви е дека третиот член на окргот се уште не пристигнал овде. Од соработката и од одржаниот состанок произлезе следното: Реакцијата ги смени формите на својата дејност. Ги напушти првите методи на отворен напад и насилство против народот, без да прекине со теророт што го прикрива со измама и расипаната совест.

Масовниот терор го замени со поединечен. Така и на овој начин се обидува да ги измами масите за некоја божем релативна сигурност и политика на ред спрема граѓаните. Тоа се гледа од фактот што не презема никакви мерки против оние кои поради тоа што беа прогонети од дивиот терор во летото ги фатија планините, а сега повторно се вратија дома. Истото важи и за секој дезертер од нашите редови или бегалците кои бегаат илегално и се предаваат. Нив ги остава слободни и им дава гаранција.

Од друга страна УНРА и целиот апарат за делење на храната што го има поставено по селата и градот, го претвори во вистинска институција за расипување каде што се расипува совеста на штета на нашето движење. Така, со ова средство во секое село, со ретки исклучоци, има пронајдено погодни агенти, кои одговораат на интересите на реакцијата. Освен нив, во секое село постои и друг таен апарат од 2 или 3 селани, кои играат улога на таен гестаповец и кои имаат добиено налог да следат и да го предаваат секое едно движење. Тие, се разбира, се плакаат со плата на таен полицаец. Нивното плаќање се врши од државната безбедност. Преку овие лица, како и другите погоре спомнати две категории и на некој друг “идеалист” на нивните гледишта, реакцијата се обидуа да постави народна основа, лансирајќи некоја од многубројните реакционерни

патриотски организации, како организациите (Павлос Мелас, Националниот фронт, Националната младина итн.).

Вистина е дека и покрај нејзините обиди, реакцијата не наоѓа одзив кај широките народни маси на македонскиот народ. Нејзината народна основа во македонските села е тесна и апсолутно ограничена на мал број лица, типови без совест. Она што успева е да ги стесни основите на борбено расположение на нашиот народ во голем дел. Само во оние села што се населени со Маџири, Власи и Албанци позициите на реакцијата се доста проширени и цврсти, без да станат тие села неосвоиви тврдини. Ова за реакцијата.

А тоа се должи на фактот што движењето на ЕАМ и организациите на ЕАМ во тие села речиси се ликвидирани и умртвени уште од првите денови на теророт со голем интензитет, а другите две бивши демократски партии не располагаат со погодни кадри за да развијат политичка активност во базата на погорните села, иако кај голем дел уште од минатото постои влијание и приврзаност кон овие партии. Сите овие слабости ги користи реакцијата и се уште ги држи позициите на погорните маџирски, албански и влашки села. По нашите македонски села кај големото мнозинство на нашиот народ го одржуваме духот, но не дотаму и толку борбен и до степен што го бараат околностите. Тоа се должи, од една страна, на разните комбинации на реакцијата (терор, измама, расипаност), но пред се, поради нашите организациони слабости.

Од организационен аспект нашите слабости се сериозни. Повеќето од селата останаа се уште со старите организации, кои во некои села речиси се умртвени, а во други постојат само формално, поради непостоењето на непосредно и живо раководство. Само реонот бр. 2 и некои села од реонот бр. 1 се наоѓаат во добра организациона ситуација. Тука организациите се живи, активни и функционираат нормално, се состануваат, членовите си ја плаќаат членарината, имаат некакво чувство на обврски како организирани членови. Во другите реони и во градот речиси не постои ништо конкретно. И тоа затоа што другарите, кои беа испратени на теренот по последната

реорганизација, не се активираа доволно за да ги прегрнат и да стигнат до основните организации на селата. Тие се собраа и го поставија своето седиште на еден реон во некаква планина, таму изградија една колиба и оттаму се обидоа да раководат со округот. Се исплашија од движењата на потерните одреди и не влегоа во селата, а особено во оние во полето. По тој начин се изолираа од базата и од практичната и од конкретната дејност. Се задоволија да раководат само преку писма. Оваа секташка тактика и недостигот на решителност кај другарите имаше за резултат раководството да не стигне до базите, освен како оддалечен глас. По оваа констатација заедно со другите задачи што ги добив од горе, како примарна ја поставив задачата: Нашите кадри да влезат внатре во селата и во градот и со апсолутна конспиративност таму да отвориме наши куќи за јавки и за престојување на нашите кадри. Веќе кадрите заминаа, секој во својот реон, веднаш уште на вториот ден, а за еден од округот се донесе одлука и тој замина за да влезе во градот. За резулатите ќе ви пишам дополнително.

КПГ ја продолжува истата тактика на отворена полемика, која достига до провокација. Некои кадри и членови на КПГ манифестираат расположение и преземаат акции при полна соработка со властите за предавањето на нашите политички кадри и како контрачетници и автономисти, како на пример во селото Борешница. На еден легален состанок, што го свика Окружниот комитет на Партијата во село Котори, за еден реон, а кој наполно не успеа поради која причина и го одложија, бидејќи дојдоа само 5 делегати, Кентрос (Стратос Кентрос, б.н.), окружниот секретар говорејќи пред 5 дојдени делегати, во присуство и на началникот на полицијата на селото, за нас рече: "Тие се контрачетници и автономисти и затоа треба да ги гониме и да ги наговараме селаните да не им даваат леб и никаква помош". Слични случаи што се однесуваат на окружните органи на КПГ имаме и многу други.

Од економска страна, иако другарите поставија таква задача, не се вложени сериозни напори, поради што не се постигнати позитивни резултати, но сепак нешто е постигнато и на овој сектор. Во многу села нашата организација има собрано жито.

Освен тоа по предлог на нашата организација завчера се купени две рала чевли за боси другари.

Сега се постави задача со голема сериозност, и поставивме како план, да собереме 35 златни наполеони за овој месец, покрај приходите што ќе ги соберме во натура.

Утре заминувам за Околиското пвеþенство под број 2 (се мисли на Соровичко-кајларска околија, б.н.). Верувам дека наскоро ќе свикам и таму состанок.

Не треба да пропуштам да ве известам дека во округот постојат 4 потерни одреди, кои се движат, освен војската и полицијата кои се стационирани речиси во повеќе села. Потерните одреди во последно време имаат започнато една жива активност и често вршат опколувања и претреси по селата.

Се обидуваме да избегнеме евентуален судир или друга последица.

14.XI.45
Со другарски поздрави,
Михос (Паскал Митревски)

Пропуштив да ви изнесам дека два члена на Окружното повереноство, другарите Трифун Малиновски и Марче (за последниот не се знае за кој се однесува, б.н.), ги напуштија реоните и заминаа за горе, пред јас да се вратам на теренот. Како што е констатирано, овие другари ниту известиле ниту добиле дозвола од Окружното повереноство. Тврделе дека биле болни. За едниот, Марче, постои некаква основа, за неговото тврдење, а за другиот не. Мислењето на другарите од Околискиот одбор е дека другарот Трифун Малиновски заминал повеќе од малодушност и поради тешките услови за работа, напуштајќи ја својата функција. На местото на двајцата спомнати другари, кои заминаа, со едногласно мислење на членовите на Округот, и на Околискиот одбор поставивме привремено двајца другари, додека не се донесе конечна одлука од горе по ова прашање. Новите другари, кои привремено ги заменија избеганите, ја презедоа должноста и со готовност

заминаа на работа. Овие другари се добри, испитани, верни, оддани и решителни и можат да останат на своите постови и покрај сите тешкотии и опасности.

Некои податоци за теророт.

Терористичката потерна патрола од Котори, на чело со тагматоасфалитинот Диогенис, ги фати: 1 Ѓорѓи Мишовски, 2) Коста Мишовски и 3) Васил Шопов. Следуваше немилосрдно тепање со железни предмети до плукање крв и несвест. Причината се состоеше во тоа што не се согласија да им дадат без пари разни прехрамбени артикли што им ги побараа, бидејќи тоа барање беше разабојничко. По нивното апсење, пристапија кон ограбување на нивните домови. Исто така ја фатија и ја истепаа Петра Миљангова од Долно Котори и потоа врзана ја испратија во солунските затвори.

Исто така во Лерин, ги уапсиле и ги избркале од нивните сопствени куќи браќа Христо Паневи, бидеијќи имале смелост да кажат дека се Македонци. Во прилог ви испраќам една белешка (дописка) за запознавањето на ситуацијата што владее во градот.

Моето мислење е таа да се објави, особено за она што се однесува на типовите кои во времето на окупацијата работеа отворено како соработници на окупаторите, а сега се слободни и миленици на денешните фашистички власти.

Превод на мојот извештај треба да изврши другарот по агитација и тоа ќе биде правилно.

АМ, Збирка: “Егејска Македонија во НОБ 1945-1946” АЕ: 478. Документот е преведен од грчки јазик и е објавен во истата едиција: “Егејска Македонија во НОБ 1945”, Т. II..., док. 187, стр. 353-356.

## 2.6 - Годишен извештај од Главното раководство на НОФ (Паскал Митревски) од 12 јануари 1946 година, за организационата структура и дејноста на НОФ во егејскиот дел на Македонија

ОРГАНИЗАЦИОНО ИЗЛОЖЕНИЕ

Организациона формација:

КОСТУРСКИ ОКРУГ

Костурскиот округ се дели на 3 срезој: Преспанскиот, Корестинскиот и Полскиот срез. Од таквото делење на округот излегуе и образувањето на Окружното поверенство за сета околија и на трите срески поверенства за соодветните срезој. Окружното поверенство е составено од другарите:

1. Ламбро Чолаков, секретар, 2. Герман Герман, 3. Коле Шишков и 4. Јане Пировецки, секретар на НОМС-СКОЈ.
1-о Среско поверенство во Преспа, е составено од: 1) Нико Пановски, секретар, 2) Д. Аспровски, НОМС, и 3) Алекси Мирчев.
2-о Среско поверенство во Корестија,е составено од 1) Васил Чочов, секретар, 2) Кирјако Цалевски, 3)Христо Ловачки, НОМС, и 4) А. Чафаровски.
3-о Среско поверенство во Полето, е составено од 1) Пандо Трповски, секретар, 2) Вангел Мирковски, 3) Таки Губиденски, НОМС, и 4) Ташко Лазаров.

Преспанскиот срез има два реона. Германскиот реон со 16 села. Во реонското поверенство се: 1) Петре Аспрос, секретар (илегален), 2) Лука Николов (илегален), 3) Алеко (легален) и 4) Христо (легален); и Африканскиот реон во кое реонско поверенство се: 1) Алекси Мирчев, секретар (илегален), 2) Алексиевски НОМС и 3) Боро (легален). 2-от срез во Корестија има 3 реона: 1) Драновенскиот реон со 14 села и сега без реонско поверенство, 2) Тиховлишкиот реон со 18 села, а сега без реонско поверенство и 3) Д’мбенскиот реон со 9 села, а сега без реонско поверенство. Другарите кои беа поставени

секретари на погорните поверенства преди неколку дни неоправдано ги напуснаа своите реони.

3-от срез во Полето има 3 реони и еден подреон. 1) Жупанишкиот реон со 12 села и со реонско поверенство од другарите: 1) Таки Губиденски, секретар, (легален), 2) Н. Павловски (легален) и 3) Сотир Тимјовски (илегален. 2) Хрупишкиот реон со 10 села и со реонско поверенство од: 1) Пандо и 2) Сотир Романски (легален). 3) Костанарискиот реон со 19 села и со реонско поверенство од: 1) Вангел Мирчевски, секретар (илегален), 2) Иљо Зафиров (легален), 3) Георги Калчев (легален) и 4) Аристиди Папазисов (легален). 4) Калевишкиот подреонски со 6 села во кој уште не е организирано поверенство, пошто там и работа почти ич нема развита.

Сега нека видиме кои се нашите Организациони сили:

Во Преспанскиот срез од све 23 села нија имаме фатено 18. И најнапред во Германскиот реон имаме наред поставени организациони бази во следните села:

1) Герман: 3-членен одбор НОФ и 3-членен одбор НОМС. Три десетици НОФ и три десетици НОМС.
2) Медово: 3-членен одбор НОФ и 3-членен одбор НОМС. Имаме и по една организирана десетица на НОФ и НОМС.
3) Штрково: 3-членен одбор на НОФ и НОМС, Една дестица НОФ и една НОМС.
4) Оровник: Одбор на НОФ и НОМС, Две десетини на НОФ и една на НОМС.
5) Буково: одбор на НОФ и на НОМС, една десетица на НОФ и една на НОМС.
6) Бесвина: одбор на НОФ и НОМС. Две десетици на НОФ и две на НОМС
7) Во селата: Вали. Л'к, Дреново, Руља, Трново и Оштима имаме одбори на НОФ и НОМС, али колку се организирани во десетици и колку десетици имаме, не ни е известно.

Африканскиот реон. Во с. Трново имаме одбор на НОФ и НОМС, една десетица НОФ и една НОМС. Во с. Граждано:

одбор на НОФ и НОМС както обикновено од по 3 членој. Една десетица на НОФ и НОМС. Во с. Орово одбор на НОФ и НОМС, две десетици на НОФ и две на НОМС. Во селата Нивици, Неропочиште и Ахил имаме одбор на НОФ и НОМС. Имаме и организирани десетици, но не ни е известно колку.

Корестенскиот срез се навоѓа почти на пуно разложение. Това се должи преди всичко на малодушие и фракционизам во срескoто поверенство и второ во ненавремената ни намеса и решителна чиска на положението во срезот, од страна на раководството. Осем секретарот, кој уште продолжуе да се остава во срезот и кој сака да си дојде, останалите членови си ги напуснаа постовите. Никогаш не си ги испуниле своите задачи кои им се возлагаа. Характерно е следното, да тие нити еден легален не се могли да направат во сиот срез. Во последно време се појави прашањето на Коле Шишков, член на Окр. поверенство, кој веќе го поканивме да дојде и прашањето се разгледуе. Обаче ова нешто си ја има и својата история. Раководството веќе се знае со свестраното изучување и изјасњавањето на овоја прашање. Соодветниот извод во скоро време ќе ви се испрати.

Во многу села од срезот си остават нашите организациони бази, али не ни се дадени конкретни дани. Но во повеќето села на срезот, го загинавме контактот и везата. Треба да се забележи, дека во овој срез ги имавме најблагопријатните условија за да развиеме многустрана работа, како организациона, така и масовна работа за мобилизирање.

Полскиот срез: укупно села 54. Фатени од нас имаме 33. Од Жупанскиот реон следните: во с. Жупаништа имаме одбор на НОФ и НОМС. Три десетици НОМС и две десетици НОФ. Имаме и 3-členово бјуро СКОЈ.

Во село Добролишта: одбор на НОФ и НОМС и по 3 членои АФЖ и СКОЈ. Две десетици НОФ и две НОМС. Во с. Четирок имаме 3-членен одбор НОФ и 3-членен одбор НОМС. Во с. Граче: одбор НОФ и одбор НОМС, две десетици НОФ и две десетици НОМС. Имаме и СКОЈ со по 4 членови и АФЖ со жени.

Во с. Стенско: одбор на НОФ и НОМС, една десетица НОФ и една десетица НОМС. Во с. Чука: одбор НОФ и НОМС. Имаме СКОЈ и АФЖ, една десетица НОФ и една НОМС. Во с. Нестрам имаме само бази.

Хрупишкиот реон: Во Хрупишта имаме база. Но точно што имаме не ни е конкретно. Во с. Желин имаме одбор на НОФ и НОМС. Две десетици на НОФ и една на НОМС. Во с. Изглеби: одбор НОФ и НОМС. Ами колку десетици има не ги знаеме. Во с. Галишта: одбор НОФ и НОМС. Една десетица НОФ и една НОМС. Во с. Брешчени: одбор НОФ и НОМС. Една десетица НОФ и една НОМС. Во селата: Псоре, Манјак и Лудово имаме бази, ами не ни е известно што конкретно имаме.

Костанаријскиот реон: Во с. Езерец: одбор НОФ и НОМС; имаме и СКОЈ. Две десетици НОФ и една НОМС. Имаме и СКОЈ со 3 членови. Во с. Долени: одбор НОФ и НОМС. Една десетица НОФ и една НОМС. Во с Мангила: одбор НОФ и НОМС. Една десетица НОФ и една НОМС. Во с. Конско (грчко село): имаме бази. Во останалите села на реонот имаме бази, али не знаеме што конкретно имаме, осем 5 села од реонот кои не ги имаме фатено организационо.

Во Калевишкиот подреон немаме фатено нити едно село, осем некои слаби контакти само. Во овој округ во последно време има започнато еден нечуван терор и една волна на преследуење и уапсенија, и особено во Преспанскиот срез. Нашата организација во овој срез го пострешнуе това положение, со нејзиното несокрушимо единство, кое го оствари внатре во широките маси. (Реакцијата, таму не успе да најде луѓе кои да работат за нејзината сметка), и зајно со некои протестни комитети кои ги организира од жителите за во гр. Лерин. Друг случај на отпор на нашиот народ во овој округ, е масовното мобилизирање на нашата омладива од с. Д’мбени во гр. Костур пред Окружното управление против мерките на селскиот полицејски началник, кој ги уапса и ги затвори во арестот групата девојки и деца, пошто пееле народни и революционерни песни. Ова мобилизирање успе со ослободуењето на уапсените. Но после ова започна еден нов и посуров терор. Други случаи

на отпор имаме: сите организирани наред борчески комитети во Полскиот срез, против неправилното и пуното распределуење на храните од УНРА од страна на општинските претседатели.

Во с. Жужелци како резултат на тоа постигнавме да се смени општинскиот претседател. Но општо, успесите се малки. Сериозно прашање, кое изникнуе во нашата организација во овој округ, е мерката на масовните и истоштителни ангарии за стоење на патишта и мостови; властите и полицијата ги принудуват само Македонците. Оваа фашистичка мерка зеде големи размери во низа македонски - славјански села. Правилното употребуење на ова прашање ќе можеше да ги мобилизира широките народни маси, пошто е парливиот вопрос кој им го привлекуе жизненото внимание во дадениот момент. На нашата организација која или од потценуење на случајот или повеќе од слабост не може до сега да ја организира борбата на нашиот народ за премахвањето на оваа мерка.

ЛЕРИНСКИ ОКРУГ

Леринскиот округ се дели на два срезои: 1) Леринскиот, 2) Соровичкиот и Кајљарскиот срез.

Како последствие имаме Окружното поверенство. Окружното поверенство е составено од 3 членои: 1) Л. Поплазаров, секретар, 2) Христо Кокинов, 3) Тане Наумовски.

Среското поверенство на Лерин е составено од 6 членови: 1) Живко Поповски, секретар, 2) Никола Падков, 3) Вангел Гешковски, 4) Коста Чинговски, 5) Тане Каркачев и 6) Ињо Катиповски.

2-от срез е Соровичко-Кајљарско, е составен од 4 членои: 1) Вера Баљова - секретар. 2) Трпче Котовски, 3) Виктор Кочевски, 4) Пандо Екшисувски -
НОМС.

1) Леринскиот срез има 4 реони и еден подреон:
I. Буфски реон со 11 села и со реонско поверенство од другарите: 1) Илија Ќатипов - секретар, 2) Трајан (легален).

II. Которски реон со 16 села и со реонско поверенство, од другарите: 1) Вангел Гешковски - секретар, 2) Ѓорѓи Колев, 3) Атанас Пападимитров и 4) Ката АФЖ. Последните три се легални.
III. Бaниски реон со 8 села и со реонско поверенство од другарите: 1) Тане Каркачов – секретар, 2) Пандо Пандов (легален).
IV. Овчаренски реон со 11 села и со реонско поверенство од другарите: 1) Коста Чинговски и 2) Ѓорги (легален).
V. Турјенски реон со 6 села и со секретар - Коста Чиков.
2) Соровичко-Кајљарски срез има 3 реона:
I. Ексисулски реон со 5 села и со реонско поверенство од другарите: 1) Виктор Кочовски – секретар, 2) Хариси Кочо, 3) Ќанто. Двајцата последни се легални.
II. Ајтовски реон со 8 села: Трпче Костовски - секретар.
III. Мокренски реон со 16 села и реонско поверенство од другарите: 1) Панде Ексисувски - секретар и 2) Ѓорѓи Ќантов (легален).
Нека видиме што организациони сили имаме: Во Леринскиот срез од се 52 села имаме фатени 43 села. Во Буфскиот реон имаме организирано следните села: 1) во Буф има 3-членен одбор на НОФ, 3-членен одбор на НОМС, 3 петорки НОМС и 3 петоркн НОФ.
2) Во Кладораби има партијска од 3 члена, 3-членен одбор на НОФ и 3-членен одбор на НОМС, СКОЈ од 2-членен и АФЖ од 6 жени - 3 петорки на НОФ и 3 петорки на НОМС.
3) Во Калиник има партијска база и 3-членен одбор на НОФ и НОМС, 3 петорки на НОФ и 1 петорка на НОМС.
4) Кабасница има 3-членен одбор на НОФ.
5) Света Петка има 3-членен одбор на НОФ и на НОМС. Имаме АФЖ, 3 петорки на НОФ и 1 петорка на НОМС.
6) Клабучишта има одбор на НОФ и на НОМС.
7) Негочани има фронтов одбор.
Во останатите 5 села на реонот немаме база и тамо дека имаше не се возобновија.
Во Которскиот реон 1) Во Горно Котори има Фронтов и НОМС одбори, две петорки иа НОФ и две петорки на НОМС.
2) Долно Котори, има партијска база, 3-членен одбор на НОФ и НОМС, пет петорки НОФ и две петорки на НОМС.

3) Кучковени има 3-членова партијска група, одбори на НОФ и НОМС исто 3-членен, три петорки НОФ и две петорки на НОМС. Има исто и 5 жени во АФЖ.
4)Арменохори нма 3-членен одбор на НОФ и НОМС, организирани во НОФ 18 другари и една петорка на НОМС.
5)Неволјанн: одбор на НОФ и НОМС од по 3-членови, организирани во НОМС 12, и во НОФ 16.
6)Нерет: одбор на НОФ и НОМС од по 3-членои; колку се организирани не го знаjме.
7) Лагени: одбор на НОФ и НОМС од по 3 членои; имаме партија база од два членои. Исто така во АФЖ 4 жени. Организираните во НОФ се 14, во НОМС 12.
8) Крапешина: партија тројка СКОЈ од по 2 членои. Одбор на НОФ и НОМС од по три членои. Четири петорки се во НОФ и три во НОМС. За останатите села немаме конкретни дани.

Во Банискиот реон: 1) Баница: Не ни е известно што имаме, 2) Горничево: одбор на НОФ и НОМС од по 3 членои. 3 петорки на НОФ.
3) Росен: партијана база од три членои. Има одбор на НОФ и НОМС. Организираните во НОФ се 18 во НОМС се 10.
4) Забрдени: одбор на НОФ и НОМС од по 3 членои. Две петорки во НОФ.
5) Борешница: одбор на НОФ и НОМС. Нашата организација след уапсането на еден кадар во ова село, е удрена.
6) Станица: 3-членово партијно бјуро во Рудникот. За останатите села немаме конкретни дани.

Овчарјенскиот реон: 1) Овчарјани: одбор на НОФ и НОМС од по 3 членои. Пет петорки во НОМС и шест во НОФ.
2) Неокази: партијна база со 3 членои. Има одбор на НОФ и НОМС. Три петорки на НОМС и четири на НОФ.
3) Врбени: одбор на НОФ и НОМС.
4) Сетина: партијна база со 3 членои. Има одбор на НОФ и НОМС, организираните на НОМС 22. Три петорки на НОФ.
5) Крушоради: партијна база со 4 членои. Има одбор на НОФ и НОМС. Во НОФ се организирани 15, а во НОМС 22.

За останатите села немаме конкретни дани.

Туренскиот подреон: 1) Турје: партијна група од 3 членои. Има одбор на НОФ и НОМС. Пет петорки на НОМС, и четири петорки на НОФ, има и ској со два членој.
2) Бабчор: партијна група од 3 членои. Има одбор на НОФ и НОМС. Организираните во НОФ се 30 и во НОМС 15. Има АФЖ.
3) Трсија: партијна група од 2 членои. Има одбор на НОФ и НОМС. Три групи во НОМС и три во НОФ. Имаме и бјуро на СКОЈ од три членои.
4) Арменско: партијна група од 3 членои. Има одбор на НОФ и НОМС. Три петорки на НОФ и три петорки на НОМС.
5) Матешница: партијна група од 3 членои. Има одбор на НОФ и две групи одбор на НОМС и една група. Во АФЖ има 5 жени.
6) Калогерица: партијна група од 3 членои. Има 3-членово бјуро на СКОЈ, бјуро на АФЖ, одбор на НОФ со 30 организирани во него и одбор на НОМС со 20 организирани омладинци.

Соровичко-кајљарски срез: Од спте28 села имаме фатено 18. Во Ексишкиот реон имаме фатено подолните села: 1) Ексису: партијна група од 3 членои, 3-членен одбор на НОФ со организирани 78. 3- членен одбор на НОМС со организирани членови 50 и 10 девојки. 2- членен СКОЈ, имаме и АФЖ.
2) Патели: партијна група од 3 членои. Имаме одбор на НОФ со организирани членои 80. Одбор на НОМС со организирани членои 18. Имаме и во АФЖ 4 жени.
3) Сорович: имаме одбор на НОФ и НОМС од 3 членои, а колку петорки имаме, не знајме.
4) Цереово: имаме во НОФ организирани 8 и во НОМС 6.
5) Петерско: партијна база од два члена. Имаме во НОФ 6 и во НОМС 8.

Ајтовски реон: 1) Ајтос: партијна група од 3 членои. Имаме во НОФ организирани 25 и во НОМС 20. Имаме и СКОЈ од три членои.
2) Љубетина: партијна група од 3 членои. Имаме и НОФ со организирани членои 17, во НОМС 8 и во АФЖ 10.
3) Стребрено: имаме 3-членен одбор организирани 10. Имаме одбор 3-членен на НОМС, организирани 8.
4) Рудник: само бази имаме фатено. А за останалите села немаше конкретни дани.

Мокренски реон: 1) Мокрени: партијна група 3 члена Во НОФ 70 члена, во НОМС 25, заедно со младинките кои се 12. Имаме СКОЈ со 3 членои.
2) Ракита: 3-членен одбор на НОФ. Организирани 12, 3-членен одбор на НОМС. Организирани 7.
3) Паљор: 3-членен одбор на НОФ со 15 члена, 3-членен одбор на НОМС. За останалите села немаме конкретни дани. Повеќето од овие села не се фатени. Освен тоа имаме и градот Лерин, кој се распределва на 3 реони, Чифлик, Центар н Свети Никола.

Градскиот комитет е составен од 3 члена: 1) Андони Пистровски - секретар, 2) Васил Димов и 3) Васил Стојков - НОМС.
Реонскиот комитет на Чифликот е составен од: 1) Михаил Живојчев – секретар, 2) Вангел Герчаков, 3) Тодор Гаржулев.
Реонскиот комитет на реонот на Центарот е составен од: 1) Илија Казија – секретар, 2) Лазар Врлиев, 3) Мичо Кантов.
Реонското повеbecause

Точно колку се организирани во градот не ни имаат дојдено дани.

Во Леринска околија во последно време политическите ни сили започнаа да се развиват и да тргат по својот демократски пут. Нашите сили кои во последните месеци беја се распокасали следствие суровиот терор, кој беше започнал тогај и следствис организационото разложение кое ги имавме претепено, одново се концентрират во нашите редои и сега со воздигнат дух. Силите ГКП и ЕАМ особено во градот и во маџирските села кои беа свецело парализирани од нападот на реакцијата, започнале да се совземат и да се движат со извесна активност. Ова нешто стана јавно од последните раздвижвања кои станале некои организирани и раководени од нашите организации, а некои од ЕАМ - ГКП. Како заклучение имаме многубројна и масовна демонстрација што стана на 5.I.1946 година и која во своето болшинство беше од Македонци. Оваа демонстрација се организира од комитетот на ЕАМ. Важното во случајот е дека понапред комитетот на ЕАМ се обрати кон градскиот комитет

на нашата организација и посака помошта на нашите за успехот на демонстрацијата. Факт е дека нашиот допринос за успехот на демонстрацијата е огромен. Скоро 3/4 од успехот се должи на активноста на нашите организации во градот и околните села, за масовното учеастие на Македонците во оваа демонстрација. И демонстрацијата успе, нешто кој значајно ќе ги тласне работите напред. Оваа демонстрација имаше за цел да посакат масите општа политичка амнестија и преставителна влада. Истовремено од масата се фрлија лозунги: Да се дадат демократски слабоди и права на Македонците; да запре теророт, позивите за арестување и самите арестувања. Таа демонстрација заедно со другите раздвижувања кои ќе ги изложам подолу, даде како последствие, резултатно и со успех да се противопостави нашата организација на основниот проблем што напрегнато го занимуваше нашиот народ. Ова е проблемот за масовното издавање на заповеди за ухапсање и давање под суд на Македонците на неоснователни и лажовни туженија, како "охранции". Само за гр. Лерин се издадени 600 такви заповеди за ухапсување. Сега веќе со раздвижуењата и со демонстрациите се запрени такви "процеси". Специјалниот суд е составен од извесни судии-фашисти и соработници на окупаторот, како трговецот Мисиосис Периклис и адвокатот Јани Гакидис. А сведоците - тужбеници кои дефилираат пред судот, се познати гестаповци, како на пр. Панајотис Чапурис - орган на Олвале и Ханс, водачи на Гестапо во Лерин за време на окупацијата, и други како Атанас Мичу и Бонис - архигестаповци и архизлочинци за време на окупацијата. Досега се осудени 5 Македонци од 2-10 години затвор. Пресудите се веќе запрени. Во големата си част овој успех се должи на положителната и решителна работа на нашата организација. Други раздвижуења: Комисија од 40 души, од селата Арменско, Матешница и Калогерица, направија поплак пред англискиот конзул и пред леринските власти за противнародните дејствија на Делијани, командант на бурандатскиот баталјон, што се навоѓа во с. Арменско и по овој начин го осуетија изгорвањето на колибите на с. Арменско, што се опитуеше да напрај. Младината од с. Арменско се многобројни и последователни борбени комисии, праќани од леринските власти, го скршија теророт кој беше го разврнал Делијани во околните села. Забранваше песни од

народноослободителната борба, ухапсуеше и тепаше по участоците младинци и младинки кои пееја. Горните раздвижванија и протести станаа по иницијативата и под раководството на нашата организација. Исто од Леринската организација се спеоведе акцијата за помош на затворениците. Се собраа 90.000 драхми, 50 кутии цигари и разни ствари и продукти, кои се раздадоа илегално на затворениците без разлика дали се Грци или Македонци. Ова нешто имаше благопријатен одек меѓу затворениците и населението на градот. Станаа раздвижванија по иницијативата на нашата организација за справедливо и редовно распределуење на храните и материјалите од УНРА. Во многу села постигнавме големи успеси, како на пример во селата Котори, Трсја, Матешница, Екши-Су, Арменско, Воштарани, Крапешина и др. Дури во некои села, како на пример во селото Трсје и Котори успеа да ги сменат председниците и комисиите за распределуењето продуктите и алиштата од УНРА. Во с. Екши-Су уште постој контрол на распределуењето материјалите од комитетот избран од самите селани. Акцијата предприемена од нашата организација за прочистуење на Фашиските елементи од управите на кооперациите не одбележи продолжителни резултати. Изгледа дека организацијата ни се има слабо раздвижено кон овој правец. КПГ во последно време појавуе стремеж за доближение и споразум. Но липсва една последователна смела, чиста и единствена позиција од нејзина страна. Во супротност пак на тоа, во Костурско продолжуе истата пазорна и закани за провокации и предавање на нашите кадрови на власта. Тоа го зајави самиот секретар на Костурскиот окружен комитет Коста, кој јавил да не предаде на власта. Истото нешто го вршат и по нашите кадрови. Во с. Добролишта како што ни соопштуе во своето изложение др. Герман двајца кадрови на КПГ го фатија и го претепаа еден наш секретар на реон.

## ВОДЕНСКИ ОКРУГ

Овој округ се дели на два срезои: Караџовскиот и Островскиот. Осем тоа градот Воден составуе засебен комитет. Окружното поверенство е составено од 5 члена: 1) Вангел Ајанов - секретар, 2) Ташо Хаџијанов НОМС, 3) Петар Попов, 4) Јани

Саракачанов и 5) Вангел Шамарданов. Караџовскиот срез е составен од 4 члена: 1) Апостол Апостолски, секретар, 2) Јани Калајџиев, 3) Христо Шорев и 4) Андреа Шекерски НОМС. Островскиот срез има 5 члена: l) Гоце Роднивчев, секретар, 2) Христо Буковалов, 3) Панајот Месимерјотов, 4) Петар Шоров НОМС и 5) Коле Пазаринов. Градскиот комитет е составен од 5 членови: 1) Алеко Печинаров, секретар, 2) Јани Јаковски НОМС, 3) Марика Самаренчева, 4) Христо Пепковски и 5) Коста Нишанковски. Во последно време стана проширение и реформирање на реоните. Уште не ни известија колку реони имат формирано. Исто така не ни се познати и немаме конкретни дани за организационите бази во секое село на двата срезои. Ова нешто се должи од една страна на тоа што другарот П. Раковски беше болен и не можеше да оди на терен во таков случај ќе можевме да имаме точна престава за организациската ни состојба. Од друга страна Окружното поверенство не се погрижи да ни прати навреме организационо изложение, кое го имавме побарано од порано. Онда од општите дани што ги имаме од други изложенија на округот и од општото развитие на работата таму, факт е дека организацијата ни има напреднато и во овој сектор со значително шируење на организационото ни влијание. Градот се дели на седум квартали од кои пет се населени со Славјани - Македонци. Секој квартал има квартален комитет. Еве каква е снагата на нашите организации во секој квартал.

III квартал. Во НОФ се организирани 80% од мажите, во НОМС 80% од младината и во АФЖ 25% од жените.
IV квартал. ВО НОФ 75%, во НОМС 80%, во АФЖ 75%.
V квартал. Во НОФ 90%, во НОМС сто на сто, во АФЖ 40%.
VI квартал. Во НОФ 75%, во НОМС 90% и во АФЖ 40%.
VII квартал. Во НОФ 70%, во НОМС 90% и во АФЖ 40%.

Овие бројови го составуваат процентот од целината на Македонците, кои живеат во секој квартал. Нашите снаги во главните фабрики се: а) Фабрика Сеферџи во НОФ 40%, во НОМС 90%, во АФЖ имаме група. б) Во Фабриката “Горна Естија”, во НОФ 50%, во НОМС 60%, во АФЖ имаме група. в) Во “Долна Естија” во НОФ 70%, во НОМС 90%, г) Конопена фабрика во НОФ 98%, во НОМС 100%, во АФЖ имаме група.

д) Фабрика “Чичи” во НОФ 50%, во НОМС 55%, во АФЖ група. Процентот се однесуе за работниците Македонци.

Раздвижвање. Во селото Родиво и Кронцелово бурандадите ухапсија наши луѓе. Сиот народ се крена на нозе и ги ослободи ухапсените. Во С’боцко бурандадите ухапсија наши луѓе. И кога бурандадите отворија оган на мирното население и отепаа еден граѓанин, народот масовно се надигна, ги обезоружи бурандадите и им ги скрши пушките од камењата. Во гр. Воден станаа раздвижвања и штракјови за изравнуењето на надницата со скапотијата на животот. Во овие движења и штрајкови, нашите организации зедоа енергично и раководно участие.

ОКРУГ ГУМЕНЏЕ, ЕНИЏЕ ВАРДАР

Овој округ се дели на два срезои: Гуменџискиот и Ениџе Вардарскот.

Окружното поверенство е составено од два члена: 1) Иван Ничев секретар и 2) Иван Ковачев на НОМС. Гуменџиското среско повaренство е составено од три члена: 1) Вангел Ничев секретар, 2) Коста Гацов и 3) Атанас Куфалоски (легален).

Ениџевардарското среско поверенство: Овде нема никој. Двајцата ни тамошни членови се отепаа при нападот на с. Баровица. Гуменџискиот срез има три реони: 1) Љумнишкиот реон со секретар Коста Гацов и двајца легални члевови. 2) Барвичкиот реон: И во овој реон другарите од реонското поверенство се отепаа во нападението при с. Баровица. 3) Куфалскиот реон со секретар Атанас Куфаловски (легален). Сите села што го составуваат Гуменџискиот срез се 52. Од овие 25-те се маџирски села, 21 македонски, неколку мешани и 6 влашки. Од Љумничкиот реон ги имаме организирано следните села: 1) с. Љумница (влашко село), има 3-членен фронтов одбор и 3-членен на НОМС. 2) С. Купа (Влашко) има 3-членен одбор на НОФ и 3-членен на НОМС. 3) с. Лугунци (влашко), има 3-члена база на НОФ и 3-члена база на НОМС. 4) с. Бириславци (влашко), има 3-членен одбор на НОФ и 3-членен на НОМС. 5) с. Ошени (влашко) имаме база. 6) с. Сехово, имаме 3-членен

одбор на НОФ и 3-членен на НОМС. 7) с. Мачуково, имаме база.

Од Баровичкиот реон се организирани следните села: 1) Баровица: одбор на НОФ и НОМС од по 3 члена, организирани во НОФ 12, во НОМС 15. 2) Крива: одбор на НОФ и НОМС. Организирани во НОФ 20, во НОМС 15. Имаме и СКОЈ. 3) с. Рамна: одбор на НОФ и НОМС од по 3 члена. 4) с. Петказ: база на НОФ со 3 члена. 5) с. Црна Река: одбор на НОФ и НОМС од по 3 члена. 6) с. Боемица: имаме база на Фронтот.

Во Куфалскиот реон имаме организирани 8 села. 1) с. Куфалово има 3-членен одбор на НОФ и 3-членен на НОМС. Организирани во НОФ 20, во НОМС 15. 2) с. Илеџик: одбор на НОФ и НОМС од по 3 члена. Организирани во НОФ 15, во НОМС 12. 3) с. Петрово: одбор на НОФ и НОМС од по 3 члена. Во овој реон имаме организирани и други 5 села, но немаме конкретни дани.

Во Eниџе вардарскиот срез имаме организирани само 5 села, од Бабијанскиот реон: 1) с. Бабјани, 2) с. Корнишор, 3) с. Крушари, 4) с. Тудорци и 5) с. Мандалево. Конкретни дани немаме од овој реон, пошто после удирањето ипогубувањето на 9-те дргари при с. Баровица, скоро ја имаме загубено везата.

Во гр. Гуменџе постои градски комитет од 5 легални члена и со секретар Христо Љаков. Градот е разделен на реони. Секој реон има 3-члено реонско повеоренство. Исто така секое реонско поверенство има 3 члено поверенство на НОМС, чии членови се СКОЈ-евци. Во копринетата филатура на градот имаме тричленен партиен комитет. Овој комитет има организирано групи на НОМС и АФЖ. Во оваа филатура работат 400 жени и девојки. Во градската кооперација имаме 3 члена база на НОФ. Едниот член од НОФ е претседател на истата кооперација.

Прашањата кои ја занимаваа нашата организација:

1) Зеде иницијатива, ги организира и зеде активно учестие во штрајкот на работнишките од филатурата во гр. Гуменџе. Штрајкот заврши со полн услех.

2) По прашањето на теророт не можевме резултантно да спроведеме акција, осем поединачно како на пример во селата Црна Река и Крива, каде народот со масовната си самоодбрана ги претепа неколку шпиони, неколку наоружани банди, кои стално ги тероризираа селата им. Теророт продолжуе. Организацијата ни е слаба за да можи да организира непрекиден и масовен отпор на нашиот народ. Ова се должи од една страна на последователните удари што претрпи организацијата ни (ухапсенија, убивања на другари), а од друга страна пошто не можеше да ги активизира и да ги развие борбено широките народни маси.

3) По прашањето за давање нарјад семе на земјоделците и правилното раздавање на материјалите од УНРА пак се покажавме слаби за да ја организираме борбата на нашиот народ и само во одделни во гр. Гуменџе и с. Куфалово; имаме успех. Овој проблем си остануе и за понатаму сериозен, и можи да се раздвижат околу овој проблем масите само низ една наша поусилена работа. Нека да забележиме, дека земјоделците се навоѓаат во полна бедотија. Во последно време се вршат озбилни ферментации околу прашањето за составувањето на преставителна влада и за општата политичка амнестија. Нашиот народ на чело со нашата организација активно учествуе во ова ферментација рамо до рамо со демократските снаги на земјата.

СЕРСКИ ОКРУГ

Овде организацијата ни нема земено никаква конкретна форма и организационско географско делење на срезои и реони итн. Во саштност имаме само едно село. Тоа е Кула со други 4-5 околни села, во кои макар и да имаме врска све пак не можиме да создадиме стабилни бази. Фактически грешката е наша, пошто през летото кога условијата беа благопријатни ако другарите кои беа пратени тогај таму настојуваа со голема саможертвеност и ако останаа таму и со упорност во базата за подолго време и ако ја обработваа почвата со сите сили, сигурно ситуацијата ќе беше денеска различна. Во овој округ се навоѓа секретарот на Ѓорѓи Јаковски со двајца куриери. Овие дни спремаме да пратиме и други двајца другари: Михал

Гранитов кој порано беше таму и Кирјако Цалев, со задача да создадат легални условија за да можат да останат таму, во случај да ова нешто е возможно. Во противен случај да обезбедат длабока илегалност и по овој начин да ја рашират и да ја зацврстат нашата работа.

12. I. 1946 год.
За Раководството,
Секретар: Паскал

АМ, Збирка: "Егејска Македонија во НОБ 1945-1949", АЕ: 24/1

Документот е на македонски јазик, пишуван на машина. Објавен е во едицијата: "Егејска Македонија во НОБ 1946", Т. III…, док. 9, стр. 23-34.

**2.7 - Извештај од Главното ракаводство на НОФ (Паскал Митревски), од почетокот на февруари 1946 година, за политичката ситуација и активноста на НОФ во Егејска Македонија**

Политичката ситуација на Грција

Црниот фронт наполно владее во политичкиот живот на Грција. Владата на Софулис се нааѓа под негови стеги. Во негови раце се наоѓаат државниот апарат, војската и органите на безбедноста.

Настаните од пучот во Каламата - Пелопонез не се случајни, туку претставуваат почеток на еден добро подготвен план на црниот фронт за еден поопшт пуч во Грција. За зајакнувањето на демократските позиции, што во последна време зедоа еден побрз ритам под политичкото раководство на партиите на ЕАМ, штрајковите и другите демакратски манифестации (митинзи, собири итн), што потоа следуваа, ги заплашија црните сили на реакцијата и ги принудија да го потпишат договорот меѓу Венизелос и другите партии на монархофашистичката десница и да ги предизвикаат настаните во Каламата. Во меѓувреме другите монархофашистички терористички организации Х, ВЕМ, под заштита на владата на Демократскиот центар се наоружуваат со пушки од војската и Англичаните и тоа од оние што ги предаде ЕЛАС според договорот во Варкиза.

Истовремено овие погоре наредени организации се реорганизираат војнички и технички, речиси стануваат воени формации и се пополнуваат со офицери од редовната војска. Исто така се формираат и нови злосторнички организации, како ВАК (Ударна кралска организација), со задача да ги убива демократски настроените граѓани и умерените "националисти", да организира провокации на штета на ЕАМ и организацијата "Византина ксифи" (Византиски штитови), која пропагира обновување на бившата Византиска Империја и принципот на дуализмот меѓу Грција, за Балканот, и Турција за Блискиот Исток.

На ист начин во Мегленска се појавија припадници на Дража Михајловиќ и балисти, кои вооружени и облечени во униформи на грчки војник служат во воените единици. Овие елементи, кои се наоѓаат во единиците како грчки војници, за неколку дена наеднаш исчезнаа. Според информациите што ги имаме, овие елементи ги користат мегленските села Зборско, Баово, и Пожар како свои бази и по конспиративен начин се облекуваат ва цивилни облеки и ја минуваат границата. За премини ги употребуваат селата на југословенската територија: Градешница, Витолишта, Мрежичко и оттаму одат за Кавадарци и Скопје.

Истото се случува и во селото Раково, Леринско. Тука се собрани повеќе дражиќевци и балисти, кои потекнуваат од Кисија и Острец. Осуммина од нив, на 22 јануари 1946 година, слегоа во баталјонот со седиште во Лерин и од неговата каманда добиле чевли и облека.

Меѓувремено, од Егејска Македонија, во последно време, се забележани повеќе сомнителни движења на САМ (Сојуз на фашистичките офицери), ВЕМ и на Андон Чауш. Во Серез, на 20 јануари 1946 година, се свика монархофашистички состанок на црниот фронт со 50 учесници. На состанокот учествуваа: полицискиот началник во Серез - Кичос, мајорот Николопулос и началникот на безбедноста. Од Драма ненадејно исчезна Андон Чауш. Изгледа дека организира банди. Во В’ртикоп се наоѓа Тодорос Маткакос, познат како фактор на САМ, за да ги организира вооружените монархистички групи. Во Серез, Драма, Бер, Мегленско и во други македонски градови, без прекин се пренесува оружје од разни агенти на САМ и црниот фронт. Како резултат на забрзаните движења, состаноците и средбите, се формирани три баталјони: еден со сектор на дејноста Серез – Нигрита, друг во Бер, Воден и трет во Кожани. Во исто време Бер и Негуш се блокираат и во блокадите учествуваат вооружени хитовци и англиски војници. Во Воден началникот на полицијата Бафас, член на САМ, издаде соопштение и бара во строго определен рок од три дена, секој странец, кој пред декември 1944 година (“самовладеење”), не живеел овде, да го напушти градот и околината.

Во исто време десничарскиот печат започна една бесна кампања и инсцинира разни провокации, дека божем КПГ издала прокламација во Воден со автономистичка содржина и дека прокламацијата ја издаде заедно со КПМ, која е орган на КПГ за Егејска Македонија.

Другите непомирливи монархофашистички весници, како “Етникос Кирикис”, од 21 јануари 1946 година, блуат, оган и бес против Македонците и бараат, насилствено, без одлагање, изоанување на Македонците од “грчката територија”.

Од друга страна, Фронтот на прогресивните сили под раководство на ЕАМ, го повика демократскиот народ на Грција на аларм да ја одбие, со сите средства, опасноста од монархофашистичкиот пуч. Ги повикуа другите партии, организации и личности, кои не се наоѓаат во политичката коалиција на партиите на ЕАМ и кои сакаат да се наречуваат демократи, како “Демократскн центар”, да се обединат во еден општодемократски, општонароден фронт против здружените сили на црниот фронт. Ја обвинуваат владата на Софулис, која, со својата колебливост и нерешителност против црниот фронт, ја води земјата кон монархофашизам. Ја обвинуваат официјалната англиска политика за нејзино мешање во внатрешните работи на Грција и скандалозното мешање на Англичаните во корнст на црниот фроант, карактеризирајќи ги силите на Англичаните во Грција како окупациони сили. Карактеристични се некои моменти што малку или повеќе ни ги даваат ставовите на КПГ и на ЕАМ против монархофашистичката опасност. Бирото на КПГ за обласга Македонија и Тракија, на 23 јануари 1946 година издаде проглас со кој го повикува народот од Македонија и Тракија да биде во приправност, со цел да може со општонародни штрајкови, со генерален штрајк и излегување на улиците да го скрши фашистичкиот пуч. Ги повикува демократските војници и офицери да му се спротивстават, по потреба и со оружје, на секој таков обид итн.

Подвлекува дека е готов да ја поддржи секоја мерка на владата што ќе има за цел да удри против монархофашизмот и да ги заштити народните слободи. Констатира дека единствениот

начин на кој ќе може решително да се спротивстави на оваа опасност е општонародното кревање на масите, со протести итн. и со учество на ЕАМ во владата. И во другите написи на демократскиот печат на ЕАМ: "Лаики фани", "Елефтерија". во последната декада на јануари, се забележува истиот дух, го повикува народот да биде во приправност. Го повикува да е готов со сила да го загуши секој обид на монархофашистите. Но со каква сила не објаснува. Понатаму подвлекува: Во случај на монархофашистички пуч, ќе им памогнеме на сите оние сили, владини или не, кои ќе им се спротивстават. Па продолжува: Единствениот спас за нормален политички живот и ред е проширувањето на владата на Софулис со широко учество на ЕАМ. Во истиот дух говореше и Апостолидис, секретар на ЕАМ за Македонија и Тракија, на собират на стадионат "Ираклис", на 21 јануари 1946 година, на кој учествуваа околу, 100.000 лица. Еве што рече тогаш тој: Демократското единство за сите Грци надвор од црнофронтовските експлоататори, демократско единство и народна будност за уништување на црнофронтовската чума. Демократско единство за нормален политички живот, ред, национален суверенитет и независност. Демократско единство и внатре во владата на Софулис со широко учество на ЕАМ, за воспоставување на демократско рамнограѓанство, за слободни и чесни избори. Резолуцијата од собирот бара решително учество на ЕАМ во владата и ја декларира потребата од спротивставување на општодемакратското национално политичко единство против плановите на плутократската неофашистичка завера. Во истиот дух се и изјавите на Захаријадис: "Одговорете со истите средства", што важи и за случаите на терористичките злосторнички напади од монархофашистичките банди, врз основа на народната масовна самоодбрана која уште од време е фрлена како парола. На по настаните во Каламата, не гледаме оваа парола да добива масовен карактер и да станува непосредно барање на акција.

На апелот на ЕАМ, за општодемакратски фронт, партиите од Центарот се поколебаа да одговорат. Истото важи и за партијата на ЕЛД (Грчка народна демократија), на Зволос - Циримокос. Сама Социјалистичката партија одговори дека ќе учествува. Но таа претставува една незначителна политичка

група. Во исто време и повеќе други демократски организации и здруженија, кои се наоѓаат под влијанието на Центарот, се колебаат. ЕОДА (Грчка организација на грчките офицери), избегава да одговори на апелот на ЕАМ. Факт е дека раководствата на партиите на Центарот, заедно со нивните лажнодемократски израстоци, се опфатени од паника пред ненормалниот развиток на настаните. Се плашат, треперат од општодемократскиот фронт, фронтот на народот и револтот на народот, кој добива огромни размери. Се обидуваат да го одвлечат вниманието на народот од монархофашистичката опасност со “измама” дека стопанскиот договор меѓу Грција и Англија е спас за земјата и со тоа ги полнат рубриките на нивните весници. Софулис и оние околу него, се подзамислија да ја играат улогата на “трета ситуација”, тие го чувствуваат процесот на демократското движење застрашително и нивното класно претчувство ги води постепено во прегратките на десницата и кон антидемократски решенија. Ако можат да ги излажат масите, ќе биде добро, инаку ќе ја изиграат отворено играта и заедно “обединети” под заштита на надворешно-грчките фактори. Нивните противречности за монархијата и другите старопартиски интереси претставуваат непремостлив јаз. Колку им е можно, ќе ги задржат повторно масите за да ги дезариентираат.

Тоа ја покажува целата демократска политика на Софулис, неговите спазматични движења, противречни изјави, неговата нерешителност. На предлогот од црниот фронт да учествува во сојузот на “ЕАМ”, што му беше даден по договорот на десницата - Венизелос, одговори дека е согласен, но не се согласува со начинот на кој се врши тоа, бидејќи по принцип тој е демократ. На декларацијата на ЕАМ за потребата од еден општодемократски фронт, некогаш молчи, а некогаш изјавува на висок глас дека гаранција за демократијата е Центарот. Во меѓувреме во својата влада го држи познатиот реакционер и филофашиста, Рентис, како министер за внатрешните работи, а како министер за Северна Грција го држи Мерендитис, кој не испушта ни момент да учествува во заверите против народот заедно со црниот фронт. Во меѓувреме настојувањето на ЕАМ за демократско единство одгоре додолу наоѓа одзив во широките маси на трудбениците, но малограѓанските слоеви се

исплашени од страшилото на монархофашизмот и се колебаат пред еден евентуален судир (ставот на ЕЛД-ЕОДА и на други демократски организации).

Ова е, со малку зборови кажано, политичката ситуација во Грција.
Ситуацијата во окрузите

КОСТУРСКИ ОКРУГ:

Она што го констатирав од соработката што ја имав со другарот секретар (се мисли на Ламбро Чолаков од село Смрдеш, Костурско, б.н.) и од моите согледувања и други моменти е дека нашата организација во овој округ не застанала на висина на својата задача и околностите, не развила актуелна практична секојдневна работа, не се зафатила конкретно со проблемите на нашиот народ. Ова е точно дотолку повеќе што движењето не стана жив израз, а неговата секојдневна борба - централна политичка идеја. Додека, напротив, живее многу силно копнежот за национално- народноослободителната идеја, без објективно де се лиши и од револуционерните можности. Меѓутоа, отсуства субјективниот фактор, една организација, живо, концентрирана, единствена и нераскинлива и особено консолидирана и со внатрешна сплотеност, ослободена од внатрешните расправи и аномалии, која ќе развие активност меѓу масите и иницијатива и масовна дејност. Фактот што округот во целина се наоѓа во една заостанатост, главно, се должи на прикриеното фракционаштво, кое е загнездено и го труе поголемиот дел на окружниот апарат, се должи и на фамилијарните тенденции што се создадени таму. Посебно околијата на Полето се претвори во центар на секаков вид фракционерско зло. Последна изразита манифестација на фракционерството е што со месеци е парализиран нашиот партиски апарат и е разнишана довербата кај нашиот народ, особено со случаите на Коле Шишковски и Ташко Лазаревски, кои ви се познати. Ова фракционерство не е само локално, туку неговите конци, свесно или несвесно, стигаат и до врвот. Можеби е лошо што тоа некогаш почнало, но уште полошо е што продолжува злото, кое сериозно ја застрашува нашата организација. Другарите од нашето раководство, кои повремено

минуваат оттаму, би можеле да заземат порешителен став и да го ослободат округот од овој камшик. Со компромиси и со некакви други, јас не знам какви, комбинации не се решоваат проблемите. Само со едно решение, со вооружување докрај, ќе можеше да се усмрти оваа болест, но за жал тоа не стана. Сепак постои објективна констатација, која во исто време е наложителна потреба, да се спроведе брзо и широко внатрешно чистење и ослободување на округот од сите фракционерски огништа.

Најсериозните прашања што се појавуваат во округот се:
1) Неснослив терор, што го вршат месните власти, полицијата и месните вооружени банди. Теророт во последно време се манифестира под нова форма, со масовни судски пресуди на затворените, со затвор од 5 години до доживотен затвор и со инсценирање не лажни обвинувања. По осудувањето следува целосна конфискација на имотите. Уште посериозен проблем, што претставува вистински баук кај народот од нашата околија, се повеќе од 4000 обвинителни акти, што се издадени против Македонците обвинети како припадници на бугарските контрачети. Тука треба да се забележи дека за безброј случаи се објавени такви инсценирани обвинувања против Македонците, кои уште од првите денови на партизанското движење се бореа против окупаторот во редовите на ЕАМ-ЕЛАС. Ова прашање претставува проблем за округот, дотолку повеќе што зазема опасни размерн и го застрашува македонскиот народ со полно политичко и економско уништување.

Во последните денови на јануари во Костур, заедно со други двајца адвокати од Националната солидарност, пристигна Андреас Џимас, за да ги заштити уапсените Македонци, на кои ќе им се судеше. Џимас влезе во контакт со членови на КПГ, со кои заедно подготвуваше окружно советување на партиските претставници, но тоа не беше остварено поради тоа што во меѓувреме другарот Џимас беше уапсен од полицијата и осуден на една година затвор, бидејќи во својата протесна телеграма, што ја испратил до ЦК, ги употребил зборовите: “Теророт против Словеномакедонците”, нешто што фашистичките судии го сметаат како прекршок, предавство на татковината. За спротивставувањето на ова актуелно прашање, го заседов

следниот став, што му пренесов и на другарот секретар на округот: Да се формираат протесни и непосредни борбени комисии, да се подготват и организираат масовни протести против инсценираните судења и теророт, за ослободувањето на уапсените, кои не се обвинети или кои се лажно обвинети и активно да се организира масовна апстиненција и откажување, да се појават во судовите оние кои се повикуваат со прописни покани за да им се суди за слични инсценирани обвинувања и да се борат за осуетување на фашистичката мерка. Против теророт да се организира масовна самоодбрана, таму каде што постојат предуслови, против отворените напади и провокациите организирани од вооружените банди итн.

2) Прашањето на беднотијата и кражбата што се врши отворено од властите и општинските одбори при делењето на храната од УНРА.

3) Прашањето за принудните масовни ангарии што им се наложуваат од полицијата исклучиво и единствено на Македонците.

За овие две последни прашања беше дадена директивата: да се организираат непосредни борбени комисии за зголемување и редовно делење на храната од УНРА под контрола на народни комисии, за потпомагање на упропастените селани, со заеми, семе и вештачки ѓубриња од Земјоделската банка и за непосредно прекинување на масовните ангарии како понижувачка, антинародна фашистичка мерка. Истовремено да се вложуваат напори за координирано дејство за обединување на борбата со Грците, Власите итн. и да се зајакнат врските, симпатијата и солидарната борба, главно, по проблемот на масовните судења и ангарии.

На секторот на протесните акции, овој округ досега покажуваше сериозно заостанување. Освен поединечни акции за зголемувањето и правилната распределба на храната од УНРА, што во повеќето случаи завршија со успех и тоа во околијата на Полето, и од неколку појави на самоодбрана во Преспанска околија. Корештанска околија не покажува никаква активност.

КПГ. - Кадрите на КПГ пред доаѓањето на Џимас во Костур ја продолжуваа истата тактика - полемика на изопачување и клеветење. Изјавата на Захаријадис за НОФ тие со фанатизам ја изопачуваа и тврдеа дека Захаријадис ја признава само воденската НОФ, бидејќи само таа организација ја формирала и ја раководи КПГ. (Стерјо Дачев, окружен активист на КПГ). По доаѓањето на Џимас, прашањето се постави врз друга основа од нив, согласно изјавата на Захаријадис, односно дека НОФ е антифашистичка демократска организација. Сега останува да видиме каква тактика ќе спроведат окружните раководства на КПГ во практиката по ова укажување на таквиот став од Џимас. Меѓутоа, независно од погорното, нашата организација успеа и во основа го оствари единството и братството во некои села, како во селата Сливени, Добролишта, Скумско, каде што имаме дури и заеднички манифестации, борбени комисии итн.

ЛЕРИНСКИ ОКРУГ

Во овој округ во последно време имаме засилено напредување. Тоа покажува дека сме создале организација, која всушност пред три месеци не постоеше. Нашиот апарат се стабилизира и доби внатрешна организациона сплотеност и единство. Тој живее со животот и борбите на округот, што до извесна степен ги организира и раководи успешно. Она што не му достасува е што се уште кај него нема иницијатива и не го прифаќа наполно духот на масовната активност на степенот што го бараат објективните услови и можностите.

Најголемиот успех на нашата организација во овој округ е што ги има опфатено речиси сите кајларски села до предградието на Кожани. Цели седум месеци беше невозможно да им се приближиме на овие оддалечени села, поради терористичките оргии и ножот на капетанот Коларас и Михал-ага, соработниците на Германците во времето на окупацијата, кога беа апсолутен господар на животот, честа и имотот на народот. Но, со масовната борба, со борбените и протесни комисии, во нераскинливо единство и братсво со демократските Грци и бегалците на нашиот народ, успеа, до извесна степен, да го скрши постојниот режим на капетан Коларас и Михал-ага.

Воопшто нашето организационо и политичко влијание во последно време се прошири и во селата што досега не беа опфатени. Истовремено округот не остана назад и на секторот на организационата борба и народните акции.

1) Акции. Во градот Лерин на 24 јануари 1946 година се одржа митинг со заедничка иницијатива на ЕАМ и НОФ. Митингот во основа успеа, но можеше да има поголем и помасовен прилив и учество на народот. Целта на митингот беше: да се прекине теророт и инсценираните судења; општа политичка амнестија и коалициона влада со учество на ЕАМ.

2) Во Екши-Су на 14 јануари 1946 година е одржан собир на населението. Иницијативата ја имаше Петрос, бивши народен пратеник на ЕАМ и сега член на ЕАМ и организацијата на НОФ, благодарејќи на чне учество собирот се овенча со успех.

Барањата. Да се отстранат од владата и властите соработниците на окупаторот, општа политичка амнестија, да се прекине теророт и да се прекинат масовните антинародни судења; да се потпомогнат селаните од државата. Од масите беа исфрлени и паролите: Народна власт, рамноправност, национални права на Македонците.

Резултат од погорните акции: се стопираа привремено судењата и олабави теророт.

3) Масовни заеднички комисии на бегалците и Македонците во кајларските села за прекин на теророт, за заеми, семе од Земјоделската банка и зголемување на храната од УНРА. Единството е остварено оддолу. Иницијативата ја разви НОФ. Во текот на акциите учествуваше и ЕАМ. Резултат: се скрши теророт и се зголеми храната од УНРА. Исто така се успеа бегалците да покажат готовност и масовно да се појавуваат како сведоци за заштита при судењето во Македонците.

4) Во реонот на Овчарени масовно раздвижување на поништување на изборните списоци, што ги составија фашистите, претседатели на општините Во списоците се пронајдени и запишани луѓе кои уште одамна се умрени.

Властите од Лерин беа принудени да испратат службеници кои ќе го испитаат прашањето. При ревизијата ќе учествуваат и претставници на народот.

Актуелни прашања што го интересираат округот во дадениот момент: 1) масовните судења 2) распределбата на храната од УНРА, 3) заеми и кредити од Земјоделската банка, 4) чистење на кооперациите и општините од фашистичките елементи...x)

АМ, Збирка: "Егејска Македонија во НОБ 1945-1949", АЕ: 70. Документот е на грчки јазик, во ракопис, а преведен на македонски. Објавен е во истата едиција: "Егејска Македонија во НОБ 1946", Т. III..., док. 33, стр. 86-93.

...x) документот не е цел

**2.8 - Извештај од Главното раководство на НОФ (Паскал Митревски) од 9 февруари 1946 година, за организационата структура на НОФ во Егејска Македоија**

КОСТУРСКИ ОКРУГ

1. Преспанска околија

А) Реон на Герман

| Села Член | Парт | НОФ | НОМС | СКОЈ | АФЖ |
|---|---|---|---|---|---|
| l) Герман | - | 28 | 35 | 2 | 10 |
| 2) Раби | - | 4 | 5 | - | - |
| З) П'пли | - | - | - | - | - |
| 4) Медово | - | 12 | 13 | - | 6 |
| 5) Рудари | - | 4 | 8 | - | 3 |
| 6) Штрково | - | 8 | 12 | - | 2 |
| 7) Оровоник | - | 16 | 12 | - | - |
| 8) Буково | - | 10 | 14 | - | 4 |
| 9) Бесфина | - | 14 | 16 | - | 13 |
| 10) Л'к | - | 4 | 3 | - | - |
| 11) Дреново | - | 6 | 8 | - | 5 |
| 12) Руља | - | 8 | 20 | - | 12 |
| 13) Желево | - | 6 | 4 | - | 15 |
| 14) Псодери | - | - | - | - | - |
| 15) Трново | - | 30 | 40 | - | 15 |
| 16) Ошчима | - | 30 | 40 | - | 15 |

Б) Реон на Африка

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Нивици | - | 5 | 10 | - | - |
| 2) Орово | 2 | 10 | 12 | - | 6 |
| 3) Граждано | 3 | 25 | 37 | 3 | 15 |
| 4) Винени | - | - | - | - | - |
| 5) Дробитиште | 2 | 13 | 6 | - | 10 |
| 6) Трново | - | 8 | 3 | - | 4 |
| 7) Аил | - | 9 | 8 | - | 7 |

2. Околија Корештата

А) Реон на Д'мбени

| Села Член | Парт | НОФ | НОМС | СКОЈ | АФЖ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Д'мбени | 3 | 10 | 25 | 2 | 5 |
| 2) Крчиште | - | 5 | 4 | - | 6 |
| 3) Лобаница | - | 5 | 8 | - | 3 |
| 4) Косинец | - | 4 | 10 | - | 5 |
| 5) Смрдеш | 3 | 20 | 30 | 3 | 15 |
| б) В'мбел | 2 | 25 | 20 | - | 15 |
| 7) Брезница | - | - | - | - | - |
| 8) Новоселјани | - | - | - | - | - |
| 9) Папратско | - | - | - | - | - |

Б) Реон Дреновени

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Габреш | - | 8 | 10 | - | 5 |
| 2) Дреновени | - | 8 | 12 | - | 4 |
| 3) Поздивишта | - | 14 | 12 | - | 8 |
| 4) Чрновишта | - | 5 | 4 | - | - |
| 5) Коломлади | - | 4 | 7 | - | - |
| 6) Статица | - | 5 | 8 | - | 4 |
| 7) Горно Статица | - | - | - | - | - |
| 8) Апоскеп | 3 | 12 | 14 | - | 2 |
| 9) Жервени | - | - | - | - | - |
| 10) Шештеово | - | 15 | 18 | - | 8 |
| 11)Горно Дреновени | - | 4 | 6 | - | - |
| 12) Сетома | - | - | - | - | - |
| 13) Черешница | - | - | - | - | - |
| 14) Блаца | - | - | - | - | - |

В) Реон на Тиолишта

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Вишени | - | 6 | 3 | - | - |
| 2) Б'мбоки | - | 4 | 2 | - | - |
| 3) Кондороби | - | - | - | - | - |
| 4) Личишта | - | - | - | - | - |
| 5) Олишта | - | - | - | - | - |
| 6) Горенци | - | - | - | - | - |
| 7) Чурилово | - | - | - | - | - |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8) Загоричани | - | - | - | - | - |
| 9) Куманичево | - | - | - | - | - |
| 10) Бобишта | - | - | - | - | - |
| 11) Маврово | - | - | - | - | - |
| 12) Здралци | - | - | - | - | - |
| 13) Дупјак | - | - | - | - | - |
| 14) Фотиништа (бегалско) | | - | - | - | - |

3.Околија Полето

А) Реон на Жупаништа

| Села Член | Парт | НОФ | НОМС | СКОЈ | АФЖ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Жупаништа | 3 | 28 | 40 | 4 | 20 |
| 2) Манјак | - | 4 | 3 | - | 4 |
| 3) Тиквени | - | 6 | 8 | - | 5 |
| 4) Добролишта | 4 | 30 | 35 | 3 | 15 |
| 5) Четирок | - | 8 | 15 | - | 6 |
| 6) Дреничево | - | 4 | 5 | - | - |
| 7) Граче | - | 18 | 25 | 4 | 5 |
| 8) Чука | 2 | 12 | 14 | - | - |
| 9) Стенско | - | 10 | 12 | - | - |
| 10) Радигоже | - | - | - | - | - |
| 11) Нестрам | - | 12 | 15 | - | - |
| 12) Ошени | - | - | - | - | - |

Б) Реон на Рупишта

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Рупишта | - | Одбор3 | Одбор3 | - | - |
| 2) Изглибе | - | 4 | 6 | - | - |
| 3) Желин | - | 16 | 8 | - | 6 |
| 4) Цакони | - | - | - | - | - |
| 5) Желегоже | - | 2 | - | - | - |
| 6) Галишта | 3 | 15 | 18 | 2 | 8 |
| 7) Псоре | - | Одбор3 | Одбор3 | - | - |
| 8) Лудово | - | Одбор3 | Одбор3 | - | - |
| 9) Брештани | 2 | 12 | 10 | - | 5 |
| 10) Госно | - | - | - | - | - |

Реон на Костенаријата

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Езерец | 3 | 24 | 15 | 2 | 6 |
| 2) Скумско | - | 8 | 6 | - | - |
| 3) Оловраде | - | 4 | 2 | - | - |
| 4) Сничени | - | 8 | 12 | - | - |
| 5) Мангила | - | 12 | 10 | - | - |
| 6) Марчишта | - | 3 | 4 | - | - |
| 7) Долени | 2 | 14 | 8 | - | 6 |
| 8) Жужелци | 3 | 25 | 17 | 2 | 8 |
| 9) Старичани | - | 5 | 3 | - | - |
| 10) Нестим | - | Одбор3 | Одбор3 | - | - |
| 11) Бојани | - | Одбор3 | Одбор3 | - | - |
| 12) Либишево | - | - | - | - | - |
| 13) Жиковишта | - | 4 | 3 | - | - |
| 14) Шкрапари | - | Основа | - | - | - |
| 15) Семаси | - | Основа | - | - | - |
| 16) Марковени | - | - | - | - | - |
| 17) Песјак | - | Основа | - | - | - |
| 18) Бела Црква | - | Основа | - | - | - |

Г) Подреони на Калевишта
Села
1) Калевишта
2) Јановени
3) Слимништа
4) Пилкати
5) Омотско

Во овие села, кои се наоѓаат на границата меѓу Грција и Албанија се воспоставени само врски и се вложени напори да се постават основите. Резултатите не ни се познати.

Состаноци: Окружното поверенство во месец јануари одржа два состанока. Во околијата на Полето, Околиското поверенство одржа еден, а реонските поверенства по два состанока. Другите околии во минатиот месец не одржаа ниту еден состанок, поради познатите фракционерски расправии што настанаа таму.

9 февруари 1946 година

За Организационото раководство
Секретарот,
Паскал

АМ, Збирка; “Егејска Македонија во НОБ 1945-1949”, АЕ: 86.

Dокументот е на грчки јазик, во ракопис. Преведен е на македонски јазик и е објавен во едицијата: “Егејска Македонија во НОБ 1946”, Т. III..., док. 42, стр. 97-100

## 2.9 - Извештај од Главното раководство на НОФ (Паскал Митревски) од 9 февруари 1946 година, за организационата состојба на НОФ во Леринско и Воденско

I. ЛЕРИНСКИ ОКРУГ

1. Леринска околија

А) Буфски реон

| Села Член | Парт | НОФ | НОМС | СКОЈ | АФЖ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1) Буф | - | 17 | 15 | - | 8 |
| 2) Кладороби | 3 | 18 | 12 | 2 | 6 |
| 3) Каленик | 1 | 12 | 8 | - | 4 |
| 4) Кабасница | - | 5 | 6 | - | - |
| 5) Света Петка | - | 15 | 8 | - | 5 |
| 6) Опсирино | - | - | - | - | - |
| 7) Битуша | - | - | - | | - |
| 8) Раково | - | - | - | - | - |
| 9) Клавучишта | - | Одбор3 | Одбор3 | - | - |
| 10) Негочани | - | Одбор3 | Одбор3 | - | - |
| 11) Горно Каленик | - | - | - | - | - |
| 12) Долно Каленик | - | - | - | - | - |
| 13) Нов Кавказ | Просвиги | | | | |

Б) Которски реон

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Горно Котори | - | 12 | 10 | - | - |
| 2) Долно Котори | 3 | 17 | 12 | - | - |
| 3) Кучковени | 3 | 12 | 10 | - | 6 |
| 4) Арменор | - | Одбор3 | 2 | - | - |
| 5) Неволјани | - | 6 | 5 | - | - |
| б) Нерет | - | 12 | 15 | - | - |
| 7) Лагени | 4 | 14 | 17 | 2 | 8 |
| 8) Крапешино | 3 | 16 | 14 | - | 4 |
| 9) Песочница | - | Одбор3 | Одбор3 | - | - |
| 10) Лажени | - | - | - | - | - |
| 11) Маала | - | Одбор3 | Одбор3 | - | - |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12) Лесковец | - | 6 | 8 | - | - |
| 13) Вртолом | - | - | - | - | - |
| 14) Негован | Албанско | Има основа за НОФ и за НОМС | | | |
| 15) Бел Камен | - | - | - | - | - |

| Села Член | Парт | НОФ | НОМС | СКОЈ | АФЖ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

В) Банички реон

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Баница | - | 8 | 12 | - | - |
| 2) Горничево | - | 12 | 10 | - | - |
| 3) Росен | 3 | 15 | 12 | - | - |
| 4) Забрдени | - | 14 | 8 | - | - |
| 5) Борешница | - | 10 | 14 | - | - |
| 6) Жел. Станица | 3 | 8 | - | - | - |

Г) Реон на Овчарени

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Овчарени | - | 20 | 30 | - | 6 |
| 2)Крушоради | 4 | 25 | 36 | 3 | 8 |
| 3) Сетина | 3 | 12 | 23 | 3 | 5 |
| 4) Неокази | 3 | 17 | 25 | 2 | 6 |
| 5) Врбени | - | 6 | 8 | - | 3 |
| 6) Попожани | - | 8 | 10 | - | 4 |
| 7) Сакулево | - | 6 | 3 | - | - |
| 8) Средно Село | - | - | - | - | - |
| 9) Асаново | - | 4 | 5 | - | - |

Д) Реон на Турје

| Села Член | Парт | НОФ | НОМС | СКОЈ | АФЖ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Турје | 3 | 25 | 22 | 3 | 5 |
| 2) Трсје | 3 | 26 | 25 | 3 | 8 |
| 3) Бапчор | 3 | 30 | 22 | 2 | 6 |
| 4) Арменско | 3 | 20 | 10 | - | 4 |
| 5) Калугерица | 4 | 24 | 25 | 3 | 16 |
| 6) Матешница | 3 | 10 | 8 | - | 6 |

2. Соровичко-кајларска околија
А) Реон на Екши-Су

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Екши-Су | 3 | 45 | 69 | 4 | 10 |
| 2) Патели | 3 | 68 | 45 | 3 | 20 |
| 3) Сорович | - | Одбор3 | Одбор3 | - | - |
| 4) Петерско | 2 | 7 | 8 | - | - |
| 5) Церево | 2 | 18 | 7 | - | - |

Б) Реон на Ајтос

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Ајтос | 3 | 28 | 222 | 2 | 4 |
| 2) Љубетино | 3 | 13 | 21 | - | 10 |
| 3) Рудник | - | 4 | - | - | - |
| 4) Зеленич | - | 5 | 6 | - | - |
| 5) Сребрено | - | 12 | 8 | - | - |
| 6) Прекопана | - | 10 | 6 | - | - |
| 7) Невеска | | ВЛАШКО | | | |
| 8) Лехово | | АЛБАНСКО | | | |

В) Реон на Мокрени

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Мокрени | 3 | 42 | 50 | 3 | 10 |
| 2) Паљор | 2 | 15 | 12 | - | 5 |
| 3) Ракита | - | 14 | 10 | - | - |
| 4) Елеово (Лака?) | - | Одбор3 | Одбор3 | - | - |
| 5) Емборе | - | Одбор3 | Одбор3 | - | - |
| 6) Дебрец | - | Одбор3 | Одбор3 | - | - |
| 7) Радуништа | - | Одбор3 | Одбор3 | - | - |
| 8) Конуј | 2 | 8 | 12 | - | 3 |
| 9) Биралци | - | 6 | 11 | - | - |
| 10) Трепишта | - | 15 | 10 | - | 6 |
| 11) Бошовци | 3 | 11 | 8 | - | 9 |
| 12) Дорутово | 2 | 15 | 12 | - | 5 |
| 13) Липинци | - | Одбор3 | Одбор3 | - | - |
| 14) Требино | - | контакти | - | - | - |
| 15) Команo | - | контакти | - | - | - |
| 16) Ранци | - | контакти | - | - | - |

Градско поверенство

Градот се дели на три реони: 1) Реонот на Чифлик, 2) Реонот на Центарот и 3) Реонот на Свети Никола.

Организациониот апарат на градот е комплетиран, како Гратското поверенство, така и реонските поверенства. Оганизирани се околу 200, но немаме добиено точен преглед колку се организирани во НОФ, колку во НОМС, АФЖ итн. и колку во секој реон посебно.

Состаноци: Во месец јануари Окружното поверенство одржа два состанока. Околиското поверенство за Лерин - еден состанок. Околиското поверенство на Сорович-Кајлари два. Градското поверенство два. Реонските раководства не одржале посебни состаноци, но се одржани на двапати состаноци на кадровските активи во округот.

9 февруари 1946 година
За Организационото раководство
Секретарот,
Паскал, с.р.

II. ВОДЕНСКИ ОКРГ

1. Мегленска околија
А) Реон на Кронцелево

| Села Член | Парт | НОФ | НОМС | СКОЈ | АФЖ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1) Кронцелево | - | 170 | 180 | - | 100 |
| 2) Теово | - | 120 | 135 | - | 60 |
| 3) Владово | - | 30 | 15 | - | - |
| 4) Нисија | - | 27 | 32 | - | 25 |
| 5) В’лкојанево | - | 64 | 75 | - | 40 |
| 6) Самар | - | 8 | 10 | - | 3 |
| 7) Свети Илија | - | 18 | - | - | - |
| 8) Почеп | - | 88 | 90 | - | 50 |
| 9) Саракиново | - | 67 | 60 | - | 46 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10) Долно Родиво | - | 140 | 180 | - | 100 |
| 11) Горно Родиво | - | 80 | 95 | - | 63 |
| 12) Тресино | - | 18 | 26 | - | - |
| 13) Луковец | - | - | - | - | - |

Во 13-тото село организацијата е растурена, бидејќи се појавија тенденции за компромиси со реакцијата како резултат на големиот терор што се вршеше врз населението. Беше критикувано Окружното поверенство, бидејќи не беше правилно да се растури целата организација туку требаше да бидат исклучени само иницијаторите на оваа тенденција.

Б) Реон на С'боцко

| Села Член | Парт | НОФ | НОМС | СКОЈ | АФЖ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) С'боцко | - | 30 | 20 | - | 15 |
| 2) Тудорче | - | 19 | - | - | - |
| 3) Бицова Махала | - | 14 | 9 | - | 8 |
| 4) Бизово | - | 25 | 17 | - | 14 |
| 5) Цакон Чифлик | - | 72 | 63 | - | 42 |
| 6) Струпино | - | 65 | 60 | - | 18 |
| 7) Страишта | - | 23 | 35 | - | 8 |
| 8) Слатина | - | 10 | 15 | - | - |
| 9) Цакони | | | | | |
| 10) Горно Пожар | | | | | |
| 11)Баово | | | | | |
| 12) В'лчишта | | | | | |

Во последните четири села постоеше организација, но во последно време поради неснсливиот терор што се вршеше во тие села, ја изгубивме врската.

2. Островска околија
А) Островски реон

| Села Член | Парт | НОФ | НОМС | СКОЈ | АФЖ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1) Гугово | - | 53 | 40 | - | 25 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2) К'дрово | - | 8 | 12 | - | - |
| 3) Острово | - | Одбор5 | Одбор5 | - | Одбор3 |
| 4) Чеган | - | Одбор5 | Одбор5 | - | Одбор3 |
| 5) Русилово | - | Одбор5 | Одбор5 | - | Одбор3 |
| 6) Жерви | - | Одбор5 | Одбор5 | - | Одбор3 |
| 7) Друшка | - | Одбор5 | Одбор5 | - | - |

Во последните пет села има и други организирани. Меѓутоа, функционираат само одборите и тоа со големи тешкотии, бидејќи во сите села има стационирана војска и полиција и избувна голем терор.

Б) Реон на Месимер

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) Месимер | - | 55 | 40 | - | 28 |
| 2) Јаворани | - | 120 | 38 | - | 60 |
| 3) Под | - | 15 | 22 | - | 8 |
| 4) Оризарци | - | 49 | 38 | - | 40 |
| 5) Ошлјани | - | 20 | 11 | - | 48 |
| 6) В'нгени | - | 12 | 8 | - | - |
| 7) Ризово | - | Одбор5 | Одбор5 | | Одбор3 |
| 8) Каменик | - | Одбор5 | Одбор5 | - | Одбор3 |
| 9) Вртикоп | - | Одбор5 | Одбор5 | - | Одбор3 |
| 10) Липоор | - | Одбор5 | Одбор5 | - | Одбор3 |
| 11)Арсен | - | Одбор5 | Одбор5 | - | Одбор3 |

В) Реон на Црно Мариново

1) Црно Мариново
2) Прахњани
3) Чичиг'с
4) Крушари
5) Горно Село
6) Влахи
7) Липариново
8) Колибите

Овие села во последно време се опфатени и е формиран трети реон. Овие села се наоѓаат околу Негуш. Основи се поставени во сите села, но бројот на организираните уште не го знаеме.

Таму веќе се наоѓаат двајца активисти, еден од округот и еден од околијата, облечени во пастирска облека.

3. Градско повереинство на Воден

| Села Член | Парт | НОФ | НОМС | СКОЈ | АФЖ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1) Гугово | - | 53 | 40 | - | 25 |
| 2) К'дрово | - | 8 | 12 | - | - |
| 3) Острово | - | Одбор5 | Одбор5 | - | Одбор3 |
| 4) Чеган | - | Одбор5 | Одбор5 | - | Одбор3 |
| 5) Русилово | - | Одбор5 | Одбор5 | - | Одбор3 |
| б') Жерви | - | Одбор5 | Одбор5 | - | Одбор3 |
| 7) Друшка | - | Одбор5 | Одбор5 | - | - |

Квартали На град

| Член | Парт | НОФ | НОМС | СКОЈ | АФЖ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1) I квартал | - | - | - | - | - | Мацирски |
| 2) II квартал | - | - | - | - | - | Маџири |
| 3) III квартал | - | 50 | 110 | - | 18 | |
| 4) IV квартал | - | 270 | 278 | - | 215 | |
| 5) V квартал | - | 330 | 187 | | 220 | |
| 6) VI квартал | - | 178 | 57 | | 78 | |
| 7) VII квартал | - | 645 | 400 | | 260 | |

Во споменатите квартали постојат партиски ќелии и ќелии на СКОЈ.

Фабрики

| | НОФ | НОМС | АФЖ |
|---|---|---|---|
| I) Фабрика на Цици | 17 | 46 | 38 |
| II) Фабрика Естија | 28 | 32 | 27 |
| III) Фабрика на Сеферџи | 10 | 11 | 8 |
| IV) Фабрика за | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| преработка на Коноп | 24 | 40 | 27 |

Состаноци: Сите органи во округот, од Окружното поверенство до реонските и месните одбори, фукционираат редовно. Состаноците, освен на Околиското поверенство на Острово, каде што не може да се одржуваат, редовно се одржуваат во сите органи.

Забелешки: Во овој округ е забележан значаен прогрес на секторот на заедничката борба за единството и братството со грчкиот и бегалскиот елемент, посебно во околијата на Меглен и во градот. Повеќе села ја прифаќаат нашата линија и се борат под наше раководство.

9 февруари 1946 година
За Организационото раководство,
Секретарот,
Паскал, с.р.

АМ. Збирка: “Егејска Македонија во НОБ 1945-1949”, АЕ: 87
Текстот е на грчки јазик, во ракопис. Објавен е во истата едиција: док. 43. стр. 100-103 и 103-106.

**2.10 - Извештај од Главното раководство на НОФ (Паскал Митревски) од 16 февруари 1946 година, за военополитичката ситуација во Егејска Македонија**

ПОЛОЖЕНИЕ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ВО ВРСКА СО ПУЧОТ НА “Х”те

На 6.II.1945 година па навака во Леринскиот округ, а особено во Сорович и околните села пристигат нови војни сили, составени од единиците, чии командни кадар е исклъучиво составен од “Х”. Со пристигање на еден баталјон во с. Екши-Су, свикан е митинг, каде команданто на баталјоно изјавил: “Дека сите Македонци и Албанци треба да бидат готови оти за во срок од 50 дена треба да напуштат Грција”. Во истото село растурил две свадби, оти селски девојки пееле македонски песни во моментот кога ги извадат невестите. Истиот командант забранил да се говори македонски и во куќите, заплашувајќи оти ќе издаде заповед на војската да пука во месо, ако само слушне да се говори на овој јазик. Општо земено овој округ е наводнен од воени сили на “Х”-те како и Костурски округ. Во с. Раково пред извесно време пристигнала една група (околу 200 души) четници и балисти. Таја група има своја команда. Снабдева се од Лерин.

Кожани е центарот каде пристигат “Кситоски” силн и од там се распределуват да заминат за други крајеви на Западна и Централна Македонија.

Во последно време се забележува сериозно движение на “Х” и “Црнофронтовците” и во Караџова. Откриено е едно Зервасово тајно писмо намењето на неговите привржeници во кое пише да бидат готови во секој момент, оти скоро ќе се даде знак за узбуна т.е. за пуч.

Кружат гласови оти војската која е во Егејска Македонија ќе се замени со единици, кои се составени од “Х” и “зервасовци”. Во Гуменџе и Eниџе Вардарско воените единици веќе се заменуват со такви. Терор е нечувен. Во Гуменџе се раздадени 60 пушки и 10 пушкомитраљези на присталиците на “Црниот фронт”. Во продолжение од неколку дена на населанието беше забрането

да се движи од село во село. Во овој округ “Црниот фронт” е наполно господар во сите државни служби.

ЕАМ во Грција обновува своите воени организации, како ОПЛА (заштита на покретот) и резервна војска, а това значи оти ЕАМ ќе пружи оружан отпор во случај на превраt.

Ние дадовме директива на нашата организација во Е. Македонија, да се приготовљава, како би во даден момент пружили полна вооружена поткрепа на ЕАМ.

Во Костурско се пристигнати над 5.000 обвинителни акта, а неколку хиљади уште не се раздадени, каде се Македонци обвињават како “охранции”. Без и какво саслушање тие се изводат на суд и се судат по 10, 15, 20, 101 год. и на смрт, а имовина им се конфискува. Последните неколку дена во тие краеви пристигна и војска која блокира села, хапси тие кои имат обвинителни актови или на кои уште не се им дадени и ги води право во судовите. Вчера пристигнаа 8 души во Битола од горните. По това прашање ние имаме став да не одат на судењето, а да бегат, но сепак да останат во Е. Македонија, но сега се поставува проблем каде ќе се сместат тие луѓе, во планина уште не може, това е огромно људство. Едини излаз е да тие минат нашата граница.
С.Ф, - С.Н.

16.II.1946 година.
За Егејско раководство:
Паскал, с.р.

АМ, Збирка: “Егејска Македонија во НОБ 1945-1949”, АЕ: 103.
Документот е на македонски јазик, пишуван на машина.
Објавен е во истата
едиција: док. 48, стр. 115-116.

## 2.11 - Извештај од Главното раководство на НОФ (Паскал Митревски) од 7 март 1946 голина, за општата политичка ситуација во Грција и Егејска Македонија

ПОЛИТИЧКАТА СИТУАЦИЈА И ПРЕВРАТОТ

Црниот фронт по договорот со Венизелос и десницата, мина во отворен напад, со единствена цел да го продолжи хаосот, да ја загуши демократската волја кај народот и да го зацврсти господството на странските и домашните експлоататори. Во последните недели и последните деновн се подготвува една општогрчка монархофашистичка тревога и вооружување со пушки, автомати и др., што излегуваат од англиските и државните магацини. Настаните што се случија во Каламата, отворените предизвикувања и убиствата извршени од Сурлас (водач на вооружени монархофашистички банди) во гр. Ламија засилувањето на теророт и координирањето на движењето на Андон Чауш, Михаил-ага и други монархофашистичкн шпиони во Егејска Македонија со нивните секојдневни убиства, укажуваат кон што се стремат реакционерните сили што бараат странските подбуцнувачи и нивните раководители.

Злосторничката дејност на бандите од десницата ги надмина сите досегашни дејности. Знаејќи дека на никој начин не ќе можат да се задржат на демократски мирен начин, слободни, непорочни и нефалсификувани избори, странските и домашните експлоататори се ориентираат се повеќе од кога и да било кон фашистички и насилнички превратнички решенија. Присуството на странски набљудувачи нема да ја нимени, а и нема да може да ја измени, оваа стварност. Англија има секако интерес да ги наметне, со сите сили, монархофашистите и злосторниците црнофронтовци, кои се нејзини слуги, за да може потоа да говори дека спроведената од неа политика во Грција била одобрена од грчкиот народ.

Од друга страна, Американците, како што најавуваат и самите, немаат никаква компетенција да укажат на решение, макар и да ги забележуваат димензиите на фалсификациите и теророт. Јасно е дека доаѓањето на странските набљудувачи едноставно претставува еден обид на англиските и домашните

реакционерни кругови да му дадат законска форма на изборниот преврат што го подготвуваат. Во основата проблемот се состои во следното: дали монархофашистичката десница ќе се обиде отворено и по насилствен пат да изврши преврат пред и независно од изборите или не. Ако изборите се спроведат на 31 март, кога сигурно англиските војски ќе се наоѓаат во Грција, тогаш реакцијата ќе избегне една таква побуна, бидејќи за себе ќе ја обезбеди власта со еден законски преврат, односно со изборите. Ако пак се одложат изборите, што е и најверојатно, тогаш зависи каков развиток ќе земат внатрешните и надворешните настани. Но во никој случај црниот фронт нема да се откаже од превратот, увидувајќи дека земјата ќе може да направи дури и еден мал демократски пресврт. Поради тоа стравот за превратот останува во исто напрегање. Во таков случај, пред нас никнуваат две прашања: Каков ќе биде нашиот став во случај на еден насилствен надворешен изборен преврат и каков ќе биде во случај на изборен преврат или во случај на двомесечно одлагање на изборите и нивното спроведување по два месеца под исти услови? Ова прашање е поврзано со координацијата на силите во Грција и Егејска Македонија и со организационо-технички, подготовки, можностите, средствата и, на крајот, со ставот на демократските сили на земјата.

Црниот фронт претставува една политичка и воено-насилничка сила. Пред декемврискиот развиток, со направените грешки на движењето на отпорот (договорот на Либан, составувањето на влада на национално единство, со учество на ЕАМ со министер претседател, фашистичкиот агент на англиската политика Папандреу), декемврискиte настани со склучениот договор во Варкиза без гаранции, како и постдекемвриската еднострана фашистичка држава, му дадоа можност на црниот фронт, кој во свои раце го држеше целиот државен апарат, економски и војнички да се зацврсти, да ги развие своите позиции. Вистина е дека ЕАМ минува на консолидација на своите сили. Последните движења, штрајковите итн. докажуваат дека имаме еден процес на развиток на демократското движење. Но истовремено движењата укажуваат и на основите слабости. Раководството на синдикалното движење на ЕАМ не можеше да се ослободи од тесниот економски дух и им даде на ситеовие движења и штрајкови политички карактер. А пак и таму каде што е

направен таков обид, не успеа (штрајковите во Атина, Пиреј и општиот штрајк на шоферите во Солун).

Второ, не успеа да го зацврсти, да го поврзе и да го засили сојузот на земјоделските работни маси, пролетеријатот и другите работни маси во градовите. Влијанието на ЕАМ меѓу земјоделските работнички маси не е зацврстено, особено меѓу средните селски работни слоеви, а и таму каде што постои ЕАМ е слаб, неповрзан и отсечен. Но сето тоа не го оспорува фактот дека ЕАМ претставува една моќна сила во земјата.

И конкретно, што се однесува на Грција, партиите на движењето на отпорот имаат надмоќност во областите: Тесалија, Епир, Евија и во градовите Атина, Пиреј, Патра, Волос и Коринт, каде што демократското движење е силно и поборбено. Обратно, партиите на монархофашистичката десница и воопшто партиите на црниот фронт господарат и насилствено го загушуваат демократскиот израз на народот, може да се каже на целиот Пелопонез, во Централна Грција и на поголемиот дел од островите.

Во Егејска Македонија силите се распоредуваат во: Халкидика, Кожанско, Серско, Драмско, како и во Солунско Поле и во еницевардарските околии, каде што ситуазијата ја регулира реакцијата со организирани, од нејзина страна, монархофашистички банди. А пак во градовите Солун, Серез, Кавала, како и во околиите Кукушка, Катерина, Бер и Негуш, отпорот е силен. Што се однесува пак на Костурско, Воденско, Леринско и Гуменџиско заедно со планинските реони, таму НОФ е најголема политичка сила. Не треба да нзгубиме од предвид дека и таму каде што демократското движење стои на висок степен и е силно и реакцијата има свои бази, некаде послаби, а некаде појаки. Партиите на Центерот (стародемократски) се трети по ред. Масите што ги следат, главно, произлегуваат од средните слоеви, карактеристични со своите колебања и нивното распаѓање. Покрај тоа, користејќи некои специјални политичко-економски причини, тие успеваат да привлечат уште некои слоеви.

Прашањето за односот меѓу ЕАМ и партиите на Центарот, ЕАМ го поставува настојчиво врз основа на единство и сојуз од горе до долу од раководствата до базите. Раководството е скостено...... (тука текстот е оштетен, б.н.) и продадено. Што се однесува на базата, ЕАМ не успеа до сега да предизвика расцеп, да постигне некои политички придобивки, да ги одвои основните маси, бидејќи ЕАМ се бори повеќе да го убеди раководството, наместо да го зајакне единството и да го спроведе на дело и во живот, за да може масите, кои се наоѓаат под влијанието на Центарот, да ги фрли во борба против монархофашизмот.

Што се однесува на ставот на КПГ и ЕАМ спрема монархофашистичкиот преврат, може да се заклучи од подолните изрази: Масовна сенародна самоодбрана против уништувачкиот терор. Режимот на еднострaната граѓанска војна на злосторничкиот и плутократскиот новофашизам против народот не треба да се прими, туку треба на нашите непријатели да им одговориме со истите средства. Ако го разгледаме и го процениме овој став преку призмата на решеноста и критичноста на овие моменти, тогаш ќе видиме дека во нив недостасуваат: стабилност, јасност и решеност, односно смел и јасен став за еден отпор во случај на монархофашистички преврат. Тоа не треба да се земе изделно од констатациите на Вториот пленум на ЦК на КПГ од 15 февруари 1946 година, на кој е констатирано едно задоцнување и заостанување во организационотехничките мерки. Неоспорен е фактот дека постојат повеќе околии со многу слаби врски како меѓу нив, така и со центарот. Во исто време се забележува и слабост, недостиг на средства и подобар материјал. ЕЛАС предаде околу 50.000 пушки и автомати. Поголемиот број од неговите тајни складови беа предадени и откриени. Многу малку треба да се надева ЕАМ дека ќе може да се снабди со оружје од непријателите. Хитовските вооружени банди се доста поврзани, фанатизирани и во никој случај не се слични со баталјоните на безбедноста, кои беа во времето на окупацијата. Во воениот апарат наполно господари организацијата САН (Воено офицерски сојуз) и црниот фронт и ќе биде многу лесно демократските војници да бидат обезоружени во предвечерието на превратот, нешто што веќе започна да се врши.

Што се однесува до нашиот народ, македонските околии, Лерин, Воден, Костур, донекаде и Гуменџе, паролата за вооружен отпор ја прифаќа огромното мнозинство на народните маси. Може лесно и брзо да се постигне организационотехничка подготовка, ако пред себе поставиме таква задача и ако започнеме да работиме жилаво и упорно. Но во случај на непосредно дејствување, бездурго ќе биде потребен и еден дел од активистите.

Оружјето, со кое располагаме, е многу малку и во никој случај не ќе биде доволно за една вооружена борба. Се поставува сериозно прашањето: дали ние ќе можеме да го задржиме фронтот на вооружен отпор во македонските околии при такви услови, ако отпорот не се прошири во сите македонски области и во целата Грција. Се разбира, дека ќе можеме дотолку повеќе што при еден таков случај, пред се, веруваме дека ЕАМ ќе даде вооружен отпор, кога на дело ќе се појави монархофашистичкиот преврат.

Прашањето на изборите.

Изборите денес претставуваат најосновниот проблем со кој е преокупирано грчкото јавно мислење. По ова прашање изгледа дека постојат три мислења. Според едно мислење се исклучува секакво одлагање. Тоа се партиите на црниот фронт. Нивното мислење го поткрепува и изјавата на Беван за регентот Дамаскинос, во која се изразува неговата желба изборите да се спроведат по секоја цена на 31 март. Приврзаниците на второто мислење бараат двомесечно одлагање на изборите Оваа парола произлегува од срединиte на Центарот и од разни политички партии околу нив. Покрај тоа Софулис е согласен со својот газда Беван, кој и го постави, зборувајќи дека на 31 март ќе ги спроведе изборите ако неговата влада биде убедена дека ќе се обезбеди спроведувањето на изборите. Софулис и сите околу него се плашат од нивниот неуспех во изборите и точно тука се наоѓа причината на нивните колебања и нерешителноста. Третото барање е изборите да се одложат за неопределено време и да се спроведат вистински и необорливи избори

најдалеку до септември. Ова барање го поддржуваат партиите на ЕАМ.

Ако изборите се спроведат во месец март или подоцна под истиот режим, најверојатно е дека партиите на ЕАМ нема да земат учество. И ние треба да заземеме таков став, уште повеќе поради тоа што владата на Софулис не стави надвор од законот при изборите, во согласност со неговиот указ и во согласност со познатата оптужба како “автономисти”. Меѓутоа, прашањето не завршува тука. Ако се поставува како неопходна потребата да осуетиме еден насилствен фашистички превconfigured, на ист начин како животна потреба на нашиот народ се поставува и осуетувањето на еден изборен преврат. Поради тоа е потребна една координирана и жестока борба, да се владата на Софулис, да се формира една претставничка влада, која ќе спроведе слободни и нефалсификувани избори. Но, ако и против нашата желба дојде до еден таков изборен преврат, тогаш ќе се органичиме на проста апстиненција или ќе ги фрлиме сите сили да ги осуетиме изборите со сите наши средства. И при овој случај треба будно да следиме што ќе прави ЕАМ заедно со сите негови партии.

Но, во овој случај на решавачки подем на демократското движење во Грција, поврзано со надворешните настани, што ќе биде причина да дојде до една политичка промена и да се формира една претставничка влада, тогаш, ако таа влада е широка и чисто претставничка демократска, и нашето право за учество во изборите ќе биде полесно признато. Но ако таа влада е тесно претставничка со веројатни реакционерни странки и тенденции, тогаш ќе треба да се бориме за да не признаат. Како и да се развијат настаните, јас го изразувам своето мислење дека треба да заземеме еден определен и јасен став по сите тие прашања, односно по превратот, изборите, по политичките и организационите подготовки, по формите, начините и методите на работа.

Проблемот на масовните судења

Нова форма на напад на црниот фронт против македонскиот народ од Егејска Македонија се масовните судења, со масовни

и измислени отпужби “контрачетници”, “автономисти” итн. Овој фашистички гестаповски метод на властите и на грчкото фашистичко правосудство има за цел политичко, економско и физичко истребување на нашиот народ. Преку фалсификувани обвинувања се осудени стотици Македонци, од кои повеќето беа активисти, антифашисти за време на Народноослободителната борба, со по дваесет години затвор, доживотно и на смрт. По судењето следува целосна конфискација на имотот - подвижен и неподвижен. Две илјади Македонци се држат затворени по затворите, а се уште не се осудени, под исто обвинубање како “контрачетници”. На стотици се оние кои умреа по затворите од мачења. Во исто време од судовите се издадени илјади обвинителни акти и покани за апсења на Македонци, со исти лажни обвинувања. Само во Костурскиот округ се издадени илјади обвинителни акти. Во Рупишта, Костурско, досега се осудени со тешки пресуди сто и педесет Македонци, од кои повеќе од 80% биле партизани, на еден или друг начин, зеле учество во антифашистичкото движење уште во првите денови на Народноослободителната борба. А пак оние Македонци кои соработуваче со окупаторот се слободни и заштитени од нив, бидејќи тогаш беа нивни соработници. Во леринските затвори пропаѓаат стотици Македонци од Леринска околија, а во исто време се издадени 600 обвинителни акти само за град Лерин со исто лажно обвинување. Прашањето на масовно судење секој ден зема се позастрашувачки размери. Нашиот народ преживува денови на ужас и див терор. Нашата организација одговори на овие средновековни мерки, а за осуетувањето на масовните судења, со раздвижување на народните маси. Во многу случаи имавме успех. Но немавме успех да поведеме елна сенародна борба во цела Егејска Македонија, која ќе ја разниша реакцијата и тоа поради тоа што нашата организација не можеше, поради организациони слабости, да ги користи сите можности за еден сестран решавачки масовен отпор на нашиот народ. И како резултат на еден наш пресврт, ние успеавме за малку да го запреме судењето, но по малку време следуваше нов бран на терор и судења. Нема да биде презголемено ако кажеме дека ова прашање е најчувствително за нашиот народ. Она што најповеќе го плаши нашиот народ е конфискацијата на имотот. Дури имаме и случаи каде што се исфрлаат семејства

на улица, а да не им е обезбеден леб за истиот ден. Тоа до голема мера го руши моралот кај нашиот народ. Нужна е многу работа, неуморна работа, енергична мобилизација на сите наши сили за да го запреме тоа зло. Во последно време добивме директиви да организираме во секое село конференции, на кои ќе се донесат протестни резолуции од народот против теророт и масовните судења. Тие резолуции да се испраќаат до шефот на Југословенската делегација при Организацијата на обединетите нации, другарот Едвард Кардељ, и до Секретаријатот на Организацијата на обединетите нации.

Во исто време ја исфрливме паролата: Обвинетите да не се јавуваат пред судот, туку да се борат, со другиот народ за осуетување на мерките за масовно судење.

Раководствата на теренот добиле директиви да тргнат поенергично во тој правец. Со сите средства да ја осуетиме опасноста, што има за цел наполно уништување и поробување на нашиот народ.

Нашето движење и КПГ

По изјавата на раководителот на КПГ Захаријадис, со која НОФ се признава како антифашистичка демократска организација, се прекина старата тактика на неоснована полемика и клеветење на нашето движење од кадрите на КПГ и ЕАМ, кои нанесоа огромни штети во консолидацијата и подемот на демократското движење во Егејска Македонија. Според последните извештаи, што ги имаме од нашите теренски раководства, денес веќе можеме да се договараме со нив за соработка и за една општа борба, за непосредните проблеми на народот. Тие веќе разбраа дека нашата организација НОФ има длабоки корени во народот и дека таа стана значајна политичка сила во Егејска Македонија. И акциите и штрајковите што ги организиравме во Воден, Лерин, па дури и во Костурско и Гуменџе не останаа без значење и без влијание за нив. Она што не успеале да разберат другарите од КПГ е дека е нужно стабилно и неоспорно единство на демократската антифашистичка и народноослободителна манифестација на народот што живее во македонските области на Егејска Македонија. Тие настојуваат и

велат дека Грците не треба да ги организираме во нашите организации НОФ, НОМС и АФЖ, туку само Македонците – Словени, кои живеат во тие околии, а пак тие можат да ги организираат во нивните антифашистички организации македонските Словени и особено во Земјоделската партија. Од наша страна, нашиот став е јасно определен. НОФ е единствена народноослободителна организација во Егејска Македонија, која со правилната политичка линија, што ја трасира, го поттикнува напред и го обезбедува братството и единството на народите на Егејска Македонија, братство со целнот грчки народ и дека решавачки ќе ја поведе борбата на народите во Егејска Македонија против фашизмот и за демократија, рамо до рамо со сите антифашистички сили во Грција. Од друга страна КПГ, со последната своја одлука на II пленум на ЦК од 15.II.1946 година, го потврди речиси истиот став: Рамноправност на Македонците Словени во рамките на грчката територија. А пак не зборува за националните права и правото на самоопределување.

Внатрешна организациона положба

Што се однесува на теренот, не можевме да ги опфатиме сите проблеми на нашиот народ и врз таа основа да ги активираме масите. Нашите организации се млади. Им недостасува плодотворно искуство, организациони знаења, начини и методи на работа. Но и покрај сето тоа, имавме редица успеси и одиме напред во нашата работа. Постигнавме да ги раководиме и масовните борби на нашиот народ, да организираме низа штрајкови (Воден) и други движења и акции (Лерин, Костур). Не оставивме да падне духот кај нашиот народ и покрај дивиот терор и прогоните што настанаа и што ги врши монархофашизмот. Но покрај сето тоа, во никој случај не можеме да кажеме дека одговоривме на бројните прашања што минаа и кои се уште постојат пред нашиот народ. Слабостите се јавуваат поради две причини: 1) во кризите и испитите, низ кои мина нашето движење, од идеолошки и фракционерски карактер и 2) поради недостигот на единство, монолитност и длабоко, сигурно, активно и колективно раководство. Што се однесува на првата причина, таа е од луѓе кои никогаш не го засакале нашето движење, кои секогаш бегале од жртвите и

страдањата на нашата борба (Леон, Трифон, Турунџов и др.). Тие, откако отпаднаа од нашите редови, во извесни фази, низ кои мина нашето движење, правеа заговори, па и сега се против нашето движење, имаат дури комбинации, како што ќе видите од еден друг извештај, што ви го приложувам. Во многу мои извештаи јас подвлеков колку се тие непријателски расположени против нашата борба и политичката линија на нашето движење, бидејќи лично ги преживеав и ги запознав нивните дејства во практиката, во животот.

Во однос на вториот случај, раководството се расцепи веднаш по убиството на другарот Коровешов и по влегувањето на Ошенски во раководството. Тој, за цело време пред да влезе во раководството, формираше фракционашки огништа, како меѓу емиграцијата, со разни пароли за божем неводење грижа и неспособност на раководството, така и меѓу активистите и другите незадоволници кај кои го разгоруваше постојано незадоволството. Со тоа имаше за цел да создаде свои позиции, раководејќи се од своите мисли и сметките за лични амбиции. Последните фракционашки појави (Ташко Лазаровскн, Ловачов, Шишков и др.), како и од порано низа недисциплинирани постапки, не се случајни настани. Тоа се остатоци чиј извор се наоѓа таму. Штетата што ја имавме како резултат од сето тоа е јасна. Раководството не можеше без пречки да се оддаде на својата работа. Но и внатре во раководството, тој остана носител на расцепи и аномалии, раководејќи се од истата мисла: да создаде база за себе лично. Суштината е во тоа што неговиот карактер не е добар. Ова може да го наведе на неправилна дејност од секој аспект.

Друга причина, што го отежнуваше развитокот на работата е фактот што раководството не беше единствено и дисциплинирано, со подвижност и живот, како орган. Многупати имавме крутост како во нашите одлуки, така и во нашето дејствување, нешто што негативно се одрази и во животот и во работата на целата организација.

Независно од сето она што го изнесовме погоре, поради што сеуште продолжуваат основните слабости во нашата работа, ние треба да сториме се, во прв ред, да одиме напред, (да

чекориме), зацврстувајќи го апаратот на теренот. Треба да се даде сериозна и напорна работа за партиско и идеолошко воспитување на теренските кадри. Ако тоа биде остварено, и дури по прочистувањата и намалувањата, што настанаа во теренскиот апарат, односно чистењето на апаратот од неспособните, малодушните и сомнителните елементи, ќе имаме успеси и ќе ги зацврстиме нашите организации и ќе ги направиме способни да можат, како тие така и раководството, да одговорат на тешките задачи што не очекуваат. Во исто време е потребно да водиме безмилосна борба против остатоците на фракционизмот, за искоренување на тие болести. Инаку не ќе можеме да ги сфатиме и да раководиме со настаните во процесот и во разни фази на нашето движење. Уште повеќе, кога ќе се развијат тие со секавична брзина.

Исто така, едно од основните прашања што треба да го разгледаме, е прашањето на инструкторите. Денешната структура на раководството: само двајца сме на расположение, долу на теренот, јас и Џоџо. Керамитчиев и Мината се на ..... Ошенски е зафатен со...., Раковски е зафатен со агитропскиот сектор. Но ние двајцата не можеме да ги опфатиме сите сектори на теренот. И друг пат известив за таква потреба. Инструкторите ќе ни помогнат многу во развивањето и систематската работа. Раководството ќе може непосредно и конкретно да живее со сите потреби, со сите проблеми, сите слабости и напредокот на организацијата и на нашето движење. Уште повеќе што во денешните услови, теренските раководства треба да бидат под постојан надзор и контрола, како и под будно и живо раководење. Моето мислење е дека се наложува реорганизација и стегнување на раководството дури и со помал број лица и со примање на инструктори.

За такви инструктори ги предлагаме следните дргари: Ѓорѓи Јанковски, Ѓеле Ајанов, Христо Кокинов и Васил Макриев... Ако најпосле тој не може да се добие, го предлагаме другарот Ванѓел Ничев.

7.III.1946 год.
Паскал, с.р.

АМ, Збирка: “Егејска Македонија во НОБ 1945-1949”, АЕ: 173. Документот е на грчки јазик. Објавен во истата едиција: док. 77, стр. 175-183.

## 2.12 - Извештај од Главното раководство на НОФ (Паскал Митревски) од (Март) 1946 година, за политичката и воената ситуација и активноста на НОФ во Егејска Македонија

ИЗЛОЖЕНИЕ

Политичко положение

Колку што се приближуе 31 март, на која дата се назначени изборите во Грција, толку повеќе кризата и многустраното изоструење на отпорот се уголемуе. Од политички поглед, Во Грција имаме еден хаос, една анархија. Од економски една многу окајана разбојничка политика за економско поробуење на народните маси и наполно економско банкротирањена земјата. И на врвот на сето това се навоѓа секогаш заплашителен кошмарот на монархофашистичкиот пуч, кога насилствен кога законо-изборен. Црниот фронт заплашуе дека ќе предизвика крвопролитие во земјата во случај ако изборите се одложат. Тој го притиска и го заплашуе Софулис и останалите во неговата влада министри, да тргнат кон изборите пошто одговорноста им ќе биде голема и нежалостна. Меѓутоа теророт кој е отпочнал во цела Грција, но особено во Егејска Македонија, е невиден до сега.

Софулис кој е роб на обеќањето си што го даде пред Англијската влада кога ја презеде власта, дека без друго ќе ги произведе изборите на 31 март, продолжуе - след извесни колебанија-да изјавуе и да вика, оти без друго ќе го исполни обеќањето си, т.е. дека на насрочената дата ќе ги произведе изборите. Истовремено се кажуе дека неговата партија (Либералната) е готова за изборите. И за да го уголеми ова решение, вчера замина за гр. Солун, каде се готви да произнесе предизборен говор. Софулис и раководството на неговата партија се преврнаа во орудие на Бевиновата реакционска англијска политика и на грцкиот либерален плутократски дел, кој веќе чекори кон своето полно реакционизирање и кој дел би го сакал окончителното политичко господство на Црниот фронт, повеќе од какво и да било друго соработуење, кое би означуело известен демократски завој во земјата.

Врховниот апарат на Либералната партија е закостенел, средниот апарат, колкуто и да е разнервиран, и неспокоен, гледајќи го пред него сето това што се развива, си остава нерешителен. Во народните слоеви, каде Либералната партија има влијание, все уште нема диференцијација во таков размер што во неговите редови да настапи решителен обрат.

Во другите партии на Центарот стават озбилни ферментации на прв ред во прогресивната партија на Кафандарис. Како резултат на овие ферментации е неговата оставка, заедно со четворица министри од неговата партија како и неговата изјава за неучаствуењето му во изборите такви признаци се јавуат и во другите политички среди околу Центарот, на кои со карактерна нерешителност се запруат пред проблемот за општа сведемократска сопротива против монархофашизмот.

Левите партии, кон се навоѓат надвор од ЕАМ, каква е Софијанопулосовата партија на левите демократи, Зволосовата партија на ЕЛД (Народна демократија Грција) и Хаџибејсовата партија на левите либерали, во последно време поцврсто се ориентират кон целите на ЕАМ, за општодемократски фронт. Ова нешто се гледа од општата изјава што ја направија заедно со партиите на ЕАМ, оти не ќе земат участие во изборите и дека за да земат участие во нив треба да се остварат подолните претпоставки: 1) Непосредното составуење на едно правителство на широко демократско разбирателство со соодветно участие во него на движењето на отпорот. 2) Двумесечно одложуење на изборите. 3) Превземање на непосредни и брзи мерки за прочистувањето на државниот апарат и особено воениот апарат и баталјоните на безбедноста. Најмалку да биде апаратот пречистен од лицата кои беа во служба на фашистичките окупациони баталјони и од соработниците кои открито соработуеле со окупаторот. 4) Општа политичка амнестија, и 5) Уништуење и прочистване на фалшивите бирачки спискови и да се даде извесно продолжуење на рокот за запишуење во нив, така што да имаат возмојжност десетици илјади демократи-бирачи да се запишаат во бирачките спискови.

Исто така карактерна е и изјавата на Захаријадис, кој го бие знакот на тревога. Ви го приложуеме преводот му од целиот чланок. Оваа изјава на Захаријадис заедно со други факти и околности и во предвид на суровата картина на развивајќите се собитија во земјата, основно покажуат: 1) Опасноста од приозведуење на еднострансчиви низ пуч избори. 2) Силата на десницата и на Црниот фронт да ја држи во своите раце еднострансчивата следдекемвријска фашистичка држава, под покровителството на англијските сили и 3) Слабоста на партиите на ЕАМ во својот стремеж да успеат и состават еден борбен блок на демократските сили и сплотеноста со основата на средните народни сасловија, задолжувајќи ги така и средните кадрови на "демократсвуејќите" партии или да соработуат, или да се изолират. Фактот дека Захаријадис го прави ова распределуење на мандатите со 50% ги провалуе сите досегашни претполагања за изборната сила на двете страни, силата на левицата што е во демократскиот блок од една страна, и силата на стародемократскиот центар од друга страна.

Но во таков случај овиј факт означуе две нешта: или, според постоејќето мнение, дека стародемократскиот центар уште има влијание над значителни маси, или пак со овој политички завој Захаријадис цели да го запри стародемократскиот центар, и особено либералната партија, од нејзиниот реакционскн ход и искористуејќи ја нејзината владина особеност, да го успее това неопходно одложуење на изборите за прегрупирање, подготвуење и организирање на демократските сили за сите решителни случаи.

## НОФ И ДЕМОКРАТСКИТЕ СИЛИ ВО ГРЦИЈА

НОФ после долга, жестока и последователна дејност која ја разви во Егејска Македонија, после правилната политичка линија која ја зацрта и после тактиката која ја приложи во сите проблеми на општата борба на нашиот народ против монархофашизмот, сето това пушти длабоки корени во широките македонски маси. И денеска со положителност можиме да кажиме дека НОФ претставуе веќе една политичка сила која игра значителна улога на страната демократските сили во земјата и нарочно во Егејска Македонија. Во сиот свој

процес НОФ имаше да се бори не само против Црниот фронт и грцката реакција, која со својата терористичка дејност се мачаше да го удави во крв демократското движење на нашиот народ, но и во идеологичкиот сектор, и со раководството од горе до долу на демократските сили КПГ и ЕАМ што водеа против НОФ една политика на неуморна полемика и изолација, и една тактика на систематски клеветнички поход оптужувајќи го покретот на НОФ као автономско и бугаро-охранџиско движење. Упркос сето ова НОФ не само не се изолира, но во жестоките борби кои ги водеше рамо до рамо и на чело на народните маси, со небројните жертви што ги даде, се претвори на сознание љубов и раководна сила на широките слоеви на македонскиот народ.

КПГ и ЕАМ не можеа да не ја видат оваа стварност, не можеа да не ја признаат оваа истина, овој плод што го родија дадените историски условија, не можеа да не видат дека цел еден народ кој се бореше и сака да се бори последователно антифашистички, и народно-ослободително. И за прв пат Захаријадис го призна НОФ, како антифашистичка и демократска организација во еден свој говор произнесен на седницата на пленумот на Покраинскиот комитет во Грцка Македонија и Тракија на КПГ свикана през м. јануари 1946 г. Од тогај наваму следуат ред од старанија како и официјално земени ставови што на дело покажуат завојот на КПГ и ЕАМ спрема НОФ.

И поконкретно: Во Костурскиот округ, Џимас претставител на ЦК на КПГ за ЕАМ во Македонија и Тракија, кој пред еден месец даде директиви на кадровите на ЕАМ и КПГ, да се запре полемиката против НОФ и да потпомогнуат да се организираат сите Македонци-Славјани во оваа организација која ја признава као антифашистичка и демократска.

Во Леринскиот округ, пред 15 денови, се свика конференција меѓу секретарот на Окружното поверенство на нашата организација и двајца грцки претставители - едниот од страна на Леринскиот, окружен комитет на КПГ и другиот од страна на Окружниот комитет на Земјоделската партија во истиот округ. Во оваа конференција грцките претставители ја признаа

правилноста на политичката линија на НОФ, ја признаа потребата од организирањето на сите Македонци-Славјани во НОФ и се нагрбија со должноста да ги дадат соодветните директиви на своите организации. Но истовремено посакаа од нашата организација да се согласи НОФ дека Македонците-Славјани по истиот начин треба да се организираат во Земјоделската партија на Грција. Нашите претставители согласно определениот став што го имаа земено, отказаа да го примат нивното предложение, като изјавиле дека ова нешто не ја засилуе, но напротив ја ослабуе борбата на народот ни, го расцепуе единството на неговите сили, и така ја остварва опасноста од двојно раководство, кое уместо да ги активизира масите ќе ги направи неподвижни и пасивни.

Во Воденскиот округ, пред 10 денови се свика една општа конференција од претставители на Окружното поверенство на НОФ и од претставители на Окружниот комитет на КПГ. Во оваа конференција зеде участие и претставителот на Покраинскиот комитет на Грцка Македонија и Тракија на КПГ, другарот Никос. Во неа се разгледаа многу прашања. Во заклучение другарите од КПГ го признаа НОФ како антифашистичка, народноослободителна организација, ја признаа нејзината неопходност и веќе имаат дадено директиви на своите организации Македонците-Славјани да влезат во НОФ. Но што се однесуе за Грците, Власите и др. што живеат во македонски области, настојават они да не се организират во НОФ, а во ЕАМ, КПГ, Зем. Парт. Гр. и во останалите грцки народноослободителни организации докато се изврши соодветна изјаснителна работа, како од страна на ЕАМ исто така и од НОФ и чим овоа нешто биде остварено се согласуат да поможуат штото Грците и Власите и др. да влезат во редовите на НОФ. Останаа согласни дејствијата ни да бидат единствени и координирани, што се однесуе до организирањето на борбени и протестни комитети, до акции, штрајкови, митинзи и пр. се согласија да влезат претставители од НОФ во раководствата на Работничките синдикати, во профсојузите и др. Решенијата ќе се земат след обмислуеље и соработуење на двете организации. Ја примат должноста, со адвокатите од Народната солидарност со кои располага ЕАМ да ги заштитуат во судот членовите на НОФ во случај кога ќе бидат уапсени и

кои се очекуе да ги судат. Се заемат со задолжението, низ весниците и уопште низ пресата на КПГ и ЕАМ да претприемат кампања за признавањето и легализирањето на НОФ. Не се согласи со нашиот став за саботирање мобилизацијата на војската. Но не ни откашуат ако ние продолжуеме да го заштитуеме нашиот став, кои се поставуе од Главното раководство на НОФ.

Во Гуменџе - Еницевардарскиот округ исто така станаа срешти на кадрови од КПГ и наши, во кои се разменија скоро истите мисли и во заклучение другарите од КПГ го примија соработуењето и неопходноста да се организираат Славјано-Македонците во НОФ. Гореизложениот напредок во односите ни со КПГ иде да ни потврди и уште едно собитие. Вчера добивме точни сведенија од Гуменџе - Еницевардарското поверенство, кој ни велат дека преди неколку дена била свикана конференција на Покраинскиот комитет за Грцка Македонија и Тракија на КПГ. Во оваа конференција се зеде став согласно кој, сите Македонци-Славјани кадрови кои се навоѓат и работат во редовите на грцките народноослободителни организации, треба одма да се постават на расположение на НОФ и да заработат во неговиот организации. Спроведуењето на оваа резолуција е веќе отпочнато. Двајца кадрови кои работеа во Гуменџе - Еницевардарскиот окружен комитет на ЕАМ и Зем. Пар. Гр. се претставија на нашата организација и посакаа да се возложи работа од НОФ. Како од погорното се гледа, многу е јасна искреноста и разбирањето од страна на КПГ. Ако и на дело се изрази истото разбирање и искреност, тогај ќе има многу да спечали општата ни борба. Вистина е дека постојат и прашања во кои не сме согласи. Ние цврсто го заштитуеме нашиот став. Во НОФ треба да влезат не само Македонците-Славјани но Грците, Власите и др. кои живеат во Егејска Македонија. НОФ е последователна народноослободителна организација. Во општата борба НОФ ќе направи сето возможно за закалуењето на братството и единството со Грци, Власи и др. што живеат во Егејска Македонија и на братството со сиот грцки народ. Колку што НОФ ќе биде моќна и масовна сила, толку и неговото содејствие во општото демократско движење на Грција ќе биде поголемо.

Напротив КПГ настојува во своето разбирање да не истакнуе во дадениот момент такво прашање. По истиот начин, имавме различен став и во прашањето за владата на Софулис. Ние подржаваме дека неопходно условие за произведуење на слободни и нефалсификувани избори е премахнуењето на владата на Софулис. Ставот на КПГ пред еден месец беше: демократско соработуење и участие на Движењето на отпорот во владата на Софулис. Од последната изјава на Захаријадис се гледа дека тој го потврдуе овој став.

На овија разногласија нема зошто да ни застанат како пречка на пато ни, пошто денешните критични моменти, повеќе од секој друг пат, изискуат обединение на демократските сили и кординирање на нашата дејност. Моето мнение е, дека ние, НОФ за Егејска Македонија, држејќи ја нашата принципиелна на линија како да ги фрлиме сите сили за да ги организираме да ги згастиме и да ги активизираме нашите сили. Истовремено, уште повеќе да се приближиме кон другите демократски сили во Егејска Македонија и во цела Грција за сите случаи: избори, пуч и др., пошто на овој начин ќе успееме да воздејствуваме на нив енергично и позитивно со правилноста на политичката линија.

Со отпочнувањето на предизборната кампања, во Егејска Македонија се засилуе до максимум теророт во сите овие области. Нашиот народ буквално се преврна во прицелна точка на монархофашистичкиот бес. Прогоните, апсењата, убијствата и блокадите во сите уопште села, се на дневен ред и ги надминуат сите досегашни. Не ќе биде хипребола нито надвор од стварноста, ако кажиме дека Црниот фронт открито ја објави веќе војната за уништуењето и департрирањето со сите средства на македонскиот народ од Егејска Македонија. Упркос на сето това нашиот народ не се превива, со трпение кое предизвикуе општа восхита, и со тврдост ги трпи дивите и крвави напади на престапната црнофронтовска и хитовска мафија, и на злочинската држава. Како што подолу ќе ви изложам, имаме случај на геризам кој е редкост во историјата. Сега нека видиме со ред разните окрузи.

ВОДЕНСКИ ОКУРГ

Во гр. Воден, како и во сиот округ, беснее полицејскиот терор. Наородот од овој округ секој час и секоја минута го потврдуе од раководството и џандармеријата до последниот селски участок се расшируе како пајачна мрежа една монархофашистичка САН-овска банда, која буквално беснее против народот, го мачи и ги отепуа граѓаните.

На чело на оваа црна банда е жандармерискиот командант, мајор Бафас, еден езуит, шпиун уште од раѓањето си, соработник на окупаторот, човек без никаква совест и орган на коварната противонародна политика на Англичаните во Егејска Македонија. Како претекст за овој неподнослив терор служи фактот дека овој округ се навоѓа близу до границата. И така овие бессовесни луѓе вршат оргии на ден пладне, непопречени од никого, а се водат од мрачните сили што се во нив.

Друг еден тиранин во истиот округ е капетанот Економопулос, началник на државната сигурност во гр. Воден и фаворит на Англичаните. Тој зборуе открито: "Јас не го признавам пуштот Софулис... Правосудието и законот - това сум јас". Економопулос е таков лукав и станински тип, устројувач на блокади и напади и инквизитор. Тој е организатор и раководител на фашистичката организација во гр. Воден, во веза со соработникот на охраната Перчемли.

Во Енице-Вардар, со капетанот на кожанската полиција Кондакос, се пополнуе и третата нога од перустијата на овоа сатрапничество. Еве една низа од противонародните им оргии. На 6 о.м. органите на државната сигурност го нападнаа работничкиот клуб на гр. Воден и кога го започнали претресот пристига началникот на државната сигурност Економопулос со уште сила, докато хитовци и ЕПЕН-овци замаскирани со маскн и наоружани, кршејќи порти и прозорци, започнали да ги тепат работниците, нарањавајќи по овој начин 30 души, меѓу кои многу тешко: Харил Маџаров, Христо Вакадаров, Петар Васев, Христо Марковски, Коста Ксантопулос, Елли Пападопулу и Георги Самаринов, кои сега се во болница. Истовремено еден талас на масовни апсења залеја целата област. Во с. Теово се уапсаа и се инквизирани 24 души. Во Караџова се изврши

предателство после кое се уапсени 60 организирани членови на НОФ, меѓу кои и четворица легални наши кадрови. Во Островскиот срез се уапсени други 25 Македонци. Двајца наши кадрови попаднаа во заседа и беа уапсени. Едниот е Вера, организаторка на АФЖ за целиот срез, беше тешко ранета и ништо не се знае за нејзиниот живот.

Селото Кронцелово масовно е опљачкано и мнозина се уапсени. Уапсените се одведени во гр. Воден. Маките на кои се подложени таму се неописуеми. През ноќта ги водат надвор и ги терат да си ги копаат сами гробовите, а после ги заплашуат да ќе ги екзекутираат, осим ако си признаат и издадат организацијата НОФ како и движењата на кадровите. Карактерен е одговорот на еден 60 годишен старец, след като го насилија да си го ископа гробот и да влезе во него, им рече смело: "Јас сум Македонец и честен човек на трудот. За мене е чест дека ќе умрам као таков. Вие сте фашисти и народни инквизитори!"

Истовремено Црниот фронт во Караџова ја засили својата дејност и пред очите на полицијата ги наоружи и други продадени монархофашистички банди со цел да го тероризираат повеќе народот. Дејноста на монархофашистичките банди е разуздана. Паљат, уништуат, инквизират, убиват без некои да им пречи. Као последствие на ова положение и на последователните удари нашата организација изживуе кризис. Местните ни организации во многу случаи се попаднати во пасивност од страшниот терор. Од некои реони се откаснавме и ја загубивме везата. Многу од легалните кадрови во гр. Воден не исполнија директивите од малодушие. Упркос на сето това, бргу преминуеме кон преустројство на нашите сили. Како почеток на това, во с. Саракиново, народот на чело со нашата организација, излезе на една масовна и гневна сапротива против еден организиран напад од страна на полицијата и наоружаните монархофашисти. Као резултат на ова столкуење беа уапсени двајца селани, а полицијата го напусна селото.

Во с. Долно Родиво, селаните со масовен јуриш успели да ги ослободат сите уапсени од полицијата селани истиот ден.

НОФ организира во градот и многу села борбени и протестни комитети против теророт и за непосредствените економски прашања на народот. Најсетне по иницијативата на НОФ и со соработуењето на ЕАМ, се зеде решение да се приготви и во текот на неделата да се оствари општ всеокружен митинг во гр. Воден.

Истовремено Воденското окружно поверенство на НОФ ни соопштуе, за да се противпоставаат заедно на исклучително тешкото положение кое се создаде со напрежењето на теророт на монархофашизмот во неговиот округ, решили да организираат вооружени групи, кои ќе имаат за цел да ги екзекутираат јавните издајници и да обезоружават монархофашистичките банди.

## ЛЕРИНСКИ ОКРУГ

Во овој округ напрегнатиот терор продолжи през целата зима и сега продолжуе со посилен темп. Проблемот со кој сега се справуе е за масовните судења. Доста луѓе, за да би ги избегнали тешките пресуди и инквизициите, се принудени да ја преминат границата. Но масата си останує таму, и се бори. Упркос да организацијата ни има извесни успеси во овој сектор, све пак не можа - осим некои прекинуења на судења - да организира една всеопшта срезка сопротива и раздвижуење за осуетуењето на оваа мерка за масовните судења.

Во градот Лерин е и седалиштето на прочуениот Еванс од Интелиженс Сервис, познат со своите противојугословенски макинации и противомакедонска пропаганда што ја има развиено. Тој е сврзан и го организира преминуењето на Балистите и Дражевиците во Грција и обратно. Во овој округ македонскиот јазик е поставен надвор од законот.

## КОСТУРСКИ ОКУРГ

Во Костурскиот округ теророт го надмина секој друг терор. Монархофашистички наоружани банди под покровителство на полицијата, шетат низ целото поле и го тероризират

населението. Месните власти заплашуат да ги запрат за Македонците дажбите на УНРА ако не се стурат кралевисти.

За да ги запишат Македончетата во ученическите мензи им бараt декларации со кои да се порекнат од нивната национална принадлежност. Го забрануат македонскиот јазик, со заплашуење на суд. Оденето од едно село на друго е забрането осем ако имаш разрешение од полицијата. Во низа од села се извршени масовни уапсвања со цел да ја раскријат нашата организација. През ноќите вршат блокади по куќите и пљачкат и изнасилуват жените и девијките. Ова нешто стана особено во селата Д'мбени и Косинец. Минатата седмица 600 осудени и задржани во костурскиот затвор Македонци, през ноќта и тајно ги одвеле во неизвестна посока. Последуат нови уапсања и прогони. Преди неколку денови од слагалиштата на Шатишта натоварија 800 тешки картечници и тајно со камиони пренесле во гр. Костур и Хрупишта.

Но упркос сето ова моралот на нашиот народ е (високо запазен). Нашите организации на секој напад на Ц.Ф. одговоруат со акции и со борбени и протестни комитети. 7% од општините и земјоделските кооперации преминаа во нашите раце. Преку коопераците успеваме да го раздвижиме нашиот народ. Характерно, дека сите Македонци, кои се уапсаа, се инквизираа и се подведоа под суд, смело одговоруеја, дека се Македонци, и макар властите да имаа побеснато, сакајќи да чујат поне еден да се одрече од својата национална принадлежност. Во с. Тихолишта, полицијата отепа двојца Македонци, со оправдањето, дека божем се опитале да побегнат, а вистината е, дека не беа согласни да си одрекат својата национална принадлежност.

Паскал

АМ, Збиска: "Егејска Македонија во НОБ 1945-1949", АЕ: 223
Текстот е на македонски јазик, пишуван на машина. Објавен е во истата едиција: док. 97, стр. 225-232.

## 2.13 - Извештај од Главното раководство на НОФ (Паскал Митревски) од мај 1946 година, за политичката и воената ситуација во егејскиот дел на Македонија и односите на НОФ со КПГ

ИЗЛОЖЕНИЕ

Согласно најновите вести, за први пат нашите организации се исправуваат така озбилно пред систематското и со сите средства на уништуењето им од страна на црниот фронт. Реакцијата има мобилизирано сиот нејзин апарат за да го задуши во крв и оган народниот отпор секаде каде тој се изразуе. Се ова што долу става е нечувано. Пред овој терор на реакцијата бледнејат гестаповцките методи, провокации, и, крвавиот терор на хитлеро-германската ѕверштивна.

Еве што пиши другарот Оце, секретар на Воденскиот округ: Катаден се уапсуат Савјани Македонци, ѕверски ги тепат и нечовешки ги мачат во участокот. Нашите организации потполно се поставени ван законите, а преследуењето како на организациите ни, така и на нашите кадрови е нечувано. Во гр. Воден е запрен секаков организационен живот. Но везата успеваме да ја имаме. Напрегнато се бориме за да ги концентрираме снагите ни и да ги наоружаме, како и да предјавиме отпор. Но прашањето е озбилно, пошто многу од нашите кадрови ги обзе стравот. Многу наши легални активисти, особено во фабриките, ги уапсаа. Секој израз на нашиот народ во политичкото поле со борбени протесни комисии и со други акции, се построшнуе од властите со оружје и се одавува во крв. Овоа нешто предизвика свивање на неговиот дух. Он бара нови решенија за отпор. Народот ни вика: “Спасете ни! Не отпуват, дајте ни пушки!”. Во селата се држиме подобро. На 10-12. IV. 1946 год. црниот фронт, жандармеријата, нациостража и наоружени шпиуни претприели општа расчистителна акција, за да ги уапсат кадројте и за да ја удрат нашата организација. Но овоа нешто не успе и како одмазда ги пљачкосаа селските куќи и извршија масовни уапсенија во кои последуа ѕверски маченија.

Истото нешто ни го пиши и секретарот на Костурското окружно поверенство; теророт катаден става се поужасен. Масовно се уапсуат, мажи, жени и деца, кои се тепат и се мачат со нечувани инквизициони методи. Во едно село, во село Чука, ги уапсаа скоро сите жени, пошто за време на изборите предјавија масовен отпор против насилјето на нејните мажови од страна на џандарите кои ги терале да гласат за црниот фронт. Сега овие жени се наоѓат уапсени во костурскиот затвор. Еден значителен дел од нашиот народ е прибигнал по планините за да се спаси. Бесните потери за преследуење, деноноќно го тероризират полето, ги блокират селата и стрелаат против незаштитеното население, така како Германците Италијанците по време на окупацијата, дури и нешто повеќе.

Воопште положението во нашите окрузи е особено критично. Црниот фронт веќе открито го објави еднострaнчивиот бој против нашиот народ. Главната му цел е да ги обезглави нашите организации, да го неутрализира борбениот дел на нашиот народ и да го успее свецелото му потчинување во режимот на нечовешкото насилуење што го спроведуе. И на овој преступен стремеж не се колебаје да ги употреби нај-утиштожителните мерки, такви, какви нити окупаторот не употреби. Борбата на нашиот народ и во најлегалниот и констационен израз е објавена ван од законите. Делението на продуктите од УНРА се прекрати, продуктите се раздават само на фашистите. Една тројка, една петорка или една десеторка од луѓе, кои одат да протестират или да ги претендират правдините народни сакања, најмалку, биват уапсени. Поозбилните акции кои носат помасовен карактер ги удруват со оружје и без никакво обсуждане. След последното фашиско засилуење, верата на нашиот народ во политичките форми на борбата, се има доста распуштено. Во овој сектор сериозно се исправуваме пред неговото недоверие и пред неговата умора. Тоа што започна да господствува во него е наоружениот излас. “Да ги изиграме сите наши сили, смрт или слобода!” Овој дух се изразуе во широките маси. Како основна задача се поставуе да се избегне ова опасност. Да ги задржиме масите во нивните им бази. Да ја покажиме потребата на масовната, но во поборбена степен на дејствие. Да покажиме дека не се исцрпија сите возможности во оваа база. Истовремено енергично и

непосредно да раздвижиме кон прегрупирањето на нашите сили и организирањето навреме на ова дејствие, а на повеќе, да ја задржиме везата на масите. Окружните ни раководства, кои се најдоа изненадени од собитијата, примија категорични и брзи директиви, кон овој правец, со сериозно предупредуење да не се привлекуат од спонтаноста на масите, но да ги раководат масите правилно и цврсто. Истовремено ставот што ни се даде преди неколку денови од другарот секретар, се спроведе со точност и со крајна конспиративност во теренот. За таа цел, одговорно се испратија другари од организационото ни раководство.

Што се однесуе за постапките и ставот на КПГ, последните дани, кои ги имаме се, дека Капетан - Статис, стар капетан на ЕЛАС, ги состави првите групи во Пајак-планина, која е горе од Енице-Вардар и во планината Вермион, која е горе од гр. Негуш. Истовремено, он ги извести нашите, дека ќе испрати една група во Кајмакчалан. Исто така, во планината Кајмакчалан, нашите имаат составено еден баталјон, кој го именуеја, како што ни соопштија, "III-ти македонскн баталјон" со три чети. Имаат оружје само за еден звод и то, со недостаточно муниција. Согласно ставот што го примивме, за заеднички одреди треба нашиот баталјон да се слее со одредите на ЕЛАС, кој би ги испратил во овој округ.

Исто така во Костурскиот округ се свика состанок меѓу нашето Окружно поверенство и Окружниот комитет на КПГ на Костур. Се получи согласие во мненијата и споразумение во сите точка, во целите и во политичката линија на НОФ, за разрешуењето на овоа положение за завземањето на мерки против откритиот напад на Црниот фронт, за организирањето на наоружени групи итн. Мачнотии се срештнаа само во прашањето, дали ќе треба да влезаат членовите на НОФ во ГЗП (Грчка земјоделска партија), нешто што го сакаат другарите од КПГ. Ставот кој се зеде на оваа точка, го имаме испратено за да се организираат членовите на НОФ и во ГЗП. Што се однесуе до прашањето за групите, Костурското окружно поверенство го спроведуа, така што во секој срез да се состави по една група.

Едно друго озбилно прашање е и подолното. Ни се соопшти од Леринското окружно поверенство, дека надвор од с. Баница и близо до Пиперка-планина се навоѓа еден склад со оружје, скоро 2.000 пушки, од оние што ги имаше скриено ЕЛАС, след споразумот на Варкиза. Но тие што го знаат складот, и на кои им беше возложено од ЕЛАС да го скријат овоа оружје, се бивши ЕЛАС-овци, а сега бежанци. Никој друг не го знае овој склад, ниту Леринскиот окружен комитет на КПГ.

Ви го соопштуеме овој факт и чекаме вашето нареѓење, дали ќе треба да го откриеме и да го употребиме овој склад, за да ги задоволиме непосредните потреби од оружје за првите ни групи. И во таков случај, организираме посигурен начин за земването на оружјето што е во овој склад, како и начинот на неговото распределение.

За организационото раководство
Паскал, с.р.

АМ, Збирка: "Егејска Македонија во НОБ 1945-1949", АЕ: 332
Текстот е на македонски јазик, пишуван на машина. Објавен е во истата едиција: док. 135, стр. 301-302.

## 2.14 - Извештај од Паскал Митревски, секретар на Главното раководство на НОФ од 13 септември 1946 година, за преговорите водени меѓу НОФ и КПГ за обединувањето на македонските и грчките партизани, за неспроведувањето на некои партиски решенија, како и за општата политичка ситуација во Грција по референдумот

Четворица другари од Главното раководство се навоѓат во четири разни пунктови. Другарот Џоџо се навоѓа во Кајмакчалан, др. Павле Раковски во Пајак, др. Керамитчиев во Вич и др. Мина во Грамос кон Епир. Зедов извештаи од четворицата кои характерно се сложуваат во долните основни точки со исклучение второстепените локални особености, кои што важат за секоја една област оделно.

1) Засилениот уништителен терор во последно време од страна на монархофашистите против македонското население не ги даде многучеканите резултати од реакцијата. Нашиот народ буквално се уништуе, но неговиот дух си остануе непокатнат, а пак омразата му против монархофашизмот стануе све и подива. Неговата вера во НОФ зеде огромен размер. Нашиот народ под знамето на НОФ се боре и е готов за секакво испитание. Това е неоклона вистина. Скршуењето на НОФ-ската сплотеност ќе означуеше скршуење и на неговата борба.

2) Масовните ни политички организации НОФ, НОМС, АФЖ упркос големите удари насекаде се преформирани и активизирани. Само тамо каде што масовниот терор на уните го има надминато варваризмот и каде што реакционите воени сили се стални, многу е трудно да се сврзиме. Поради оваа причина и поради липса на бдителност, имаме основни села кои што се тешко удрени. Но општо земено нашите организации станаа сила, главната сила на згрупирањето и организирањето на борбата на нашиот народ. Во општата работа, главното оружје што ни фали речиси секаде, това е липсата на организирана агитација. Персонал имаме, но немаме технички средства. Сите окружни поверенства праќат апел и многу пати до сега се обратија кон нас, за да им помогниме во овој сектор. Организационото раководство одамна ви испрати список за потребните технички средства што требат за секое едно

окружно повернство и за установуењето во терен на централниот нелегален апарат за македонски јазик - грчките букви можиме да ги земиме од долу - за да може на овој начин да започне издавањето на централниот ни весник, орган на НОФ за Егејска Македонија, нешто што ќе има грамадно значение. Ова прашање треба да се земе пред вид многу сериозно и да се во кусо време реши. Ако од овде не ни се помогне, ќе биде невозможно да функционира нашиот нелегален технички апарат. Ќе се ограничиме инако само со прости позиви на грчки јазик.

3) Во последно време ги засиливме нашите сили во воениот сектор. Во сите планини на централна и западна Егејска Македонија нашите партизани се околу 500. Истите се распределуат како што следуе: во Кајмакчалан 200, во Вич 130, во Пајак 80, во Негушка Планина 20 и во Грамос 80. Внатрешното устројство на нашите силие: групите имаат по 10-15 души, а пак одредите 40-50. Повиши воени формации (чети, бригади итн.) уште не составивме. Осем воената функција на групите, внатрешната, политичката и партијската функција се затрудњава уште, поради ненормалното положение што искочуе со асимилаторската тактика и со став на окружните комитети на КПГ што ние ги одбиваме. Дадовме нареѓење да функционират наши партиски бази до дефинитивното разрешуење на прашањето. Порано воените акции на нашите групи беа ограничени но сега започна позасилена акцијата ни (дејноста) во овој сектор со успешни резултати.

Но това што е вистински проблем, това е оружјето. Липсата на оружје е грамадна и очигледна. Поради това се навоѓаме на подолно ниво од ЕЛАС-овските групи; луѓето од КПГ и ова нешто го употребуваат во асимилаторските им стремежи. Многу од пушките што имаат нашите групи се расипани, а пак другите немаат никако фишеци. Саможертвата на нашите партизани да одат во борба со пет фишеци за многу кусо време ќе се судри со потполната липса на фишеци. Полицејските участоци што ги удривме не снабдија со мало муниција, помало и од таа што потрошивме во борбите затоа што грчката реакција избегнуе да ги снабдуе ловните дружини и полицејските участоци со оружје повеќе од това што е потребно

за една борба. Разбира се, дека овде не зборувам за организираните акции за прочистваіње каде што војската и полицијата се добро наоружани. Проблемот за оружјето е сериозен. Пред нас е зимата. Како основна задача ни се поставуе да создадеме слободни огништа во нашите области за да презимуваме; во противен случај ќе биде многу мачно да се задржат нашите сили во терен. Оружјето што е непосредно потребно това се: англиски и германски шмајзери, пушкомитралези, митралези, базуки, а исто така фишеци за германски и англиски шмајзери и фишецн за италијански и чехословачки берети. Исто така озбилно прашање е прашањето на алиштата и особено на чевлите. Во сите извештаи што ни праќат другарите од Главното организационо раководство кои се навоѓат долу се подвлечуе особено ова прашање со наступвањето на зимата Повеќето партизани се речиси голи и боси. Досега имаме многу случки од настинки и од други разни болести.

Исто така барат медикаменти пошто немат ништо, а пак ни се многу неопходни. Во многу борби имавме ранети другари кои што немавме преврски за да ги преврзиме.

Со последните удари што дадоа нашите сили се растревожија воените фашиски власти и во последно време беа засилени со нови сили. Уништителните акции за прочистваіње што ги вршат реакционските единици нанесуат катастрофа на мирното ни население. А пак против нашите наоружани сили има мало успеси. Характерно е дека местните наоружени банди на реакцијата при све што со интервенцијата на државните власти беа 750 наоружени - разбира се дека сите речиси се Грци и бежанци од Мала Азија – во Леринско и Костурско, во последно време се фатени од паника и бездејност. Тие порано беа кошмарот за нашите села.

4) После последните преговори и соработуење што имав со др. Захаријадис и со други одговорни другари на КПГ беа определени заедничките ставови врз кон ќе се постројваше соработуењето и спојвањето ни со КПГ. Не оставивме нити една точка темна или колеблива. Ако овие ставови беа реализирани, проблемот досега веќе ќе беше разрешен со

решително повишение на работата ни и на движењето во нашите области. Но за жалост на дело се изразуе стремежот на другарите од КПГ кои беа натоварени да ја спроведат во базата линијата што заеднички беше нацртана да ги искриват работите. На овој начин се кочи на сета работа. Точките на кои основно се судруе работата това се: а) Военото прашање: Нема сумња, дека др. Захаријадис наполно се согласи да се запазат македонските групи и одреди сосем оделно без нити мисла да помине за спојвањето им со грчките. Ке се составуеше само штаб заеднички во секоја област. Овде јасно ми каза, дека постоењето на одделни македонски групи ќе беше првата етапа за да можиме после да создадеме македонска војска со свој штаб. Сега другарите од КПГ, кои што ја преставуваат партијата во разни области настојават за да ги растурат македонските групи, а пак Македонците партизани да влезат во грчките. Со други зборои да нема македонски групи. Тврдат дека имат земено таков став од раководството им. Нашите ги одбиваат овие асимилаторски стремежи, пошто ставот има влезено јасно од овде и пошто двегодишната борба на нашиот народ после ослободувањето на земјата и после спогодбата на Варкиза, а пак и создаденото положение со длабокото вкоренуење на НОФ во савеста на широките македонски маси не се во склад со една таква основна промена. Не сакам да го подвлечам и сеќавањето на господството што имат горните другари од КПГ и исклучителната иницијатива што сакат да имат по сите прашања што се однесуат за распределуењето на лицата, за создавањето и формирањето на штабовите итн. пошто мислам дека ова нешто ќе може да се прескоче ако се култивизира поголемо разбирателство. Ќе сакав овде да забележам, дека за све што погоре изложив одговорноста не носат само горните по разни места другари преставители на КПГ. Причината е од погоре. Работите покажуваат дека Бирото на Покрајнскиот комитет на КПГ за Егејска Македонија и Тракија не е дало единствена линија на своите партиски органи во врска со прашањето за војската, но е оставило отворени гишиња за да дефинитивно се откаче ос македонските групи што божем дразнат и што ќе станат пародија за перспективата за создавањето на Единствена национална грчка војска во планините и пошто реакцијата не ќе навоѓала божем почва за да го клеветела грчкиот национален отпор на планините. Това е

резумето на работата, пошто инако ќе можеа многу лесно да се остварат решенијата што ги зедовме заедно со др. Захаријадис.

5) Друго прашање што не се сложија нашите, това е начинот на партиското поставуење на партијците кадрови на НОФ во заедничките окружни партиски раководства, на КПГ и во останалите политички организации. Тие го сметат НОФ како стариот СНОФ без никаков престиж и битие. Истите изразуваат стремежи за сменуење на партискиот и воопшто на раководниот апарат на НОФ со лица што тие сакат, без да го зачитат рамноправното мнение на НОФ. Се израуваат стремежи не за засилуење на НОФ, но за негово ослабуење, и за утрешното му можеби де факто растурање како што стана и со стариот СНОФ. Заборавуат дека НОФ во двегодишното му постоење и со неговата борба создаде цврст партиски апарат, воспитан во духот на Југословенската партија. Заборавуат дека со двегодишниот отпор на НОФ, создадовме герои борци, кои што во некои случаи го привлекоа свесветското воспитуење (примерот со Мирка Гинова и 7 убити во Еницe Вардар итн.). Никој од кадровите на НОФ пред четата што ќе ги стрелаше не стана пишман и не се откажа од смрта како што се случи во други случки. Ги заборавуат безбројните жертви, геројските подвизи на припадниците на НОФ. Сите тие беа комунисти, партијци вдахновени од КПЈ.

Спогодбата ни со др. Захаријадис беше да составиме еден список од партиските ни кадровн со соодветните предложенија за секој еден. Нашето предложуење ќе имаше иста рамнотежа. Све ќе се свршуеше со коптација. На истиот начин останавме согласни во трите окружни комитети за Костур, Лерин и Воден каде што ќе влегуеја повеќе наши Македонци од НОФ. Сега ни предложуваат други предлози. Што се однесуе за првата случка осем мене како што ми каза др. Иоанидис од Политбирото на КПГ што ќе можам да бидам поставен со коптација и за кое нешто одговорноста ќе ја има Политбирото, за сите други истиот др. Иоанидис настојува да бидат избрани од партијски собранија по демократски начин. Истовремено местните преставители на КПГ велат дека кои и колку сакале тие ќе ги постават во окр. комитети на КПГ без да ги земат предвид нашите предложенија. Това значи дека може да не постават

нити еден од другарите од нашите партијскн линии, но само од малобројните Македонци што тамо беа останати во линиите на КПГ. Верно е дека треба да биде будна партијата, но овде не се однесуе за будност, но за стремеж да го отстране пополно нашиот партијски и НОФ-ски апарат. А пак сосем друг беше духот на др. Захаријадис, кој што НОФ го смета како движење создадено со двегодишно му постоење и раководење и следователно во обзир на това ќе станваше и партиското спојавање.

Но при све това нашиот откровен стремеж за разбирателство (споразум) успе да не пречe на соработуењето и на координирањето на дејноста со воените и политичките организации на КПГ и ЕАМ.

А пак во некои области (Кајмакчалан-Пајак) беа составени и општи штабови во воениот сектор.

Но е характерно дека ако и да постојат асимилаторски случки и стремежи за да се растуре единството на НОФ од местните преставители на КПГ, кои што дејствуват со јасно настроение, единството на НОФ е непокатнато дури и засилено до голем размер. Не се забелеза никакво отпаѓање меѓу нашите линии. Нити еден партизанин не го искажал неговото желание макар и поединечно да влезе во грчките групи. Напротив многу Грци партизани посакаа да влезат во нашите групи противно на вољата на нивните водачи. Това се случуе, пошто НОФ има влијание и над грчките слоеви и дури во некои маџирски села постојат и организации на НОФ. Нашето мнение е дека работите ќе треба да се решат дефинитивно и конкретно, а пак после това да последва откровеното и со добра вера локалното приложуење на земените решенија. Почетокот веќе стана. Остануе да се остранат сега и останатите пречки. Пошто др. Иоанидис се навоѓа овде, прашањето може да се сврши.

Последни политички собитија во Грција:

После произведениот референдум во Грција, политичката криза не е прекината пошто водачите на разните партии после изразеното од нив мнение создадоа една побркана

илектризирана атмосфера. Само некои незначителни и малобројни партии го признаа референдумот. А тие се: Демократската соц. партија на Папандреу, Соединителната партија на Канелопулос и Националната партија на Зервас. Сите овија партии се внатрешно-парламентарни, но не участвуват во владата. Јавуејќи дека го признават референдумот јасно покажуат со нивниот став дека се готови да се стават во услуга и да соработуат со Цалдарисовата влада.

Водачот на либералната партија на Центарот Софулис, како и водачот на националната организација на демократските офицери, а заедно со нив и Милонас на Демократската земјоделска партија, јавија дека не го признаваат референдумот и оти останue нерешено режимското прашање на Грција.

Водачот на Либералната партија Софоклис Венезелос не е зел никаков став уште спрема референдумот.

Партиите на ЕАМ, левите либерали и водачот на Сојузот на Народната Република А. Зволос се објавија против произведениот референдум.

После одржаниот говор на Моше Пијаде во мирната конференција каде што го засега прашањето за Егејска Македонија, генералниот секретар на ЕАМ Парцалидис на поставеното му прашање од страна на новинарите каков ќе биде ставот на ЕАМ ако Грција ќе биде нападната, казал дека ЕАМ не ќе се бори за укупноста на Грција, но само за урнуењето на монархофашистичката влада.

Од друга пак страна акциите на грчките партизани секојдневно се засилуат паралелно со смелите акции на партизаните на НОФ. Во врска со тоа потпретседателот на владата Гонатас, казал дека после враќањето на Цалдарис во Грција ќе се земат сериозни мерки и против водачите на левите партии кои што се вдахновителите и потстрекачи на партизаните.

13.IX.1946 год.
За Организационото раководство
Секретар:

Паскал, с.р.

Приложено ви праќам една изјава на ЕАМ и еден извештај од др. Мих. Керамичиев, пратен до Мак. биро на КПГ.
Паскал, с.р.

АМ, Збирка: “Егејска Македонија во НОБ 1945-1949”, АЕ: 420.

Документот е на македонски јазик пишуван на машина. Објавен е во истата едиција: док. 171, стр. 378-383.

### 2.15 - Извештај од Паскал Митревски од 19 април 1947 година, за односите меѓу НОФ и КПГ и за начинот на спроведување на спогодбата за обединување

Во ова писмо две работи главно сакам да ви изложам: прво прашањето на моето идвање овде и второ прашањето за тешкотиите коиto потсрешта борбата на македонскиот народ во Егејска Македонија како борбен неоделивен дел од општонародниот демократски отпор на грчкиот народ, што поради шовинистичките тенденции и тактиката на изолирање што ја провеждат низа кадри од окружни и од други повисоки форуми на КПГ према организациите на НОФ и на истакнатите борци и раководители на македонскиот народ.

Както е познато јас преминав на 2 февруари 1947 година. Моето идвање овде намерно се изопачи од претставителот на ГКП др. Илија, со цел да така со клевети ме изложи. На овој другар му беја јасни причините за моето идвање овде нешто коиto го потврдуваат и документите коиto му ги предадов. Али сепак ова истина дијаметрално ја измена, и ваква се потруди да ја преноси и на овдешните одговорни другари со коиto држи веза дека божем немав партиска веза за да преминам, нити конкретна директива за ова нешто, пак нити и озбилен разлог имаше за да јас преминам овде.

Што намераваше со ова самото е разумливо, да постави во сомнение революционерното ми последствие, да прекстави распашено осеќањето на партиината ми одговорност и така по овој начин ме компромитира пред нашите одговорни другари овде.

Тука не се касае за тој истиот, околност кои од само себе си не ќе имаше и големо значение, или се касае за една тактика, за еден цел систем на мислење и дејствија што владее во многу др. на ГКП коиto за жалост се ополномоштени да раководат партиини работи во македонски периферии.

За овој разлог сум обавезен и имам дужност колку лично како революционер да ја заштитам революционерната ми чест и достоинството ми против една неистина коиto омислено се

обработи и се преноси од др. Илија. Толку и од моито својство, како раководиоц и обавезата што ја имам према доверјето што ми е дадено, од една страна да ја одбијам ова поступка на гореспоменатиот друг. како измислена компромитација и од друга страна да ви ја изјаснам истината на работите точно како станаа.

Както ви е познато во месец октомври 1946 г. по директива што имав од Вас заминав и ојдов да се стрешнам со др. Марко варховен командант на грчката демократска Армија, со които и се стрешнав во планината Хашија меѓу Тесалија и Егејска Македонија. На овој состанок разговаравме за прашањето на новата линија и задачите што влеваа по одношение на НОФ - ГКП, ЕАМ итн. и дојдовме до заклучение на определени практични решенија.

После това др. Марко ми предаде окончителна директива на др. Јанидис член на секр. на пол. Биро на ЦК на ГКП - истиот др. Марко ми даде да прочитам и оригинално писмо които го праќаше др. Јанидис на др. Марко - согласно со кои ме натовараа со задачата да заминам по сите македонски периферии на Егејска Македонија за да ја спроведам на лице место новата линија и штом ќе завршам и со последната по ред периферија (Еницe Вардар, Гуменџа) одма и без никакво закаснение да заминам за град Солун, да направам извештај - на тесното Биро на Покраинскиот Комитет на коишто и сум член - општо за работата ми и положението на понатамошната работа.

Директивата што ми е дадоа гласеше да што поскоро стигнам до Бирото. Патот којштo требаше да го следвам и везата ми со Бирото ќе ја уредеше др. Марко. Др. Марко точно така ми го определи патот. Штом ќе стигниш во гр. Воден и ако Воденски окружни комитет има сигурен пат да го претпочитам, ако нема пак, тогај штом ќе завршиш и со последната периферија Еницe Вардар, Гуменџа, директивата беше..... Продолжувајќи др. Марко дословно ми подцрти ово: Од Дојран знаиш ти ќе го следваш познатиот и стар канал од каде миналото лето имав заминато три пати, т.е. Дојран - Кукуш - Солун. За ова цел ќе ми помогнеше др. Пано, претставител на Врховниот штаб во штабот на Централна Егејска Македонија и др. Стати

командант на штабот во Пајак Планина и които непремено ќе ми дадоа и нужната веза. Ако пак и од таму е невозможно да заминеш, продолжи др. Марко, т.е. ако е провален каналот....., тогај ќе се вратиш назад тука при мене за да те пратам преку море со лотка од Пиерија Планина (Катерини), но главно каналот които ќе побараш за своито пристигнуење во определеното ти место..... и е најсигурен и кус пат за својата работа.

Точно ова беше линијата които ми ја даде др. Марко по одношење на моито патување.

Воденски окружни комитет категорично ми исклучи да замина преко Воден за Солун, пошто не само што немаше осигурен пат, туку општо немаше никаков канал които можев да го употребам. Следователно мораше да заминам преку другиот канал.

Др. Пано които го најдов во Негушката Планина и които знаеше за мојата мисија ми даде се што ми беше нужно за моито сврзуење и преминуење преку и понатаму, както и за сврзуењето ми со Солун преко Штабот на Круша (Кукушко). Горните документи му и имам дадено и др. Илија.

Меѓутоа јас тргнав за Кајмакчалан Планина и Караџовската околија по работата ми. После неколку дена кога стигнав во Пајак Планина на ново се срешнав со др. Пано, които през ова време имаше ојдено по работа тамо. Тогај ме известн дека нашите јафки (на ГКП) не функционираат и се имаат оттеглено. Во овој случај јас му реков дека сум принуден да се вратам назад при др. Марко както точно ми имаше определено да патувам преку морето. Но ово ми го исклучи др. Пано пошто както самиот ми потцрта ќе има за последствие големо закаснение и придолжавајќи ми каже дека ќе влезиш внатре по друг начин којшто он ќе ми то показаше. Ќе ти дадам два курири, ми рече, които ќе те однесат.....

Во врска со овој процес имам документи които и имам предадено на др. Илија. Причините за които др. Пано не ми кажа дека не треба и не можам да заминам, както и причината

за која ми показа и уреди по овој начин да заминам не ја знам. Но верувам дека и др. Пано, не е неучесник на целата ова измислена работа. Но моето доваѓање тука исклучително така беше. Окончателна и категорична ми беше дадена директивата да што поскоро пристигнам на определеното ми место (Солун) и со главно определен пат, оној и коитo го употребив.

Кога се стрешнав со др. Илија после моето преминување, му кажав која е мојата мисија и задатокот коитo ми е даден, да што поскоро пристигнам во Солун, и дека треба да уреди директно моито заминување и сврзуење со Кукуш. Меѓутоа му ги дадов и документите коитo ги имав. Тогај др. Илија ми рече да бидам готов пошто за два дена ќе заминам. Но както се вижда през овоа време друг. Илија се стрешна со друг. Пано и работата се избрка. Точно во денот што ми определи за да заминам, дојде и ми јави дека е нужно да почекам малко, пошто каналот Кукуш-Солун е развален. Попосле кога одново се стрешнавме ми јави дека се воделе акции на Круша (Кукуш) итн.

Јасно е дека ова положба, начинот со коитo ми говореше и многото противоречии на коитo паѓаше, ме вознемируеја и му побарав да ми даде појасни објасненија. Истовремено го замолив да и запознае со сите овија работи и овдешните одговорни другари со коитo држе веза и да се изјасни точно как стое прашањето на моето доваѓање тука, за да не се оформи некое мнение коитo не ќе е во склад со истината и којато ќе биде многу тешка за мене. На ово др. Илија ми кажа дека не е потребно никакво разјаснение и дека овдешните др. немаат никаква врска со нашите прашања и оти нити проникнуе такво прашање, а нити пак јас ќе е потребно да покренам вакво питање ако случајно се стрешнам со некои од овдешните другари. Но все пак др. Илија не даде точен извештај на работите како тија станаа и смислено остави да се разбере дека божем јас го следував овој пат и преминав независно од секаква директива и нередовно. Независно дека од морална гледна точка ово прашање ќе го поставам на Бирото на Покраинскиот комитет на коитo и сум член, но истовремено осеќам дека ми е долг да се обранам и кам Вас и да ја дадам објективно истината на оваа работа. Колку од обврска према мојата революционерна чест, толку-и по главното- пошто јас со послествие ќе останам

до крај борец за Македонија, борец за линијата што ја добив, да се борам со послествие во составот на ГКП, за победата на народната република во Грција.

Од Вас бев натоварен со тешки задачи и ме познаете дали можам и знам да умрам когато нареченото партијата го захтева. Да бидите сигурни што и сега и до крај овој принцип ќе владее во мене.

Завршувајќи ово прашање со искреност изразувам својата жалост за ова закаснение, пошто разбирам колку нужно беше както и подоле ќе видите, да се наоѓам долу и да можев да имам пристигнато поскоро во своето место во Бирото на Покр. комитет.

И сега ќе влезам во второто прашање които главно интересуе и е сврзано со проблемот на партииното раководство и развивањето на движењето на отпорот на нашиот народ во македонските територии. За спроведувањето на новата линија за спојување, организационо и полотичко на народнодемократскиот покрет на Македонците со целиот демократски покрет на земјата, беше мобилизиран целиот апарат на организациите НОФ и на сите Македонци кадри и активисти. Новата линија намери тотално разбирање и длабок одјек во Македонците борци, пошто беше практичниот и целостен израз на желението на братството и единството, които од време беше зрело и имаше станато свест на нашиот народ како резултат на напорната работа на НОФ во овој правец. Ово послествие на нашиот народ, раководен на лице место од организациите на НОФ, толку на науружениот облик на својата борба колкуто и на масовниот му политички отпор, му даваше решително подходјашто место во општиот борбен фронт, против монархофашизмот и втората окупација, ствар којато благопријатно и положително повлија во врховите на ГКП. За да стане промената коите стана во односите на НОФ-ГКП-ЕАМ и плус това повлија и на други поопшти проблеми на општата борба и во процесот на ова борба за Народна Република. Али то се односи на истата политичка линија, по само себе си се касае за теренот на од горе политичкото поставање на работите Али кога ќе дојдиме во праксата, во животот на практичното

спроведување на ова линија тешкотиите стават јасни, вапреки две причини:

1) од политичкото и идеологичкото неприготвување на голем дел на грчките маси да го заљубат и разбират самото постојање на македонскиот народ, нејзината искрена борба и нуждата за борбениот сојуз со него. Јасно е дека жестокоста на борбата и материјалните друштвеноекономски условија ќе донесат нужните промени и душевните саображенија, ако и колку ќе помогни субјективниот фактор.

2) Шовинизмот които артириосклирично е наслан во главите на неколку наши Грци другари които се натоварени од партијата да раководат македонските периферии. И покрај ова развието на покретот на македонскиот народ, страдае и од “хроничното” недоверие които имат неколку поодговорни друг. од ГКП према кадровите и Македонци раководиоци.

Ќе почнеме од војската. Духот които владее во раководителите на војската е, потценјавањето истравот према македонските кадри. Ова мисла си го намира својот израз во систематското исклучуење на Македонците од одговорни и иницијативни функции. Нејната напора независно од објективни критерии, нуждите на борбата и самиот интерес на партијата, има тенденција да со разлижни комбинации, гледишта и главно за разлози на партиина “обудност” во раководството на периферските штабови треба да бидат Грци друг. (ари). На пример на еден ред штабови, и периферии со македонско население во Штабот на Грамос, Вермион, Кајмакчалан, Пајак Планина ни еден Македонец не е член во штабот. Само во штабот на Вичо Планина каде од самиот состав на местото и пошто скоро сите партизани се Македонци стана ово исклучение и тоа типично.

Без да се сматра недостаток на почит и оценијавање кам лицето на др. Марко, али е карактеристично гледиштето които ми го изрази кога се состанавме: “Треба да се истакнизираат и испитат македонските кадри и после ќе ги издигнеме”. Јас му реков дека ово е точно, али истакнизираните и испитаните македонски кадри? Др. Марко не ми одговори. Исто така др.

Марко и по одношение на формирањето на Централно раководство на НОФ настојаваше на гледиштето да не се состави ваков централен орган, али да постојат само околиски раководства на НОФ. На моето настојавање дека не можам да примам за да се измени еден став што ми се даде озгоре и на фактот дека принципиелни организациони начела захтеват да постој еден ваков орган, др. Марко поступи и прими да биде формирано Централно раководство.

Што се тиче за другите работи во другарот Марко намерив разбирање и другарски односи.

Во Централна Македонија претставител на Главниот штаб на Демократската армија е друарот Пано. Овој другар е главно одговорен за фактот дека до јануари 1947 година единиците кои беа составени од Македонци партизани во Кајмакчалан Планина останаа без оружје. Е тој истиот които минираше стално спојавањето и единството и кои што на крајот безоружи со динамична енергија групи од Македонци партизани во Пајак и со таа енергија донесе зркање и разочарајње на нашите борци. Е другар со голем шовинизам во себе си. Овој другар го написа познатиот позив, многу месеци после признавањето на НОФ од др. Захаријадис, со кој позив го напаѓаше НОФ како организација која е составена од охранити и автономисти. През тоа време тој беше секретар на Берскиот округ. ком. на партијата. Македонците партизани не го милват просто за што он не ги сака, зашто нема никаква душевна вез со нив. Имав соработка со него кога заминав по овие околии за спроведувањето на новата линија во војничкиот сектор. На прво место не ми се односи добро нито како на друг.(ар), нити пак како на раководиоц. Ме сматраше како да сам нешта чуждо, а тој е бил голем.

Дискутиравме со него долго време за да го убедам дека е нужда за единството и развитието на партизанскиот покрет во овие периферии, да влезат во раководствата на штабовите на Пајак, Кајмакчалан, Вермио како членови и неколку испитани и истакнати Македонци. Ми одговори со груб тон дека не може да стане тоа, пошто нема такви, од Македонците. Единиците во Кајмакчалан се составени во 5/6 од Македонци.

За тамо настојував еден од двете главни лица или партијниот одговорен, или пак командантот на единиците да биде Македонец. Вакви способни Македонци друг. имаше. Ми противпостави партиината “будност” и “ветото” што го има на нивниот одговорен сектор и тури точка на ово прашање.

Во тој сектор је и др. Стати командант во Штабот на Пајак. Овој др. следва тактика на уништување и изолирање на македонските кадри. Низа од Македонци кадри и отфрли или пак со разни начини и отстрани од војската. Против кадрото Иван Ковачев со забележително борбено дејствие го машинизира обвинението дека божем избега од борбата неоправдано, со цел да го наклевети и го отстрани од војската. Но после се докажа дека целата таја работа беше една подла махинација. Овој е причината, пошто два активни кадри Алеко (Пишутов, б.н.) и Филип (не ни е познато неговото презиме, б.н.) четири месеци сега се изолирани од работата. Шовинистичкиот му дух се отражава и на позивите што и издава нејниот штаб. Редовно позивите които се издават во македонските периферии се писат под наслов: “Браќа Грци и Македонци Славјани” на тој округ (така стои во текстот, б.н.). Во позивите които издава штабот на Пајак до народот насловот е: “Грци и Гркинки”. Во овие позиви нито еден реч не се зборуе за Мак. Славјани. Нека се забележи дека во околиите на овој штаб 60% од населението се Славјани Македонци и већината на партизаните на овој штаб се Македонци. (Воден, Гуменџа, Енице Вардар).

Во друг позив издаден од тој штаб одговарајќи на реакционерната компанија пише: “Не сме нито Охранит, нито автономисти, пак нито и Нофовцн както не обвињават”.

Рамнодушно др. Стати ја срамни организацијата НОФ со автономистите и охранитите. На забелешката што му ја направив призна дека било грешка. Али овија грешки се слествие на нејзиниот антимакедонски и антифронтовски дух. Плус това извесни нередности и претеранја што станаа во събитијата на селата Скра (се однесува на селото Љумница и настаните од 13 ноември 1946 година кога единиците од Пајак,

покрај ликвидацијата на една владина единица, ликвидираа и припадници на НОФ, б.н.) и Карпи (се однесува на селото Црна Река, Гуменџиска околија, б.н.) другарите од НОФ што работат тамо и натоварат за тие нередности другарите Стати, Пано и капетан Мавро (Христос Паламас, б.н.) обвинавајќи за антимакедонска дејност во овој случај. За ова прашање др. ми предадоа озбилни документи които се напишани на грчки јазик и които имам намера да и поставам предвид на Бирото на Покраинскиот комитет. Друг случај на шовинистичка појава се споровите на др. Стати со другарите Јован Ковачев, член на Окр. ком. на НОФ и Коста Гачов, командир на чета, велејќи му дека ако не работат свесно на организацијата НОФ и направат грешки, нема да се плашат од ништо зашто тогај партијата ќе и земе со добро око.

Др. Танас Жога (се однесува на Атанасиос Жогас, б.н.) е секретар на Окруж. ком. на партијата во Костурски окр. Преди да стане спојавањето на НОФ со ГКП беше главниот хушкач на секаков клеветичен поход против организацијата НОФ и ја минирваше секоја напора за спојавање. Али и после спојавањето не ја измени својата тактика. Кога се сретнав со него ми се пожали дека кадровите на НОФ не го сакат. Му напомнив низа од нејни дејствија, како причина на таја ствар и на лошото шо става во штета на покретот во овој округ поради неговата тактика и неговите шовинистически тенденции. Што се одалечев од тој округ др. Жогас ја продолжи истата работа, и распредели кадровите на тој округ на два табори, на Македонци нофовци и на кадра Македонци и Грци антинофовци, како овци и кози. Со вторите направи антинофовски обрач и различни “партиини” антифракции противно на фактот дека постое во организациите на НОФ партиини фракции легално и редовно избрани.

На др. Јани Пировесовски Макед. од НОФ член на Окр. ком. на партијата во Костурскиот округ скоро четири месеци никако не се покана да участвува во еден барем састанак на Окр. ком. Нито пак птражи да др. Жога нито едно советување со него, со цел да го изолира од партијниот живот и од катадневната практична работа. Колку големо е лошото и негативното влијание на таја тактика е очигледно. Према организациите на

НОФ и нејзините раководиоци се носи со автархичен начин и со презение. На секретарот на Костурски окр. ком. на НОФ Манго (се мисли на Ставро Мангов од село Д'мбени, Костурско, прогресивен револуционер уште од Втората светска војна. Исто така учествува и во НОБ. Во Граѓанската војна на Грција беше секретар на Окружниот одбор на НОФ и претседател на Народниот одбор за Костурскиот округ. Загина на 11 август 1949 година, б.н.) му ја им одземено секоја иницијатива. Во последно време има спроведено нов став които сигурно по моје мнение не е став на партијата. Даде директива на македонските села паралелно и отделни организации на ЕАМ. По суштината и согласно програматичните борбени принципи на НОФ, Ноф е составен дел на ЕАМ, е самовска снага која изражјава самската политика во македонските маси. Али плус тоа НОФ од специјалниот нејзин национален облик, имајќи го и националниот елемент на национална мањина на македонскиот народ, е отделен фронт на Македонците, составен сојуз внатре во општодемократскиот фронт на грчкиот народ (ЕАМ). сега како може да се оправда ова двојност. Др. Жога веч го има спроведено со очигледна намера потстепено да и ликвидира организациите на НОФ со организации на ЕАМ. Друг случај на шовинистичка појава е и следниот. Др. Марко имаше пратено со мене како специјалист по војничкото прашање др. Никос Скотида (Никос Теохаропулос, б.н.) за да уредиме со него проблемот на партизанското спојавање на двата штабови Грамос и Вичо. Кога стигнавме на тие периферии др. Скотидас се состана со др. Тодор Евтимијади секр. на Окр. ком. на партијата во Лерински округ и со др. Жогас секр. на Костурски окр. ком. на партијата. Овие др. по секаков начин покушаја да убедат др. Скотидас и да му наложат гледиште дека со никаков начин не треба да прима да влезат во штабот на Вичо повеќе од еден Македонец: “Нужно е болшинството во штабот да е составен од грчки кадри”, му нагласија дословно. Ови е ми ги искажа самиот др. Скотидас, обвинувајќи и сам тој  горенспоменатите др. за голем шовинизам. Овија се неколку од случаите за шовинизам шо владее на многу Грци наши другари. И има низа од вакви слични случки.

Општо речено недоверието, шовинизамот, тесниот сехтарски дух, тенденцијата на изолирање, остранување и со разни

махинации одалечување на динамичните истакнати македонски кадри и тенденцијата за ослабнуење на позициите на НОФ во штета на самото мобилизирање на македонскиот народ во борбата против општиот непријател е карактеристична особина која карактеризира многу другари Грци коитo се ополномоштени да бидат одговорни партијни раководиоци на македонски територии.

Не е претерано, али то е факт дека нито на суштината, нито пак формално партијните кадрови и членови што произлегват од редовите на НОФ не го живеат партијниот живот впреки ставовите кои влегоа и впреки на линијата на самата ГКП по ово питање. Ова исклучение става по разни "причини" штетни за интересите на самата партија.

Јасно е дека ова тактика уморава и страшно разочарава нашите кадрови и нашиот народ, али сплотеноста и стабилноста на организациите на НОФ, духот на верата и самоодричавањето што владее во нашите борци и активисти, херојчните борби на нашиот народ и верата во победата одстрањават овија ограниченија и тешкотии коишто не требаше да постојат. Природно е дека треба да се измени ова тактика за доброто на борбата. Нашите територии имат станато борбени претходници. Партијата треба да стани цврстата снага за поголеми успеси и придобивки во наши територии. Моето мневие е дека како прва мерка којато партијата треба да ја презема на дадениот момент е, отдалечнието на извесни кадрови како на пример друг. Пано, Стати и Жога од македонските територии, пошто останоуењето му повеќе ќе биде штетно и негативно за работата на партијата и општо за борбата. Плус тоа партијата ќе треба да направи се шо е во возможно за да оствари, усили и уцврсти душевната веза на македонскиот народ кам партијата и на партијата кам македонскиот народ. Да помогнн на развитието и правилното раководење на НОФ коитo НОФ ќе може така свестрано да активизира и масовно да ги воведе македонските маси во општата борба за општото дело.

Сите овија работи и општо целото положение имам намера да ги изложам и да ги преставам предвид на Бирото на Покраинскиот комитет когато побргу ќе стигнам таму.

19 април 1947 година
Со друг. почит,
Паскал

П.П. Еден друг случај што се касае за др. Пано и които е карактеричен за начинот на своето мислење. Во процесот на мојата работа во Еницевардарски и Гуменџиски округ во споразумење со др. Пано, оствaривме еден состанок на војничките кадри на Пајак на кој присуствуваа Грци и Македонци кадри, со цел да се износи и се анализира новата линија за спојавање на партизанските снаги. По оваа тема говорев и јас, развивајќи конкретните и познатите ставови што ми беа дадени. После мене говореше и др. Пано, кој меѓу останалото рече и следното: “Кога ќе ја направиме во Грција народната република, за Македонците е подобро да живеат во рамките на Грција од колкуту да одат со Србија - разбирање на Југославија - што тука, што таму и самите Македонци ќе треба да потражат да останат во Грција”.

Се принудев попосле да го разјаснам овоа питање што го постави др. Пано. Пошто проблемот не стоеше, дали Македонците после победата на народната демократија ќе останат во Грција или ќе одат со Југославија итн., туку се однесуваше на тоа што Македонците треба да се борат за победата на народната република во Грција и за зацврстуењето на борбениот демократски сојуз со грчкиот народ, само така борејќи се си осигурјава своите права и својата слобода.

19 април 1947 година Паскал

АМ, Збирка: “Егејска Македонија во НОБ 1945-1949”, АЕ: 138/47.
Документот е на македонски јазик, во ракопис. Објавен е во едицијата: “Егејска Македонија во НОБ 1947”, Т.IV..., док. 28, стр. 132-141.

**2.16 - Писмо од Паскал Митревски до Јоанис Јоанидис, секретар на ЦК на КПГ од 2 април 1948 година, со кое го информира за ставовите на членовите на Секретаријатот на НОФ за распоредот на мобилизираните кадри на ДАГ**

Драги другар Јани,

Согласно налогот што го добив од Вас, тргнав во седиштето. Го свикав Секретаријатот на состанок и ги пренесов ставовите што ми ги возложивте, откако претходно го образложив прашањето.

Преместувањето на седиштето денес веќе е извршено. Го пренесовме во Брезница.

По прашањето за мобилизацијата на кадрите, по дискусијата што се водеше, на крајот останавме согласни.

а) Да не се изземаат од мобилизацијата и да стапат во армијата долу споменатите другари од кои тројцата први се членови на Извршниот одбор, а двајцата последни се членови на Централниот совет: 1) Павле Раковски, 2) Лазо Поплазаров, 3) Михал Маљов, 4) Ламбро Чолаков и 5) Вангел Ајановски-Оче. Се разви дискусија по проблемот на нивното распоредување на функции, врз основа на предлозите што можевме да ги поставиме ние од организацијата Секој од нас го изнесе своето мислење. На крајот не се согласивме.

Гледиштето на Керамитчиев, изнесено во форма на предлог: Павле Раковски и Лазо Поплазаров тој предложи да се распоредат како политички комесари на бригади. Вангел Ајановски-Оче - како владин претставник на област, Михал Маљов - како политички комесар на баталјон и Ламбро Чолаков - како интендант на баталјон.

Гледиштето на Вера: Раковски и Поплазаров да бидат поставени како политички комесари на бригади, Чолаков и Маљов - како политички комесари на баталјони и Ајановски-Оче - како разузнавачки офицер во бригада

Гледиштето на Кочопулос: Раковски, Поплазаров и Маљов да се распоредат во команда на баталјон, Чолаков и Оче - во чета.

Моето гледиште: Се работи за главни кадри во организацијата и сега и порано, а имено за членови на Извршниот одбор и на Централниот совет. Тој факт треба соодветно да се оцени. Основно е она што треба да се определи, односно да се оцени во врска со нивната употреба, а тоа е воената способност на секој од нив поодделно. Моето мислење е дека може како основа за сите да се земе баталјон (команда). Да ја определам улогата на секој еден во баталјонот не можам. Тоа ќе произлезе од проучувањето на биографијата, дејноста, заслугите и нивните способности. Дополнително сакам да потсетам дека Раковски во граѓанската војска беше резервен поручник во една автомобилска единица. Моето мислење е дека може да се распореди согласно неговата специјалност или блиска на неа, ако за тоа има потреба. Исто така потсетувам дека Поплазаров и Чолаков (за последниот не знам добро) во граќанската војска беа водници на артилеријата.

б) Андон Сикавица и Паскал Паскалевски членови на Централниот совет и сега специјално се ангажирани за работа во Централниот агит-проп. Сите се согласивме еден од нив да остане во Агит-проп и да се изземе од мобилизацијата. Другарот Керамитчиев, Кочопулос и Вера сметаа дека треба да остане Паскалевски од причина што подобро го знае македонскиот јазик. Обратно, јас мислев дека треба да остане Сикавица бидејќи тој ќе обезбеди подобар развој на работата во Агит-проп и од причина што тој секогаш може да ја сфати политичката линија. Потоа, тој е работлив, скромен, со богато искуство и способности за работа во Агит-проп. При првата окупација 1943 година тој беше одговорен по агит-проп во Окружниот комитет на Партијата и на ЕАМ за Костурско и во продолжение по Варкиза во ЕАМ, КПГ и во НОФ. Со други зборови тој е погоден за агит-проп. Јазикот го знае, но и ние можеме во тоа да му помогнеме. Да го земеме Ристо Поптрајанов, кој има 55 години и сега работи во Апелациониот суд во Костурско. Тој може да му помогне по прашањето на јазикот. Освен тоа, Сикавица е болен и веројатно лекарот ќе го ослободи. Паскалевски повеќе го употребува бугарскиот,

отколку македонскиот јазик (престојуваше во Бугарија) и е другар со помалку развиено чувство на партиска одговорност, а повеќе со чувство да прима лични влијанија. Моето мислење е, реков, Паскалевски да се ангажира во армијата за културно-уметничка работа.

За Сикавица, Кочопулос предлагаше да се распореди во чета (за политичка работа), а Керамитчиев и Вера предлагаа да се употреби за агит-проп во војската.

Културно-уметничката група, мислењето на сите беше, да стапи во армијата заедно со нејзиниот одговорен, Фоти Илковски. Таму бил некојси другар Наскос. Тој бил студент на технички факултет. И тој да стапи во армијата и да се ангажира соодветно од неговата специјалност.

Алеко Дука, дактилограф во нашиот Агит-проп, предложивме да се изземе од мобилизацијата и да остане во Агит-проп.

За другиот технички апарат и куририте на Централниот совет се согласивме да ги испратиме сите во армијата, освен за Ставре Чолаков и Митре Марковски, првиот е мој курир, а вториот е курир на Керамитчиев. За нив баравме да се изземат од мобилизацијата привремено додека најдеме други со кои ќе ги замениме. И другарката Вера, кај која е курир Петре Ангелов, бараше да си го задржи куририот. Јас дадов противпредлог, да си земе за курир жена. Но Вера настојуваше да си го задржи стариот курир.

в) За кадрите на Костурскиот округ бевме сите согласни, имено да предложиме да се ослободат и да останат на работа во организацијата: 1) секретарот на Окружниот одбор, Никола Панов, 2) Васил Чочов, како негов помошник, 3) Зисо Шанев, кој ќе ја држи врската со Рупишта и во перспектива ќе формира групи и ќе стане нивни раководител. Таа работа тој веќе ја имал започнато, 4) Ристо Кичоманов, кој ќе ја држи врската со окупираните села од окупаторот во Загоричани и 5) Сотир Манов и Сотир Ралев, да останат курири на Окружниот одбор, кои, според нашето мислење, се неопходни, се додека се најдат други.

Другите кадри на округот предложивме да се мобилизираат и ги дадовме следните предлози за секој од нив посебно:

1) Филип Калков: интендант на чета или да се даде во интендатурата на географско подрачје.
2) Христо Евангелов: политички комесар на чета.
3) Никола Кантов: политички комесар на чета.
4) Христо Цитулев: командант на вод.
5) Филип Малков: се користеше во Агит-проп на Окружниот одбор. Може и во војската да се користи соодветно.
6) Спасе: како кадар во вод или десетина.
7) Михал Каралиев: во десетина или вод.
8) Коста Попалексов: во десетина или вод.
9) Зисо Апоскепаров: -
10) Ставре Василев: -
11) Марко Филипов: -
12) Томе Анастасов: -

г) Лерински округ. - Останавме согласни да се ослободат и да останат на работа во организацијата:

1) Тане Наумов, секретар на Окружниот одбор, 2) Христо Дојчинов за Буфскиот реон. Одржува врска со градот Лерин, во перспектива за сериозна работа во градот, 3) Ване Пејов за Леринското Поле, 4) Григор Хаџикирјаков за Сорович и Кајлари и 5) Сотир Јованов за курир во Окружниот одбор, додека се најде друг да го замени.

Кадрите што ги предложивме да се мобилизираат:
1) Иљо Лазаров: политички комесар на чета.
2) Вангел Ферманов: Кадар во вод (политички).
3) Стерјо Ковачев: во вод.
4) Трифко Робев: во вод.
5) Стојко Ангелов: во вод.
6) Коста Вариков: во вод.
7) Лазо Аспров: во вод.
8) Трајан Лебамов: во десетина.
9) Михал Бицаков: погоден за групи, слободни стрелци. Минатата година беше во ДАГ комесар на чета.

10) Јани Баничотов: -
11) Симо Браѓанов: -
12) Ѓорги Марковски: -
13) Герман Ѓаковски: -
14) Симо Попдимитров:-
15) Лазо Туриманчев -

Како што гледате, за окружните одбори ги задржавме елементарно неопходните. Секретарите, заедно со двајца-тројца други кадри, се неопходни за да продолжи работата.

Исто така, едно друго прашање. Танас Макриев работеше досега во Централниот совет, некогаш како курнр, некогаш како техничко лице. Вршеше задачи кај Керамитчиев и Вера. Тој во основа имаше една поверлива работа што му беше доверена од Керамитчиев и Вера.

Сега кога се постави прашањето за неговата мобилизација, др. Керамитчиев и др. Вера настојуваа да побараме да се изземе од мобилизацијата и да се стави на располагање на организацијата или барем да предложиме да се даде на работа во географското подрачје на Корештата. Моето мислење и мислењето на Кочопулос беше да оди во армијата.

За другарот Вангел Ничев, член на Извршниот одбор, мислењето на Секретаријатот беше да остане на работа во организацијата за Источна Македонија, каде што работеше и досега. Овој другар пред еден месец беше повикан за работа во нашето седиште. Сега треба да се врати назад на своето место. За таа работа знае лично др. Василис.

На 4 од месецот имаме свикано состанок на сите кадри од двата округа. Ве молам ако е можно до тогаш да го имаме вашиот одговор.

2. 4. 48 Со другарски поздрав,
Паскалис

АМ, Збирка: “Егејска Македонија во НОБ 1945-1949”, АЕ: 79/6

Документот е на грчки јазик, во ракопис. Преведен на македонски јазик и објавен е во едицијата: "Егејска Македонија во НОБ 1948", Т.V..., док. 94, стр. 171-175.

## 2.17 Извештај од Паскал Митревски до Политбирото на ЦК на КПГ од 9 мај 1948 година, за активноста на НОФ во месец април 1948 година

ИЗВЕШТАЈ

Работата на организацијата во месецот што измина може да се резимира во следново:

1) Мобилизација.- По одлуката за мобилизацијата се одржаа состаноци на кадрите во секој округ, на кои беше анализирана одлуката и се постави задачата за стапување на нашите кадри во ДАГ. Главно мобилизацијата успеа во сите три округа. Освен мал број појави на малодушност и избегнувања од поединци под мотивација дека се болни што се изрази кај многу малку од нив, други инциденти не се забележани. Напротив, нашите кадри во целост покажаа полна готовност за нивната нова задача. Вкупно од двата округа, Костурскиот и Леринскиот, од кадрите стапија во ДАГ 52 и 39 од подрачјето на Воден. Негативна страна што се појави овде е тенденцијата кај нашите кадри да бараат направо високи функции. Тоа имаше како резултат да се создаде една атмосфера на разочарување кај поголем број од кадрите, кај кои се појави и клукарство што имаше малку и шовинистички карактер, а се изрази во тоа дека, наводно, се прави многу голема разлика меѓу македонските и грчките кадри итн. Керамитчиев Михаило ни стави до знаење да се имаат предвид некои податоци во врска со тоа, но нивното испитување не покажа такво нешто.

Основна наша слабост е таа што не се зафативме храбро и великодушно да им дадеме на нашите кадри правилна ориентација, да им кажеме каква е природата на војната и кои се принципите од кои се поаѓа при истакнувањето и искористувањето на кадрите во ДАГ. За шовинистичките појави и за нивните причини јас ги изнесов своите становишта во поранешните мои извештаи.

2) Реорганизација.- По мобилизацијата на кадрите непосредната задача што постоеше беше реорганизацијата на окружните органи. Навистина реорганизацијата се изврши од кадрите

чиишто годишта не беа опфатени со мобилизацијата и од оние што беа прогласени неспособни за служба во ДА, но во меѓувреме ние поставивме задача да истакнеме и нови кадри од базата. Така, во подрачјето на Воден имаме 5 кадри, од кои е составен Окружниот одбор, во Лерин имаме 6, во Костур 7. Се изврши распределба на кадрите по сектори и секој од нив веќе е на работа во секторот што му е доверен. Сигурно дека новата ситуација има недостатоци, не се пополнети уште сите сектори, но организацијата има перспектива и си постави задача да создаде нови кадри, посебно во неслободните подрачја.

3) Конференции и Конгресот на АФЖ: - За успешната работа на Конгресот и на конференциите, освен кадрите на АФЖ се активираа и кадрите на НОФ. Двомесечната предконгресна работа го зголеми уште повеќе интересот кај Македонката и овозможи да се создадат услови за многу постабилна основа на развојот на движењето на жените Македонки. Со учеството на конференциите и на Конгресот, жената Македонка покажа и приврзаност кон борбата и ја зацврсти уште повеќе својата врска со борбата. Ако распределбата и организацијата на работата беа подобри, сигурно дека и резултатите ќе беа попозитивни и попродуктивни. Недостасуваше план во работата, немаше пароли и борбено повикување на работа.

Еден друг основен недостиг што го имаше во работата беше отсуството на Конгресот и на конференциите на претставници од окупираните, а до извесен степен и од полуконтролираните подрачја. Од окрузуте не беа претставени на Конгресот ниту половината реони. 300-те делегати, кои учествуваа на Конгресот, беа од слободните села. Повеќето слободни села испратија 10-15 делегати. Неслободните подрачја не беа претставени. За градовите и да не зборуваме. Конкретно, од подрачјето на Воден имаше претставници само од еден реон и тоа од неколку села. Од Костур имаше претставници од два реона, а од Леринско од два реона и од селото Буф. Тоа пред се се должи на извонредно тешките услови што владеат во окупираните подрачја, но не помалку се должи и на фактот што беше потценета можноста за работа во тие подрачја.

Овде треба да истакнеме и нешто друго што е поврзано со предходно споменатата слабост. Имено, другарките од стариот Извршен одбор на Централниот совет на АФЖ, собрани речиси повеќето време близу до Вера во седиштата на Централниот совет и на окружните одбори на АФЖ, не се раздвижиле да тргнат во окупираните и полуконтролираните подрачја и така, координирано со другите задачи, да ја опфатат и работата на Конгресот и конференциите. Можности колку-толку постоеја. Многу пати и реков на Вера да изврши распоред на силите (на кадрите) и тие да одат поблизу до базата. Изгледа дека таа не сакаше да ја сфати, колку што требаше, таа потреба.

Една друга основна слабост беше и оваа. Кога се донесе одлука за одржување на Конгресот на АФЖ, една од најважните задачи што ги поставивме за реализирање беше да исфрлиме повеќе партизани за ДАГ. Подготовката и активирањето по повод на Конгресот и конференциите требаше да станат база за пошироко учество на жената Македонка во вооружената борба. Таа задача речиси не се реализира ни минимално. 100-150 Македонки партизанки, кои стапија во ДАГ во тримесечниот предконгресен период не се процентот што може да задоволи и да се спореди со политичкиот настан - одржувањето на Конгресот.

На што се должи тоа? Неслободните подрачја, како што споменавме, не се опфатени. Во основата тие претставуваат основен извор од каде можеме да црпиме сили за ДА. Потоа, и во слободните села ние не можевме да го искористиме поборбено масовното учество на Македонката и нејзината верба во борбата. Да ја убедиме да ги остави, да се ослободи од колебањата и нерешителноста и да земе оружје. Кадрите на АФЖ не се поврзуваат активно, настојчиво, со базата, со пулсот на базата. Не живеат со проблемите на жената во местото каде што се наоѓа таа, таму каде што работи, таму каде што таа има потреба од секојдневно и поединечно просветување. Се задолжуваат со еден масовен собир и повеќепати со свикување на селското биро, а потоа за нив е се завршено, тие се губат од базата, од животот на базата.

Натаму, многу е важно поведениeто, нашите односи со луѓето. Има случаи кога еден раководител на АФЖ, или конкретно секретарот на Окружниот одбор на АФЖ за Костурско, да и рече на одговорната на селото: "Ајде, оди си, ти си Циганка". По овие работи дискутирав со др. Вера и на посебни состаноци ги истакнав, но изгледа дека сепак не се направени напори да се надмине таа слабост.

4) Нашата работа за ДА, народната власт и окупираните територии: - Во месец март како резултат на работата на организацијата имавме еден посебен подем во однос на прашањето за доброволно регрутирање партизани за ДАГ. Во месецот пак што измина се забележа извесен пад во тој сектор. Сигурно дека не е напревено поголемо залагање. Но, резултатите сепак беа скромни. Тоа нешто се должи на мобилизацијата на нашите кадри и на реорганизацијата на окружните органи. Но, главно, тоа се должи и на сфаќањето што преовладеа, дека не може да се врши работата со преостанатите кадри, па така дојде и до запоставање на таа задача.

Ваквото сфаќање беше критикувано и задачата за партизани се постави со најголем интензитет, посебно во илегалните подрачја.

За интендантската помош на ДАГ се направи сериозно настојување и со акција на организацијата се собраа 4000 оки жито за ДАГ само во реонот на Загоричани – Корештата. Исто така Баничкиот реон даде 1500 оки пченица. Во Костурското Поле со акции изведени од нашите кадри се собрани и предадени на ДАГ 10.000 оки жито. Исто така, по иницијатива на нашите организации во многу села се организирани поединечни акции во кои се постигнати големи резултати. Имено за помош на ДАГ се собрани доста големи количества на жито и добиток за колење. Сигурно дека работата во врска со интендантската помош на ДАГ можеше повеќе да се развие ако организациите, а пред се кадрите навлезеа подлабоко во окупираните подрачје. Посебно од тој аспект ќе имавме големи уепеси во многу работи, ако добро се опфатеше Леринското Поле.

Работата во секторот на народната власт до извесен степен ја потценивме. Како резултат на тоа, многу проблеми што ги преокупираат селата не се опфатени. Народот не се активира до оној степен до којшто требаше за да учествува масовно во прашањата на владината работа и многу народни одбори останаа интерни, без иницијатива. Но, тоа не значи дека тука ништо не е сторено.

По прашањето за децата, нашите кадри го активираа народот и работеа многу активно.

По прашањето на сеидбата, нашата организација значително придонесе, а не е мала ни помошта на болниците, итн. Исто така од значење се и акциите што ги организираа нашите кадри и со кои ги помогнаа зафатите на народната власт во изградбата во Преспа, Статица, Кономлади итн.

Во последно време, во соработка со окружните совети, формиравме т.н. женски комисии при окружните одбори и во двата округа - Костурскиот и Леринскиот. Исто така, пред неколку дена им дадовме на окружните совети поголем број машки и женски кадри, кои ќе се зафатат задолжително со работа и ќе придонесат во решавањето на централниот проблем во сегашниот момент - исхраната, бегалското прашање, сеидбата, реорганизацијата на народните совети итн.

Овде треба да забележиме н некои слабости. Имено, во низа села проблемот на децата се појави акутно, особено во Костурскиот округ. Не беше следена единствената линија, се даваа лични ветувања и преовладаа фамилијарни, пријателски влијанија. Од многу села беа испратени деца од 16-17-годишна возраст, додека во други села беа спречени да одат дури и деца од помала возраст, од 5-6 години, како што стана во с. Крчиште. Од други пак села има пребегани деца од 17-годишна возраст, нешто што предизвика негодување, каков што е, на пример, случајот со син му на Танаси Контос од с. Д’мбени, техничко лице (магационер) во Окружниот совет за Костурско. Исто така се направија аномалии во однос на педагозите, односно во однос на определувањето водичи на децата. Имено, за водичи,

раководителки на децата се определувани непогодни девојки. Во многу случаи народната милиција беше принудена да интервенира и со сила да го спречува лошото. Карактеристичен е случајот во селото Брезница, Костурско, кога окружниот претседател, и покрај укажувањето на народната милиција, побарал водич на децата да биде некоја девојка по име Милка, против која постоеле многу обвинувања. Во последниот момент, со интервенција на милицијата, таа била исклучена од определената и должност. Вакви случаи има и во други села.

Исто така нашата организација помогна и по прашањето за снабдување на селата со сол. Поради лоши претсметки низа села од реоните на Загоричани и Нестрам останале без сол и сега страдаат. Така, сега имаме појава во селата на Загоричани сточарите и другите земјоделци, кои имаат овци; да го расипуваат и уништуваат млекото поради недостиг на сол. Ако во Корештата не се даваше сол во поголемо количество и ако распределбата беше извршена врз основа на потребите на целата околија, денеска немаше да имаме таква појава.

Друго прашање што ги интересира селата, е прашањето на овчарите. Луѓето што се отпуштија од ДА како неспособни и кои им се дадоа на располагање на окружните совети, со цел да се задоволи таа потреба, не се употребени добро врз еден определен план на организацијата. Во меѓувреме селата се жалат бидејќи се во опасност да биде уништен нивниот добиток.

За погорните три случаи благовремено усно и со писмо ја запознав владината делегација.

Моето мислење за децата. Имено, јас сметам дека малиот број деца на возраст од 14-15 години што останале во селата во кои ситуацијата се јавува во заострена форма, треба да бидат испратени, но тоа да се ограничи самото на селата каде што ситуацијата е позаострена.

Во нашата работа на неслободните подрачја се пројавуваат сериозни слабости. Тоа пред се се должи на извонредно тешките услови што ги создаде таму монархофашизмот, но и на

недостигот на решителност кај нашите кадри. Исто така една наша сериозна слабост е што не проучивме и не направивме еден системски план за техничка организација на работата во тие подрачја. Нашите кадри влегуваат во многу подрачја што се држат од непријателот, создаваат врски и контакти, растураат печатен материјал, но не можат да создадат цврста база за работа. Тоа прашање сериозно ја преокупира нашата организација и ние се зафативме да го решиме.

Некако подобра е положбата од тој аспект во подрачјето на Леринското Поле и во Баничкиот реон, Леринско, каде што нашите кадри успеваат да се задржуваат подолго време. Обратно, во подрачјата на Воден, Гуменџе, Енице-Вардар, со некои градови одржуваме најобичен контакт, како со Рупишта, Лерин Сорович, Воден. Со Енице-Вардар, Гуменџе немаме никаков контакт. Најсериозна наша слабост е што од тие градови не успеавме да се исфрлат партизани, освен од Рупишта, од каде што успеавме во последно време да бидат исфрлени 20 и од Воден 4.

5) Агит-проп: Речиси сите другари што работеа во Одделението за печат и пропаганда се мобилизирани и стапија во Армијата. По ова следуваше задачата, да ја организираме работата за да не се прекине издавањето на весникот. Дејствително, пронајдовме две технички лица, едно за пишување на машина и друго за работа на шапирограф. Другата работа на весникот ја вршевме и ја вршиме ние. Така, на 24/4/48 излегоа изданијата на: "Непокорен" во 500 примероци, "Нова Македонка" во 300 примероци и еден проглас во 800 примероци. Овие изданија имаа некои технички недостатоци, што во идните изданија ќе настојуваме да ги избегнеме. Другиот печатен материјал што ни доаѓа- "Ексормиси", "ТА НЕА МАС"- редовно се растура во базата во слободните и окупираните села. Но тој материјал е малку, а особено "ТА НЕА МАС". Ни се потребни повеќе примероци.

6) На 3 мај 1948 година Секретаријатот свика седница, на која, откако ги разгледавме ситуацијата и проблемите на организацијата донесовме решение:

1) Да вложиме поголеми напори и да ги реализираме решенијата на Конгресот на АФЖ.
2) Да ја зајакнеме до крај нашата работа за помошта на ДА. Да регрутираме колку можеме повеќе партизани од окупираните подрачја и градови. Да ја зајакнеме работата за интендантската помош на ДА и да организираме информативна мрежа.
3) Да ја помогнеме народната власт, а притоа како централно прашање останува: задолжителниот придонес во исхраната, потоа, бегалското прешање, сеидбата и реорганизацијата на народните совети.
4) Да ја развиеме и систематски да ја организираме нашата работа во окупираните подрачја и градовн.

5) Подобро да ја организираме работата на агит-проп: До 15 мај да ги издадеме “Непокорен” и “Нова Македонка”. Да издадеме еден проглас што ќе биде упатен до вооружените Македонци, да ги фрлат пушките, и до другите кои монархофашистите ги имаат концентрирано во центрите, да се ослободат од колебањата, односно да не бидат колебливи и да дојдат со нас.

6) Во слободните села да организираме масовни собири со цел да го подигнеме моралот кај народот и да ја популаризираме природата на војната.

Да ги реорганизираме месните одбори на НОФ-АФЖ во селата каде што наложуваат потребите, така што да имаме вистински пргави органи за борба и раководење на народот.

Овде треба да го потенцираме и ова, а имено дека во последно време во однос на моралот кај народот се забележува појава на сериозно опаѓање. Тоа, главно, се должи на две причини: на фактот што се намалени нашите единици во подрачјето на Вичо и на фактот што народните одбори, освен што не решиле низа прашања во селата загубија од своја сила, својот авторитет, како и месните одбори на НОФ-АФЖ. Исто така што реакцијата најде можност и дигна глава. Па токму поради таа причина ги поставуваме и последните две задачи.

Исто така Секретаријатот дискутираше и по содржината на писмото што го донесе др. Павле Раковски, ополномоштен од

др. Лазо Поплазаров, Димовски Илија-Гоце и Вангел Ајановски-Оче. Со тоа писмо тие другари бараат да се свика Пленумот на Централниот совет, со цел да се проучи критичната ситуација и да се издаде манифест до македонскиот народ. Писмото го испраќаат од Штабот на ДА за Западна Македонија, каде што беа отидени за регрутација. Сите се членови на Централниот совет. Писмото не го потпишале др. Михал Маљов, член на Извршниот одбор и Чолаков Ламбро, член на Централниот совет.

Секретаријатот дискутираше многу по писмото. На крајот нашите гледишта беа поделени. Др. Керамитчиев Михаило, Кочопулос Ставрос и Вера го усвоија гледиштето за непосредно свикување на Пленумот на Централниот совет и дадоа таков предлог до вас. Обратно, јас не гледам потреба за непосредво свикување на Пленумот. Прво и главно што ситуацијата е извонредно критична и се карактеризира со посебен воен интензитет. Тоа нешто бара сите сили да бидат во готовност. Освен тоа, Конгресот на НОФ ги определи централните правци на работата и ние треба да ги реализираме задачите на Конгресот. Нешто ново, посебно, не постои.

Што се однесува до манифестот, моето мислење е пред вас да го поставиме ова прашање, па ако политички се смета за целисходно и нужно, тогаш тоа нека се допушти, но да ни ги дадете главните линии што треба да се опфати за да може Секретаријатот да го издаде манифестот, без да има потреба од свикување на Пленумот за таа цел. И уште ова: претходно споменатите другари што го потпишале писмото, освен Гоце, пред да одат за регрутирање во Штабот на ДА за Западна Македонија минаа од кај нашето седиште и дискутиравме, но такво нешто не поставија. Како по 4 дена ја откриле критичноста на моментот...

Дефинитивно чекаме налог од вас, дали ќе го свикаме или не Пленумот на Централниот совет, како и за прашањето на манифестот.

Писмото на другарите ви го испраќам во прилог.

9/5/48 Паскалис

АМ, Збирка: “Егејска Македонија во НОБ 1945-1949”. АЕ: 101/1.

Документот е на грчки јазик, во ракопис. Објавен е во истата едиција: док. 121, стр. 222-228.

## 2.18 - Писмо од Паскал Митревски до Милтијади Порфирогенис, член на ЦК на КПГ и министер на ПДВ, од 28 мај 1948 година, со кое се бара некои работи за НОФ и за народот и др.

Другар Милтијади,

Ви испраќам еден извештај во кој поставувам некои прашања. Да се погрижете што поскоро да ни биде испратено оружје.

Исто така ви испраќам 18 весници "Непокорен", три за вас и 15 да се погрижете да бидат испратени во Одделението за агит-проп при Главниот штаб. Ви испраќам и неколку повици што ги издадовме и три монархофашистички весници.

За потребите на нашето Одделение за агит-проп имаме потреба од некои работи, па ве молам да се погрижат да ни бидат испратени при првата прилика: 1) Восочна хартија и мастило за циклостил, оти немаме ништо. Ако е можно да ни испратете добра восочна хартија, бидејќи другите лесно се кинат и на нив не се отпечатуваат добро буквите. И мастилото, ако е можно, нека биде во туби. Испратете ни малку повеќе восочна хартија и мастило, бидејќи од нашиот печатен материјал, освен нашиот апарат ги опслужуваме и народните одбори за Костурско и Леринско, Народната милиција и др. 2) Еден ваљак за циклостил, ако имате, или специјална паста за циклостил. 3) Ленти за машина за пишување, индига и хартија за пишување.

Исто така се соочуваме и со една друга основна потреба, имено, ако имате испратете ни чевли и малку облека. Обувките се проблем, бидејќи засега не можеме да најдеме начин да се снабдеме. Веднаш ни се потребни 15-20 рала чевли.

Едно друго прашање што треба да го имате предвид и што го подвлекувам и поставувам пред вас. Имено, економската ситуација на населението во подрачјето на Полето и Костенаријата, во Костурскиот округ, е очајна, особено во последните масовни обездомувања. Многу семејства, заедно со она што можеле да понесат, жито и добиток, минале на слободните територии. Житото им го зела нашата армија, со тоа

што им е речено дека таа ќе ја преземе врз себе нивната исхрана. Исто така земени им се и овците под услов армијата да им ги врати кога семејствата ќе се настанат во слободните села. Многу од овците се исклани и потрошени за потревбите на армијата. Другите се замешани со овците на нашата армија (14 бригада) што се од трофеј. Луѓето сега се настанети во слободните села и си ги бараат преостанатите овци што до овој момент бригадата не им ги вратила. Ве молам да го разгледате прашањето и да видите што може да се направи. Ќе забележам дека од економски аспект нивниот живот е многу тежок и тие негодуваат.

Исто така кадрите што работат во Костурско Поле не известуваат дека во тие села оделе интендантите и им го земале сето жито на селаните и не им оставале ништо за исхрана на сите семејства без разлика, дури тоа се случувало и кај семејства на партизани. Тоа е сторено од единиците на 14 полк и во селата: Тиквени, Жупаништа, Изглеби, Желин.

Во истата околија, во окупираните села, се појави и голем недостиг на сол. Тие села целосно се блокирани, така што селаните ниту можат да одат во градовите, ниту можат нешто да изнесат. Ако може нешто да се стори со размена, пишете ни.

Како што ни пишуваат нашите кадри што работат во Рупишта, меѓу обездоменото население што се наоѓа во Рупишта се забележувало силно негодување. Селаните барале да се вратат во своите села и некои веќе се вратиле. Исто се забележувало и кај вооружените маити, кои се вооружени во последно време, кај кои многу паднал моралот и биле расположени да ги остават пушките. Од наша страна се вложуваат напори да внесеме поголемо колебање во нивните редови.

Исто така еден друг случај што треба да го имате предвид. Од информациите што ги имаме од кадрите во Леринско Поле, многу од партизаните кои дезертираат ја минувале границата спрема Југославија и се појавувале како бегалци. Нивното преминување се врши од кај страната на с. Буф, Западен Кајмакчалан и Леринско Поле.

Заедно со извештајот ви испраќам 1) изјава од Коста Хрисафи, 2) една изјава од Хрисанти, активист на АФЖ.

Со другарски поздрав
Паскалис

АМ, Збирка: “Егејска Македонија во НОБ 1945-1949”, АЕ: 111/А

Документот е на грчки јазик; во ракопис. Објавен е во истата едиција: док. 130, стр. 242-244.

**2.19 - Писмо од Паскал Митревски до Никос Захаријадис, од 3 ноември 1948 година, во кос, врз основа на изјавите на Ѓорги Петричевски, му изнесува за неправилниот став кон македонските борци и за кадровските проблеми во НОФ**

Другар Нико,

При враќањето од средбата што ја имавме се најдов со Гого Петрици; кадар на НОФ од Воден, кој пред 20 дена беше дојден од таму. Тој е единствениот, речиси, кадар од Окружниот одбор кој не заминал внатре...

Дискутирав со него и ми го кажа следното:

Една од важните причини за бегањето на кадрите е и посебната политичка и психолошка состојба што владее таму.

Чувството на омаловажување кај кадрите на НОФ очевидно се гледа, тоа е израз на постојната состојба.

Во единиците на Кајмакчалан - Пајак не постои ниту еден од кадрите на НОФ кој би имал одговорна должност. Сето ова создава една посебна психолошка празнина и атмосфера на незадоволство.

Но, и на организацијата НОФ не и се обрнува внимание, таа како организација не беше помогната, беше игнорирана од тамошното раководство.

Со формирањето на Народната милиција и народната власт, во тие подрачја не се унапредија кадри од НОФ и покрај предлозите што ги дадовме тогаш. Еве што вели Гого конкретно: “Се врши еднострано истакнување. Кадрите психолошки се обземени дека постои хегемонија на буљкистите. Доаѓаш од Буљкес и веднаш капетан или друга одговорна работа, а потоа многу од нив му се предаваат на непријателот. Ние кои три години се боревме, сме фрлени и доверба не уживаме”.

Секако основата, врз која го поставува прашањето овој другар, колку да е субјективна, сепак изразува една сериозна состојба во тоа подрачје.

Во продолжение тој изнесе неколку околности што се случиле таму.

1. Во текот на офанзивите др. Мирка, секретар на Окружниот одбор на АФЖ за Воденско, времено ја имала преземено должноста одговорна на раненосачките. Еднаш отишла кај интендатурата да побара нешто да јаде. Во тој момент во интендатурата пристигнал и Сократис Калајџидис, капетан - политички комесар, одговорен за регрутацијата и оружјето при Штабот. Веднаш почнал да ја пцуе и да вика со зборовите: “Гаду, зошто си дошла овде? Ќе ни кажеш дека си се борела? Тикви си се борела, ни куршум не си истрелала. Ќе те врзам и ќе те пратам до Воениот суд”, а во меѓувреме барал од другите јаже да ја врзе и се заканувал дека ќе го сопаше ременот и ќе ја врзе со него.

На оваа сцена присутен бил и Гого. Мирка во продолжение од 1945 се наоѓа во илегалство во тој округ и е проверен борец.

2. Односот на Химарос (Василис Канациос. б.н.) и Фотинос (Димитриос Евгацопулос, б.н.) спрема борците, согласно изјавата на Гого, не бил добар. Пцуел како што се случило со наредникот на една чета - Ѓоргала (Теодорос Ѓоргалас, б.н.). На еден друг војник – Трајче, од Чеган, му го вперил пиштолот и му се заканувал дека ќе го убие. Другиот ден тој избегал во Југославија. Еден друг натепал. Тој се предал кај непријателот. Името на овој последниот не му го знае.

3.Двајца грчки борци ја преминале границата и им се предале на југословенските власти. Пограничните власти ги вратиле назад. Овие не ги дале на воен суд, туку ги пратиле пак во единиците, додека за истиот случај една група од 5 Словеномакедонци се осудени од Воениот суд, а потоа се стрелани.

Овој настан лошо се прокоментирал од народот таму. Еден друг случај, кога други Словеномакедонци биле осудени на смрт, а егзекутивниот вод одбил да стрела. Последниве случаи Гого ги разбрал од разни информации.

Командантот на Народната милиција за Воденско - Бозинос (Атанас Кировски, б.н.) го нарекол Коста Киру (Кочо Киров, б.н.) провокатор. Коста Киру порано работел во НОФ како кадар, потоа бил поставен за раководител на интендатурата во една единица.

За Сократи Калајџиди, Бозинос и Теофило (Никос Хаџопулос, б.н.) (последниот бил иследник при тамошниот Штаб) постоело мислење дека треба да се преземат некакви мерки или да се оддалечат од тоа подрачје билејќи со таквите постапки многу се компромитирале кај борците, кадрите и воопшто кај народот.

Исто така, како што ми рече Гого, во последно време, во етапи, од овој округ пребегале во Југославија над 100 борци и раководители.

Моето мислење е дека таму, во овој округ, особено по заминувањето на кадрите, ситуацијата е сериозна и треба да се опфати веднаш. Сум на мислење дека како прва мерка што треба да се преземе е да се поставаат некои здрави и проверени македонски воени кадри на поодговорни должности во тамошните единици.

Ако не постојат важни воени причини, мајорот Николаос Просо (Ѓуро), кој потекнува од тоа подрачје и служи во единиците овде, добро би било да се испрати таму.

Потоа, независно од доаѓањето на кадрите на НОФ од округот, наложително е најитно да одат таму еден или двајца од повисоките кадри на Централниот совет Малиос (Михали Малиов, б.н.), Мангос (Крсте Мангов, б.н.). Истовремено да се унапредат и други месни кадри, а ако не можат да се најдат непосредно кадри од подрачјето, тогаш да се земат од други окрузи и привремено да се испратат таму.

Со другарски поздрави
Паскалис

Истото: док. 185, стр. 345-347.

**2.20 - Писмо од Паскал Митревски до Никос Захаријадис, од 20 ноември 1948 година, со кое го запознава со некои самоволија на борците на ДАГ од 14 бригада, извршени во македонските села во Корештата**

Другар Нико,

Прашањето за самоволијата што се случија во селата Горно и Долно Дреновени, Кономлади, Поздивишта и Габреш, за што завчера ви јавив, се состои во следното.

Лицето што ме извести се вика Димитриос Сукарис од село Црновишта. Тој е одговорен за бегалците во Ошчима. (Според известувањето од него):

1. Жената, која била малтретирана, се вика Ламбрина Петропулу од Горно Дреновени. Партизаните, кои ја малтретирале биле од 14 бригада. Имињата тој не им ги знае, бидејќи отишле ноќе. Во истото време тие и ја заклале и однеле свињата. Исто така го отвориле бурето со вино, источиле околу 50 оки, а останатото го оставиле да истече. Истовремено измалтретирале и други две жени од истото село и трите заедно со Ламбрина Петропулу ги натерале да го играат орото "Елено моме". Ламбрина Петропулу имала тројца партизани во ДАГ, од кои едниот се убил, а другите двајца биле ранети. Исто така таа имала една ќерка партизанка, а другата нејзина ќерка водела една група деца, кои заминаа за народните републики. Овој случај тој прво го слушнал од интендантот на една чета од 14 бригада - Костас Андарис и милиционерот Ахилеас Зинакос, но подоцна истото го установил и самиот кога отишол во селото.

2. Истиот Димитриос Сукарис го изнесе и долунаведениот настан. Имено, борецот Дим. Попадин, од Горно Дреновени, служел во 14 бригада и отишол во своето село по работа. Кога влегол во куќата, ја видел мајка му, која била натепана, дека плаче и жена му како ја тргале за коса борци, исто така, од 14 бригада. Другиот ден тој си ја зел жената и му се предал на непријателот кај месноста "Буковик". Гореспоменатиот борец бил партизан од мај 1947 година и ранет во минатогодишните операции на Грамос и Гревена.

3. Друг настан што го изнесува тој.

Петрос Панопулос, од село Црновишта, бил татко на тројца партизани. И тројцата биле ранети. Самиот Петрос, како во минатото така и сега, бил жртва за борбата. Но една вечер некои партизани од 14 бригада отишле и влегле во неговата куќа, со цел да земат разни работи. Но бидејќи жена му се бунела и не ги оставала, ја фатиле, ја спружиле долу на подот и ја газеле по мевот.

Сега самиот Панопулос лично му велел на Сукарис Димитри: "По овој случај, секоја вечер, собирам камења, ја земам секирата и чувам и ако ми дојде некој, сам ќе го убијам за да заврши злото". И во продолжение велел: "Ако продолжи оваа состојба, ќе си ја запалам куќата, ќе одам во Костур и ќе објавам во сите весници нека разбере светот што ми направија моите деца".

4. Исто така во селото Кономлади една вечер влегле партизани од истата бригада и колку што нашле жители (околу 30) ги собрале и извеле надвор од селото, а потоа влегувале во куќите и вршеле грабеж.

"Луѓето, вели тој, ноќе кога идат партизаните и чукаат по портите, не отвораат и се кријат по таваните зашто се плашат да не бидат малтретирани од партизаните. Еден страв и негодување владее кај жителите од гореспоменатите села". Ова до збор ми го рече гореспоменатиот кадар Димит. Сукарис.

Исто така тој ми рече дека овие антинародни постапки биле изнесени пред народната власт, Народната милиција и кај X-та дивизија.

29.11. 48
Со другарски поздрави,
Паскалис

АМ, Збирка: "Егејска Македонија во НОБ 1945-1949", АЕ 198/А, 1948

Документот е на грчки јазик, во ракопис. Објавен е во истата едиција: док. 197, стр. 369-370.

**2.21 - Писмо од Паскал Митревски, член на Секретаријатот на НОФ и министер ва ПДВ од 14 април 1949 година, до ПБ на ЦК на КПГ, во врска со прашањата што настанаа како резултат на мобилизацијата на малолетни деца во ДАГ**

Другари,

Сериозно не окупира прашањето на децата што дојдоа од народните републики и што се мобилизираат. Меѓу тие деца има (машки и женски) кои се на 12-13-годишна возраст и сега се наоѓаат во регрутираниот центар во село Штрково. И другите деца не се повозрасни од 16 години. Вкупно се 35. Повеќето деца се од село Желево.

Нивното доаѓање се дозна во селата и ни создаде сериозен етнички проблем, а посебно за децата (машки и женски) што се на 12-13- годишна возраст. За возраста на тие деца направивме проверка и констатиравме дека навистина се на таа возраст.

Ова прашање и другпат не преокупирало, но во консултација со вас тогаш беше најдено решение.

Се разбира во случајот не станува збор за тешкотиите што кај нас ги создаде прашањето. Тие со поголема работа, што ќе ја развие нашата организација, сигурно ќе бидат надминати. Но, тука се работи за еден принцип, за еден етички проблем, што сме принудени да го земеме предвид. Се создава една моралнополитичка ситуација кај народот, кој поставува прашање, се оформува негативен морален впечаток, ги отежнува базите и изворите за пошироко активирање и за развој на силите на движењето. Разбирливо е дека 10-15 деца не можат да го решат проблемот и да ги задоволат потребите што ги имаме. Изгледа одговорните по домовите погрешно ги толкуваат некои работи. И што е полошо, нивниот однос спрема децата не е добар.

Конкретен е случајот на Тимјос, одговорен во домот “Тулкеш”, Романија. Неговиот став не може да се окарактеризира никако како добар. Тој врши еден недозволен психолошки и морален притисок врз децата со што создава една тешка атмосфера.

Еве што му рекле децата на другарот Малио, кој беше испратен од ЦК на НОФ да ги посети:

- Тимјос ги собра децата во домот и на еден насилнички и недозволен начин им викаше: “Да одете долу и да се борете. На сите оние од вас кои не ќе сакаат да одат, ќе им ставам на челото по еден печат со крст за да се разликуваат дека се гадови и да се жигосуваат.”

Ова им го велел на деца од 12-15-годишна возраст.

Исто така за ситници им се заканувал со изразите: “Јас ќе ве научам. Со она што правите, личите на ајкулите на Труман” итн.

Исто така не им дозволувал да пишуваат писма на македонски јазик. Им ги задржувал парите и чековите што им ги испраќале родителите и роднините од Америка и од други земји. Децата изјавуваат дека парите тој им ги потрошил.

Еден друг стучај, 12-годишниот Алеко Стефо, со солзи на очите му рекол на Малио дека еден ден Тимјос, бидејќи не го исчистил дворот. го разголил и го оставил да стои надвор 4 часа гол, само по гаќи, при страшен студ во декември. Исто така го оставил гладен 24 часа. Истото дете го тепал со сета сила и го туркал со клоци. Детето раскажувало дека рацете на Тимјос му биле отечени од она што ги тепал децата

Другпат соблекол и други деца и ги принудил да одат голи само по гаќи. Ги оставил и гладни.

Сигурно дека децата понекогаш можат да направат некој наивен истап и други детски грешки. Меѓутоа, односот и предходно изнесените мерки што ги применувал спрема децата покажуваат нешто најмалку психолошко и методско позитивно, односно нешто најнегативно во однос на воспитувањето.

Најлошото е што децата штом пристигнале, сето тоа го разнеле и разгласиле меѓу селаните. Ние штом го дознавме тоа од

луѓето, го испративме др. Малио да ја провери таму ситуацијата и врз основа на неговите констатации да ги ограничиме таквите гласови.

Потребно е да ги испитате таквите случаи и нашето мислење е споменатиот Тимјос што поскоро да биде отстранет за да не би направил и други штети.

Исто така предлагаме, децата што дојдоа а се на 12-15-годишна возраст да се вратат.

При такви случаи, сметаме за потребно да ги известиме родителите преку специјално соопштение, се разбира усно или на некој друг начин што ќе ни го посочите.

Исто така сметаме дека во иднина треба да се ограничи испраќањето на деца од народните републики што се помали од 15-годишна возраст.

Во врска со тоа прашање сигурно ќе ви зборува и другарот Којчев, со кого зборувавме вчера.

Ве молиме да ни одговорите по ова прашање или подобро да не повикате горе, за да подискутираме за тоа, па и за други прашања, при што подобро ќе се соочиме со прашањето на детските домови, со поставување или испраќањето во нив словеномакедонски кадри, тои ќе ги согледаат проблемите и ќе помогнат практично во решавањето на прашањата на Словеномакедонците.

14. IV. 1949 год.
Со другарски поздрав,
Паскал

АМ, Збирка: “Егејска Македонија во НОБ 1945-1949”, АЕ: 47/б
Документот е на грчки јазик, во ракопис. Објавен е во едицијата: “Егејска Македонија во НОБ 1949”, Т.VI..., док. 100, стр. 211-213.

## 2.22 - Говор на Паскал Митревски од 16 мај 1949 година, одржан пред борците на ДАГ на планината Грамос, во кој се изнесува военополитичката ситуација и перспективите на ДАГ

Другари и другарки,

Дојдовме кај вас за да ги споделиме вашите успеси, вашата невидена храброст и резултатите на вашиот труден, но победоносен поход во славната планина Грамос, каде што со вашиот надчовешки хероизам, го развивате пак прославеното знаме на слободата и демократијата.

ПДВ на чело со нејзиниот претседател и нашиот љубим ЕАМ-ски раководител др. Мичос Парцалидис, се наоѓа во нашите први оклопи.

Сиот грчки и македонски народ од слободни и поробени територии, неговото внимание го има свртено кон вас. Со восхитување и со неограничена благодарност тој го гледа во вашето лице воодушевлениот и неуморен борец за мир и слобода.

Вие тука со вашите нападателни, последодателни и успешни удари и со големите загуби што му предизвикувате на непријателот, го ослободивме скоро поголемиот дел на Грамос.

Грамос - цврст фронт

Победата на Грамос е од големо значење. Денеска, после Вичо, ние држиме во нашите раце еден втор, моќен, опширен и цврст фронт којшто им носи смут на Трумановите наемници и им ги провалува нивните планови и нивните подготвувања за 1949 година против ДАГ. Овој успех ги подсилува и сите други фронтови коишто ДАГ е отворила во сите катови на нашата земја: Во Румели, Тесалија, Центр. Македонија и Пелопонез. А во продолжение третиот фронт во тилот на непријателот, во центровите на градовите, со непрекидната и повишена дејност на политкомесарите и на неустрашимите саботери, им сее страв

и паника на монархофашистите, им го дополнува смутот и им ја задлабочува слабоста.

Вашите успеси и победи јасно ја покажуваат силата на народнодемократското движење во нашата земја. Това е сила на милиони трудбеници на цел грчки и македонски народ којшто бара мир и слобода. Учеството на македонскиот народ во нашето народнодемократско движење е големо и решително. Пред неопишуваниот терористички бес на монархофашизмот, којшто беше опачност за националното постоење и страшно тутално физичко истребување за македонскиот народ еден единствен пат само постоеше: Единство со грчкиот народ и борба-сурова и непримирима против странските империјалисти и нивните домашни агенти - монархофашиските инквизитори. Тогај сите патриотски народни сили се построеја и се соединија во чесна борба под знамето на народноослободителната организација - НОФ, најарните синови и ќерки на нашиот народ влегоа во ДАГ и сиот наш народ се крена во сенароден борбен стрек, решен да се бори за својот живот и слобода.

Народното востание коешто започна во 1945 година и кое што денеска ги опфаќа широките слоеви на македонскиот народ, се зацврсти и се затемели во суровите и крвави борби на нашиот народ, коишто се осветлуваа од правилната политика и стремежи на нашето народноослободително движење и преди се стана крепост, издржа на испитањата и победоносно го премина својот тежок пат благодарение на единството и на политиката за соединување на народноослободителните сили на нашиот народ со грчките демократски сили на КПГ. Това е еден суров но славен пат по којшто помина нашето народноослободително движење на чело со својата националнореволуционерна организација НОФ, това е патот на народното востание за народно н национално спасение.

Ќе победиме пошто сме обединети

Македонскиот народ цели 4 години геројски ја води таа борба со длабоката вера во победата. Ние ќе победиме пошто сме обединети грчкиот и македонскиот народ, обете и заедно со сите останати малцинства од нашата земја составуват еден

неразбиен демократски фронт којшто се закали во суровата заедничка борба и во пролеаната крв на најарните им синови. Овој фронт е непобедим. Непријателот - Американци и монархофашисти беснеат, прават се што можат за да го разбијат. Но ние им одговоруваме – не! Овој фронт стана крепост со безбројните жртви, со надчовечките усилија во нераздвојните заеднички идеали за слобода и демократија и е непобедим. Македонците еднаш за секој пат го избраа нивниот пат. Това е патот на нераздвојното борбено единство со грчкиот народ. Това е патот на смачкувањето на тиранијата.

Благодарејќи на туталното учество  на демократскиот народ во заедничката борба и преди се благодарејќи на нечуената храброст и крв на најарните синови на нашиот народ што се бори во редовите на ДАГ, денеска тој си има осигурено големи народни и национални придобивки во сите сектори на нашата борба којшто ги осветлуваат и конкретизираат нашите националноослободителни стремежи.

Ние сме за народна демократија

Ние сме за народна демократија и за независност на Грција. Со таа придобивка македонскиот народ со сигурност и вера ќе ги затемели и своите национални права, својата национална слобода и својата народнодемократска иднина. Решенијата на V-от пленум на КПГ, наредбите и решенијата на II-от историски конгрес на НОФ, со гаранција за националноослободителните придобивки на македонскиот народ коишто ќе бидат дополнети со окончателна и дефинитивна победа против монархофашизмот и англоамериканските империјалисти агресори.

Другари и другарки,

Јуначки хероి на слободата, напредвајте бестрашно во вашето велико народноослоболително дело.

Вие имате една огромна сила којашто ја нема непријателот, којшто се крепи само со странското оружје и предателството.

Вие ја имате сестраната и великодушната поткрепа на народот. Това е една голема морална и материјална сила којашто ќе го смачка продадениот монархофашизам.

Во овој случај јас сум должен да ви го донесам топлиот поздрав и увереноста на гордиот и непокорен народ од обласат на Вичо којшто ниту за еден момент не го заборавива својот долг кон хероите на ДАГ.

Со сенароден борбен елан тој прави укрепленија и патишта, ора и сее и укажува севозможна помош на ДАГ.

Него не го плашат тешкотиите и жертвите што ги дава. Тој длабоко ги создава и верува во идеалите и во народноослободителните цели на ДАГ бидејќи се негови идеали и негови стремежи. Се што станува во Вичо, станува и во секој кат на нашата земја.

Ваков горд и непокорен народ, каков што е грчкиот и македонскиот народ и со таква херојска авангарда какви што сте вие не може да не победи.

Да живее борбеното единство меѓу грчкиот и македонскиот народ и другите малцивства, коишто живеат во нашата земја!

АМ, Збирка: "Егејска Македонија во НОБ 1945-1949".
"Билтен" бр. 62, од 16 мај 1949 год. стр. 1-4.

Документот е на македонски јазик. Објавен е во истата едиција: док. 131, стр. 270-273.

**2.23 - Статија на Паскал Митревски од 20 мај 1949 година, објавена во весникот "Билтен", за монархофашистичкиот терор врз Македонците**

Од др. П. Митревски, претседател на ГО на НОФ

Монархофашистите со еден нечовешки терористички бес се нафрлија против населението во Западна Македонија. Тој секаде лее крв и сее катастрофа. Издајничкиот лакеј – Папагос, бесното куче на англоамериканскиот империјализам, не можејќи да се мери со непокорната ДАГ за да ги задоволи заедно со атинската монархофашиска клика што е облеана со крв, своите американски господари, хистерично се нафрли над народот. Ударот и поразот што си патија во Грамос треба да ги оправдат пред господарите. Та зар това не е ли во склад со сета потполавачка политика на убијства и крв којашто атинските слуги бесрамно во последно време спроведуваат? Зар не е ли това продолжение на противнародниот бес којшто од четири години наваму го крвареe и ја опустошува земјата?

Монархофашискиот министер на војната бесно писка: Само војната и крвта, само крвта и војната ќе го разрешат грчкото прашање.

Порочниот монархофашиски министер на надворешни работи на атинската влада и истакнатиот провокатор на политичката "дипломатија" - Цалдарис, со ист тон ја кани на штрек "нацијата", за нови маки, катастрофи и крв. И над сето това, супер генералот Ван Флит којшто цели две години се дави во народна крв, ја џвака одново се истата песна, дека преку оружјето на "националната војска", преку опустошенија и крв ќе се даде решението што го бара Грција.

Значи крв и братоубиствено касапење, војна крв од една страна од страната на англоамериканскиот империјализам и нивните монархофашиски агенти.

Од друга страна ПДВ, направи предлог до ООН и до Меѓународниот конгрес за мир за помирување на земјата. Овој предлог се прави во момент кога ДАГ повеќе од секој друг пат е

посилна и способна да го изведе на глава големото народноослободително дело. Нашиот двигател и нашето искрено желание и вољата и интересот и само интересот на народот.

На новиот помирителен опит, на опитот да се помири народот на Грција, во којшто решително учествува и македонскиот народ, атинските монархофашиски терористи, одговорија со нов отвратителен и крвав терор.

Атинската големошовинистичка монархофашиска клика со особен и нечуен бес се нафрли против македонскиот народ. Загориченските села се опустошуваат. Десетки жени и деца се убиваат. Стотици од загориченското население, оковани во пранги, се подложуваат на ужасни инквизиции во Костур. Во Нестрам, 800 селани се арестуваа и се фрлија по затвори и участоци.

Во Желин, Изглибе и Хрупишта, со ненадминат гестаповски садизам ги горат живи старците, бабите и децата со куќите и без да држат сметка ги убиваат по улиците.

100 Македонци од Кајљарско се вовлечени во кожанските затвори.

Со нови масовни апсења на демократските граѓани се наполнаа леринските затворн. Истото се случува и во Караџова, Воден, Енице Вардар и др.

Преку 1.500 Македонци, во последно време се жертви на нечовешкото и крваво терористичко нападение на монархофашизмот против нашиот народ.

Атинските џелати и англоамериканските завоеватели со овие нечуени терористички средства сакаат да ја удават во крв заедничката борба и сенародниот стремеж на грчкиот и македонскиот народ, за мир, побратимување, слобода и демократија.

При вакво положение каде што е поставен на масовно уништување нашиот народ, ние подигнуваме протестен глас и бараме од ослободољубивите народи и од меѓународното општествено мнение да се прекрати овоа страшно монархофашиско престапление што има како цел со крв и огин да го зароби нашиот непокорен народ и да ја удави во крв неговата необорима волја за мир и слобода.

"Билтен", бр. 63, од 20 мај 1949, стр. 1-4

Документот е македонски јазик. Објавен е во истата едиција: док. 136, стр. 277-279.

## 2.24 - Писмо од Михајло Керамитчиев и Илија Димовски-Гоче по ЦК на Комунистичката партија на Грција од 2 јуни 1949 година во кое се критикува политиката и практиката на КПГ по македонското национално прашање

До Централниот комитет на Комунистичката партија на Грција
Во слободна Грција

Другари,

Обвинувањата што се нафрлуваат врз нас од новите членови на КПГ, кои раководеа, а и денеска раководат со работата по македонското прашање, било усно на партиските состаноци или, пак писмено - Резолуцијата на Политбирото на ЦК на КПГ од 15 јули 1948 година, на Четвртото и Петтото пленарно заседание на ЦК на КПГ, било да се форсира ова прашање преку НОФ - не споменувајќи не нас лично - не карактеризираат вака:

1. Дека сме фракционери - амбициозни; водиме борба за лично издигнување, дека се наметнуваме и друго.

2. Дека сме органи на реакцијата, бидејќи ја експлоатираме специфичната положба на една народно-демократска земја, дека кај нас влијаат опортунистичките теории, чиј центар се наоѓа надвор од Грција и дека сме само опортунисти.

3. Дека ние ги организираме дезертерствата на македонските борци од ДАГ.

4. Дека нашето седиште во Скопје се претворило во центар на прибежиште за помагање и концентрација на малодушните, сомнителните и шовинистичките македонски елементи и дека на тој начин се разбива единството на македонските борци во ДАГ, на македонскиот како и на грчкиот народ.

5. Дека бараме обединување уште веднаш на Егејска и Вардарска Македонија.

6. Дека по наша вина држиме овдека  иљадници Македонци способни за борба, па затоа Главниот штаб на ДАГ и ЦК и КПГсе принудени да мобилизираат, да вооружуваат и да праќаат во првите линии македонски жени над 40 години, болни и сакати борци, македонски деца од 13 и 14 години итн.

7. Дека ние, а особено Керамитчиев сме ја исфрлиле паролата за "Слободна независна Македонија во рамките на балканска федерација".

8. Дека сите ние имаме вина што кај нас не постои "меѓсебно разбирање" и што никаков договор не успева кај нас.

9. Дека сме плашливи и бегаме за да си ја спасиме кожата и се криеме како глувци и слично.

10. Дека сме обични предавници, органи на реакцијата и разбивачи на единството меѓу македонскиот и грчкиот народ.

Другари,

Сметаме дека нашата задача е уште еднаш да одговориме на сите овие обвинувања. Како и досега и денес да ви наспомнеме и да ви ги изложиме нашите гледишта по прашањето на вашето досегашно раководење со НОФ и на вашиот однос по македонското прашање воопшто во Грција. Исто така да ви ги објасниме причините за нашето останување во Југославија и за нашиот став.

Вам ви е познато дека на нашата организација НОФ и претходеше организацијата СНОФ, чие основање беше одобрено од Политбирото на ЦК на КПГ во октомври 1943 година, на предлог на активните македонски раководители. Одобрено беше да постои и да дејствува, макар и ограничено, во Костурско, а подоцна и во Леринскиот округ.

Вам ви е познато дека СНОФ докажа на дело дека беше единствена, правилна, националноослободителна организација на Македонците во Грција, дека оваа организација беше единствен начин и средство во целост успешно да се разбие

комитството (вооружени Македонци од окупаторите за време на Втората светска војна, б.н.), а во интерес на борбеното демократско единство на македонскиот народ во Грција, да се излигне и да се зацврсти македонската национална свест, успешно да се развие братството и единството на самиот македонски народ во Грција - како и Македонците и Грците.

Вие знаете дека беше уапсено раководството на СНОФ во мај 1944 година од ЕЛАС, а по наредба и одобрение на партиските претставници (Македонското биро за Западна Македонија) и дека потоа другарот Наум Пејов, со уште 80 македонски партизани, побегнаа од ЕЛАС и им се приклучија на македонските единици во составот на југословенските партизански сили. Како дојде до ликвидација на СНОФ (со одлука на КПГ во мај 1944 година беше распуштена организацијата СНОФ во Костурско и Леринско, б.н.) ликвидацијата на македонските единици во ЕЛАС и на крајот, нашето преминување, на над 1.000 македонски партизани и раководители, во редовите на македонската партизанска војска. (ГШ на ЕЛАС во октомври 1944 година нареди дислокација на македонските баталјони со цел да ги обезоружи. Раководството на македонските баталјони не можеше да се согласи и да дозволи со еден таков контрареволуционерен и антимакедонски акт и, за да се избегне меѓусебното крвопролевање, ги повлече своите единици во вардарскиот дел на Македонија, каде што ја продолжија борбата до конечната победа над фашизмот, б.н.). Поради што е сето ова?

Затоа што, како што потсети и другарот Захаријадис на Петтото пленарно заседание на ЦК на КПГ (јануари 1949), шовинистички настроени големогрчки и опортунистички елементи од раководството на ЕЛАС се покажаа неспособни да го решат македонското прашање.

Познато ви е дека нашата организација НОФ е продолжение на СНОФ, дека е основана и се јавува во последната декада на април 1945 година и дека правилно раководеше со македонскиот народ за да го спаси од монархофашистите и англо-американските империјалисти, да го поврзе и претвори во силен (природен) сојузник на грчкиот народ во заедничката

демократска борба. Но, и покрај сето тоа, штом се појави НОФ и почна да работи, стана мета број еден за уништување не само, од една страна на монархофашистите, туку во исто време и мета на клеветничката офанзива од членовите и раководителите на КПГ. Зошто сето ова? Затоа што НОФ се спротивстави на условите на Договорот во Варкиза (12.II.1945, б.н.), а кој и другарот Захаријадис на Петтиот пленарен состанот на ЦК на КПГ го окарактеризира како предавство.

Сите вие знаете и знаеме дека од септември 1944 се до март 1946 година, како усно така и писмено, членовите, раководителите, дури и високите раководители на КПГ, и самиот орган на КПГ – “Ризоспастис”, ги нарекоа предавници, органи на Интелиџенс сервис, автономисти и разбивачи, десетина македонски раководители.

Познато ви е дека во март 1946 година (генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос Захријадис заседе позитивен став спрема НОФ на 28 декември 1945 и на 11 и на 12 април 1946 година во Солун, б.н.), во Солун, во својот говор, .другарот Захаријадис заседе позитивен став по прашањето на НОФ и им препорача на членовите и раководителите на КПГ дека НОФ е организација која одговара на интересите на македонското движење во Грција.

Никогаш не било тајна дека до 24 ноември 1946 година НОФ не работеше под раководство на КПГ и дека тогаш се дојде до решението НОФ да подпадне под директно раководство на КПГ. Но, врз основа на тоа што и како дојде до потчинувањето на НОФ под апсолутно раководство на ЦК на КПГ? Вие знаете, како и многу македонски кадри - раководители, како и македонскиот народ, дека врз основа на поранешниот писмен договор меѓу НОФ и КПГ дојде до ставање на НОФ под раководство на КПГ. (НОФ се стави под контрола на КПГ на 21 ноември 1946 година, врз основа на спогодбата за обединување на НОФ и КПГ склучена на 14 октомври 1946 година. Спогодбата предвидуваше: 1) Македонската партиска организација во егејскиот дел на Македонија во целост да се вклучи во КПГ. Паскал Митревски, дотогашен секретар на НОФ да влезе во Бирото на КПГ за Македонија и Тракија, а

Ѓорги (Џоџо) Урдов - во Пленумот на Покраинскиот комитет. По овие распределувања, Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија и Тракија да изврши распоред на другите македонски кадри. 2) Да се формира централно раководство на НОФ за Егејска Македонија. Во централното раководство да влезат, покрај другите, Михајло Керамитчиев и Паскал Митревски. Централното раководство на НОФ за својата работа ќе одговара пред Партискиот комитет (ПК) за Егејска Македонија и Тракија. Централното раководство ќе има свој орган што ќе се печати на македонски и на грчки јазик. За редактор се предвидуваше да биде Павле Раковски, дотогашен член на Главното раководство на НОФ за Егејска Македонија и одговорен по агит-проп. 3) Во ПК на ЕПОН за Македонија и Тракија да влезе Минчо Фотев, дотогашен член на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија и одговорен за младинските прашања. 4) Да се оствари полно организационо, политичко и акционо единство на партизанските движења во Грција и Егејска Македонија. Посебни македонски партизански единици нема да се формираат. Македонскиот воен и политички кадар во партизанското движење ќе се користи со исти права како и грчкиот, односно според способностите. 5) За правилното спроведување линијата на Партијата во партизанското движење во Егејска Македонија и Главниот штаб на партизанското движење за Егејска Македонија и Тракија да влезе Ѓорги (Џоџо) Урдов, дотогашен член на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија. (Овие податоци се земени од збирката: "Егејска Македонија во НОБ 1945-1949, АЕ: 445/1/49 год. Архив на Македонија, б.н.). Сите знаат дека врз основа на тој договор КПГ се обврза оти ќе земе еден раководител од НОФ во ЦК на КПГ, 2-3 во Македонското биро на КПГ, еден во Главниот штаб на ДАГ; дека секретарите на партиските органи на организацијата во провинциите на Македонија - Костур, Лерин и Воден, ќе бидат Македонци и на крајот македонскиот народ да биде претставен рамноправно со свои кадри на НОФ во сите организации на заедничката демократска борба. Врз основа на тој договор НОФ зеде за своја задача да се стави и да дејствува под целосно и сестрано раководство на КПГ, да прекине секаква зависност од раководењето надвор од Грција. Да ги расформира постојните партиски ќелии во македонските села и на крајот да ги

расформира постојните македонски одреди од 1.200 борци и да ги стави под команда на Главниот штаб на ДАГ. Од страна на НОФ горeспоменатиот договор беше исполнет и тоа беше стварност, дело. Веднаш беа ликвидирани партиските ќелии и македонските единици, од кои една единица од костурско-леринскиот крај. а друга од воденскиот, обете со по над 1.000 борци добија наредба да појдат за Хасија и Тесалија, да се припојат кон тамошните малобројни грчки партизани и заеднички да дејствуваат во формирањето, зацврстувањето и развитокот на Демократската армија во тој крај, а најпосле и НОФ падна под директно раководство на КПГ. И сето ова ги обезбедуваше сите предуслови за формирање, зацврстување и развиток на демократската борба во земјата, за зацврстување на братството и единството меѓу македонскиот и грчкиот народ.

Додека другарите од НОФ во целост ги исполнија своите обврски во врската со горното, во интерес на македонскиот народ и заедничката борба во Грција, а врз основа на договорот меѓу НОФ и КПГ, се поставува прашањето како КПГ ги исполни на дело условите од договорот. Еве како: во ЦК на КПГ не дојде ниеден раководител на НОФ, ниту во Главниот штаб на ДАГ. Само Џоџо (Ѓорги Урдов, б.н.) е примен како интендант во Штабот на ДАГ за Централна и Западна Македонија. Во МБ на КПГ наместо 2-3 Македонци е примен само другарот Паскал (Паскал Митревски, б.н.), кој беше одреден за ЦК на КПГ, а и тој само формално, затоа што од почетокот на 1947 година заклучно со јули 1948 година не учествувал на потесните состаноци на МБ на КПГ. За партиски секретари во провинциите Костур и Лерин наместо да бидат поставени Македонци, согласно со договорот, беа Грци, конкретно другарот Жогас (Танасис Жогас, б.н.), Б Ефтимијадис и Кацакос. Навистина во окрузите Воден и Гуменце; во средината на 1947, беше поставен другарот Гушопулос Анастас – Македонец, кој не беше член на НОФ, туку познат како негов противник исполнет со цредубедување против НОФ и против самиот македонски народ. И не само тоа, насекаде постоеше тенденција за издигнување на грчкиот раководен кадар во ДАГ и во разните политички организации, во партијата и сл., а насекаде се најдуваше на потценување, презирање и неиздигнување на македонскиот кадар.

И така, другари, да бидеме конкретни, раководството на КПГ не го исполни и не го спроведе во дело договорот меѓу НОФ и КПГ од 1946 година. Тогаш, другари, оправдано заклучуваме со првото прашање и доаѓаме до првото наше чудење: зошто раководителите на КПГ не го исполнија договорот меѓу НОФ и КПГ.

Другари,

Како продолжение, а последица но неисполнувањето на обврските од КПГ, земени според договорот меѓу НОФ и КПГ, и како последица на лошото раководење со организацијата НОФ и односот кон македонското национално прашање воопшто од компетентните претставници на КПГ настана разединување на револуционерните демократски раководни сили на НОФ и воопшто на македонскиот народ, а со тоа се создадоа и два табора.

Во едниот од тие табори се собираа оние кадри кои настојуваа да се реализира барањето и издигнувањето ва македонските кадри, значи барањето за исполнување на договорот меѓу НОФ и КПГ. Во другиот табор беа оние кои зборуваа дека му е дадено се на македонскиот народ дека се тече како мед и млеко, кратко речено истапуваа свесно и несвесно против издигањето на македонската борба и нејзините кадри, никако не сакаа да дискутираат, сметајќи дека е тоа залудно, па дури и опасно. Следуваше еднострано издигнување на кадри (Македонци), кои клеветеа и му се противеа на НОФ до неговото полно паѓање под раководство на КПГ. Настана страшно потценување на кадрите (Македонци) - иницијатори за формирање, развиток и афирмирање на СНОФ и НОФ, кои беа меѓу првите во ЕЛАС и кои беа први кои заедно со македонските единици пристапија кон ДАГ на 24 ноември 1946 година.

Не само што се разделија силите во НОФ и имаа спротивни гледишта од горните причини, дури и другарите од ЦК на КПГ, кои раководеа со македонското прашање, не само што не ги анализираа причините на овој расцеп, туку задоволно зборуваа дека е тоа лична “борба”, за “лично господство” и водеа

политика спрема НОФ, кој го предводеше македонскиот народ во борбата на живот и смрт, “остави ги да видиме што ќе направат”, “гледај си сеир” и политика “раздели па владеј”. Да не одолговлечуваме бидејќи односите во НОФ се заоструваа и се бараше решение за внатрешната нормална ситуација во НОФ и уште подобро за правилно да се реши македонското прашање, по Резолуцијата на Коминформот против КПЈ се состана ПБ на ЦК на КПГ и го донесе познатото решение од 15 јули 1948 година, кое стана и решение на Првиот пленарен состанок на Централниот одбор на НОФ (август 1948 година) и ги донесе следните заклучоци:

1. Дека внатрешната ненормална ситуација во НОФ и неиздигнувањето на македонскиот кадар се препишува како фракционерска и лична борба за превласт меѓу Паскал и Керамитчиев.

2. Дека оваа “лична” и беспринципиелна борба е штетна за македонскиот и грчкиот народ.

3. Другарите Паскал и Керамитчиев да бидат отстранети од НОФ, затоа што не успеале да ја омасоват оружената борба на македонскиот народ, што многу македонски партизани не испратиле во редовите ДАГ.

4. Дека не била зацврстена и развиена дејноста на народната власт во македонските области.

Другари,

Можеби ќе ни речете дека зборуваме неодредено, ќе ни речете дека сме неучтиви, бидејќи го изложуваме ова, ќе ни речете дека уште прерано ги донесуваме заклучоците и дека не приведовме конкретни примери и факти. Читајќи го ова писмо ќе се прашате: Зошто партиското раководење со НОФ и воопшто со македонското прашање од ЦК на КПГ било неуспешно? Тоа се случи затоа што другарите Стрингос (Леонидас Стрингос, б.н.) и Порфирогенис (Милтијадис Порфирогенис, б.н.) спроведуваа наполно рамнодушна политика и дозволуваа да се спроведува политика “раздели па

владеј" во НОФ. Зошто настана потценување на македонската борба и еднострано издигнување на кадрите на НОФ? Зошто решението на ПБ на ЦК на КПГ од 15 јули 1948 година, кое стана и решение на Централниот одбор на НОФ, од 8 август 1948, било неправилно? Зошто постојаното меѓусебно неразбирање на другарите Паскал и Керамитчиев не значело лична борба.

Другари, еве зошто: затоа што, како што приведовме погоре, неисполнувањето и неспроведуањето во дело, од ЦК на КПГ, на обврските од договорот од 1946 година помеѓу НОФ и КПГ, значеше истовремено и неспроведување во дело и нереализирање од ЦК на КПГ на принципот на рамноправност на македонскиот народ, нереализирање на неговите барања и неговите желби. Тоа имаше како правилна и природна последица разединување на силите на НОФ, меѓу македонските партизани, меѓу самиот македонски народ. Тоа беше и единствената причина на расцепот. Факт е дека до 7 август 1948 година (Првата пленарна седница на НОФ) во ДАГ стапија над 14.000 македонски партизани, што значеше пет бригади, 21 баталјон, а факт е дека до тој период во ДАГ имаше само еден Македонец командант на бригада, другарот Пандо Вајновски и еден политички комесар, другарот Анастас Гушопулос, кои не се кадри на НОФ и само пет мајори Македонци. Истата појава се среќава и во пониските единици. Исто така е факт дека немаше ниеден Македонец во штабовите на ДАГ во Западна Македонија, во Централна и Источна Македонија, во Главниот штаб исто така не постоеше Македонец. Сето тоа сведочи дека според принципот на рамноправноста на Македонците во ДАГ не се постапуваше од ЦК на КПГ, кој раководеше со ДАГ или пак се постапувало во 1,6 посто, што значи неправилно се остварувал. Да видиме дали е сега правилно остварен принципот на рамноправноста на Македонците во поглед на нивните права во секторот на народната власт.

Во ПДВ формирана на 23. XII. 1947 година нема ниеден македонски министер, а дванаесетте гувернери по три во Западна, Источна и Централна Македонија беа Грци. Во Дирекцијата на националните малцинства немаше ниеден Македонец, што значи класичен пример на потценување,

омраза и неостварување на рамноправноста на македонскиот народ и нерамноправно негово застапување.

Да видиме како и колку е застапен македонскиот народ во Партијата (КПГ). Порано спомнавме дека во ЦК на КПГ не одеше другарот Паскал иако беше одреден. Во МБ е само дргарот Паскал, кој само формално фигурира. Излишно е да се зборува за партиските раководители Македонци во ДАГ и во народната власт.

Рековме дека македонски раководители, макар колку и да беа потребни, не беа земани и поставувани. Но, овде треба основно да се подвлече дали постоеше партиска група, партиска организација внатре во самиот борбен, жив и раководен орган на македонскиот народ во организациите на НОФ и АФЖ. Ние рековме дека НОФ - АФЖ од 24. XI. 1946 година до 7. VIII. 1948 година, значи непрекинато цели 20 месеци, беше единствена, правилна, националноослободителна организација на Македонците - со тешки задачи и одговорности; беше рековме без партија, без партиска група, без партиска организација. Членовите немаа, од високите раководители до пониските, никаков партиски живот. Другарот Ставро Кочопулос, кој беше одреден од ЦК на КПГ веднаш по Првиот конгрес на НОФ (13.I.1948 година), како партиски раководител на НОФ до 8.VIII.1948 година, еден ден пред пленарната седница на ЦО на НОФ (Партиската група на НОФ на чело со Ставре Кочев (Кочопулос) беше формирана на 27 март 1948 година, б.н.) не одржа ниеден партиски состанок на Извршниот одбор на ЦО на НОФ. Значи, цели 20 месеци НОФ и АФЖ раководеа и дејствуваа само како НОФ и АФЖ без партиска организација и, се разбира, без партиска одговорност, без партиска контрола. Од горенаведеното се јасни две работи: Прво, дека не се оствари рамноправно застапување на македонскиот народ во народната власт и ДАГ, како и во другите организации и формации на демократската борба. Тоа значи дека принципот на рамноправноста (тука постои прашање на рамноправноста) не е реализирано. Второ, дека ЦК на КПГ ја затвори вратата на КПГ за македонскнот народ, за неговите кадри. Партајата 20 месеци не постави партиска група во НОФ - АФЖ, а знаеме дека секоја компартија мора да има

свои ќелии, дури и во најдемократскиот организам, кој претставува само 5 членови демократи, дури и само 5 родољуби, во една работилница, во едно здружение, во една установа итн. Доколку една цела организација, која раководи со еден народ, со еден на демократското движење во цела Грција, кој поради специфичната национална состојба бил мета за англоамериканските империјалисти и монархофашистите и за нивните агенти за наполно уништување на тој народ. Тоа беше најделикатното, најсилното револуционерно движење во Грција за сето време на борбата (Ете така стои прашањето во врска со принципот на рамноправноста).

Значи, другари, со вината на КПГ или на оние другари кои раководеа со македонското прашање и со НОФ, не се оствари национална рамноправност и рамноправно застапување на македонскиот народ во рамките на демократското движење во земјата. По вина на ЦК на КПГ не се формирани партиски ќелии, организација и партиски живот на НОФ итн. По вина на ЦК на КПГ не постоеше партиска контрола и одговорност. И продолжувајќи така, се создаде расцеп, кој беше повод за расправии во врска со неисполнувањето на принципот на рамноправноста на македонскиот народ. И понатаму, другари, по вина на ЦК на КПГ расцепот на НОФ беше постојан. Природно е што настана таков расцеп, затоа што другарите Керамитчиев, Гоче (Илија Димовски, б.н.), Оче (Вангел Ајановски, б.н.), Раковски (Павле Раковски, б.н.), Славјанка (Стерјана Вангелова, б.н.), Вера (Евдокија Николова, б.н.), Ничев (Вангел Ничев, б.н.) и поголемиот дел од кадрите на НОФ настојуваа да се примени принципот на рамноправноста на македонскиот народ, за формирање партиска организација во НОФ, за обезбедување мирен, демократски живот, за праведно и нелицемерно издигнување на македонските кадри. Тие другари смело се опираа на неправилните постапки и на големогрчкиот шовинистички дух што се јавуваше кај високите партиски раководители. Дури им се спротивставија на пасивниот дел на кадрите на НОФ – АФЖ, кои поради недоследна револуционерност или партиски ортодоксизам, или поради предубедување и лицемерност, или од стремеж да склучуваат сојуз со болните елементи или да замижуваат пред јавно штетните, постојани и нерешени ситуации, или од

политиканство и кариеристички побуди ги примаа работите слепо. Ги фалеа грешките и зборуваа дека е се решено. За доказ на претходното се повикуваме на нашите писмени извештаи што досега ви ги праќавме, чии копии ги чуваме, се повикуваме на нашите говори и ставови на разни состаноци на НОФ, на нашите говори и забелешки од Првиот пленарен состанок на НОФ и слични работи, кои го потврдуваат сето она што го рековме досега. По вина на ЦК на КПГ или на членовите на ЦК на КПГ остана таа ситуација, бидејќи не се искоренија причините за расцепот на НОФ. Понатаму, можеме да речеме дека по вина на ЦК на КПГ влезе и третиот фактор во високото раководство на НОФ, третата странка, др. С. Кочопулос, А. Гушопулос и др., кои со својата дволична политика кон НОФ и неговите кадри се повеќе ја ширеа пукнатината и си поставија задача на секој начин да ја шират таа пропаст, на секој начин да го уништат живиот дел на НОФ, да го задушат неговиот глас и неговите праведни барања и дозволуваа да се слуша само гласот дека “се тече како мед и млеко во НОФ”, дека е сјајно раководството на НОФ и воопшто решавањето на македонското прашање од другарите на ЦК на КПГ и се стремеа да станат главни раководители на НОФ, што и стана.

Другарот Кочопулос стана партиски секретар на НОФ, иако со тоа не беа согласни поголемиот дел од членовите на Извршниот одбор на ЦС на НОФ (состанокот на ИО на ЦС на НОФ во присуство на другарот Барџотас од 15 март 1948 година). (Состанокот на Извршниот одбор на НОФ беше одржан на 27 март 1948 година, б.н.). Тие се поставени за раководители и покрај тоа што другарот Гушопулос го расформира речиси целиот НОФ во Воденскиот округ (ви го доставуваме извештајот на другарот Оче за ЦК на КПГ од април 1948 година), а тие до ноември 1948 година беа најголеми противници и клеветници на НОФ, против кадрите на НОФ. Сето ова, другари, се вршеше со знаење на ЦК на КПГ.

Произлегува, другари, дека од сето што го наведовме и анализиравме погоре, можеме да заклучиме оти сме во право кога зборуваме дека македонското раководство на НОФ и македонското прашање воопшто (од 24. XI. 1946 до 7. VIII. 1948) од ЦК на КПГ неправилно и неуспешно е решено. Во

право сме кога можеме да речеме дека другарите Милтијадис Порфирогенис и Леонидас Стрингос, како и сите други кои се занимаваа со НОФ и македонското прашање, се покажаа рамнодушни по прашањето на НОФ и неговите интереси, за самиот македонски народ, а спроведуваа или дозволуваа да се спроведува политика на несогласие, политика на влијателни сфери "раздели па владеј". Со право можеме да речеме дека постоеше потценување и неиздигнување на македонската борба и нејзините кадри, затоа што не се реализираше рамноправноста на македонскиот народ. Издигнувањето на македонскиот кадар се вршеше еднострaнчиво.

Кога сме при оваа работа, со право можеме да речеме дека одлуките на ПБ на ЦК на КПГ од 15. VII. 1948 година, кои постоеја, и одлуките на ЦО на НОФ (7. VII. 1948 година) беа неправилни, а еве зошто:

1. Разединувањето внатре во НОФ што им се префрлува на другарите Керамитчиев и Паскал не беше "фракционерска, беспринципиелна и лична борба за превласт" - како што гласи во одлуката. Се постави прашањето, зошто ние се боревме и водевме упорна борба за остварување на правата на македонскиот народ? Водевме борба за спроведување во дело принципот на рамноправноста во секој однос на нашиот народ, а таквата наша борба беше принципиелна. Покрај ова, водевме борба, дури молевме да се постави партиска група во НОФ, за да биде Партијата поблизу до народот, водевме борба против оддалечувањето на Партијата од една цела организација, од целиот народ, а таа е најважен принцип за една партија и јасно е дека нашата борба и на овој сектор беше принципиелна.

Водевме борба за да се поправи влошената ситуација, предизвикана од дргарите на ЦК на КПГ кои раководеа со НОФ, за отстранување на раководењето од влијателните сфери од нивна страна и обезбедувањето на внатрешното единство, за координирана дејност на кадрите на НОФ и АФЖ во еден правец, за обезбедување чесна и правилна кадровска политика на НОФ, а сето ова покажува дека и овде сме воделе една принципиелна борба.

И уште нешто, водевме борба против големогрчкиот шовинизам што владееше кај многу грчки кадри во ДАГ (Кирјакос) (Иираклис Мелетијадис, б.н.) на Кајмакчалан и Лефтерис (Лефтерис Кацакос, б.н.) на Вичо, кои во присуство на партиското раководство од неоправдани причини убија 20 македонски партизани и се здружија со најфанатичните антимакедонски елементи, односно предавници и Македонци по селата кои се прикажуваа како Грци. На таквите предавници им овозможија да избегаат во градовите и таму да им се предадат на монархофашистите, така што водевме борба против ова непријателство, што владееше против НОФ и против македонскиот народ застапувано и брането од претставниците на КПГ.

Другари, значи, нашата борба не била "фракционерска", "беспринципиелна", "за лнчна превласт", туку била чесна, партиска борба за принципи. И кога таа борба не била "фракционерска" и сл., значи дека не била антидемократска, ни штетна за македонскиот како и за грчкиот народ, како што е спомнато во Резолуцијата, туку била корисна и демократска борба. А кога така стојат работите тогаш природно доаѓа и третото обвинување, во кое се зборува дека "поради таа фракционерска и беспринципиелна борба меѓу Паскал и Керамитчиев не се издигале македонски кадри" и дека "поради нивни гршки и грешки на високото раководство на НОФ, Македонците не отишле во редовите на партизаните". Отпаѓа и ова обвинување, другари, бидејќи е факт, како што и порано наведовме, дека ЦК на КПГ не го спроведе во дело договорот меѓу НОФ и КПГ, не го исполни принципот спрема македонскиот народ воопшто, а уште е понеправилно она што понатаму стои во Резолуцијата дека НОФ не праќал Македонци во редовите на партизаните. Ова отпаѓа и кога ќе се земе поедвид дека НОФ, и неговото беспартиско фракциско раководство, успеа до 7.VII.1948 година да испрати 14.000 Македонци борци, од вкупно 250.000 македонско население во Грција, а самиот ЦК на КПГ, Главниот штаб на ДАГ и АКЕ успеаја до тоа време да дадат само 25.000 грчки партизани, додека во Грција бројот на населението изнесува 7 милиони, што значи, ако направиме споредба процентуално излегува дека има 17 пати помалку партизани Грци, при што треба да се има

предвид дека НОФ поради нездравите односи не можеше да придонесе повеќе, токму поради лошото раководење од ЦК на КПГ. Сето ова докажува колку е драгоцен придонесот на НОФ за демократското движење во Грција.

Во четвртото обвинение во Резолуцијата се зборува дека народната власт по македонските окрузи не била доволно добро зацврстена и развиена, поради "беспринципиелната, фракционерската и лична борба за превласт", дека не е достојна, зашто ако била подобра не ќе се раководела од Грците гувернатори, кои не можеле да ја сфатат македонската стварност, не познавајќи ги месните услови, туку требало и НОФ да има поголемо право по ова прашање, а кое го нешаше, ниту беше меродавно неговото мислење, како на пример за испраќање на лекување на туберкулозни кадри. И дотолку понеправилна е оваа одлука кога ќе се земе предвид и Четвртиот пленум на ЦК на КПГ (Четвртиот пленум на ЦК на КПГ беше одржан на 29 јули 1948 година, б.н.) во чија Резолуција за НОФ се вели конкретно: "Македонскиот народ масовно учествува во денешната демократска борба". Ако го земеме предвид и фактот дека Захаријадис на состанокот на Секретаријатот на НОФ (Паскал, Керамитчиев, Вера, Кочопулос) на Грамос на 29 јуни констатира дека македонскиот народ во ДАГ и во народната власт не е застапен врз рамноправна база, дека ЦК на КПГ, односно ПБ ја носи најголемата одговорност за лошата состојба во НОФ, кога зборува: "Оставете да видиме што ќе направат", дека се уште македонската национална стварност се потценува и дека има уште предубедувања за тоа. И самиот Захаријадис пред македонските воени кадри на 5.X.1948 година рече: "Другарите Стрингос и Порфирогенис беа исполнети со предубедувања за НОФ, а се покажаа неспособни да го решат македонското прашање".

Резолуцијата на ПБ на ЦК на КПГ станува уште понеправилна и поради тоа што во неа е специјално подвлечено, како што беше на Првиот пленарен состанок на ЦО на НОФ, каде што се обвинува и се фрла сета одговорност врз високото раководство на НОФ, базирајќи се на "беспринципиелна лична борба" помеѓу Паскал и Керамитчиев, а не споменувајќи го воопшто

неправилното партиско раководење и одговорноста на ЦК на КПГ или одговорноста на другарите од ЦК, кои неправилно раководеа во НОФ и така се однесуваа кон македонското прашање.

Уште понеправедна и почудна станува Резолуцијата со фактот дека е потпишана лично од другарот Захаријадис кој на состанокот на Секретаријатот на НОФ (29.VI.1948 година) јавно ги нападна Стрингос и Порфирогенис и по Првото пленарно заседание на НОФ презеде лично да раководи со македонското прашање, па поправи низа прашања, за што сведочат фактите дека Резолуцијата била неправедна, дека ние сме биле во право, или дека сме имале најмала одговорност, многу помала од другите. Како заклучок на гореизнесената ситуација се поставуваат следните прашања:

1. Кои се причините за неспроведувањето во дело а договорот меѓу НОФ и КПГ?

2. Зошто се дозволува да се спроведува неправедно раководење со македонското прашање - НОФ и македонската битност воопшто од другарите на ЦК одредени за тоа?

3. Зошто се определени за такво раководење на НОФ другари кои се преполни со предубедување кон НОФ и македонската борба?

4. Зошто НОФ и АФЖ останаа полни 20 месеци без партиска група?

5. Зошто излезе неправедната Резолуција на Првиот пленарен состанок на НОФ?

6. На крајот, зошто констатацијата на другарот Захаријадис пред Резолуцијата и неговата постапка по неа во раководењето со македонското прашање доаѓа во противречност со содржината на Резолуцијата?

Другари, познато ви е дека против содржината на Првиот пленарен состанок на ЦО на НОФ се изјаснија поголемиот дел

од кадрите на ЦО на НОФ за време на заседанието (8.VIII.1948 година). Го изложуваме нашето гледање јасно, а исто така и нашето мислење за неуспешното раководење со македонското прашање и НОФ од споменатите другари на ЦК на КПГ и од самиот ЦК. Ние дисциплинирано ја примивме оваа резолуција од партиско гледиште, бидејќи таа му беше наметната на НОФ од страна на Иоанидис (Ганис Иоанидис, б.н.) и Порфирогенис во најкритичните моменти за ДАГ, за време на борбите на Грамос, и секој отпор би имал за последица не само разбивање на НОФ, на македонскиот народ и на македонските партизани, туку истовремено би се скршила и одбраната на ДАГ на Грамос и не би било возможно Вичо да се претвори во втор фронт, па монархофашистите би го зазеле. Дисциплинирано постапивме затоа што ги пресметавме огромните негативни последици што ќе настанеа ако го направивме спротивното. Тоа ние го пресметавме повеќе и подобро од ЦК на КПГ, што овозможи да се донесе споменатата Резолуција.

Имено, ние бевме дисциплинирани не поради тоа што Резолуцијата беше правична, односно нејзината содржина, туку за да го осуетиме расцепот, затоа што го гледавме интересот низ призмата на демократското движење во Грција, па и заради тоа им ги потчинивме интересите на НОФ и на македонскиот народ на општите интереси на земјата: поради тоа што не сакавме да се разбие демократското движење во Грција, како и поради тоа што верувавме дека другарот Захаријадис ќе создаде добра состојба и затоа што официјално изјави дека ќе се формираат македонски единици, дека ќе има македонски претставници (министри во ПДВ, Македонец - претставник во Главниот штаб на ДАГ, во Управата за националните малцинства и слично).

Другари, да видиме сега како ЦК на КПГ раководеше со НОФ и со македонското прашање веднаш по Првиот пленарен состанок на ЦО на НОФ, т.е. по отстранувањето на Паскал и Керамитчиев од Секретаријатот, по 10.VIII.1948 година. Да видиме како раководи и решава по тоа прашање и до ден денес. Ние немаме намера да се впуштаме во дејностите, а ќе се ограничиме на најважните настани што се одиграа и кон уште се развиваат, правејќи споредба со самата стварност,

интересите на НОФ и на македонскиот народ и уште повќе да се види дали тоа беше во интерес на заедничкото демакратско движење во Грција. Сето ова за да ви ги кажеме причините поради кои не се согласивме и со другарот Порфирогенис, член на ЦК на КПГ, кога дојде во март о.г. (Милтијадис Порфирогенис и неколку раководители на НОФ на чело со Паскал Митревски во Скопје престојувале во првата декада на февруари 1949 година, б.н.) заедно со другарите Паскал, Манговски (Крсте Мангов, б.н.) и Марика (Марика Елкова, б.н.) со намера да не "убедат" да се вратиме назад. Уште и писмено ќе ги изнесеме причините што нас не принудуваат да останеме овде:

1. Вам ви е познато, другарн, дека по 10.VIII. 1948 година цели 55 дни, односно до 5 октомври 1948 година другарите Паскал и Керамитчиев седеа изолирани во Буковиќ - Преспа и од ваша страна ним не им беше доверена никаква работа, било во редовите на ДАГ или во НОФ, иако со одлуката на ПБ на ЦК на КПГ (15.VII.1948) беше предвидено овие двајца другари, за кои конкретно и во Резолуцијата се зборуваше, дека треба веднаш да стапат во редовите на ДАГ со чинови потполковници - политкомесари, кои чинови им беа доделени со специјална наредба на Главниот штаб на ДАГ (од генералот Маркос). Но, ним не им се дозволуваше да преземат работа дури и во НОФ и покрај тоа што согласно со горната одлука тие продолжуваа да бидат членови на Извршниот одбор на НОФ. Во тој период не се преземаше ништо за подобрување на здравствената состојба на другарот Керамитчиев. Но, не само ова. Со тоа има и нешто друго.

Вие знете дека бившите клеветници и противници на НОФ, другарите Којчев (Вангел Којчев, б.н.), Ставро Кочопулос, Анастас Гушопулос (Маки) и компанијата, која влезе во Извршниот одбор на НОФ и во Секретаријатот по упорното настојување на Иоанидис на I конгрес на НОФ (13 јануари 1948 година), беа избрани без тајно гласање (што вие ни го забранивте), дочекаа момент да се нафрлат не само против другарот Илија Димовски-Гоче, кој е отстранет од редовите на ДАГ цели 5 месеци, не знаејќи зошто, па и против другарите, Оче, Славјанка и други.

2. Вам ви е познато, другари, дека по II пленарно заседание на НОФ и по отстранувањето од Секретаријатот на НОФ на другарите Паскал и Керамитчиев, се разбира пак со упорно настојување на другарот Иоанидис, како и без тајно гласање, е поставен за секретар на НОФ командантот на Народната милиција за Леринско и Костурско, другарот Којчев, а за претседател на НОФ другарот Ставро Кочопулос. Истовремено, како виши раководители Македонци во редовите на ДАГ и понатаму останаа единствено Вајнас (Пандо Вајната, б.н.) и Маки. Што значи сето ова? - Значи дека НОФ, односно македонското прашање го презеле довчерашни антинародно-фронтовски елементи.

3. Вие знаете, другари, дека по Резолуцијата на ЦО на НОФ од 8.V.1948 година и по отстранувањето од Секретаријатот на НОФ на Паскал и Керамитчиев, другарот Захаријадис лично зеде да раководи со НОФ и со македонското прашање. Знаете дека на 4.X.1948 година самиот Захаријадис свика актив на македонските кадри од НОФ, АФЖ и народната власт. Познато ви е дека целта на овој актив беше “убедувањето” на македонските раководители и народот дека Паскал и Керамитчиев биле “беспринципиелни фракционери” и дека воделе лична борба за власт. Познато е и тоа дека на овој актив другарот Захаријадис, меѓу другото, рече дека другарот Порфирогенис (кој раководеше со НОФ и воопшто со македонското прашање до 8.VIII.1948 година) бил настроен плодотворно кон НОФ и македонскиот народ и дека се покажал целосно неспособен за раководење со македонското прашање, а покрај тоа дека ЦК на КПГ е најмногу одговорен за ненормалната состојба во НОФ и дека било злосторство што на македонскиот народ од КПГ не му било овозможено она што го заслужува, да има свои претставници во Главниот штаб на ДАГ, во ПДВ и во Управата за национални малцинства.

4. Вие знаете, другари, дека, раководејќн со НОФ и македонското прашање, лично Захаријадис, на овие активи официјално изјавуваше дека тој ќе преземе се во НОФ да се создаде партиска група, од НОФ да се избере министер за ПДВ, претставник во Главниот штаб на ДАГ, како и во Управата за

национални малцинства. А покрај сето тоа, да се формираат македонски единици, како составен дел на ДАГ и покрај непосредното раководство на ДАГ.

5. Вие знаете, другари, дека ние сепак дисциплинирано ги примивме овие одлуки и покрај тоа што призна и изјави другарот Захаријадис дека ќе ги реши сите прашања. Од тоа јасно се гледа дека сме биле во право и дека одлуките на ПБ на ЦК на КПГ, што беа прифатени во Резолуцијата на I пленарен состанок на ЦО на НОФ, не биле поволни. Траевме за да не дојде до расцеп во братството и единството меѓу грчкиот и македонскиот народ.

6. Вам ви е познато, другари, дека по сето ова, дадена им е задача на другарот Илија Димовски-Гоче и на Керамитчиев како помошник на Гоче, да организираат и собираат македонски единици од постојните способни сили, што избегаа во Југославија. Со иста задача во Албанија отидоа другарите Тодор Кочопулос-Виктор и Лазо Поплазаров. Дури се организира и свеченост по повод формирањето I македонска единица, во јануари 1949 година (I баталјон, на чело со другарот Атанас Ангеловски-Гарефис - мајор).

Вие знаете, другари, дека другарите Илија Димовски и Керамитчиев успеаја да убедат 300 Македонци дека е потребно да стапат во македонските единици, кои беа собрани и подготвени за одење долу. Во убедувањето тие наидоа на огромни тешкоти, бидејќи меѓу пребеганите Македонци владееше убедување дека водството на демократското движење во Грција не се однесува достојно спрема НОФ и македонското прашање, дека не се спроведуваат во дело принципите на рамноправноста на македонскиот народ. Напоредно со тоа, познато ви е, другари, дека другарите Лазар Поплазаров и Тодор Кочопулос беа убедиле неколку стотици Македонци во Албанија да стапат во македонските единици. Понатаму, вам другари, ви е познато дека врз основа на вашата наредба преку Главниот штаб на ДАГ во последната декада на февруари оваа година беше расформиран македонскиот баталјон “Гарефис”, со мотивација дека и тие не можат да претставуваат сигурна ќелија за македонските единици, бидејќи 90% од луѓето биле жени.

Исто така, како продолжение на оваа постапка, познато ви е дека другарите што ги доведоа Лазо Поплазаров и Виктор не стапија во македонските единици како што им беше ветено, туку ги растурија по разни единици. Сето ова беше направено без знаење на Илија Димовски и М. Керамитчиев, па така не беа остварени одлуките според официјалната изјава на другарот Захаријадис (како што е спомнато погоре), за формирање на македонски единици во редовите на ДАГ, правдајќи се дека XI дивизија на ДАГ ќе се нарекува македонска единнца, иако таа се состоеше 60% од Грци.

Вам ви е познато, другари, дека во текот на септември 1948 година во пограничните села Герман и Раби беа собрани околу 1000 Македонци, кои со сила ги напуштија своите села, бидејќи се наоѓаа на првата фронтовска линија. Познато ви е и тоа дека гореспоменатите Македонци, старци и деца, болни и жени, неспособни за борба, сите изразија желба да преминат во Југославија каде што избегаа десетина илјади Македонци за да побараат засолниште. На овие Македонци не нм се исполнети желбите, т.е. не се оставени да преминат во Југославија туку ги теравте, односно им дозволувавте преминување само во Албанија. Сега е општо познато дека овие луѓе ги држите концентрирани во разни села, изложени на секојдневни воздушни бомбардирања, чија последица се многубројните жртви.

8. Вам ви е познато, другари, дека со вашата одлука, како и со Резолуцијата на II пленарен состанок на ЦС на НОФ, на Петтиот пленарен состанок на ЦК на КПГ, II конгрес на НОФ, така и усно на разни партиски состаноци и конферанции, не нарекувавте предавници, опортунисти, органи на реакцијата итн.

Зошто ви ги приведуваме гореспоменатите точки? Заради тоа што на тој начин сакаме да ви докажеме дека и по Резолуцијата на I пленарен состанок на НОФ, односно по лнчното раководење на другарот Захаријадис со НОФ и со македонското прашање, македонското прашање како што треба и како што би било корисно за демократското движење во Грција, сеуште не е опфатено и не се раководи правилно, што значи дека се

продолжува со грешките и пропустите на штета на македонскиот народ, а такви штетни грешки се следниве:

1. Наспроти она што другарот Захаријадис официјално вети и нареди да се формираат и да дејствуваат македонски единици, зошто денес ништо не го спречува тоа и што создавањето на македонски единици денеска е единствен природен и логичен пат и начин не само да се задржат македонските партизани во редовите на ДАГ, туку и да се соберат нови македонски резерви од неослободените територии, како и да се вратат и бегалците што се наоѓаат надвор од земјата, и покрај тоа што со помош на македонските единици повеќе и подобро би се стабилизирала и зголемила ефективноста на борбата на Македонците, вие и денес не формирате такви единици (како што се гледа од разговорот на др. Порфирогенис), туку сакате да преминете преку тоа.

2. Со тоа што отстапивте од создавањето на македонски единици, а тоа значи откажување да се спроведе во дело она за што другарот Захаријадис решил и официјално вети, не компромитиравте нас пред нашите бегалци овде како лажговци (бидејќи ние им рековме дека добивме право за формирање на македонски единици) или пак вие страшно се компромитиравте, како недостојни на вашите одлуки и со тоа ја потврдивте уште одамна создадената недоверба спрема вас, спрема вашето раководство со македонокото прашање. Со тоа вие се компромитиравте и пред македонските партизани, кои се наоѓаат во редовите на ДАГ, пред кои вие јавно зборувавте дека ќе се формираат македонски единици.

3. Вие не им дозволувате на родителите, на неспособните жени и деца, на паднатите или живи македонски борци кои се наоѓаат денес во ДАГ да преминат во Југославија. Што е најлошо ги терате да одат во Албанија и ги држите концентрирани по селата, изложени на чести бомбардирања. Тоа значи дека вие во целост и на најлош начин ја копате пропаста и разединувањето на македонскиот народ да не може заемно да си помогне и да се спаси од сигурна смрт. Тоа значи дека вие, додека од една страна зборувате дека македонското прашање сте го решиле правилно, од друга страна во најкритичните моменти го

одделувате од своите браќа во НР Македонија. Со тоа ги осудувате на смрт луѓето неспособни за борба, бескуќните Македонци. Тоа значи дека вие губите уште повеќе во угледот и довербата кај македонскиот народ во целина, кај македонските борци во ДАГ, кај синовите и ќерките на гореспоменатите, како и кај 40.000 бегалци од Егејска Македонија.

4. Фактот дека денес другарот Вангел Којчев, член на Воениот совет при Главниот штаб на ДАГ, другарот С. Кочопулос, претседател на Управата за национални малцинства другарот Маки, политкомесар на дивизија (Макис-Анастас Гушопулос не беше политички комесар на дивизија туку на 18-та бригада на ДАГ, б.н.) и др., сите најголеми бивши противници на СНОФ-НОФ, без авторитет и доверба кај македонските маси, и дениденес страшно предубедени на се што е македонско и правилно уредено, покажува дека еднострanчиво ги издигнувате македонските кадри и поставувате на чело на македонскиот народ луѓе за кои фактите покажуваат дека не само што до денес не се заинтересирале за македонското прашање, за македонската стваност, туку и сега таму каде што се наоѓаат имаат намера најмалку од секого да придонесат за доброто на македонскиот народ, што значи дека вие не само што не го решивте правилно националното (македонското) прашање, туку напоредно со тоа, како до сега така и сега не го решивте правилно и персоналното прашање на македонскиот кадар.

5. Покрај оваа неправда и негативните последици, на еден неразбирлив начин се обидовте вашите грешки и пропусти кон македонското прашање да ги оправдате, со изопачување на вистината и реалноста, фрлајќи се врз нашиот грб или врз грбот на соседните народи и нивните раководства што не примаат.

Другари,

Со вашето раководење во НОФ и со општото македонско прашање до Првиот пленарен состанок на ЦО на НОФ (8.VIII.1948 година) ни се наметнаа следните прашања:

1. Зошто НОФ е оставен 20 месеци без партиска група?

2. Зошто од ваша страна не е исполнет договорот (писмен) од 1946 година меѓу НОФ и КПГ?

3. Зошто се назначуваат за раководители на НОФ и македонското прашање другари од ЦК на КПГ со негативно мислење и предубеденост кон НОФ и македонскиот народ?

4. Зошто не се реализира и спроведе во дело принципот на рамноправност и не му се даваат права на македонскиот народ?

5. Зошто ПБ на ЦК на КПГ ја создаде познатата целосно неправична Резолуција на Првиот пленарен состанок на ЦО на НОФ и зошто настојува да ја прикаже како правична?

6. Зошто ПБ на ЦК на КПГ дозволи полни 20 месеци во НОФ да владее ненормална состојба, поради тоа што не ги реши горespоменатите прашања? Сега по Првиот пленарен состанок на НОФ и со сегашното раководење на македонското прашање се поставуваат и други прашатња во врска со тоа:

1. Зошто се растурени собраните македонски борбени сили за македонските единици и зошто на тој начин се анулира решението и официјалното ветување (создавање и постоење на македонски единици) на другарот Захаријадис?

Зошто Првата дивизија со 60% Македонци се нарекува грчка единица, а не македонска? И другите единици имаат 60-70% македонци.

Зошто не се формирани, па и денес не постојат, македонски единици?

2. Зошто со знаење и решение на ЦК на КПГ се создаде “кинески ѕид” меѓу единствениот македонски народ од НР Македонија и Егејска Македонија? Зошто не им дозволувате на илјадници Македонци неспособни за борба да преминат во НР Македонија, туку со сила ги терате да преминуваат во Албанија? Зошто таму ги држите во концентрациони логори

изложени на јавна и сигурна смрт, да даваат секојдневно по десетина жртви?

3. Зошто на највисоки одговорни функции поставивте македонски кадри од типот на Којчев, Кочопулос, Маки и сл., неспособни да раководат со македонската стварност и неповерливи спрема македонскиот народ и кадрите. Ова се изразува во тоа што во последно време не е избран Македонец за секретар на НОФ, додека од друга страна македонскиот кадар е надарен со сите способности за правилно раководење со македонската стварност и народот. Македонскиот кадар е поставен на ниски и безначајни функции.

4. Зошто од ваша страна продолжуваат нападите и измислените клевети против нас, кога од се што до сега напишавме се гледа дека сме во право и одиме кон тоа да го изведеме македонското прашање на правилен и ефективен пат во корист на демократското движење во Грција.

Другари,

Ние не сме песимисти, ние не ја гледаме само појавата и на тоа да се радуваме. Ние гледаме во правото и обидот на другарот Захаријадис што повеќе да ги поправи грешките и пропустите од минатото кон НОФ и македонското прашање. Ние не сме луѓе кои не грешеле и кои не грешат, бидејќи тоа не е така. Со многу илјади Македонци ние овде се радуваме што другарот Захаријадис, иако по две години, решил да создаде партиска група (се мисли на формирањето на КОЕМ на 27 март 1949 година, б.н.) на НОФ и кај македонскиот народ, знаејќи дека раководството на НОФ денес би можело да реши доста проблеми на македонскиот народ ако има претставник во ПДВ. За она, пак, што македонскиот народ не се претставува во ПДВ со македонски министер, а исто така не се претставува и во Главниот штаб на ДАГ, во Управата на националните малцинства, како и што не се поставуваат македонски кадри на високи функции во ДАГ иако со тие еднострано и нееднакво издигнати и ден-денес немаат јасна претстава за македонската стварност и македонското прашање, другарот Захаријадис отворено ги критикуваше другарите од КПГ, кои немаат

правилен став по македонското прашање, дури изнесе и за самокритиката на ПБ на ЦК на КПГ. Сето тоа е добро и создава некоја можност и перспектива за македонското прашање и за сите македонски борци и народот, но ние не можеме сега да се залажуваме и да се задоволуваме со тоа што другарот Захаријадис имаше досега правилно решение, дека односот на ЦК на КПГ кон НОФ и македонското прашање е наполно и онаков каков што треба да биде, како дека и односот и ставот на КП спрема националното прашање се такви какви што бара вистинската македонска стварност, македонскиот народ и самото демократско движење во Грција. Сето ова, другари, го наведуваме бидејќи е факт дека вие и ден-денес не дозволувате формирање на македонски единици, туку ги оставате нашите мајки, татковци и деца таму да гинат, бидејќи не им дозволувате да дојдат овде. И сега едноставно ги издигате оние македонски кадрн кои денес криво го разбираат македонското прашање, заради лични амбиции и кариера не смеат да ви кажат или да наспомнат за неправилноста спрема македонскиот народ. Едновремено со тоа вие не напаѓате со измислени и неправични клевети. Сето ова, другари, покажува дека вие со вашата денешна политика кон НОФ и македонскиот народ не само што во целост не го решавате македонското прашање (како што беше и до 8.VIII.1948 година), туку вие денес уште повеќе ја зголемувате недовербата на македонскиот народ и македонските партизани кон вас и кон вашето раководење со судбината на македонскиот народ; создавате уште повеќе услови за дезертерства на македонските борци од ДАГ, ја намалувате борбената офанзивност на македонскиот народ и го кинете внатрешното единство на македонскиот народ и сл. Освен тоа вие со вашите постапки ја ликвидиравте можноста меѓу македонските маси да се пронајдат нови борбени сили за продолжување на борбата во Грција, кога за вас и за општото демократско движење во Грција, како до вчера така и денес, најделикатно беше и останува прашањето за резерви на ДАГ, нешто што според вашето мислење беше главна пречка што досегашните ваши перспективи и решенија пропаѓаа на штета на демократското движење во корнст на општиот непријател.

Што друго да кажеме за ваквите постапки кон македонскиот народ таму, кон нас во периодот од 8 август 1948 година

наваму, кога лично Захаријадис раководеше до скоро со НОФ и со македонското прашање, а сега раководат “луѓе неспособни и полни со предубедување спрема НОФ и македонското прашање”, како што беа, според изјавата на другарот Захаријадис, другарите Порфирогенис и Стрингос?

Што друго да кажеме во врска со она што и ден-денес не нарекувате шпиони, дезертери, плашливци, кога и самите знаете дека не сме такви, дека не сакаме “веднаш да ја обединиме Егејска Македонија со Вардарска Македонија”, како што нзјави Порфирогенис. Ова е негова наполна измислица, бидејќи вие не ја создадовме паролата за слободна и независна Македонија, туку тоа го рековте вие самите и НОФ и го публикувавте во весникот на НОФ “Непокорен”.

Што друго да ви кажеме кога вие знаете како досега така, и денес, па и утре, дека ние решивме достојно да ја водиме борбата за правата на македонскиот народ докрај, без да се плашиме дека ќе загинеме?

Само, сакаме да ви кажеме дека целата политика и тактика на ЦК на КПГ од 1941 година, па досега не беше правилна и таква каква што заслужуваше и требаше да се води спрема македонскиот народ и македонското прашање. Наедно со тоа вие ни изгледате недоверливи спрема НОФ и македонскиот народ или, пак, не го решавате со револуционерна и справедлива иницијатива најтанкото и сериозно прашање во историјата на демократското движење во Грција - македонското прашање, што значи дека вие - простете - слабо или никако не гледате на ова прашање.

И на крајот ви велиме, другари, бидејќи мислите и не нарекувате преку вашите луѓе “агенти на Титовата клика”, дека ние не сме ничии агенти, туку борци на македонскиот народ за демократија, воедно со тоа и искрени комунисти, со вистинољубив дух и добро срце. Што се однесува до прашањето за Тито, КПЈ, ние ви велиме усно и писмено дека од нив не сме приморани да бидеме на нивна страна или против ИБ. Наедно со тоа ние ви велиме дека ние и како Македонци и како комунисти писмено изјавуваме дека Тито, КПЈ, КПМ,

најправилно, најдостојно го решиле, го решаваат и ќе го решаваат во целина македонското прашање и притоа, бидејќи овде на дело гледаме, ние не можеме да веруваме дека другарот Тито КПЈ и КПМ, станале предавници, дека отишле или ќе отидат во таборот на империјалистите. Ако не сме во право, уверете не со факти и дела, а не само со зборови, со неизвршени ветувања и со искривување на вистината и стварноста.

Другари,

Не знаеме што ќе помислите и што ќе кажете кога уште еднаш ќе се запознаете со нашите погледи и со нашите желби и барања. Како што сакавте досега и како што сакате сега да не оцените и да не окарактеризирате, за нас, па и за вас, едно е најважно и најконкретно, дека и покрај сите откажувања од М. Порфирогенис и сите искривувања и фалсификувања на вистината и на нашите вистински желби, од него, ние и сега за последен пат писмено изјавуваме дека досега седевме овде и не слегнавме долу поради спомнатата неправда од ваша страна кон македонското прашање, дури и од денешното такво (како горе) потапување кон македонскиот народ таму, кон НОФ, кон кадарот и македонските борци во ДАГ.

Покрај сето тоа, ние и илјадници македонски борци сакаме денес да дојдеме таму и да продолжиме да се бориме херојски и достојно како и досега. За да се спроведе тоа успешно, ние ви велиме дека наполно ќе се успее и дека ќе се даде можност за сето тоа ако од ваша страна бидете согласни со следните прашања и барања на македонскиот народ од Егејска Македонија и на македонските борци.

1. Најенергично да се постапи и да се формираат македонски единици со свој македонски штаб, како составен дел на ДАГ, под раководство на Главниот штаб на ДАГ.

2. Да не се спречува од никого стапувањето во тие единици на секој Македонец, борец на ДАГ или новодојдените луѓе.

3. На прво место тие единици да дејствуваат во македонските области, додека не се искористат сите македонски сили, кои се денес пасивни или неутрални.

4. Да се постават за раководители на македонските единици македонски кадри, кои во целост ќе бидат избрани од борците и од нив примени и сакани.

5. Другарите Којчев, Кочопулос и Гушопулос-Маки да се сменат од должностите и да се заменат со македонски кадри, што ќе ги предложи ЦО на НОФ и кадарот на македонските единици.

6. Да се дозволи сите стари, неспособни, болни луѓе, жени и деца да преминат на територијата на ФНРЈ.

7. Да не се мобилизираат и испраќаат во првите борбени редови Македонци од 13, 14 и 15 години, како што тоа беше во вашата наредба; исто така ни жени постари од 36 години, како и сакати и сериозно болни мажи борци, она што досега се случуваше и што се случува денес, а со тоа се даваат огромни непотребни жртви од македонскиот народ.

8. Да се задоволат македонските деца, кои се надвор од Грција, да се напојуваат со револуционерно македонско воспитување и да се прекине со големогрчката асимилаторска политика врз нив, што ја карактеризира сегашната практика, така што на 80% им е забрането да го учат мајчиниот јазик.

9. Да се воспостават слободни културно-просветни односи меѓу македонскиот народ во Егејска Македонија (на слободната територија) и Македонците од Вардарска Македонија, да се прават дури и заемни посети меѓу раководителите на македонскиот народ од обата дела на Македонија.

10. Од страна на НОФ слободно да се агитира дека КПЈ правилно го решила македонското прашање и како е тоа решено, односно останало нерешено од страна на БКП.

11. Да се воведе тајно гласање за избор на НОФ, за АФЖ и за народната власт, а наедно со тоа да се воведе тајно гласање и во партиските организации на НОФ за избирање партиски раководители.

12. Меѓу македонските партизани и заднината да се спречи пропагандата против Тито, во корист на ПБ и обратно, или како што се дозволува пропаганда против едниот да се дозволи и против другиот.

13. Не само усно, туку и писмено, да се признае од ЦК на КПГ дека таа е најмногу виновна за сите досегашни неправди во НОФ и по македонското прашање; дека ние сме најмалку виновни и затоа од нејзина страна да се даде морално признание за исправноста на досегашната принципиелна борба.

14. Да не се бара пресметка со сите Македонци избегани во Југославија од редовите на ДАГ, односно да не се сметаат за дезертери и предавници.

15. За сето ова да се направи заемен писмен договор. Ние решивме со многу илјади другари да дојдеме таму и да ја продолжиме борбата.

Сите гореспоменати ветувања и барања се засновани и се базираат врз правилното воспитување и решавање на националното прашање од секоја комунистичка партија, а многу од нив се принципиелни прашања, кои поради фактот што уште и сега, од ваша страна, било да не се никако решени или пак да се решени неправилно ја оправдуваат нашата борба, нашето држење и нашата досегашна постапка, како принципиелно заснована на наполно правилна и комунистичка основа.

Во случај и овојпат да откажете (како што направи другарот Порфирогенис) и со нас да не се согласите, ние ви кажуваме дека како досега така и понатаму нема и не носиме никаква историска одговорност за се што се случи и што ќе се случи на штета на грчкиот народ.

М. Керамитчиев, с.р.
Гоче, с.р.

Документот е преведен од грчки јазик и е објавен во едицијата: “Егејска Македонија во НОБ 1949”, Т.VI. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1949 година. Превод и редакција: Д-р Ристо Кирјазовски и Фани Буцкова-Мартинова. Архив на Македонија, Скопје, 1983, док. 152, стр. 311-331.

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АКЕ | ЗЕМЈОДЕЛСКА ПАРТИА НА ГРЦИЈА |
| АФЖ | АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ |
| ВМРО /об./ | ВНАТРЕЖНА МАКЕДОНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА /ОБЕДИНЕТА/ |
| ГШ | ГЛАВЕН ШТАБ |
| ДАГ | ДЕМОКРАТСКА АРМИЈА НА ГРАЦИЈА |
| ЕАМ | НАЦИОНАЛЕН ОСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ |
| ЕДА | ГРЧКА ДЕМОКРАТСКА ЛЕВИЦА |
| ЕЛАС | ГРЧКАНАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА АРМИЈА |
| ЕПОН | НАЦИОНАЛНА СЕГРЧКА ОРГАНАЗАЦИЈА НА МЛАДИТЕ |
| ЕОН | НАЦИОНАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЛАДИТЕ |
| ЕППЕ | ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ БЕГАЛЦИ ОД ГРЦИЈА |
| ЕТА | КОМИТЕТ ЗА СНАБДУВАЊЕ НА ПАРТИЗАНИТЕ |
| КНОЈ | КОРПУС НА НАРОДНАТА ОДБРАНА НА ЈУГОСЛАВИЈА |
| ПГ | ЗЕМЈОДЕЛСКА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА |
| ИБ | ИНФОРМБИРО |
| ИНИ | ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА - СКОПЈЕ |
| КЗ | КРИВИЧЕН ЗАКОН |
| КОЕМ | КОМУНИСТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАКЕ ДОНЦИТЕОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА |
| КПГ | КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА |
| КПЈ | КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА НА ЈУГОСЛАВИЈА |
| КПМ | КОМУНИСТИЧКАПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА |
| КОЕМ | КОМУНИСТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА |
| МАИ | ЕДИНИЦИ ЗА ЗАШТИТА НА ВНАТРЕШНОСТА |
| МАО | МАКЕДОНСКА ОСЛОБОДЕТЕЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА |

| | |
|---|---|
| НОБ | НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА БОРБА |
| НОВ | НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈСКА |
| НОД | НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ |
| НОМС | НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН МЛАДИНСКИ СОЈУЗ |
| НОФ | НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ |
| ООН | ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ |
| ОКНЕ | ОРГАНИЗАЦИЈА НА КУМУНИСТИЧКАТА МЛАДИНА ВО ГРЦИЈА |
| ОПЛА | ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА НАРОДНИТЕ БОРЦИ |
| ПБ | ПОЛИТБИРО |
| ПДВ | ПРИВРЕМЕНА ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА НА ГРЦИЈА ФОРМИРАНА 1947 ГОДИНА НА ГРАМОС, КОЈА НИКОЈ ДРУГ НЕ ПРИЗНАВА ОСВЕН ТАА САМАТА СЕБЕСИ. |
| ПЕЕА | ПОЛИТИЧКИ КОМИТЕТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕ |
| ПЗ | ПРИНУДЕН ЗАКОН |
| ПАО | ПАТРИОТСКА ОСЛОБОДИТЕЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА /ФАШИСТИЧКА/ |
| ПДБ | ПРИВРЕМЕНА ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА |
| ПЕЕА | ПОЛИТИЧКИ КОМИТЕТ ЗА НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДУВАЊЕ |
| СКОЈ | СОЈУЗ НА КОМУНИСТИЧКАТА МЛАДИНА ВО ЈУГОСЛАВИЈА |
| СНОВ | СЛАВЈАНО – МАКЕДОНСКА ОСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈСКА |
| СНОФ | СЛАВЈАНОМАКЕДОНСКИНАРОДНООСЛОБО ДИТЕЛЕН ФРОНТ |
| ТОМО | ТАЈНА ОСЛОБОДИТЕЛНА МАКЕДОНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА |
| УДБ | УПРАВА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ |
| ЦК | ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ |
| ЦС | ЦЕНТРАЛЕН СОВЕТ |